# ПРИРАЧНИК СО ДИДАКТИЧКИ НАСОКИ И НАСТАВЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ПО ПРЕДМЕТОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ НА ОСНОВНОТО ДЕВЕТГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ



Изготвиле:
д-р Марина Димитриева – Ѓорѓиевска
Оливера Тодороска
м-р Јанко Билбилоски
Олгица Наумоска

Биро за развој на образованието
Скопје, 2020

*Почитувани наставници,*

*Овој Прирачник има за цел да ви даде насоки и идеи за реализација на наставните содржини по предметот Македонски јазик за петто одделение. Приложените текстови, песни и објаснувања се во функција на предлози за работа и истите можете да ги надополнувате со ваши избори на соодветни примери од текстови како и со други креативни идеи за реализација на наставните содржини. Предложените активности треба да се приспособат на различните начини на кои се одвива наставата во овој момент. При реализацијата на наставните содржини изберете и реализирајте ги активностите во согласност со условите во кои се одвива наставата односно во согласност со предзнаењата на учениците.*

## Вовед

Современото општествено живеење наложува образование во кое учениците од најмала возраст ќе ги развиваат своите вештини, првенствено вештините за комуникација. Тие се појдовната основа за развивање на вештини за писменоста кои понатаму се поврзани со: изразувањето – писмено и усно, со почитување на правилата за акцентирање и правоговор како и со почитување на правописните правила при пишувањето на различни видови текстови, со читањето, со читањето со разбирање, со читањето со примена на различни стратегии, со учеството во дискусии, со изразувањето став и мислење, како и со аргументираното дискутирање на различни теми.

Комплексноста на предметот **Македонски јазик** се гледа во самата структура на програмата која има 4 подрачја кои се однесуваат на јазикот, на литературата како уметност на зборот, на изразувањето и творењето и на медиумската култура. Тоа, исто така доволно говори за сериозноста во пристапот која треба да ја дадеме при планирањата на наставата по овој предмет, но и да бидеме свесни за можностите кои ги нуди оваа програма.

При секое планирање на наставата по овој предмет треба да се има предвид **интегрираниот пристап во рамките на предметот** кој значи потреба од согледување на сите елементи на предметот при обработката на која било содржина. Така, при обработка на еден текст важно е учениците да читаат течно, со правилен акцент, да умеат да одговорат на прашањата за текстот од сите нивоа: препознавање на формата на текстот, определување на видот на текстот, наоѓање информации во текстот, поврзување на информациите во причинско – последичен ред (дури и во текстови со ретардации и проспекции), пронаоѓање карактеристики и описи на ликови, правење описи на ликови и дискусија за нивните постапки, ставање на проблемската ситуација во реален контекст. Сето ова раскажано/прераскажано и дискутирано на час треба да биде на македонски јазик, во стандардната негова форма, што ќе рече, правилно конструирани реченици, соодветна употреба на глаголските времиња, именските зборови во соодветните нивни категории и додатоците на реченичните членови во соодветен контекст и на вистинското место во реченицата.
Сите овие аспекти се во координација со целите, со предвидените активности и методи, со очекуваните исходи/резултати од учењето при што основната улога на корелацијата помеѓу наставните содржини е да се обезбеди целина на знаењата. Реализацијата на наставните содржини е замислена како интегриран систем на вертикално и хоризонтално испреплетени содржини, поими и активности преку континуирано:

- поврзување на вонаставните стекнати знаења на ученикот со она што се учи во училиште;
- поврзување на едни со други содржини, поими и активности (во рамките на повеќе предмети или во рамките на самиот предмет);
- поврзување на она што е од претходно учено со она што сега се учи.

Оттаму произлегува:
*-вертикалната корелација* најчесто застапена кога се учи нов наставен материјал. Таа треба да се заснова на нешто што е од претходно познато (било тоа да е поврзано со претходни училишни или вонучилишни искуства);
*-хоризонталната корелација* која подразбира воспоставување на врски помеѓу сродни или исти содржини и поими од различни подрачја. Ваквиот начин, всушност, претставува учење преку споредба, барање сличности и разлики, надоврзување, сортирање, надополнување итн.
Ова во извесна смисла се поврзува со конструктивистичката теорија која ја нагласува активната улога на учениците во креирањето знаења по пат на сопствено откривање, истражување и рамислување. Според оваа теорија претходните искуства му даваат на ученикот когнитивна рамка или шема врз чија основа тој ги интерперетира и ги усвојува новите информации.
Една од теориите во рамките на коструктивизмот зборува за фактографско и реконструирано знаење, имено фактографското знаење се поврзува со учење на готови информации, дефиниции и поими, додека реконструираното се *повикува* на откривање, увидување, размислување и дебата. Во наставниот процес е важно да се направи добро поврзување на двата вида учење од едноставни причини – никој не може постојано да учи по пат на увидување и откривање, ниту пак може да го гради своето знаење без притоа да ги има основните информации од предметот/областа/темата. Сериозниот пристап во учењето подразбира учење со адекватна база на знаења кои ќе се поврзуваат со увидувањата, откривањата и ќе водат во правилни заклучоци.
Ученикот нема да заклучи што е епска песна и дали примерот кој го чита припаѓа на одреден лирски вид доколку за тоа нема основни информации кои ќе го водат до таков заклучок; ученикот нема да ја прави разликата меѓу раскажувањето и прераскажувањето доколку нема барем една информација која би одела во насока на објаснување на различноста; ученикот нема да почитува збороред доколку не знае дека во реченицата на прво место оди подметот па прирокот, предметот и итн.
Овде би напомenale уште еден важен елемент од учењето, а тоа е свесноста за самиот процес. Учениците во петто одделение веќе можат да се насочат кон поголема свесност за одвивањето на процесот учење и неговите производи: знаења и вештини. Всушност, поимот метакогнитивност се поврзува со свесноста на ученикот за процесот на учењето. Активното учество во процесот на учење и свесноста на ученикот за својот напредок ја зголемува ефикасноста на учењето. Оттаму потребата да ги поттикнеме учениците на крајот на часот да направат саморефлексија и да одговорат на прашања кои ќе им ги зададеме со што ќе излезат од часот не само со конкретно знаење, туку и со свест колку од тоа содржини вистински ги усвоиле. (Во примерите за реализација на наставните единици постојат предлози и прашања за рефлексија во функција на метакогнитивноста на секој ученик).

**<u>Планирање</u>**

Во планирањето на наставата треба да се има предвид различното тежинско ниво на програмските содржини во рамките на наставната програма што се утврдува при прегледот на целите како основа на планирањето на наставата по предметот Македонски јазик. Тоа значи

дека сите наставни содржини имаат различна *длабочина* која треба да се усвои и на тоа треба да внимаваме при одредеувањето на бројот на часови за нивна реализација. Понатаму, за планирањето важно е да се има **соодветна активност за учениците со кои сме во училницата**. Наставникот проценува и одредува активности за почеток на часот, за главниот дел како и соодветни активности за завршниот дел од часот. Во таа смисла, во примерите за наставните едници предложивме активности именувани како воведни како и активности за главниот дел од часот каде треба *да се сфати значењето* и каде задолжително предлагаме дискусија од која ќе произлезе заклучок и завршни активности со рефлексија за часот.
Сметавме дека е од особена важност да се поставаат различни активности во текот на часот бидејќи тие се оние кои мотивираат и поттикнуваат интерес за темата, го одржуваат интересот и вниманието и преку нив ученикот ќе може да го стави новото на крајот на часот во свој контекст (рефлексија).

## КАКО ДА СЕ УЧИ

Во однос на реализацијата на наставната програма по Македонски јазик за петто одделение на основното образование учениците треба да учат:

-***смислено***, преку: поврзување на она што се учи и она што се доживува во животот и она што се учи со она што е учено од порано (од ист или друг предмет);

-***проблемски***, преку: самостојно собирање и анализирање на факти и податоци, поставување релевантни прашања на самите себе и на другите и развивање план за решавање на одреден проблем;

-***дивергентно***, преку: осмислување и предлагање нови решенија и поврзување на нови содржини и целини;

-***критички***, преку: селектирање по важност на поединечни факти и податоци и осмислување соодветни аргументи;

-***кооперативно***, преку: непосредна соработка со наставникот и соучениците, дискусија и размена на мислења и уважување на размислувањата и аргументите на соучениците.

**Стратегии за учење:**

-описна (објаснувачка) стратегија (оспособување на учениците за пренесување на информации на краток и јасен начин, споредување со она што веќе го знаат со она што го слушаат, разбирање на тоа што го изучуваат и негова примена);

-стратегии за критичко размислување (јакнење на критичкото мислење при проучување соодветен предмет или проблем, донесување заклучоци по анализа на докази-цитати, компарирање);

-стратегија на истражување и творење.

**Предлог методи и техники за реализација на часовите** – се препорачува користење техники/начини кои не одземаат време за реализација, а се ефективни, за да се добие час во кој ќе има движење, а сепак ќе се добие време и за синтеза. За почетокот на часот предлагаме: бура на идеи, техника грозд, асоцијации, избран цитат од книга или цитат од текстот/песната која ќе се обработува или некоја изрека, фотографија, кратко видео и слично, во контекстот на часот. Важно е активноста да биде мотивирачка и да поттикне внимание и дискусија која е поврзана со името на наставната единица (без разлика дали се работи за содржина од Јазик или Литература, Изразување и творење или пак Медиумска култура). За главниот дел од часот се препорачува презентација, приказ, структурирана дискусија, дискусија врз база на претходно дадени прашања во врска со литературно дело/песна/ расказ кој ќе се интерпретира на часот, или дискусија чиј модератор ќе биде наставникот поставувајќи прашања врза база на претходно зададени барања. Во текот на часот добредојдени се различни техники како: ѕвезда на приказната, банка на зборови, мрежа на теми, бинго, читање со техника инсерт или стоп техника, читање со табела на предвидување, табела ЗСУ, скелетен приказ, петоред, коцка и слично. На крајот се остава простор од 5 минути за сумирање на дискусиите и завршување на часот со заклучок, задавање домашна задача и инструкции за наредниот час.

Во текот на наставата се применува, како и за другите предмети во одделенската настава, дидактичката игра, методот на решавање проблеми и истражувачки активности. Најголем ефект ќе се постигне доколку тие претставуваат интегративна алатка која обединува содржини од сите наставни предмети.

**Следењето и оценувањето на учениците** претставува дел од професионалната улога на наставникот. Од него се очекува континуирано да ги следи и оценува: резултатите од учењето кај ученикот, но и процесот на наставата како и сопствената работа. Следењето на напредувањето и оценувањето на постигањата на учениците е формативно и сумативно. Покрај вообичаените начини на следење и оценување по пат на усно и писмено проверување, постојат и многу други начини кои наставникот може и треба да ги применува за да ги оцени објективно не само резултатите, туку и процесот на учење. Во оваа смисла по пат на набљудување на учениците, наставникот може да ги следи следниве показатели: начинот на кој ученикот учествува во активностите, како собира податоци, како аргументира и донесува заклучоци.

При следењето и оценувањето на постигнувањата на учениците од голема важност е користењето на ученичкото портфолио. Тоа претставува наменски систематски процес на собирање и евалуирање производи на учениците, за да се документира напредокот во однос на постигнувањето на целите на учењето или да се покажат докази дека целите на учењето биле постигнати. Портфолиото за учење и оценување претставува значајна збирка на ученичките трудови која ни ја покажува работата на ученикот, неговиот напредок и постигнувањата во дадена област (области). Примената на портфолиото за следење и оценување на постигнувањата на учениците значително може да ја подобри комуникацијата меѓу ученикот, наставникот и родителот.

Во однос на следењето и оценувањето на учениците потребно е да се комбинираат различни начини на оценување. Единствено така наставникот може да ги согледа силните и слабите страни на ученикот. При секое оценување на постигањата потребно е на ученикот да му се даде повратна информација којашто ќе му помогне да ги разбере сопствените грешки, да ги подобри своите резултати, но и сопственото учење. Повратната информација секогаш треба да се даде навреме и таа треба да се однесува на активностите и резултатите од учењето поврзани со ученикот, а не на неговата личност. Ученикот треба континуирано на различни начини да се охрабрува да размилсува за квалитетот на својата работа и што треба да преземе за да го унапреди сопственото учење и да ги подобри своите постигања. Секако, резултатите од целокупното следење и оценување наставникот ќе ги земе како основа за планирање на следните чекори во развивање и подобрување на воспитно-образовната пракса.

## ГОДИШНО ПЛАНИРАЊЕ НА ЧАСОВИТЕ ПО ПРЕДМЕТОТ

## МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

| | Програмски подрачја | Број на часови на годишно ниво (за секое подрачје да се предвиди број на часови за реализација) |
|---|---|---|
| 1 | Јазик | |
| 2 | Читање литература и лектира | |
| 3 | Изразување и творење | |
| 4 | Медиумска култура | |
| | Вкупно | |

<u>**Напомена:**</u> Во наставната програма има посочено фонд за користење на наставните часови по подрачја, во овој Прирачник се само предложени начини на реализација на содржините организирани во теми. Секој наставник, во согласност со условите во кои ја реализира наставата и можностите и потребите на учениците може да го определи фондот на часови по програмски подрачја и содржини.

Во програмата по предметот Македонски јазик за петто одделение се наведени целите за секоја наставна содржина. Овде ќе се задржиме само на она што очекуваме учениците да го постигнат од изучувањето на овој предмет во наставата во петто одделение.

**Очекувани резултати:**

Ученикот / ученичката:

- го препознава јазикот како систем на знаци;
- ги разликува согласките по звучност;
- препознава збирни именки;
- ги разликува збирните именки од другите видови именки;
- правилно ги употребува збирните именки во говорот;
- препознава присвојни и бројни придавки;
- ги разликува присвојните и бројните придавки во текст;
- препознава показни заменки во говор и пишан текст;
- препознава проста реченица во говор и текст;
- ги разликува простите реченици од другите реченици (сложените) во текстот;

- составува прости и сложени реченици;
- изразно чита уметнички текстови;
- препознава басна како прозен литературен вид;
- препознава и набројува карактеристики на басна;
- препознава роман за деца;
- препознава раскажувач во текст;
- открива за што станува збор во текст (без теоретско именување на тема);
- го препознава литературниот вид расказ;
- набројува и пронаоѓа елементи на расказ;
- препознава и содржински анализира епска и лирска песна;
- пронаоѓа патриотски елементи во песна;
- пронаоѓа хумористични елементи во песна;
- опширно прераскажува обработен текст;
- раскажува за настан од сопствено доживување;
- препознава и репродуцира редослед на настани во филм и театарска претстава;
- самостојно чита наслови на дела од македонската и светската литература;
- одговара и поставува прашања во врска со прочитан текст;
- аргументирано говори за ликовите и настаните во текст;
- врши локализација на настаните по време и простор;
- раскажува по дадени тематски зборови;
- составува писмен текст по зададена тема.

Наставни единици за ТЕМА 1

| | Наставни единици (по програмски подрачја) |
|---|---|
| | **Јазик** |
| 1. | Јазикот како средство за општење; јазикот како систем на знаци |
| 2. | Сигнали и симболи како средства за општење; класификација на знаци според спецификите |
| 3. | Вежби за утврдување на стекнатите знаења за воочување разлики помеѓу јазичниот знак, сликата како знак и сигналите. |
| 4. | Согласки по звучност - изговарање |
| 5. | Согласки по звучност – разликување |
| 6. | Утврдување на стекнатите знаења поврзани со изговарање и разликување на согласките по звучност |
| 7. | Употреба на голема буква |
| 8. | Вежби за употреба на голема буква (пишување имиња на празници, народи, жители на области, имиња на држави и сл.) |
| | **Читање, литература и лектира** |
| 1. | Читање уметнички текстови (Извадок или извадоци од текстови поврзани со теми за убавините на Македонија, минатото на Македонија) |
| 2. | Расказ – поим (Пример расказ од којшто може да се согледаат елементите на расказот) |
| 3. | Вежби - усвојување поим за расказ (Пример расказ со тематика за правата на децата ) |
| 4. | Расказ – содржинска анализа (Пример расказ со тематика за книгата) |
| 5. | Епска и лирска песна – поим (Пример за епска и пример за лирска песна) |
| 6. | Епска песна-поим (Пример епска песна) |
| 7. | Епска песна - содржинска анализа (Пример епска песна) |
| 8. | Епска и лирска песна – изразно читање (Пример епска и пример лирска песна по избор на учениците или по насока дадена од наставникот) |
| | **Изразување и творење** |
| 1. | Усно изразување - Раскажување за настан по сопствено доживување |

| | |
|---|---|
| 2. | Прераскажување (опширно) на веќе анализиран текст |
| 3. | Усно изразување  Прераскажување |
| | **Медиумска култура** |
| 1. | Библиотека Земање книги, весници и списанија |

**Цели за наставните единици од ТЕМА 1**

**Ученикот/ученичката да:**

-да го препознава  јазикот како систем од знаци;
-да ги разликува согласките по звучност;
-правилно да употребува голема буква во пишан текст;
-изразно чита уметнички текстови;
-чита и анализира епска песна;
-да го усвои поимот расказ;
-опширно да прераскажува текст;
-да прераскажува настан слушнат од друго лице;
-да раскажува по сопствено доживување.

## ПОДРАЧЈЕ ЈАЗИК

По својата природа јазикот овозможува неограничени можности за креативност, како во градењето на нови јазични целини, така и во нивното разбирање. Јазикот е симбол за предметите, идеите, а таа симболичност е жива и динамична, како на општо прифатениот, така и на сугестивниот, асоцијативен план. Природно е и наставата по македонски јазик да биде креативна, да создава услови за јазично творештво, како во рецептивната област, т.е. читањето, доживувањето и разбирањето, така и во продуктивната – (усното) и пишувањето и тоа од сите аспекти – семантички, синтаксички, лексички, фонемски и графемски.

Јазикот како програмско подрачје во наставата нуди можност истиот да се разбере како систем од знаци, средство за општење преку сигнали и симболи. Преку ова подрачје ученикот ќе може да ги продлабочи, систематизира, но и да стекнува нови знаења од областа на граматиката, како и правилно да ги препознава, разликува и употребува предвидените граматичките поими.

Во делот на правописот има континуитет во однос на правописните правила, нивната поширока употреба и правилна примена во насока на интерпункцијата: тире, две точки и наводници во директниот говор, употреба на голема буква и скратеници.

Посебен акцент во ова подрачје треба се стави на надополнувањето на знаењата за гласовите, нивната поделба на согласки (звучни и безвучни) и самогласки, именките, придавките (присвојни и бројни), заменките (лични и показни), глаголите – разликување на категориите време, лице и број.

Во однос на реченицата во ова подрачје учениците го усвојуваат поимот проста реченица и ја препознаваат како таква во текстовите, познавајќи ја нејзината структура; разликуваат прости и сложени реченици и ги споредуваат, збогатувајќи го сопствениот израз.

**Наставна единица: Јазикот како средство за општење; Јазикот како систем од знаци**

**Цели:** Да ја препознава и да ја разбере улогата на јазикот како единствено совршено средство за општење.

**Очекувани резултати од учењето:**

- ја објаснува комуникацијата;
- препознава различни знаци за комуникација (општење);
- наведува примери за комуникација.

**Воведен дел**

Наставникот нуди различни перспективи за реализација на целта на часот. Учениците треба да размислуваат како системот од знаци во македонскиот јазик фунционира во различни области.

Поттикнување на учениците на разговор во кој треба да се вклучи секој ученик, се објаснуваат особеностите на комуникацијата, се изнесуваат индивидуални и групни критички ставови, се изведуваат заклучоци за комуникацијата како поим и како активност од индивидуално и општествено значење.

Во група и работа во двојки, а во согласност со правилата на убаво однесување, учениците треба да поттикнат/да започнат или да се вклучат во усна и писмена комуникација на теми со нивните секојдневни навики, потреби и интереси и замислени комуникациски ситуации од нивното ученичко живеење. Учениците ги препознаваат, објаснуваат и ги коментираат пораките од воспоставената комуникација. Прават презентација на својата работа и притоа активно слушаат и се дополнуваат.

Наставникот може да користи игровни активности (како воведни), различни текстови како извор на јазични знаци за комуникација. Поттикнувањето да се користат соодветни форми од јазични изрази и знаци или некои форми знаковни/сликовни јазици е со цел развивање јазична свест за родените зборувачи на еден јазик.

**<u>Игровни активности</u>**

-Наставникот дава насоки за играта, секој ученик на своето другарче ќе се обиде со гестови и со мимики да му претстави еден предмет од училницата или од блиската околина. Другарчето треба да го погоди предметот. Потоа си ги менуваат улогите.

-Таен диригент: Еден доброволец излегува од групата. Останатите учесници од групата меѓусебе одбираат еден кој ќе прави одредени движења. Сите се редат во круг и ги повторуваат тие движења. Ученикот што се наоѓа во средината на кругот се обидува да го открие тајниот диригент. Откриениот диригент излегува надвор и играта се повторува – ДВИЖЕЊА – ИМИТИРАЊЕ.

-Разгледување и коментирање на следните слики и фотографии




- Што разбираш од сликата?
- Која е пораката што ти ја испраќа сликата?




- Што разбираш од сликата?
- Која е пораката што ти ја испраќа сликата?

**Главен дел**

Предлог активности: **Употребата на јазикот како систем од знаци во различни контексти – дискусија- начини на комуникација.**

Наставникот поставува едно тврдење како почеток на дискусија и ги прашува учениците што мислат за истото: **Покрај јазикот како основно средство за општење, луѓето може да се разбираат: со знаци, со слики, со звучни и светлосни сигнали, со движења, со мимики и гестови и сл.**

Наставникот преку поставување прашања ќе го поттикнува критичкото мислење во учечко-поучувачките процес. Воедно, преку прашањата наставникот треба да провери дали и колку учениците разбираат каде ќе можат да го применат наученото. Потоа дава конкретна и позитивна повратна информација насочена кон учечките активности на учениците, но и кон нивната ангажираност во активностите на часот.

<u>Важни напомени за дискусијата и заклучокот на часот</u>

Функцијата на јазикот е комуникацијата. Потребата на човекот да ги искаже своите мисли и чувства довеле до создавање на јазикот.
Јазикот претставува систем од знаци што се употребуваат за комуникација. Тој е вродена способност на човекот. Секој човек е роден со способност да зборува. Ниедно друго живо суштество на нашата планета нема говорни органи како човекот, ниту способности со кои може да ги сфаќа симболите така како што може човекот. Од нас зависи колку ќе го усовршиме знаењето на јазикот и неговиот систем.
**Човечкиот јазик е најсовршено средство за комуникација**

**Јазикот како систем од знаци**

Човечкиот јазик е најсложен систем од знаци.
Јазикот е составен од многу делови, а сите тие се знаци. Гласовите, буквите, зборовите, речениците се знаци. Граматиката е систем од знаци.

За да составите реченица треба да ги знаете правилата на синтаксата (правилниот редослед на зборовите во реченицата) итн.

**На пр.: Денес ќе одам в училиште.**

За да ја искажеме оваа мисла ние сме одбрале пет зборчиња од целиот јазик, потоа сме употребиле правила: сме ги подредиле зборовите по правилен ред, сме употребиле: идно време на глаголот итн.

Јазикот содржи неограничено множество знаци. Не постои човек што ги знае сите знаци на еден јазик. За да говориме, потребно е да го познаваме системот и да знаеме определена количина од знаците.

**Јазикот е систем од знаци.**

Кога говориме, ние одбираме конкретни делчиња од системот и ги подредуваме според зададените правила.
Од целото множество знаци на јазикот, ние употребуваме неколку конкретни знаци и правила за да ја искажеме својата мисла која ја преточуваме во говор.

**2. Наставна единица: Сигнали и симболи како средства за општење; класификација на знаци според спецификите**

**Цели:** Да знае да препознава, разликува и споредува различни знаци за општење – сигнали и симболи.

**Очекувани резултати од учењето:**

- набројува сигнали и симболи;
- споредува сигнали и симболи;
- наведува нови примери сигнали и симболи кај различен вид изразување – писмени и усно.

**Воведни активности:**

1. **Комуникацијата** е универзален симбол на сѐ што постои.
2. Општењето е меѓусебно дејствување со кое се пренесува некоја **информација.**
3. Информацијата се пренесува со **знаци.**

Фактите/тврдењата (трите погоре посочени) се напишани на хамер, на таблата или на друго видно место во училницата. Следува кратка дискусија за истакнатите зборови. Дискусијата со учениците и меѓу учениците му помага на наставникот да ги согледа знаењата и разбирањата на учениците. Во овој дел може да се организираат активности во кои учениците заеднички ќе дискутираат за некое барање/прашање/ проблем. Пожелно е да се користи некоја стратегија во која секоја од групите ќе претставува и „брани“ определена позиција/став. На тој начин ќе бидат вклучени сите ученици.
Во контекст на претходно кажаното, учениците нека напишат по три прашања за претходната наставна единица. Потоа можат да ги прочитаат пред сите, во група или наставникот може да ги прегледа. Исто така, може секој ученик да одбере прашање на кое ќе одговори.

**Главни активности**

Наставникот нуди различни перспективи за реализација на целта на часот. Учениците треба да размислуваат како системот од знаци во македонскиот јазик фунционира во различни области.
Поттикнување на учениците на разговор во кој треба да се вклучи секој ученик, се истакнуваат уште еднаш особеностите на комуникацијата, се запишуваат на таблата индивидуални и групни критички ставови, се изведуваат заклучоци за комуникацијата како поим и како активност којашто има универзално значење.

**Активности**

а) Сите стојат во круг. Активноста почнува кога еден ученик кој ќе го посочиме, ќе направи некоја гримаса која соодветствува на некое чувство. Сите ја гледаат направената гримаса, по што ученикот ја вади од лицето и му ја подава на ученикот до себе. Тој треба да ја земе и да ја стави во сопственото лице (да ја направи истата гримаса). Откако сите ќе ја видат имитираната гримаса , таа се вади и се фрла во празниот простор, во средината на кругот. Потоа, ученикот прави нова, своја гримаса која ја покажува на другите, ја вади, ја подава на следниот и се така со ред се додека сите не направат по две гримиси – една имитација од ученикот до нив и една сопствена.

б) Секој ученик добива по еден примерок од работниот лист, проследен со инструкцијатата: „Во секој круг нацртајте по едно лице кое ќе покажува како се чувствува оној што се нашол во ситуацијата која е опишана под кругот". (Учениците се охрабруваат да цртаат подетални фацијални експресии-лица со веѓи, коса, солзи, гримаси....) Потоа одговараат на прашањето: „Кои чувства ги одразуваат нацртаните лица?" (Одговор:срам/засраменост, гордост, задоволство, заплашеност/страв, тага/жалост, радост, изненаденост, разочарување, гадење...)
Во продолжение, од одделни ученици се бара целото тело да го постават во поза која ќе одговара на ситуацијата опишана под секој круг посебно:„Сега да видиме како изгледа целото тело на човекот кој се нашол во дадените ситуации. Кој ќе ни покаже?" Освен на фацијалната експресија (на пр.:крената веѓа, трепкање со очите ....) треба да внимава и на другите делови од телото (на пр.:положбата на рамениците, удирање по челото , мрдање со прстите, рацете на колкови....).

На крајот, наставникот го кажува заклучокот дека освен со зборови, луѓето се изразуваат и преку лицето и преку телото, односно тоа е изразување без зборови или невербално изразување.

**Дискусија**

1. Дали кога зборуваме истовремено користиме и невербални знаци? Како изгледа тоа?
2. Дали, пак, некогаш пренесуваме пораки само со знаци и гестови, без зборови? Кога се случува тоа?
3. Кој вид на невербално изразување може да предизвика конфликт? Кој ќе ни го покаже тоа? (Можни одговори: исплазување на јазикот, определени движења со рацете за потценување, навредување ....)

4. А кој вид на невербално изразување (кои знаци) позитивно влијаат врз односите со другите? Кој ќе ни го покаже тоа? (Можни одговори: кимање со главата, насмевнување, покажување на палецот во знак на ОК или кркче со палецот и показалецот во знак на ОК, давање аплауз, намигнување, внимателно гледање во очи проследено со насмевка итн.)

**Заклучок од активностите**

Обично, кога зборуваме ние користиме и невербални знаци. Но, понекогаш може да комуницираме само со невербални знаци, без зборови. А има ли зборови или изрази кои кога би ги користеле би ни ги подобрувале односите со другите? Кои се тие? (Можни одговори: те молам, благодарам, изговарање на името-луѓето сакаат да си го слушнат своето име, итн.)
Некои други зборови, изрази и невербални знаци ни помагаат да создадеме подобри односи со другите.

Предлог активности: **Употребата на сигналите и симболите знаци во различни контексти**

Наставникот во продолжение на часот организира ефективна дискусија и поставува прашања и задачи преку кои може да се види разбирањето на она што се учи; давање повратна информација што ќе го утврди предзнаењето на учениците и ако новите информации ги дозира така што нема да се премногу и нема да се пресложени за да може да се поврзат со постојните; ги структурира информациите за да може учениците полесно да ги разберат и да ги поврзат; ги презентира информациите на повеќе начини што им се блиски и на јазик разбирлив за учениците; организира различни видови активности за учење што им даваат можност на учениците информациите да ги разгледуваат и да ги користат на начин што е најсоодветен за нив; дозволува и ги поттикнува учениците да учат едни од други. Тие си ги објаснуваат нештата на свој, поедноставен начин.

Човекот е опкружен со безброј различни знаци.

Некои од овие знаци ни се испратени нам, но некои ги восприемаме без да бидат испратени со намера нешто да нè информираат. Според ова, знаците се делат на: симболи и сигнали.

**Човековиот јазик е најсовршен систем знаци – симболи.**

**Сигналите се знаци што се испраќаат без намера.**

Ако сме некаде во природа и слушнеме ѕвонеж, ние добиваме информација дека во близина има стадо крави (или овци, или кози). Ѕвонежот е знак за стадото, но таа информација не е упатена кон нас и затоа тоа ѕвонење е сигнал. Трага (стапалка) во песок или снег претставува знак за тој што гледа таа трага – дека некој поминал на тоа место.

**Симболи се знаци што се испраќаат со намера.**

Симболите можат да бидат најразлични. На пример, ако нацртаме срце, ние испраќаме некоја информација со којашто сакаме да искажеме љубов кон некого.Училишното ѕвонче е

симбол бидејќи е знак што треба да нè информира дека часот завршил (или почнал) и тој знак е упатен кон нас.

**Вежби и објаснувања за учениците**

Уште кога ќе се роди, бебето дава знаци. Кога тоа плаче значи дека не е задоволно, односно дека е гладно, водено, му се спие итн. Мајката ги разбира знаците и му помага на своето дете. Во овој пример плачењето е нешто што укажува на нешто друго.

**Знак е нешто што укажува на нешто друго.**

Со текот на времето човекот учи, восприема многу информации  и ги прима знаците што го опкружуваат. Знаците се восприемаат со сите сетила: со вид, со допир, со мирис, со слух.

На пример, жолтата боја на лисјата е знак дека е есен; со допир може да почувствуваме нешто студено или жешко, мазно или рапаво; кога ќе почувствуваме мирис на храна знаеме дека сме во близина на некоја сендвичарница или ресторан; кога ќе го слушнеме училишното ѕвонче тоа е знак дека часот завршил или почнал.

**Сигналите се знаци што се испраќаат без намера нешто да нè информираат.**

Ако сме некаде во природа и слушнеме ѕвонеж, ние добиваме информација дека во близина има стадо крави (или овци, или кози). Ѕвонежот е знак за стадото, но таа информација не е упатена кон нас и затоа тоа ѕвонење е сигнал. Трага (стапалка) во песок или снег претставува знак за тој што гледа таа трага – дека некој поминал на тоа место.

**Симболи се знаци што се испраќаат со намера.**

Симболите можат да бидат најразлични. На пример, ако нацртаме срце, ние испраќаме некоја информација со којашто сакаме да искажеме љубов кон некого.Училишното ѕвонче е симбол бидејќи е знак што треба да нè информира дека часот завршил (или почнал) и тој знак е упатен кон нас.

Вежби и дискусија

Кои се обележјата на нашата земја?

Ако треба нашата земја да се претстави пред други, тогаш преку  кои симболи накратко би ја претставиле?

**Примери за симболи**

**Државен грб** **Државно знаме**







- Што разбираш од сликата?
- Која е пораката што ти ја испраќа сликата?

  

- Што разбираш од секоја слика?
- Која е пораката што  ја испраќа секоја од сликичките?

**Истражувачки активности на учениците**

1. Симболи како знаци за општење

Да се запишат групи на симболи.

- Сообраќајни знаци
- Логоа на ТВ куќи, банки, продавници
- Логоа на возила
- Јунаци од цртаните серии
- Државни знамиња, знамиња на општини и сл.

**Развивање дискусија за посочените примери**

2. Сигнали како знаци за општење

Да се запишат групи на сигнали.

- Светлосна сообраќајна сигнализација
- Сигнални ракети
- Светилник

3. Дискутирајте за значењето на народната поговорка: ***Јазикот прави добро, јазикот прави и лошо.***

Изработете пано со најубавите и најинтересните одговори во врска со дискусијата на ниво на цела паралелка.

**Рефлексија**

1. Што правевме денес?
2. Како се чувствувавте?
3. Што научивме?
4. Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

3. **Наставна единица: Вежби за утврдување на стекнатите знаења за воочување разлики помеѓу јазичниот знак, сликата како знак и сигналите**

**Цели:** Да препознава, разликува и споредува различни видови знаци.

**Разултати од учењето:**

- ги изговара правилно гласовите/ согласките од македонскиот гласовен систем;
- набројува согласки кои се разликуваат по својата звучност;
- посочува и да дава примери за различни согласки според звучност.

**Воведна активност**

**Сценски движења:** Наставничката чита текст, според текстот учениците треба движејќи се низ даден простор да се однесуваат како што слушаат, на пр.: „Станувам, поспан сум. Се проѕевам, се тегнам. Одам полека кон бањата. Се гледам на огледалото и си ја поправам разбушавената коса. Пуштам чешма и се мијам лице. Се мијам и заби и излегувам. Доцнам за на училиште. Трчам избезумено. Се облекувам и заминувам за на училиште...“

**Главни активности**

Наставникот може да користи игровни активности, различни текстови како извор на јазични знаци за комуникација. Се поттикнува соодветно да се користат соодветни форми од јазични изрази и знаци (сигнали и симболи) или некои форми знаковни/сликовни јазици со цел развивање јазична свест за родените зборувачи на еден јазик.

Наставникот преку поставување прашања ќе го поттикнува размислувањето во учечко-поучувачките работи. Воедно преку прашањата наставникот има можност да провери дали и колку учениците разбираат.
Давање конкретна и позитивна повратна информација насочена кон учечките активности на учениците, но и кон нивната ангажираност во активностите на часот.

**Предлог - активности**

**Пишуваме како што зборуваме, читаме како што е напишано.**

**Еден глас = една буква = еден знак**

Македонската азбука има 31 глас. Секој глас има свој знак наречен буква.
Македонската азбука има 31 буква.

**Зборови поврзани со претходно ученото:**
Знак, говор, јазик,
буква, азбука, сонце, љубов, книга,
дете , мајка, татковина, чита, пее,
се радува, разговара, разбира, човек.

Онака како што зборувате во вашето место, напишете по две реченици употребувајќи ги посочените зборови.
Обиди се со помош на речениците да искажеш некое убаво чувство.
Прочитај му ги речениците на твоето другарче.
Разговарајте околу содржините на речениците.

**Завршна активност**

Учениците се делат во парови. Членовите на двојката стојат еден зад друг и претставуваат „автомобил" – лицето напред и возач – лицето назад. „Автомобилот" има врзани очи и се движи со помош на следните инструкции на возачот: два пати стискање на десното рамо – свртување надесно, два пати стискање на левото рамо – свртување налево, двете раце поставени на рамената – возење право, тргнување на рацете, без допир – стоп, „автомобилот"застанува, На знак на наставникот возачите почнуваат да возат автомобил во просторијата. По одредено време се менуваат улогите.

**Прашања за самооценување**

1. Што научи од часовите посветени на јазичниот знак, сликата како знак и сигналите?

2. Кои задачи ги заврши во однос на посочените наставни единици? (подвлечи):
- учествував активно во сите активности/задачи,
-напишав домашна работа – наставен лист во кој:
А) сите задачи ги одговорив;
Б) половината ги одговорив.

3. Учество во дискусија:
- коментирав за најголем дел од прашањата;
- коментирав само на неколку прашања;
- не коментирав и воопшто.

**Наставна единица: Звучни и безвучни согласки; согласки по звучност – изговор**

**Цел/и:** учениците правилно да ги изговараат согласките според нивната звучност.

**Очекувани резултати од учењето:**

- учениците правилно ги изговараат согласките;
- прават разлика при изговорот на звучните и безвучните согласки според трепереењето, односно нетреперењето на гласилките (гласните жици).

**Воведни активности**

Наставникот часот го започнува на тој начин што учениците ги дели во парови и секој ученик добива задача да го напише своето име и презиме, а потоа да го размени со своето другарче. Откако ќе го сторат тоа наставникот бара учениците од името и презимето на другарчето да ги издвојат согласките и самогласките. Групираните самогласки и согласки учениците ги кажуваат гласно, прво самогласките, а потоа и согласките. Откако учениците ќе ги кажат самогласките, наставникот констатира дека самогласките се чисти тонови и дека при нивниот изговор има слободен проток на воздушната струја без да се наиде на некаква препрека. Во однос на новата наставна единица, наставникот се надоврзува на тој начин што кажува дека во однос на согласките кои учениците ги издвоиле од името и презимето на своето другарче состојбата е сосема поинаква, односно дека при изговорот на согласките воздушната струја наидува на одредена пречка која треба да се совлада, а тоа значи дека постојат повеќе можности да се создадат пречки (од јазикот, усните, забите, непцето) при нивниот изговор.

Од оваа активност се констатира дека при образувањето и изговорот на самогласките нема никакви препреки што не е случај при образувањето и изговорот на согласките.

**Главни активности**

Во делот од часот кој следи наставникот преку практични примери на учениците им ја посочува разликата при изговорот на звучните и безвучните согласки.

При објаснувањето наставникот на учениците им посочува дека во зависност од тоа дали при образувањето, односно изговорот на согласките трепераат или не трепераат гласилките (гласните жици), тие се делат на **звучни** и **безвучни**. Наставникот ова го поткрепува со пример/и, а потоа бара истото, односно пример/и да посочат и учениците.

При поставувањето на барањата до учениците, наставникот се труди тие секогаш да бидат избалансирани согласно тежинските нивоа (познавање, разбирање и примена).

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЗВУЧНИ согласки | Б | В | Г | Д | Ѓ | Ж | З | Ѕ | Џ | |
| БЕЗВУЧНИ согласки | П | Ф | К | Т | Ќ | Ш | С | Ц | Ч | Х |

Во однос на одговорите дадени од страна на учениците како и во однос на нивната ангажираност за време на часот, наставникот на учениците им дава соодветна повратна информација.

**Наставна единица Звучни и безвучни согласки; согласки по звучност – разликување**

**Цели:** учениците да ги разликуваат согласките по звучност и да го знаат нивниот соодветен парник.

**Очекувани резултати од учењето:**

- учениците ја знаат поделбата на согласките по звучност (на звучни и безвучни согласки);
- учениците прават разлика помеѓу согласките по звучност во писмениот и усниот говор.

**Воведни активности**

Наставникот часот го започнува преку игровна активност на тој начин што тој и учениците, секој посебно, на листови хартија во боја ги имаат напишано поединечно звучните и безвучните согласки (звучните согласки се напишани на листови хартија во сина боја, а безвучните согласки на листови хартија во зелена боја). Наставникот може да крене високо согласка која може да биде звучна или безвучна, а ученикот треба да одговори на тој начин што ќе го крене листот хартија на кој е напишан парникот на таа согласка. Ученикот кој прв ќе даде точен одговор добива поен. Наставникот оваа постапка ја повторува сѐ додека не ги кажае сите согласки, а учениците нивните парници по звучност. Победува оној ученик кој освоил најмногу бодови.

Наставникот по игровната активност заклучува дека на секоја звучна согласка одговара безвучна согласка, а тоа значи дека секоја звучна согласка има свој парник безвучна согласка. Исклучок прави само согласката **х** која нема свој парник и е безвучна согласка. Наставникот на учениците им кажува дека при изговор на еден пар на согласки разликата најдобро може да се направи/согледа во пример од два збора каде зборовите се разликуваат само по една согласка (едната е звучна, а другата безвучна). Наставникот посочува неколку примери, а потоа од учениците бара и тие да посочат такви слични примери.

**Главна активност/активности**

Во продолжение на часот преку други игровни активности наставникот на учениците им посочува начин како тие трајно да ги запомнат звучните и безвучните согласки. Наставникот објаснува дека се прескокнуваат самогласките и се редат првите осум согласки: **б, в, г, д, ѓ, ж, з, ѕ** – сите овие осум согласки се од првиот дел од азбуката и се звучни согласки, но треба уште да се запомни и звучната согласка **џ** што се наоѓа при крајот на азбуката. Откако ќе се запомнат звучните согласки се учат нивните парови, учениците ги помнат по нивните звучни совпаѓања. Истото се вежба преку избор на зборови со кои ученикот се среќава во секојдневието, односно зборови блиски до учениците и лесни за помнење.

Звучните согласки се:

б в г д ѓ ж з ѕ џ

леб(п), лав(ф), снег(к), град(т), глеѓ[1](ќ), еж(ш), мраз(с), диѕ[2](ц), беџ(ч)

При објаснувањето на зборовите кои завршуваат на звучни согласки, може да се кажуваат/пишуваат и зборови односно реченици како кога се решава крстозбор, пример: производ за секојдневна исхрана – леб; цар на животните – лав; врнеж во зима – снег; голема населба – град; горниот слој на забот – глеѓ; диво животно со боцки – еж; смрзната вода – мраз; зборот ѕид напишан или изговорен наопаку – диѕ; амблем кој се носи како моден детаљ – беџ.

На овој начин, односно преку вакво објаснување при изучувањето на звучните и безвучните согласки на учениците ќе им биде овозможено знаењата да им бидат трајни, а тоа е и потребно, имајќи предвид дека при применувањето на правилата за едначење на согласките по звучност и на правилата за обезвучување на звучните согласки на крајот на зборот се прават правописни грешки. (Едначењето по звучност, учениците ќе го учат во погорните одделенија но секако, оние кои покажуваат посебен интерес и кои побргу напредуваат во учењето со оваа фонетска промена може да се запознаат и сега.)

Во однос на одговорите дадени од страна на учениците како и во однос на нивната ангажираност за време на часот, наставникот на учениците им дава соодветна повратна информација.

[1] Горниот слој на забот

[2] Бидејќи во македонскиот јазик нема збор што завршува на звучната согласка **ѕ**, го користиме зборот ѕид наопаку напишан или изговорен **диѕ** за да го покажеме обезвучувањето на **ѕ** во **ц**

**Наставна единица Вежби за утврдување на стекнатите знаења поврзани со изговарање и разликување на согласките по звучност**

**Цели:** Да ги препознава, набројува и да ги изговара согласките по звучност; да ги препознава двојките од звучна и безвучна согласка.

Резултати од учењето:

- препознава правилен и неправилен изговор на согласките;
- го опишува и го покажува начинот на артикулација на согласките во однос на нивната поделба по звучност;
- препознава парови од звучна и безвучна согласка.

Наставните активности треба да бидат насочени кон звуковата страна на јазикот и треба да се реализираат главно со зборување. Централно место во нагледноста има изговорот на согласките, поточно, демонстрирањето на артикулацијата на согласките со помош на говорниот апарат.

Наставникот треба да ја реализира оваа наставна содржина со примена на иновативни техники (бинго, асоцијации, точно-погрешно) со што ќе создаде позитивна клима за работа и зголемена мотивација кај учениците. На самиот почеток предлагаме да се направи поврзување со претходните активности и предзнаења на учениците во однос на скратениците и скратувањето на зборовите.

Потоа учениците работат во парови и индивидуално и групно на задачи и активности од различен вид. Наставникот нејасните термини дополнително ги појаснува, на пр. им овозможува на учениците да направат разлика меѓу звучна и безвучна согласка. По секоја завршена активност наставникот продолжува со нова подготвена активност која се надоврзува на претходната. Учениците активно учествуваат во работата и внимателно ги следат насоките од наставникот. Методите што се користат треба да се соодветни на поставените цели. Знаењата и способностите на учениците се оценуваат преку усна повратна информација. Наставникот има коректен изговор во текот на сите часови по сите предмети како неприкосновена нагледност.

**Активности /задачи за учениците**

1. **Изговорете ги гласно следниве зборови:**
   Џеб, орев, гулаб, ѕид, снег, нож, рид, маж

2. Кој глас го слушаш на крајот на секој збор од низата зборови во прашањето број 1?

3. Во следната реченица пронајди ги звучните и безвучните согласки и запиши ги по редослед. Доколку еднаш си ја напишал согласката не треба да ја запишуваш повторно.

   Отидов в град и купив: ориз, леб и праз.

4. Прочитај ги индивидуално зборовите од табелата и протолкувај го нивното значење со другарчињата и наставникот.

| | | | |
|---|---|---|---|
| баба | волан | Ѓорѓи | зора |
| попај | фабрик<br>а | ќумур | сама |
| ѕвонче | џуџе | вазна | балон |
| цвет | чамец | фаза | папка |
| знаме | ѕвезда | ѓум | џеб |
| сонце | цвркот | ќебе | чевел |

Ги изговараат зборовите од табелата и во тетратките се запишуваат кои зборови се изговараат потешко, а кои полесно.

- Се споредува изговорот на зборовите/гласовите - еден ученик изговара бавно, друг брзо.

- Се одделуваат во колони гласовите од зборовите во табелата:

| звучни согласк<br>и | безвучн<br>и согласки | други согласк<br>и | само-<br>гласки |
|---|---|---|---|
| | | | |

**Наставна единица: Употреба на голема буква (при пишување имиња на држави, нивни жители, народи, градови, села, области, нивни жители и пишување на празници чие име е напишано со број)**

**Цели:** учениците правилно да ја употребат големата буква при пишување имиња на: држави, нивни жители, народи, градови, села, области, нивни жители и пишување на празници чие име е напишано со број.

**Очекувани резултати од учењето:**

- учениците употребуваат голема буква при пишување имиња на: држави, нивни жители, народи, градови, села, области, нивни жители и пишување на празници чие име е напишано со број во секојдневната писмена комуникација.

**Воведни активности**

Наставникот го започнува часот преку поставување насочени прашања кон учениците поврзани со наставниот материјал учен минатата година во однос на пишување голема буква кај сопствените именки со кои се искажуваат имиња на институции, адреси, списанија, празници. Всушност наставникот на учениците им дава наставно ливче во кое е содржана техниката „знам - сакам да знам - научив“ во однос на пишувањето на голема буква. Учениците ја пополнуваат првата колона од наставното ливче „знам“. Откако ќе напишат и презентираат, наставникот бара од учениците да ја пополнат втората колона, односно „сакам да знам“ во однос на употребата на голема буква. Откако учениците ќе прочитаат што сакаат да знаат во однос на употребата на голема буква, наставникот се надоврзува во однос на новата наставна единица преку насочувачки прашања: „Како се вика нашата држава?“, „Кој е главен град на нашата држава?“, „Како се вика селото/градот од каде потекнуваат твојот дедо и баба?“...

На дадените одговори од страна на учениците наставникот се надоврзува на тој начин што на учениците им кажува дека имињата кои тие ги дале како одговор, секогаш се пишуваат со голема буква.

**Главна активност/активности**

Во продолжение на часот наставникот на учениците преку конкретни примери им посочува во однос на именките (за кои е предвидено на часот учениците да стекнат знаења) дека нивните имиња се пишуваат секогаш со почетна голема буква.

Покрај тоа што наставникот посочува примери, исто така учениците ги држи мотивирани и активни преку барања до нив и тие да посочат соодветни примери во однос на она што е предмет на изучување на часот.

Прашањата поставени од страна на наставникот се во контекст кој е близок до учениците, односно ситуации кои се блиски до нив и со кои тие секојдневно се среќаваат во нивниот живот.

Во склоп на оваа наставна единица, наставникот на учениците им посочува и примери во кој случај не се пишува некоја именка со голема буква, конкретно во случаите кога се пишуваат имињата на жители на градови и имињата на жители на села.

**Држави:** Македонија, Германија, Италија, Кина

**Градови:** Кочани, Гостивар, Рим, Атина

**Имиња на жители на држава:** Македонци, Хрвати, Французи, Шпанци

**Имиња на народи:** Македонец/Македонка/Македонци, Кинез/Кинеска/Кинези, Бугарин/Бугарка/Бугари, Албанец/Албанка/Албанци

- Покрај имињата на државите, градовите, жителите на државите и имињата на народите, со голема буква се пишуваат и имињата на:

**Села:** Ростуше, Волково, Вевчани, Иловица

**Области:** Мариово, Порече, Малешево, Тиквеш

**Имиња на жители на области:** Мариовец/Мариовка/Мариовци, Поречанец/Поречанка/Поречани, Малешевец/Малешевка/Малешевци, Тиквешанец/Тиквешанка/Тиквешани

- Но, треба да знаете дека со мала буква се пишуваат имиња на:

**Жители на градови:** битолчанец/битолчанка/битолчани, белграѓанец/белграѓанка/белграѓани, скопјанец/скопјанка/скопјани, охриѓанец/охриѓанка/охриѓани

**жители на села:** вевчанец/вевчанка/вевчанци, лактинец/лактинка/лактинци, мокринец/мокринка/мокринци, галичанец/галичанка/галичани

- Кога сме кај сопствените именки треба да знаете дека имињата на државните, интернационалните и верските празници се пишуваат со голема буква.

**Државни празници:** 8 Септември (Осми септември), 2 Август (Втори август), 11 Октомври (Единаесетти октомври)

**Интернационални празници:** 8 Март (Осми март), 1 Мај (Први мај)

**Верски празници:** Велигден, Божик (Божиќ), Бајрам, Свети Никола

Во однос на празниците треба да се запомни и применува следното:

- ако првиот дел од името на празникот е напишан со цифра, следниот збор започнува со голема буква, (Пример: 24 Мај),
- името на празникот кој во себе содржи цифра и збор, кога се пишуваат само со зборови, тогаш првиот збор (цифрата) се пишува со голема буква, а зборот со мала буква (Пример: Први мај),
- ако името на празникот содржи само еден збор, тогаш тој се пишува со голема буква (Пример: Велигден),
- ако празникот содржи два збора, од кои вториот е сопствена именка, тогаш и двата збора се пишуваат со големи букви (Мала Богородица)

Прашања за повторување на изученото:

- Кои од посочените именки се напишани погрешно: Австрија, грција, бугарин, Мариовка, италијанец, влаинка, Беловиштанец, положанец, осми септември, Велигден, 1мај.
- Напиши по една реченица во која ќе употребиш: име на држава, име на град, име на жител на држава, име на село, име на област, име на жител на град, име на жител на село, име на државен празник, име на интернационален празник и име на верски празник

Во завршниот дел од часот наставникот бара од учениците да ја пополнат третата колона од наставното ливче - „научив". Откако ќе го сторат тоа учениците, наставникот од нив бара секој да прочита што напишал.

Во однос на одговорите дадени од страна на учениците како и во однос на нивната ангажираност за време на часот, наставникот на учениците им дава соодветна повратна информација.

**Наставна единица: Вежби за употреба на голема буква (при пишување имиња на држави, нивни жители, народи, градови, села, области, нивни жители и пишување на празници чие име е напишано со број)**

**Цели:** Вежбање и примена на стекнатите знаења за употреба на голема буква.

**Очекувани резултати од учењето:**

- учениците практично препознаваат и применуваат употреба на голема буква во нивната писмена комуникација.

Овој час е предвиден за вежби, односно проверка на стекнатите знаења на учениците поврзани со голема буква, конкретно при пишување имиња на држави, нивни жители, народи, градови, села, области, нивни жители и пишување на празници чие име е напишано со број. За таа цел наставникот претходно има изготвено наставен лист кој се состои од три работни задачи. Наставникот бара секој ученик индивидуално да пристапи во решавањето на вежбите.

Наставникот на учениците им ги појаснува барањата содржани во наставниот лист и потоа ја следи нивната работа. По завршувањето на активностите поврзани со наставниот лист, наставникот во согласност со условите може да пристапи кон заемно оценување со што учениците формативно ќе оценат или пак самиот да ги прегледа давајќи пишана повратна информација.

## Наставен лист

**Име и презиме на ученикот:** **Одделение:**

- Во кои од посочените зборови почетната буква погрешно е напишана:

Виница, могила, Швајцарија, 8 Септември, поречанец, Свети ѓорѓија, единаесетти октомври, Мала Богородица, кавадарчанец, Преспа, Авганистан, германија, Србинка, Босилово

- Пополни ги празните линии во дадените реченици со соодветен збор (внимавај како ќе ја употребиш големата буква).

1. ________________ го славиме како ден на независноста на Македонија.
2. На_______________ се вапсуваат јајца во црвена боја.
3. Мојот сосед Мустафа за ________________ секогаш ми носи баклава.
4. Главниот град на Франција се вика _________________.
5. Жителот на областа Преспа се вика__________________ .
6. Поречанец е жител на областа_______________.
7. Илинденското востание се кренало во ________________.

- Во дадениот текст пронајди ги зборовите каде има неправилна употреба на голема буква.

Павел и Анастасија живеат во Италија, во градот милано. Тие секое лето доаѓаат во селото Црник на гости кај баба и дедо. Ова село се наоѓа во областа Малешевија и има многу убава местоположба. Сите велат дека црничани отсекогаш биле печалбари и ги има насекаде низ белиот свет. Павел и анастасија уживаат во убавините на родниот крај на нивните родители. Секој трет ден заедно со баба и дедо одат да купат намирници во берово или во пехчево. Ова лето поминаа прекрасно па затоа на баба и дедо им ветија дека ќе доаѓаат почесто. Им ветија дека ќе дојдат и за божик, а најверојатно и напролет за Велигден.

ПОДРАЧЈЕ ЛИТЕРАТУРА

Планирањето и реализацијата на наставата по предметот Македонски јазик за петто одделение на основното деветгодишно образование подразбира поврзување на теориските познавања за литературата со читањето како активност и како вештина која се совладува најпрво како основно скалило на писменоста. Читачкиот процес потоа се развива низ повеќе внатрешни нивоа: совладување на читањето на глас, читањето во себе, изразното читање. Од тоа ќе произлезе и најважната придобивка од читањето, која воедно е основа на писменоста во општата смисла на поимот, а тоа е можноста да се совладуваат брзо и лесно текстови и наставни содржини од различни предмети. Успешноста во читањето е показател за успешност на сите полиња сметајќи го читањето како основен начин на усвојување на информации и нови знаења од сите области.
Оттаму произлегува дека читањето претставува процес кој вклучува повеќе аспекти кои ќе се увежбуваат во совладувањето на поимите, содржините и вештините од подрачјето Литература.
Во оваа учебна година учениците покрај читањето и идентификувањето на основните информации низ текстот за времето и местото на дејството и ликовите, потребно е да го вежбаат и практикуваат читањето со разбирање.
Од нив се очекува да ги совладаат поимите поврзани со расказот, романот за деца, епската и лирската песна, басната. Учениците треба да умеат течно и со правилен акцент да ги читаат уметничките текстови како и да умеат изразно да читаат текстови, да ги разликуваат текствоите како лирски или епски, пред сè тоа се однесува на поезијата, но и да знаат за расказот како вид прозна творба.

За постигање на овие цели и добивање соодветни резултати од учењето потребно е користење на интересни текстови со теми кои отвораат можности за дискусија. Дискусијата на наставникот му овозможува: претставување на содржината, објаснување на поимите преку разговор, оформување ставови и слободно споделување мислења и на крајот индивидуална контексуализација на знаењата.

**Наставна единица:   Читање уметнички текстови**

**Цели:** учениците да читаат текстови со примена на правилен акцент и интонација соодветна на литературни/уметнички поетски и прозни творби.

**Резултати од учење:** изразно чита уметнички прозни и поетки текстови.

Воведна активност
„Претстави ја нашата земја како..."
Наставникот им објаснува на учениците дека можат да ја претстават својата земја со три до пет зборови. Им дава насоки дека тоа може да се зборови кои се однесуваат на луѓето во земјата, на дејностите со кои се занимаваат овде како и со познати и непознати природни убавини.
Се читаат зборовите и потоа следуваат активности за песната.

**Главна активност на часот:** Изразно читање на песната „Илинденска песна " од Васил Куновски. Наставникот ја чита песната изразно.

**Илинденска песна"**

Мечкин – Камен светол затрепери в радост,

во земјава моја ти споменик вечен,

развиори искри над Крушево градот

в лазурнава мила илинденска вечер.

Приказната твоја исполнета в пламен,

излеана в бури ја слушам со занес,

приказната бојна за Питу и Карев,

за борците – орли, за Гоце и Јане.

И гледам нов огон и нов Илинден пламна,

ал ѕвезда на чела партизански блесна.

Република нова в Прохор Пчински самна,

и слободно екна македонска песна.

Мечкин – Камен, светол затрепери в радост,

во земјава моја ти споменик вечен,

развиори искри над Крушево градот,

в лазурнава мила илинденска вечер. *Васил Куноски*

**Дискусија:** Кои зборови ги среќавате најчесто во песната? Што мислите за нив? Дали може да ги поврзете со места на кои веќе сте биле? По што се познати тие места? Дали знаете зошто се посетуваат? Објаснете го својот одговор. Дали ви се познати имињата кои се споменуваат во песната? Можете ли да ги објасните, каде сте ги чуле ?
Стиховите:
„И гледам нов огон и нов Илинден пламна

ал ѕвезда на чела партизански блесна.

Република нова в Прохор Пчински самна,

и слободно екна македонска песна.“ - со кој празник можеме да ги поврземе?

**Го збогатувам својот речник**
**ал-црвено**
**лазурнава – азурна, со светло сина боја**
**Активност –*Читач на денот*** - наставникот ги мотивира учениците да ја прочитаат песната изразно и доколку има можност да направат мал натпревар.

**Завршна активност на часот**
Наставникот дава уште еден текст за изразно читање со теми кои се надоврзуваат.
Забелешка: Доколку наставникот процени дека овој текст и песната не може да се реализираат во еден час може да даде насоки за читање на текстот како домашна задача.

„Над двете езера“

Се искачивме по угорницата, а зад нас остана Охрид. Низ доловите навевот носи далечно блеење на овци, ѕвонци и притаени одгласи на овчарски кучиња.

Подзастануваме и се напрегаме да го дофатиме текот на подземните води:

легендата вели дека во ваква ноќ може да се чуе како водите на Преспанското Езеро истечуваат во Охридското Езеро низ студените силни бликови од Билјанини Извори и сѐ до Дрим кај Свети Наум. Брзаме понатаму. Сакаме пред да изгрее сонцето да сме на сртот. Гасне и последната ѕвезда. Модро-сивите врвови на Галичица ги огреваат првите одблесоци на блискиот изгрев. Воздушни струи ни ги ладат испотените чела. Се качуваме на назабениот срт.

Стоиме на висина од над 2000 метри. Тоа е длабоко седло од највисокитот врв Томорос. Планинските страни стрмно се спуштаат над двете езера. Лево, на исток. треперат ширните води на Преспанското Езеро, а десно, на запад, како во огромна лулка и повиено во бели и млечни сињаци, доспива Охридското Езеро.

Далеку на исток на Пелистер, Бабиниот врв, зрачесто вивнаа првите лачи на изгревот. Еден зрак се протегна до нас, се спушти вдолж песокливиот брег на  Преспанското Езеро, по кој се раѓаа и умираа пенливи бранчиња. Големи и мали полуострови го шират езерскиот брег. Свеж повев од кон Сува Гора на југ лесно ја разбрани водата и како да ја избриша граничната линија што ги дели Македонија, Грција и Албанија.

Борис Бојаџиски

✓ Дневник за метаучење преку чек листа со дополнување

-Што правевме денес?
-Научив дека...
-Додека го учевме и дискуитрамве ова, се чувствував...
-Ова може да го користам во...

**Наставна единица   Расказ – поим  и пример  „Ѓеврече“ од Александар Поповски**
**Цели:** Запознавање со поимот расказ како прозен текст преку дискусија за неговата содржина.

**Резултати од учење:** препознава прозен текст – расказ.

**Воведна активност:** што значи поимот однесување?
Во бура на идеи  учениците кажуваат што подразбираат под поимот однесување.
Наставникот го повторува секој збор/објаснување од учениците и го забележува на табла, флип чарт... Учениците се насочуваат во дефинирањето на поимот *однесување:*
*Однесување е сѐ што прави човекот, сите негови постапки. Постапките кои ги прави човекот се дел од  неговото однесување.*

**Главна активност на часот**

Текстот се чита со примена на техниката Табела за предвидување
(Наставникот го чита текстот и ги определува местата за запирање со читањето. Во времетраење од една минута учениците предвидуваат и објаснуваат што мислат дека ќе се случи понатаму и запишуваат сосем кратко.)

| ШТО МИСЛИТЕ ДЕКА НАВИСТИНА ЌЕ СЕ СЛУЧИ? | КАКВИ ДОКАЗИ ИМАТЕ ЗА ОВА? | ШТО НАВИСТИНА СЕ СЛУЧИ? |
| --- | --- | --- |
| | | |

**„Ѓеврече“**

Кога бев ученик немаше училишни кујни. Кој сакаше ужина си носеше од дома. Само понекогаш купував симид или ѓеврече од чичковците кои продаваа во училишниот двор.

Секој не можеше да купи. Имаше деца кои по цела учебна година само подголтнуваа гледајќи некого од нас како јаде мек симид и топло препечено ѓеврече. Се разбира, доколку некој не му подадеше залак – два.

Јас бев еден од оние кои поретко купуваа и тоа во деновите кога тате донесуваше некоја паричка повеќе.

Сѐ беше добро се додека еден ден околу нашето училиште не почнаа да се вртkaат неколку повозрасни деца, речиси момчиња. Не беа ученици и само бараа начин како да се подзакачат со некого и да го изнатепаат.

Станаа страв и трепет за сите нас. Се раскажуваа цели истории за тоа како каде и кога некого изнатепале. Почнаа да  ни ги одземаат чантите или торбите, а книгите и тетратките да ги фрлаат по улиците. Учителките се обидоа да се расправаат со нив, но овие откако излегоа од дворот започнуваа со камења да фрлаат по училишната зграда и искршија неколку големи прозорци. Тогаш и тие кренаа раце, веројатно, пресудувајќи дека е поефтино ќе ги чини ако не ги задеваат. А учители имавме само двајца и тие беа постојано болникави та не беа ни способни со некого да се караат, а уште помалку да се тепаат.

А еден ден почнаа да ни ги одземаат паричките што ги носевме за да си купуваме нешто за јадење или пак ако веќе не беа стигнале да го сторат тоа, ако веќе си имавме купено, од раце ни ги одземаа симидите и ѓевречињата. Беа добро запознаени кој има од нас парички, и кој може да си купи симид или ѓеврече. Можеби точно поради тоа мене не ме претресуваа кога доаѓав на училиште. Беше доцна есен. Ден пред тоа заврна првиот снег и сега улиците беа калливи. Од многу кал немаше чисто камче од калдрмата за да скокаме од едно на друго и некако почисти да влеземе во училницата.

Излегов да си купам ѓеврече на првиот голем одмор. Ме зачуди тоа што околу продавачот немаше деца да купуваат. Бевме само двајца, подадов паричка и не успеав да си го земам ѓевречето што ми го подаваше продавачот. Од зад мене, некој подаде рака и ми го грабна од пред нос. Друга една таква рака, рапава и цврста, го подзеде од првиот.

-Што правите, бре апашишта-викна продавачот.

Се свртев и ги видов тројцата момчиња задоволно и широко насмеани.

-Без пари ли ти го земаме?! – Еден од нив подбивно му рече на продавачот.

-Што не си гледаш работичката! – му се заканија.

Во тој миг многу се исплашив. Почувствував како срцето почна пргаво да ми скока во градите. Но , и самиот не знам штоми стана, зошто решително викнав:

-Мое е...

-Ако е твое, дојди да си го земеш – рече најголемиот.

Во својата рака го држеше и мафташе моето ѓевречe. Не можам да ги објаснам тие моменти што ги водеа движења. Знаев дека тоа не е разумно, но некаде длабоко во срцето чувствував дека сум прав, дека тоа така не може да биде; тоа не треба да го дозволам; тие немаат право да го прават тоа...

Не бев храбро дете, поточно бев далеку од детското смело безумство. Знам само дека посегнав и за малку ќе си го дофатев ѓевречето. Дури и помислив како загризувам во неговиот круг, како изгладнето џвакам.

Големиот не го очекуваше тоа. Но, откако не успеав тој за секоја случајност, уште повисоко го подигна пленот. Немаше потреба да го прави тоа. По првиот неуспешен обид како да се вразумив и не мислев повторно да скокам.

Сега тој сакаше да си поигра со мене како со малечко кутренце. Рече: -Ајде!

Го фрли високо над себе ѓевречето и сакаше да скокнам по него. Не се помрднав. Тогаш големиот посака да го пречека в раце. Но, во тоа не успеа. Ѓевречето го удри во раката и само малку повторно потскокна, како да беше од гума. Големиот се фрли по него, небаре голман се фрла по понастрана шутната топка. Тогаш при доскокот незгодно тапна на еден камен и заедно со ѓевречето, што беше го дофатил, се најде во калта! Лежеше во калта испружен колку што беше долг и широк.

Сфатив дека треба да бегам и за миг се најдов до влезот. Оттука повеќе деца го следеа она што се случуваше со мене и тројцата силници. Одморот не беше завршил иако мене ми се чинеше дека од излегувањето како да беше изминала цела вечност.

Од вчидовиденост не стигнаа ниту да се насмеат. Тогаш едно од децата извика:

-Шатка! Прета како шатка!

Доволно беше. Се роди прекарот. Децата почнаа да се смеат и да викаат по него. Перо, така се викаше момчето, Перо Шатката, како што потоа сите во градот го завикаа, за чудо не направи никаква закана. Полека стана од калта, прво на колена, а потоа се исправи. Постоја така не обидувајќи се ниту да се поисчисти, погледна во ѓевречето што уште го држеше в рака. Се заврте потоа како да ме бараше, како да сакаше да ми го врати, но откако не ме најде во близина, си замина не фрлајќи го ѓевречето. Тоа како да беше неговиот најскапоцен трофеј. Неговите другари, кои ниту ги погледна, се стрчаа по него...

Тие момчиња тогаш за последен пат беа во дворот на училиштето. Го среќавав големиот по улиците на градот. Полека стануваше ерген. Но, иако ја беше исчистил калта од

себе, никогаш не му успеа да се ослободи од прекарот. Тоа не беше нешто што се суши, што се лушти или струже, ниту пак со некаква четка се исчеткува.

Тој, големиот, што толку суверено владееше во дворот на училиштето, засекогаш остана Шатка, Перо Шатката...

**Александар Поповски**
**(Раскази за деца)**

**Прашања за текстот и дискусија**
Дали ви се допадна текстот кој го прочитавме? Во кој дел најмногу? Зошто?
Дали во предвидувањата при читањето бевте блиску до она што се случи во расказот?
Дали нешто ве изненади додека читавте? Зошто?
Кои ликови ги среќаваме во расказот?
Во кое лице е раскажувањето?

**Задача за дома:**
-Пронајди ги деловите од расказот каде се изразени чувствата на ликот раскажувач и издели ги. До какви заклучоци дојде?
-Пронајди ги деловите кои го покажуваат однесувањето на ликот Перо. Кое е твоето мислење за неговото однесување? Објасни го со неколку реченици.

**Рефлексија**
Што правевме денес?
Што научивме денес?
Како се чувствувавте за време на читањето на текстот? Зошто?

**Наставна единица: Елементи на расказ „Ѓеврече“ од Александар Поповски**

**Воведна активност:** Децата се седнати во круг, го кажуваат своето име, а за презиме треба да измислат и да кажат презиме кое почнува на првата буква од нивното вистинско презиме и означува некакво одредено чувство. Потоа учениците коментираат зошто го кажале тоа презиме за себе.
Пример: Соња Срeќновска, Весна Веселовска, Марко Тажновски

**Главна активност** Наставникот го чита текстот изразно, а потоа следува дискусија за тоа какви чувства преовладуваат во расказот (можат да ги користат одговорите на прашањата кои им беа за домашна задача)

| |
|---|
| Дискусија<br><br>Кои позитивни и кои негативни чувства ги има во расказот и кај кои ликови?<br>Дали во вашето секојдневие ви се случило да се чувствувате така? Кога и каде?<br>Сте покажале ли дека се чувствувате некако во тие ситуации?<br>Дали сте побарале помош за тоа? Сте разговарале ли со некого?<br><br>Кој е раскажувачот во текстот? Дали можеме да го откриеме неговото име?<br>Што се случува на почетокот на овој текст?<br>На што се однесува најголемиот дел од текстот, на кој настан/настани?<br>Колку ликови има во текстот? Наброј ги оние ликови кои ги откри во читањето. Каков е односот меѓу ликовите, дали тие се разбираат или се на спротивставени страни?<br>Кое е твоето мислење за однесувањето на Перо? Што мислиш за однесувањето на ликот раскажувач?<br>Каква порака / пораки има за тебе овој расказ? |

Заклучок: Кус текст –прозна литературна творба во кој се зборува за настан/и (најчесто еден главен настан) и во кој има помал број ликови кои говорат и дејствуваат се вика расказ.

**Завршна активност:**
Учениците запишуваат порака за/од текстот за настанот и однесувањето на ликовите.

**Наставна единица: Содржинска анализа на текстот „Рациновата љубов“ П. Стојчевски**

**Цели:** Самостојно читање и анализа на содржина на кус прозен текст

**Резултати од учењето**

-чита и дискутира за куса содржина на текст/расказ.

**Воведна активност**

Учениците се поттикнуваат да кажат што повеќе објаснувања за тоа што значи книгата за нив. Наставникот има подготвено неколку изреки кои ги споделува со учениците и за кои се коментира.



„Рациновата љубов“

Секоја квечерина Коста ја напушташе грнчарската работилница што се наоѓаше во приземјето на нивната куќа и незабележан од никого преминуваше кај Ќускиеви.

Таму, незнаејќи за умор, продолжуваше да го врти големото грнчарско тркало и да обликува нови стомни сè до доцна во ноќите. Една вечер кога се врати дома мошне доцна, татко му Апостол изнемоштен од болеста, тивко, скоро прпелајќи ги зборовите низ својата уста, го запраша:

- Синко, зошто секоја вечер доцниш и што работиш кај Ќускиеви?! Коста беше изненаден од ваквото прашање, па погледна во мајка си Марија. Но, кога им се сретнаа погледите, во нејзините очи го откри истото прашање. Тогаш ја наведна главата не смислувајќи никаков одговор.
- Слушај, синко – рече татко му Апостол и продолжи – Коце Ќускиев беше мој ученик. Јас му го потпишав мајсторското право. Ти немаш што да научиш од него, зошто јас од тебе

направив поголем мајстор и од самиот себе. Затоа престани да одиш кај него. Ние имаме наша работилница, биди си сам мајстор и повеќе не прави аргатин од себе, зошто на светот ништо нема потешко од тоа да умреш како аргатин. Апостол сакаше уште нешто да рече, ама се закашла и поцрвене. Кога Коста го слушна зборот аргатин, во очите му навреа солзи. Погледна кон својот татко и реши да биде искрен. Го раскопча своето палто, а од пазувите му паднаа неколку книги. Потоа пријде до болниот татко и тивко, скоро плачејќи рече:

- Сакам да читам, многу да читам, а ние немаме пари за книги. Ете, затоа работев кај Ќускиеви. Простете ми!

*Петар Стојчевски*

Дискусија

Кога го прочита насловот на текстот, на што прво те асоцираше?

Можеш ли да ги наброиш имињата на ликовите во овој текст?

Дали си чул за името Коста Рацин? Истражувај малку за него, неговите постапки во текстот ќе ти бидат уште појасни.

Со што се занимава Коста? Каде работи тој?

Како е прикажан ликот на таткото во овој текст? Што можеме да забележиме во однесувањето на мајката? Од која реченица може да се согледа тоа?

Прочитај ги речениците кои се дел од текстот погоре и кажи го твоето мислење за ликот Коста Рацин, како се чувствувал тој и зошто е тоа така?

„Погледна кон својот татко и реши да биде искрен. Го раскопча своето палто, а од пазувите му паднаа неколку книги. Потоа пријде до болниот татко и тивко, скоро плачејќи рече:
-Сакам да читам, многу да читам, а ние немаме пари за книги. Ете, затоа работев кај Ќускиеви. Простете ми!“

Активност

Учениците по читањето и дискусијата самостојно изработуваат Скелетен приказ на текстот. При примената на оваа техника се пополнуваат следните барања

РЕЧЕНИЦА – опишува за што се работи

ФРАЗА – кажува нешто важно (учениците запишуваат нешто важно за прочитаното, нешто што ја изразува неговата суштина)

ЕДЕН ЗБОР го изразува значењето или основната тема.

СИМБОЛ ИЛИ СКИЦА црта претстава за содржината.

БОЈА изразува предизвикани чувства или расположенија

**Завршна активност**
Наставникот поттикнува куса дискусија на тема „Мојата омилена книга“.
Учениците зборуваат за книгата и го образложуваат својот одговор.

За домашна работа учениците го прераскажуваат текстот во своите тетратки.

**Предлог истражувања: Занаетите во нашата земја некогаш и сега**
**Грнчарство – занает и уметност**

**Наставна единица: Епска и лирска песна – поим**

**Цели**: Ученикот да чита епска и лирска песна и да ги разбира поимите епска и лирска песна во согласност со нивната содржина.
**Резултати од учењето**: разликува епска и лирска песна.

**Воведна активност**

Наставникот бара од учениците самостојно да напишат карактеристики на еден херој и на еден фотомодел. Може графички да се користи Т – табела и во неа да се впишуват карактеристиките, потоа наставникот поведува дискусија во однос на посочените карактеристики.
Учениците треба д се воведат во значењето на поимот херој и неговите атрибути како и на фотомоделот како пример за убавина. Дискусијата може да се прошири и со прашањето дали херојот е секогаш момче односно моделот секогаш девојче.

**Главни активности**
-читање на песната од страна на наставникот. Наставникот дава инструкции што да забележуваат учениците додека ја следат/слушаат песната (што/кој се опејува во песните, дали има ликови, каде одат, дали се движат, што прават, дали нешто коментираат...)
Како илустрација се читаат песните.



**„Шетал Марко низ гора зелена“**

Шетал Марко низ гора зелена,
Шчо ми шетал три дни и три ноќа.
Не можит вода да ми најдит,
Ни за себе, ни за брза коња.
Па говори Марко Кралевиќе:
„Варај горо, горо, Димна Горо!
Камо ти вода да се напиам,
Немаш да пиам, ни да се измиам.
Да би те ветар исушило!
Да би те сонце изгорело!“
Димна Гора Маркое говореше:
„Aj ти Марко, aj ти добар јунак!
Немој к’лни гора Димна Гора
Туку к’лни стара самовила
Шчо собрала седумдесе клаенци,
Да изнесла на врв на планина,
Да продадаат еден бардак вода,
Еден бардак за црните очи“.
Марко ли си с коња говореше:
„Aj ти коњу, мое мило добро!
Али можеш ти да ме изнесиш
Да отепам стара самаовила,
Да растурам седумдесет клаенци?“
Коња Марку ли му говореше:
„Постегни ме с дванаесет колани,
Двата ние да се обидеме“.
И му стегна дванаесет колани
И г’изнесе на врв на планина;
Да отепа стара самовила,
И растури седумдесет клаенци.

(Миладиновци,*Зборник на народни песни*)

**„Елено, бајрак девојко“**

Елено, бајрак – девојко!
Не качи перо високо,
Не држи сенка голема!
До Солун сенка ми држиш
На солунските овчари.
Овчари јагне печеа,
Со шарен кавал свире,
Еленина песна пееа:
„Елено, убаа девојко!
Шчо сенка д’лга си имаш,
Сенката овде достигвит,
Под сенка да си играме,
Весели све да бидиме.“

(Миладиновци,*Зборник на народни песни*)



**Дискусија**
Споредете ги насловите од двете песни, што мислите за нив? Дали тие ја откриваат содржината на песната?
Кој се споменува во првата песна? Кој е Марко Крале? Дали досега сте чуле за него? Каде е тој во оваа песна? Што бара Марко Крале во горава? Со кого разговара тој? Што се случува на крајот?
За кого се испеани стиховите во втората песна? Што мислите, зошто народниот пејач ја нарекува Елена бајрак девојка? Што се опејува во оваа песна?
Какви чувства буди првата, а какви чувства буди втората песна? Зошто?
Што е заедничко за овие песни? Што е различно за овие песни?
Кој е потпишан под двете песни?

Информирајте се за Браќата Миладиновци

**Завршна активност**
Учениците се наведуваат на заклучок дека епските песни опеваат и раскажуваат низ стих настани, јуначки подвизи и јунаци, лирските песни опеваат чувства и мисли со различни мотиви: љубовни, патриотски, пејсажни и слично.

**Наставна единица: Епска песна-поим**

**Цели:** Читање епска песна и претставување на содржината; објаснување на поимот епска песна.

**Резултати од учење:** Препознава епска песна.

**Воведна активност**: Наставникот избира неколку зборови како клучни и бара од учениците да направат свој состав односно да напишат 3 до 5 реченици во кои ќе ги поврзат посочените зборови и ќе погодат која е денешната наставна единица.
Пример: Марко, гора, сила, брани.

Учениците даваат свои писмени/усни искази за посочените зборови и на тој начин предвидуваат.
Пример: Марко Крале е силен јунак. Тој секогаш победува. Тој често патува низ горага/шумата. Тој ги брани луѓето/послабите.

**Главна активност:** Наставникот ја чита изразно песната „Марко и Димна Гора“

**„Марко и Димна Гора“**

Најмил ми се левен Марко
Да ми вардит Димна Гора,
Димна Гора и зелена.
Навечер ја обдивеше,
А наутро иа опитцеше:
„Ај ти тебе, зелена горо,
Шчо си, горо, подгорила?
Аљ те оган изгорило?
Аљ те слана посланила?“
„Левен Марко, а стопане!
Не ме оган изгорило,
Не ме слана посланила;
Туку жељба ми паднала;
Поминале три синџири
Три синџири младо робје,
Под нозе ме изгазиле,
Со с’лзи ме попарие.
Први синџир шчо помина,
Сѐ јунаци посвршени;
Втори синџир шчо помина,
Сѐ девојки прстенвати;
А трећиот шчо помина,
Сѐ вдоици с луди деца“.

Тогај велит левен Марко:
„А каде си отидое?“
Димна Гора одгоори:
„Бргу трага ќе им наиш,
Сега рано поминае“.
Се наљути левен Марко
И си зеде брза коња,
Шчо пособра дробна војска,
Добра војска сè Арапи;
Сѝ прифтаса три синџира.
Сѝ посече зулумќари,
Сѝ испушчи младо робје,
Од синџири и истаи,
Ѝ даруа с добро азно,
Ѝ испушчи на вилает.

Дискусија:

Зошто песната се вика Марко и Димна Гора?
Што се опејува во песната? Има ли ликови иако е песна? Што прави Марко во горaта и со кого разговара во горaта? Како Марко Крале ги ослободил водите во Димна Гора?
Набројте што направил Марко Крале? Што мислите за неговите постапки?
Во песната се изразуваат чувства или се раскажува во стих?

Заклучок: Оваа песна е епска песна затоа што е долга, во неа се раскажува за настан, среќаваме ликови: Марко Крале, Димна Гора, старата самовила, коњот.

ЕПСКА ПЕСНА е долга песна која раскажува настан, среќаваме раскажувач, ликови кои учествуваат во настанот и водат дијалог.

**Го збогатувам својот речник**

**Варај во народната поезија извик што се употребува кога се повикува некој да му каже нешто чудно, жално, страшно.**

**Бардак- глинен сад за вода.**

**Наставна единица Епска песна – анализа- повторување**
Во реализацијата на оваа наставна единица наставникот по избор користи некоја од претходно избраните песни кои се епски по својот вид.
Анализата е во насока на одредување на содржината, ликовите и пораката како и дискусија за ликовите и нивните постапки.

**Наставна единица Епска и лирска песна – <u>изразно читање</u>** (Пример епска и пример лирска песна по избор на учениците или по насока дадена од наставникот)
**Цел:** да знае да чита изразно почитувајќи ги правилата за правилно акцентирање, правилно интонирање при читање на поетски творби.

**Резултати од учење:** изразно чита лирски и епски литературни творби во стих.

**Воведна активност** - Наставникот на овој час може да направи усно повторување на поимите за лирска и епска песна како поими кои се поврзуваат со одредена поетска содржина.

**Главна активност**: Учениците ги читаат епските и лирските народни песни и организираат рецитаторски натпревар. Наставникот одредува жири и групи на читачи, како и публика со која се спроведува гласање за победник. При натправарот треба да се обезбеди ротирање на улогите за да може учениците да се најдат барем во две од тие улоги.

ПОДРАЧЈЕ ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

Од особена важност е учениците во рамките на своите можности во текот на ова одделение да ги развиваат своите вештини за усно и писмено изразување. При реализацијата на говорните и писмените вежби, како форми за изведување на планираните часови од ова подрачје, се вежба правоговорот и правописот, се вежба синтаксата како и стилското обликување на мислата при што едновремено се практикува креативност и се мотивира истата. Наставникот е потребно да ги поттикнува да пишуваат, не само состави на зададени теми туку и реченици кои се дел од размислувањата на одредена тема, да запишуваат свои согледувања за она што го учат, набљудуваат и среќаваат. Исто така, учениците е потребно да се поттикнуваат на автентично пишување и да се мотивира нивниот пристап со цел градење на самопочит кај ученикот за својата работа. При пишувањето или при усното изразување треба да се инсистира на соодветна содржина, а помалку на формалноста бидејќи истото треба да биде во функција на мотивација. Позитивната повратна информација мора да биде дел од секој час во кој ученикот учествувал творејќи и изразувајќи се на часот по македонски јазик.

**Наставна единица:**
**Говорна вежба Случка од училишниот живот или од семејниот живот –раскажување**

Целта е наставникот да ги оспособува учениците **да раскажуваат за настан кој сами го доживееле**. Со реализацијата на овој час наставникот треба да му помогне на ученикот/ученичката да го поттикне да прави разлика помеѓу раскажувањето и прераскажувањето.

**Резултати од учењето:**

-опишува доживеан настан;
-применува соодветно граматичко време, лице и број.
-формира јасни и правилни реченици.

**Забелешка:** Во почетните часови наставникот може да примени раскажување според заедничко доживување ( од излет, прослава, посета и сл.) за кое сите ученици заедно изготвуваат план за редоследот на настаните, па потоа да следат часови на кои учениците раскажуваат за свои самостојни, лични доживувања.

**Воведни активности:**
Наставникот може да го започне часот со задачи преку кои тие треба да ја откријат наставната единица. На пр. на учениците им се дава одреден број букви, со помош на кои тие треба да состават што е можно подолг збор, во кој ќе ги употребат сите понудени букви, од кои некои и два пати. Доколку учениците успешно ја завршат задачата ќе ја откријат темата или целта на часот. Тоа може да се зборовите: ДОЖИВУВАЊЕ, РАСКАЖУВАЊЕ, НАСТАН и сл.



**Од понудените букви да составите што е можно подолги зборови. При тоа имате право дел од буквите да ги искористите повеќе пати.**

О, В, А, Њ, Е, И, Д, Ж, У, В

К, В, Ж, А, С, Њ, У, Е, Р

С, А, Т, Н

**Главни активности:**
Во овој дел од часот наставникот им посочува пример на учениците за раскажување.

„Имам четворица браќа. Замислете. Пет момчиња, кои имаат помалку од единаесет години и живеат под ист покрив.
Во лето, кај нас дома има едночудо народ. Ако сите донесеме по две другарчиња дома, ќе се стуткаме петнаесетмина во куќата. Најмалку осуммина ќе беснеат како луди, а на другите ќе им се оди во тоалетот. Казанчето ни се расипува еднаш на секои три месеци.
Еднаш, кога татко ми си дојде дома и најде тројца синови и четворица непознати , сите обоени како војници, како се лулаат на завесите, реши дека мора да преземе нешто. Згора на се војничката боја беше украдена од шминките на мама.
„Нема веќе носење другарчиња дома!"-изјави тато веднаш штом дојдоа родителите на војниците и ги однесоа дома....
„Не е фер, рече Марти, најстариот брат, со кармин растечен по образите. „Казната за мене е многу строга затоа што имам многу другари и сум популарен. За разлика од мене, најдобар другар на Вил му е играчката Бетмен".
Вил. Тоа сум јас. Многу го сакам Бетмен. Дони, Берт и Ејч Пи почнаа исто така да се жалат да не останат покусо. Ама тоа го прават само затоа што се помали и тоа им е работа. Исто како да земаат плата за тоа. Од една страна, јас сум помал брат, но, од друга спаѓам во половината со постари браќа во семејството..."

Извадок од „Легенда за Марфи Компирката" од Овен Колфер

Наставникот потенцира дека со раскажувањето се соопштува некој свој настан, доживување и сл. кое го раскажуваме, а прераскажување е нешто што на друг му се случило, што друг го видел, сторил, доживеал, го напишал во книга, го претставил во филм и сл.
Следи усно изразување, раскажување за настан од сопствено доживување. Пред да почнат со усното изразување наставникот ги потсетува учениците дека треба да користат правилни реченици и раскажувањето да има логичен редослед.
Тој ги запознава **со критериумите за успех** и истите стојат како потсетување - хамер во училница, слајд на презентација и слично, во зависност од начинот на реализација на наставата односно на часот. Наставникот посочува дека прво ниво е највисоко ниво, значи обратно од нумеричките оценки кои ги добиваат.

Прво ниво: Раскажува течно, со користење на јасни реченици, правилен редослед на настаните.
Второ ниво: Раскажува со употреба на јасни реченици без да го почитува редоследот на настаните.
Трето ниво: Почнува да раскажува самостојно и употребува јасни реченици, но потребна му/ и е помош за да продолжи.
Четврто ниво: Има потешкотии при формулирањето на јасни реченици и може да раскажува само со помош.
По секое усно изразување на ученикот му се дава повратна информација во однос на раскажаното согласно споделените критериуми.

**Завршна активност** Врз основа на искажаните повратни информации се поведува разговор со учениците за заклучок и рефлексија на часот.

**Наставна единица:Говорна вежба „Мојата прва/омилена книга“ прераскажување**

Цели: Вежбање на прераскажувањето како форма на устен израз.

Очекувани резултати: Усно прераскажува по сопствен план.

Воведни активности: кратко потсетување за поимите раскажување и прераскажување.

Главни активности - Дискусија за тоа што треба да содржи раскажувањето

План на прераскажувањето

1. Што се зборува во книгата –претстави ја со една, две реченици
2. Прераскажи ги главните настани со јасно набројување на ликовите во книгата
3. Што се случува на крајот на книгата
4. Пренеси ја според тебе, пораката на книгата.

**Завршна активност:** Наставникот дава повратна информација за постигањата на учениците во однос на прераскажувањето

Рефлексија

1. Денеска научив дека...
2. Додека зборувавме за книгите се чувствував...
3. Заклучив дека ќе ка прочитам книгата....

**Наставна единица**

**Писмена вежба Прераскажување на текстот „Над двете езера“од Борис Бојаџиски**

**Цел:** Да се вежба писменото изразување и творење преку прераскажување на изучен текст.

**Резултати од учењето:** прераскажува читан и обработуван текст.

**Забелешка:** Во зависност од тоа како се одвива наставата, писмената вежба со планот и насоките за работа може да им биде зададена за домашна работа, а самиот час да се искористи за читање и анализа на домашната работа или пак да се работи на самиот час и наставникот да им даде на учениците усна повратна информација.

**Воведни активности:**
Наставникот поведува дискусија за раскажувањето и прераскажувањето како поими. Учениците го дефинираат истото со свои зборови.

**Главни активности - Дискусија за планот на прераскажувањето**

**Предлог план за прераскажувањето:**

1. За што се зборува во овој текст
2. Што се опишува во текстот
3. Што се случило при прошетката на раскажувачот и неговите другари
4. Што се случува на крајот

**Насоки за работа на учениците**

Наставникот им посочува на учениците дека при прераскажувањето не треба да ги препишуваат готови реченици од текстот, туку да се обидат да направат скратување со свои зборови, а сепак да бидат во рамките на описите и настанот во текстот. Им се посочува да пишуваат со едноставни реченици и изрази, а текстот да не изгледа само како одговор на посочените точки од планот туку со помош на сврзници и логичко поврзување на речениците да направат мала целина од текстот во вид на прераскажување.

Завршни активности: Наставникот дава повратна информација за текот на часот и остава простор учениците да се самооценат и меѓусебно да се оценат со усна повратна информација.

**Библиотека – позајмување книги весници и списанија од библиотека**

**Цели**: Учениците да го усвојат постапката на **земаање книги, весници, списанија и друг вид литература од библиотека** . Поттикнување на ученикот/ученичката да читаат книга или списание кое го интересира.

**Резултати од учењето:**

- покажува интерес за читање;
- знае како да позајми, книга весник или списание од библиотека;
- правилно се однесува кон позајмените книги, весници и списанија.

**Воведни активности:**
Наставникот може да го започне часот со една од многуте интересни техники како на пр. сложувалка.
https://www.jigsawplanet.com/?rc=play&pid=1dae4a2e94e2

Учениците преку сложувалката ќе го откријат поимот библиотека за кој во понатамошниот дел од часот ќе разговараат и увежбуваат постапките за земање книги, весници и списанија, нивно користење, соодветно третирање и враќање.

**Главни активности:**
Во овој дел од часот наставникот се надоврзува на она што учениците го знаат за библиотеката. Која библиотека ја посетиле? Во која библиотека членуваат? Со кого се сретнале таму? Кој ги пречекал? Каква литература користеле? Кои книги и списанија прочитале?, и сл. Тој им посочува пример на учениците за тоа како треба да се однесуваме во библиотеката, на кој начин може да побараме тоа што нè интересира (книга, весник, списание, детска енциклопедија). Прашањата зависат од предзнаењата на учениците и временското ограничување на часот.

Следи играње улоги на тема „Во библиотеката“ Наставникот објаснува дека играта се игра со две улоги. Библиотекар и Ученик/посетител. Тој ја објаснува професијата библиотекар. Каква улога има тој? Како комуницира со членовите на библиотеката, читателите?

Наставникот им дава задача на учениците да направат стрип за посетата во библиотеката.

**Завршни активности:**

Со помош на неколку прашања наставничката прави евалуација.

Што разговаравме денеска?
Што научивме?
Каде тоа ќе го примените?

**Наставни единици за ТЕМА 2**

| | **Наставни единици (по програмски подрачја)** |
|---|---|

| | **Јазик** |
|---|---|
| 1. | Збирни именки во текст; поим за збирна именка |
| 2. | Правилна употреба на збирните именки во говорот |
| 3. | Разликување на збирните именки од другите видови именки |
| 4. | Вежби за разликување збирни именки од другите видови именки |
| 5. | Присвојни придавки |
| 6. | Вежби за присвојни придавки |
| 7. | Бројни придавки |
| 8. | Вежби за бројни придавки |
| | **Читање, литература и лектира** |
| 1. | Басна – поим за басна |
| 2. | Басна - анализа на басна |
| 3. | Вежби – анализа на басни |
| 4. | Лирска песна –поим за лирска песна |
| 5. | Лирска песна – анализа на лирска песна |
| 6. | Анализа на епска и на лирска песна преку откривање на нивните карактеристики |
| 7,8 | Лектира бр. 1<br>„Пајажината на Климентина" од Елвин Брукс Вајт |
| | **Изразување и творење** |
| 1. | Вежби за самостојно прераскажување настан слушнат од друго лице |
| 2. | Прераскажување текст со уметничка и научно-популарна содржина |
| 3. | Вежби за прераскажување обработени текстови со уметничка и научно-популарна содржина |
| | **Медиумска култура** |
| 1. | Филм – редослед на настаните (2 часа) |

ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ ЈАЗИК

**„Македонскиот јазик треба да биде строен и изразит, да биде вистински белег, на македонската нација, зашто преку литературниот јазик се закрепнува најздраво свеста за припадност кон нацијата. Македонскиот литературен јазик треба биде навистина македонски".**

**Блаже Конески**

**Наставна единица:** Збирни именки во текст /говор; поим за збирна именка

Правилна употреба на збирните именки во говорот (2 часа)

**Цели:**

- да го усвои поимот за збирни именки;
- правилно да ги употребува збирните именки во говорот;
- да ги разликува збирните именки од другите видови именки.

**Очекувани резултати од учењето:**

- именува лица, предмети, појави и поими со именки од македонскиот јазик;
-посочува примери за именки од трите рода и во формите за еднина и множина;
- ги разликува различните видови именки и припадноста кон граматичкиот род;
- препознава и ги разликува формите за еднина и множина кај именките што имаат множински форми;
- ги препознава и ги разликува видовите именките што се јавуваат само во формата за еднина во текст и во говорот;
- наведува примери за збирни именки.

**Критериуми за успех:**

- учество на ученикот во активностите;
- правилно ги употребува збирните именки во зборувањето и во пишувањето;
- составува реченици и учествува во дијалог и во разговор и употребува правилни граматички форми од овие именки;
- креативен пристап во давање сопствени примери.

**Предлог-активности за реализација на наведените цели**

Вежби за разликување на различните видови именки и нивните граматички категории. Говорни вежби за класифицирање на именките според граматичкиот род и нагласување при изговорот на завршокот на зборот – самогласка или согласка. Вежба за натпреварувачко набројување поголем број именки различни по вид,преку играта „На буква, на буква“. Наставникот може да користи илустрации, фотографии, постери со слики на предмети, суштества, појави од кои ќе произлезе аудитивен, слушен материјал за препознавање и групирање на именките. Слушање текстови богати со различни видови именки од трите рода и во формите за еднина и множина (во реченици и куси дијалози и текстови). Разговорни вежби во кои е нагласена употребата на збирните именки. Ученикот рецитира и игра јазични игри; ги формулира своите барања; опишува, споредува; селектира зборови/именки во зависност со кого комуницира.







Врз основа на бројот на сликата, напиши ги соодветниот збор.







Животните, растенијата и луѓето со едно име ги нарекуваме СУШТЕСТВА.







И  ПРЕДМЕТИТЕ СЕ НАРЕКУВААТ  ИМЕНКИ.

И ЧУВСТВАТА ИМААТ СВОЕ ИМЕ.





СРЕЌА                                        ЉУБОВ

СТРАВ

Работите што ги замислуваме имаат  ИМЕ.





ЗМЕЈ ВОЛШЕБНИК САМОВИЛА

**Примери и вежби кои можат да се користат во процесот на поучувањето.**

- **Внимателно прочитај ја реченицата запишана подолу и определи го видот на употребените именки.**

Јана со многу љубов му купи на своето куче убава играчка.

- **Напиши по една именка во секоја колона од табелата така што да одговара!**

| СУШТЕСТВО | ПРЕДМЕТ | НЕШТО ШТО ЧУСТВУВАМЕ/ЗАМИСЛУВАМЕ |
|---|---|---|
| | | |

- **Определи го видот на именките во следните примери:** љубов, човек, капа, куче, куќа, цвеќе, пченка, книга, топка, пченица, зајак, среќа,

**Сопствените именки** именуваат единечни предмети или суштества.
Сопствените именки се пишуваат со **голема буква.**
-имиња на луѓе (прекари, псевдоними) и животни: Лука, Оливер, Маријана, Емилија, Џиџи, Шарко, Кусиот;
-географски имиња: Јабланица, Црн Дрим, Бистра, Пелистер, Мариово;
- празници: Божик, Велигден, Бајрам;
- имиња на институции: Средно стручно училиште „Орде Чопела“ ;
-имиња на објекти: Слаткарница „Јагода“;
-имиња на уметнички дела, емисии, списанија, весници и др.„Нова Македонија“, „Повик на дивината“ , „Гоце Делчев“ „Дајте музика“ и др.
**Општите именки** - именуваат суштества, предмети и појави со заеднички општи карактеристики (пр.: клупа, столица, врба, мама, папагал).
Општите именки може да се поделат на **апстрактни** (не може да се допрат или видат, може да се почувствуваат) и **конкретни** (може да ги допреме).
-**конкретни именки:** човек, врата, гулаб, книга и др.
-**апстрактни именки:** светлина, радост, среќа, тага, среда, лето, љубов и др.
-**избројливи** - (можат да се избројат) - јаболка, моливи, гуми и др.
-**неизбројливи** - (не можат да се избројат) - стока, храна, жито и др.
-**материјални именки** го посочуваат материјалот од кој се направени / составени (вода, шеќер, волна, челик).

Воведна активност

На средината на просторијата се поставуваат 5-6 столчиња на едната и едно столче на другата страна. Околу нив се распоредени преостанатите столчиња. Активноста се одвива во два дела:

1. Наставникот најавува дека активноста ќе се состои во погодување замислени предмети што **означуваат мебел**. За таа цел се избира еден доброволец што ќе замисли дека е определен предмет (столица, работна маса, масиче, кревет) и се формира група од 5-6 ученика (доброволци) што ќе погодуваат кој предмет е замислен.
   Ученикот што си замислува дека е определен предмет, го запишува предметот на едно парче хартија и му го дава на наставникот. Потоа седнува на столче во средина на просторијата.
   Учениците што погодуваат седнуваат со столчиња спроти него, подготвени да поставуваат прашања. Прашањата што смеат да ги поставуваат започуваат со Дали и на нив може да се одговори само со Да или со Не.
   Ученикот што замислува дека е определен предмет смее да одговара само со Да или со Не. Прашањата му ги поставуваат наизменично (еден по еден) учениците од групата што погодува.

Останатите ученици (седнати наоколу) се набљудувачи што имаат задача да бележат колку прашања се поставени додека се открие за кој предмет се работи. Откако ќе го погодат предметот, тие соопштуваат колку прашања биле поставени.

Истата постапка се повторува уште 2-3 пати со нови доброволци што ќе замислуваат дека се определен предмет и нови групи ученици што ќе погодуваат. По можност, новите доброволци се определуваат од претходните набљудувачи.

2. Наставникот најавува измени во правилата. Повторно ќе има ученици што ќе замислуваат дека се определен предмет, ученици што ќе погодуваат и ученици што ќе набљудуваат и ќе го бележат бројот на прашањата. Новите правила се однесуваат на начинот на кој се поставуваат и се одговараат прашањата.

Поставените прашања треба да бидат од отворен тип –место со Дали, да започнуваат со Што, Како, Каде, Кога ..... и место со Да или со Не, туку треба да се одговори со цели зборови или реченици.

(Пр. Наместо Дали предметот се наоѓа дома?, треба да се праша: Каде се користи предметот?; наместо Дали е направен од дрво?, се прашува: За што служи предмет?)

Единствено не смее директно да се праша за кој предмет се работи.

**Кратка дискусија**

1. Во која ситуација на прашување предметот беше побрзо погоден?
   Зошто?
2. Што може да се заклучи со суштинската разлика меѓу отворените и затворените („дали"или „да-не") прашања?
3. Какви прашања ни е полесно да поставуваме? Какви прашања ни е полесно да одговараме?
4. Кога е подобро да се користат едните, а кога другите? Зошто?

## ГЛАВЕН ДЕЛ

Кога завршува оваа воведна активност, ливчињата со напишаните предмети и соодветни илустрации за погодените предмети се именуваат/обединуваат со едно заедничко име МЕБЕЛ.

Преку крајот на воведната активност се појаснува значењето на поимот за збирна именка и се посочуваат други примери.

## ЗБИРНИ ИМЕНКИ

**Збирните именки** означуваат множество од еднородни предмети кои се целина (население, мебел, членство). Тие се во еднина, а означуваат множество - не можат да образуваат

множина.

**ПРИМЕРИ:**

МЕБЕЛ (ЗБИР НА ЕЛЕМЕНТИ ОД ДОМАЌИНСТВОТО)
НАСЕЛЕНИЕ (ЗБИР НА ПОВЕЌЕ ЛУЃЕ КОИ ЖИВЕАТ НА ЕДНО НАСЕЛЕНО МЕСТО.), СЕЛАНСТВО, СВЕШТЕНСТВО, ЧИНОВНИШТВО, СВЕТ, СТОЧАРСТВО, ПЧЕЛАРСТВО, СТОКА (РОБА), АДМИНИСТРАЦИЈА, УГОСТИТЕЛСТВО, ЗЕМЈОДЕЛСТВО;

НЕ СЕ ЗБИРНИ ИМЕНКИ: ЈАТО, СТАДО, РОЈ, ГРУПА, ГЛУТНИЦА, КЛАС И ДР.
ЗАТОА ШТО ОВИЕ ИМЕНКИ ОБРАЗУВААТ МНОЖИНА: ТРИ ЈАТА, ЧЕТИРИ СТАДА, ШЕСТ РОЕВИ, ДВЕ ГЛУТНИЦИ, ПЕТ ГРУПИ И ДР.


ХОТЕЛ – УГОСТИТЕЛСТВО


ЛИТЕРАТУРНА ДРУЖИНА – ЧЛЕНСТВО

НАРОДИ И НАЦИИ– СВЕТ

ЗЕМЈОДЕЛСТВО

## ПРОНАЈДИ ГИ ЗБИРНИТЕ ИМЕНКИ ВО СЛЕДНИВЕ РЕЧЕНИЦИ

Во училиштето купивме нов мебел.

Населението во нашата земја го сочинуваат повеќе народи.

Членството во литературната дружина е од разни одделенија.

**Оценување на постигањата на учениците:**

1. При повторувањето на изучени содржини на почетокот на часот;
2. Преку активноста на учениците за време на часот и изведувањето на заклучоци;
3. Преку изработката на вежбите во наставното ливче и преку нивната проверка, учениците ќе се самооценат;
4. Наставното ливче е можност за формативно оценување на учениците.

**Завршна активност**

Сите стојат во круг. Еден ученик седи во средината на кругот со заврзани очи. Наставникот определува некој ученик кој од место треба да праша : „Колку е часот?“со изменет глас. Тој што е во средина треба да погоди кој го поставил прашањето . Ако погоди, улогите се менуваат,тој што прашувал влегува во кругот и ќе треба да погодува. Ако не погоди, наставникот одредува друг ученик кој ќе треба да го постави истото прашање.

**Наставна единица**: Разликување збирни именки од другите видови именки; вежби за разликување збирни именки од другите видови именки

**Цел**: разликување на збирните именки од другите видови именки

**Очекувани резултати од учењето:**

- препознава збирни именки во текст/говор;
- разликува збирни именки наспроти другите видови именки ;
- правилно ги употребува збирните именки во усната и писмената комуникација.

Наставникот треба да ја води работата со примена на иновативни техники, со што треба да создаде позитивна клима за работа и зголемена мотивација кај учениците. На самиот почеток, треба да се направи поврзување со претходните активности и предзнаења на учениците во однос на збирните именки и другите видови именки.

Потоа учениците можат да работат во парови и индивидуално или групно на задачи и активности од различен вид, во зависност од условите во кои се учи и поучува. Наставникот нејасните термини дополнително треба да ги појаснува, на пример, им овозможува на учениците да направат разлика меѓу збирна именка и други видови именки. По секоја завршена активност наставникот секако треба да има подготвено нова активност која се надоврзува на претходната. На ваков начин учениците активно ќе учествуваат во работата и внимателно ќе ги следат насоките на наставникот. Методите што ќе се користат треба да соодвествуваат на поставените цели. Всушност, учениците на овие часови треба да согледаат дека именките немаат универзално значење, туку нивното значење се определува од значењето и функцијата што ја вршат во реченицата, а преку тоа да дојдат до сознанија дека нашиот јазик постојано се менува и се усовршува. Знаејќи го тоа и самите ќе се стремат кон усовршување на својот јазик и кон доследно почитување на законитостите на јазикот.

**Воведна активност за мотивирање и развидвижување**

Оваа активност може да претрпи промени само ако е поврзана со условите во кои се одвива наставата.

Учениците се делат во парови, застануваат еден спроти друг и секој од парот треба внимателно да го/ја разгледа другарот/другарката, обидувајќи се да го запамети неговиот/нејзиниот изглед. Потоа членовите на парот треба да се свртат со грб еден кон друг и да променат три нешта на себе. По една минута повторно треба да се свртат еден кон друг и секој од парот треба за другиот да погоди кои три нешта на себе ги сменил.

**Главен дел**

Наставникот може да користи игровни активности, различни текстови како извор на примери за различни видови именки. Поттикнувањето да се користат соодветни форми од јазични изрази стилски обоени е со цел развивање јазична свест и јазичен осет за родените зборувачи на еден јазик.

Наставникот преку поставување прашања треба да го поттикнува размислувањето во учечко-поучувачките работи. Воедно преку прашањата наставникот може да провери дали и колку учениците разбираат.

Давање конкретна и позитивна повратна информација насочена кон учечките активности на учениците, но и кон нивната ангажираност во активностите на часот, претставува вообичаена добра практика..



**Што е заедничко за сите нацртани предмети на сликата?**

**Како се нарекуваат зборовите со кои се именуваат посочените предмети?**



ИГРА АСОЦИЈАЦИЈА

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Тара | Вардар | Прилеп | Пелистер | Данска |
| Игор | Пчиња | Кавадарци | Кораб | Словенија |
| Кире | Струма | Штип | Селечка Планина | Велика Британија |
| Мила | Црна Река | Демир Капија | Црн Врв | Нов Зеланд |
| ? | ? | ? | ? | ? |
| ??? | | | | |

**Одговор за асоцијацијата ....................................................**

**Оваа песна треба изразно да им се прочита на учениците, а потоа и да се зададат соодветните задачи.**

## ВАРДАР

Вардар наш личен

Шара што те пои,

во илјада бои.

Низ земјата драга

протегнуваш снага,

Од плодовите на Полог

Низ бунтовен Велес...

планините ѕунат

од занесни звуци,

покрај тебе растат

Гоцевите внуци.

Косара Гочкова

**Задача за учениците:**

**Во оваа песна има повеќе именки. Внимателно уште еднаш во себе прочитај ја песната, пронајди ги именките и определи го нивниот вид и број.**




**Предлог - активности за добра жетва на знаење**

**Ги препознавам и правилно ги применувам збирните именки**

Во нашата куќа на село има многу дрвенарија.

**Кој збор во реченицата означува збирна именка?**

**Во секој ред со именки има по една намерна грешка. Откриј ја грешката подвлечи го зборот со молив.**

Сон, радост, страв, оган, надеж.

Мебел, збир, угостителство, учителство, сиромаштија.

Книга, мост, цигла, Камен Мост, патник.

За да се обезбеди ефикасна настава, а со тоа и повисоки резултати при реализирање на содржините од граматика, треба да се изврши таков избор на постапки што ќе придонесат за свесна активност и за мисловно ангажирање на учениците во процесот на усвојување и утврдување на содржините од ова програмско подрачје. Една од тие постапки е примената на нагледноста. Од повеќето можности за обезбедување активна нагледност во наставата по граматика ги издвојуваме: илустрацијата, презентацијата и можностите на смарт таблата.

Ефикасно и ефективно се покажало при утврдувањето и систематизирањето на граматичкиот материјал одвреме-навреме , целосно или делумно, наставникот да користи и такви заклучоци за одредени поими, правила и законитости од јазикот при што учениците ќе доаѓаат до нив ненаметливо, односно преку натпревари, квизови, интересни игри и сл.

Еве неколку такви постапки: користење ребуси, пополнувалки, крстозбори.

Сметаме дека наставникот по предметот македонски јазик успеал да воспостави единство меѓу наставата по граматика и другите програмски подрачја по македонски јазик, ако ги оспособил своите ученици, усвоените законитости од сите дисциплини на граматиката самостојно и творечки да ги применуваат и кога зборуваат и кога пишуваат.

**Завршна активност**

Сите ученици седат во круг и секој треба да каже една необична работа за себе и притоа да употреби именки за да го опише тоа. Тоа може да биде некој необичен интерес, хоби, јадење што сака да го јаде, случка од детството, личност што ја познава и сл. Важно е да смета дека тоа е нешто многу необично и по можност нешто што повеќето деца не го знаат тоа за него или за неа.

**Оценување на постигањата на учениците:**

1. Преку воведното повторување;
2. Преку активноста на учениците за време на часот и изведувањето на заклучоците;
3. Преку изработката на вежбите во наставното ливче и преку нивната проверка и дадената повратна информација (усна или писмена), учениците можат да се самооценат;
4. Наставното ливче е можност за формативно оценување на учениците.

**Прашања за самооценување**

1. Што научи од часовите посветени на збирните именки?

2. Кои задачи ги заврши во однос на посочените наставни единици? (подвлечи)
- учествував активно во сите активности/задачи,

-напишав домашна работа – наставен лист во кој:

А) сите задачи ги одговорив;
Б) половината ги одговорив.

3. Учество во дискусија:
-коментирав за најголем дел од прашањата;
-коментирав само на неколку прашања;
-не коментирав и воопшто.

**Наставна единица: Присвојни придавки**

**Цел/и:** да ги усвои поимите поврзани со присвојните придавки

**Очекувани резултати од учењето:**

- ги знае особеностите на присвојните придавки и ги препознава истите;
- прави разлика помеѓу присвојните и другите видови придавки;
- ги применува присвојните придавки.

**Воведен дел**

Наставникот воведниот дел од часот го започнува на тој начин што преку дијагностичка проверка на знаењата на учениците утврдува колку тие го помнат изученото за придавки од претходните години. За таа цел наставникот дискутира со учениците и прави две колони со зборови. Наставникот посочува предмети, животни, растенија за едната колона, а за другата колона посочува придавки кои можат да се поврзат со овие именки. Потоа бара од учениците да направат логичко поврзување.

Поведува дискусија за начинот на кој се поврзуваат зборовите и каква е таа врска меѓу нив.

Потоа играат уште една зборовна активност. Секој кажува по еден збор - именка. Другарчињата го користат зборот и кажуваат се што ќе им дојде напамет за да ја опишат именката. Наставникот повторно иницира разговор за она што го утврдуваат учениците со опишувањето на именките. Наведува на заклучок, но остава учениците да го сторат тоа преку активноста Минута работа.

Наставникот бара од учениците да прочитаат како одговориле на поставеното прашање, а потоа со учениците дискутира за тоа каков вид зборови се ова, кои им се заедничките карактеристики и за што ги употребуваме.

На крајот се доаѓа до следната дефиниција: <u>Придавките се зборови што ги означуваат својствата или белезите на суштествата и предметите што се означени со именката и на тој начин поблиску ги определуваат</u>.

**Главен дел**

Наставникот ги користи повторно примерите кои биле кажани од учениците во воведните активности и истите ги користи за да ги насочи учениците да ги кажат изучените описни придавки. Дискусијата потоа е насочува кон други примери, сега за присвојните придавки. Најдобриот начин за усвојување на нови знаења е преку посочување конкретни примери поврзани со она што е предмет на изучување на наставниот час. За таа цел наставникот посочува примери: село извор, училиште клупа, татко дом, град библиотека. Потоа, бара од учениците да се обидат првата именка да ја претворат во придавка со цел да извлечат заклучок кому му припаѓа предметот односно суштеството. Откако учениците ќе постапат по барањето на наставникот, односно откако ќе ја трансформираат првата именка во придавка ќе добијат: селски извор; училишна клупа, татков дом и градска библиотека. Следна активност е поставување задача до учениците од претходните примери самите да се обидат да дадат објаснување, односно дефинирање за присвојните придавки. Наставникот врз основа на дадените одговори од учениците изведува дефиниција за присвојните придавки која гласи: <u>Придавките кои означуваат кому му припаѓа предметот или суштеството што го определуваат се викаат **присвојни придавки**</u>.

За да утврди колку учениците ги усвоиле знаењата поврзани со новата наставна содржина, наставникот на учениците им посочува неколку реченици во кои тие треба да ги пронајдат присвојните придавки, а потоа да ги подвлечат и да посочат од која именка се изведени истите.

**Завршен дел**

Во завршниот дел од часот наставникот го резимира она што се учи на часот со цел да утврди дали учениците ги усвоили планираните цели за овој час, односно дали ги оствариле очекуваните резултатите од учењето, а сè со цел да знае како да ги планира, организира и реализира претстојните наставни единици кои произлегуваат од наставната програма за соодветното одделение. На самиот крај од наставниот час наставникот на учениците им задава домашна задача поврзано со изучената наставна единица.

**Наставна единица: Вежби за присвојни придавки**

**Цел/и:** да ги разликува присвојните придавки од другите зборови и другите придавки во усна и писмена комуникација.

**Очекувани резултати од учењето:**

- знае да образува присвојни придавки од други видови зборови;
- соодветно ги употребува присвојните придавки во усната и писмената комуникација;
- ги разликува присвојните придавки од другите придавки и другите видови зборови.

**Активности / задачи за учениците**

Овој час е предвиден за вежби поврзани со стекнатите знаења на учениците во однос на присвојните придавки. Конкретно, образување на присвојни придавки од други видови зборови, адекватно поврзување на присвојните придавки со соодветни именки и секако, употреба на присвојните придавки во практична примена. Во конкретниов случај употреба на присвојните придавки при пишување на писмен состав според дадена фотографија.

Наставникот во однос на секоја задача дава конкретни насоки како учениците да пристапат во однос на решавањето на посочените барања. Наставникот на учениците им дава до знаење дека во однос на секоја нејаснотија во врска со задачите слободно да му се обратат за давање дополнителни насоки и појаснувања.

1. Обиди се дадените именки да ги претвориш во присвојни придавки, а потоа употреби ги во реченица:
   работник ______________________
   соба___________________
   сестра___________________
   црква__________________
   планина_____________
2. Пред секоја од дадените именки додај присвојна придавка според примерот, а потоа употреби ги во реченица:
   ____________________**Селски двор**

____________________________________________________________________

__________________врв

____________________________________________________________________

__________________улица

____________________________________________________________________

__________________воденица

____________________________________________________________________

__________________солзи

____________________________________________________________________

3. Напиши состав според дадената фотографија во кој ќе употребиш присвојни придавки.




Извор:
https://www.dw.com/mk/%D1%84%D0%BE%D1%82%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%84%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%82-%D0%B5%D1%81%D0%B5%D0%BD/a-40636656

**Пример**

Густата шума беше обоена во жолто и кафено руво. Земјената патека беше покриена со суво лисје. И првото и десетотто дрво беа есенски обоени. Соседот Марко го шеташе својот верен пес во прекрасната шума. Шумската патека за нив беше отворена и голема ...

(Посочете им на учениците дека има разлика во зборовите кои опишуваат и се однесуваат на именките – придавки и зборовите кои *опишуваат* како се извршува глаголското дејство – прилозите.)

**Наставна единица: Бројни придавки**

**Цел/и:** да ги усвои поимите поврзани со бројните придавки

**Очекувани резултати од учењето:**

- ги знае особеностите на бројните придавки;
- прави разлика помеѓу бројните и другите видови придавки и другите видови зборови;
- ги препознава и применува бројните придавки.

**Воведен дел**

Наставникот часот го започнува на тој начин што посочува дека минатата учебна година учениците учеле за описните придавки, а минатите часови и за присвојните придавки и бара да посочат примери во однос на истите. Во овој дел од часот, воведот, наставникот за планираната активност ја користи наставната техника „Т-табела“. Активноста се одвива на тој начин што на едната страна од табелата се запишуваат примери од описни придавки, а на другата страна од табелата примери од присвојни придавки. Потоа од учениците се бара да ги кажат карактеристиките на описните и присвојните придавки кои учениците ги напишале во „Т-табелата“. Преку оваа техника во почетниот дел од часот целта е да се осознаат претходните знаења на учениците за претходно изучените видови придавки и да се направи надоврзување на новата наставна содржина што следи.

| Описни придавки | Присвојни придавки |
| --- | --- |
| | |

**Главен дел**

Наставникот овој дел од часот го започнува на тој начин што на учениците им соопштува дека денес ќе учат за нов вид придавки, а тоа се бројните придавки. За таа цел тој на самиот почеток од овој дел од часот на учениците им покажува фотографија на која се наоѓаат различни природно цедени сокови. Со учениците започнува разговор кој цеден сок од прикажаните им е омилен, а потоа ги прашува кој по ред е тој сок на фотографијата. Пример: Кој е по ред на фотографијата вашиот омилен сок? Можни очекувани одговори од страна на учениците може да бидат: првиот сок од портокал, вториот сок од домат, третиот сок од ананас, четвртиот сок од јаболко или петтиот сок од морков.



Одговорите кои се добиваат од учениците, а кои се напишани потемнето: **првиот** сок од портокал, **вториот** сок од домат, **третиот** сок од ананас , **четвртиот** сок од јаболко или **петтиот** сок од морков се викаат бројни придавки.

Наставникот дава и неколку конкретни примери / реченици со цел новата содржина и новите поими полесно да ги осознаат учениците.

- Денес е втор ден како сме на гости кај баба.
- Михајло утре го слави десеттиот роденден.
- На третата полица е мојата омилена книга.

Наставникот од учениците бара во рeчениците да ги пронајдат бројните придавки. Откако ќе ги пронајдат, тој од нив бара да се обидат со сопствени зборови да дадат објаснување за бројните придавки. Потоа, наставникот од дадените одговори на учениците изведува заклучок: Придавките кои го означуваат редот на суштествата или предметите се викаат **бројни придавки**. Наставникот исто така на учениците им кажува дека бројните придавки се образуваат од броевите.

За да провери колку учениците го совладале она што се изучува на наставниот час, наставникот на учениците им задава неколку задачи:

Од броевите 3 и 4 образувај бројни придавки: ___________________ и __________________

Пронајди ги бројните придавки во следниве реченици:

- Нова година е првиот зимски празник.
- Од сите принцези петтата принцеза беше најубава.
- Од трите кучиња на фотографијата второто куче е најголемо.

Во останатиот дел од овој час наставникот ја применува наставната техника „Аквариум“ каде од учениците бара секој да го запише својот омилен/среќен број и да го стави на едно одредено заедничко место кое всушност ќе го симболизира аквариумот. Откако ќе го сторат тоа учениците, наставникот извлекува од „аквариумот“ број, а ученикот чиј е бројот истиот го претвора во бројна придавка, а потоа истата ја употребува во реченица.

**Завршен дел**

Во завршниот дел од часот наставникот го резимира она што се учело на часот со цел да утврди дали учениците ги усвоиле планираните цели за овој час, односно дали ги оствариле очекуваните резултатите од учењето, а сè со цел да знае како да ги планира, организира и реализира претстојните наставни единици кои произлегуваат од наставната програма за соодветното одделение. На самиот крај од наставниот час наставникот на учениците им задава домашна задача поврзана со изучената наставна единица.

**Наставна единица: „Вежби за бројни придавки“**
**Цел/и:** да ги разликува бројните придавки од другите зборови и придавки во текст.
**Очекувани резултати од учењето:**

- знае да образува бројни придавки од други видови зборови;
- соодветно ги употребува бројните придавки во усна и писмена комуникација;
- ги разликува бројните придавки од другите придавки и другите видови зборови.

**Активности / задачи за учениците**

Овој час е предвиден за вежби поврзани со стекнатите знаења на учениците во однос на бројните придавки. Конкретно образување на бројните придавки од други видови зборови (броеви) како и употреба на бројните придавки во практична примена. Во конкретниов случај употреба на бројните придавки при пишување на писмен состав според дадена фотографија.

1. Од кои видови зборови се образуваат придавките и што означуваат?
2. Секоја бројна придавка: трет, прва, втора, седмо, десетти, употреби ја во реченица. Во реченицата може да ги искористиш именките: седмица, понеделник, ученик, љубов, роман.
3. Пред секоја од дадените именки додај бројна придавка.

____________________девојче
____________________одделение
____________________вечер
____________________телефон
____________________маче

4. Напиши реченици според фотографиите употребувајќи ги различните видови придавки кои ги изучи.





ТВОРЕЊЕ И ИЗРАЗУВАЊЕ

**Наставна единица**: Прераскажување  текст со уметничка и научно-популарна содржина  (2 часа)

**Цели:** да прераскажува текст со уметничка и научно-популарна содржина.

**Резултати од учење:**

- чита  и слуша со разбирање, препознавајќи важни информации слушнати од друго лице;

-  поставува прашања и коментира за прочитаното по насочувачки прашања;

-  коментира идеја, настан, постапка на лик во текст или пак на личност во прочитана или слушната информација;

- самостојно прераскажува користејќи соодветно граматичко време;

- може да ги практикува своите права во секојдневните активности.

**Критериуми за успех:**

- учество на ученикот во активностите;
- селектира познати и непознати зборови во текст;
- прашува за текстот и одговара на поставени прашања за содржината текстот;
- ја коментира  и ја прераскажува содржината на текстот;
- креативен пристап во давање сопствени примери.

Детските права –**илустрирани картички за детските права**

**Децата се нашата иднина, нашиот непроценлив човечки капитал. По повод Меѓународниот ден за заштита на детето, 20 ноември, предлагаме да биде повод за реализација на целите на оваа наставна единица, но и можност за интеграција со другите предмети.**

Илустрираните карти за детските права помагаат притоа сè повеќе и повеќе да се приближат до оваа цел на разбирање и употреба, но и на прераскажување на содржината на овој вид текстови.

**Картичките можат различно да се користат. Еве неколку примери.**

- Сликата и текстот заедно да се исечат и на двострани картички да се залепат. Така настануваат картички за учење. Учениците можат самите да се тестираат и меѓусебно да се поддржуваат.
- Сликата и текстот да се исечат и да се користат како играта меморија. Учениците така ги запомнуваат од една страна правата и можат да учествуваат во заеднича игра и при тоа може да коментираат.
- Сликите да се исечат и да се подредат по различни критериуми:

- Според четирите критериуми на подредување (учество: нашето право на партиципација/учество; исцрпување на нашиот потенцијал: правото да ја развиваме нашата личност; добро да се живее: нашето право на преживување; да бидеме заштитени од штети: нашето право на заштита).
- Според лична проценка: Што е важно во мојот живот? На кои прашања треба посебно да обраќа внимание: мојата земја, мојата општина, моето училиште?
- Сечење на илустрации, пребарување на слики кои претставуваат слични теми во весници и списанија.
- Преку поттикнување од илустрациите, обид да се нацрта сопствена илустрација.
- Илустрациите да се зголемат, да се обојат од учениците (евентуално да се врамат) и да се обесат како украс во училниците и салите за пауза.
- Илустрациите да се комбинираат со сопствени доживувања и да се изработи малечка брошура.

| | |
|---|---|
|  **Член 1** | Дефиниција за дете<br><br>Дете е секој човек кој не навршил 18 години. |

| | |
|---|---|
|  **Член 2** | Забрана за дискриминација<br><br>Ниту едно дете не смее да биде дискриминарано поради бојата на кожата, полот, јазикот, религијата, мислењето, потеклото, богатството, инвалидноста или припадноста на етничка група. |
|  **Член 3** | Здравјето на детето е приоритетно<br><br>Во сите закони и судски одлуки важи дека здравјето на детето стои на највисоко место. |

| | |
|---|---|
| <br>**Член 4** | Спроведување на правата<br><br>Секоја држава мора колку што е можно повеќе да внимава на тоа да се почитуваат правата на децата. |
| <br>**Член 5** | Почитување на правата на родителите<br><br>Секоја држава мора да внимава на тоа да се почитуваат задачите, правата и должностите на родителите така што децата ќе можат да ги практикуваат нивните права. (Владите мора да ги почитуваат правата и должностите на родителите, на членовите на поширокото семејство и на старателот со тоа што ќе ги советуваат и упатуваат децата и младите како тие можат да ги практикуваат нивните права.) |

| | |
|---|---|
| <br>**Член 6** | Преживување и развој на детето<br><br>Секое дете има право на живот и преживување. Државата мора да внимава на тоа децата и младите да можат добро да се развијат. |
| <br>**Член 7** | Име и државјанство<br><br>Секое дете при неговото раѓање има право да добие име, да се стекне со државјанство и да биде згрижено од родителите. |

| | |
|---|---|
| <br>**Член 8** | Заштита на идентитетот<br><br>Секое дете го има правото да го задржи за себе или обнови неговото име, државјанство и неговите семејни врски. |
| <br>**Член 9** | Разделување од родителите<br><br>Секое дете има право да живее кај неговите родители, освен доколку мора да биде заштитено од неговите родители. Доколку едно дете мора да биде одделено од родителите, го има правото да биде послушано. Доколку детето се разделува од родителите, тоа има право да знае каде се неговите родители. |

| | |
|---|---|
|  **Член 10** | Изразување на мислењето<br><br>Секое дете има право да го изрази неговото мислење за сите прашања кои се во врска со неговиот живот. Ова важи пред сѐ за судските и административните постапки. Колку се постари децата и младите толку повеќе би требало да се земе во предвид нивното мислење. |
|  **Член 11** | Слободно изразување на мислењето<br><br>Секое дете има право на тоа да го изрази слободно неговото мислење и да добива и шири информации преку медиумите. Секое дете има исто така и должност да го изрази неговото мислење така што ќе ги почитува правата на другите луѓе. |

| | |
|---|---|
| <br>**Член 12** | Слобода на мислење, совест и вероисповед<br><br>Секое дете го има правото слободно да го манифестира неговото мислење, неговата совест и неговата вероисповед. Државата мора притоа да ги почитува правата и должностите на родителите, кога децата ги манифестираат нивните права. |
| <br>**Член 13** | Слобода на здружување<br><br>Секое дете го има правото да се здружува со други деца, да се зачлени во некој клуб или да основа клуб, доколку со тоа не ги повредува правата на другите луѓе. |

<table>
<tr>
<td><br><br>**Член 14**</td>
<td>Заштита на приватниот живот<br><br>Секое дете има право на тоа, никој да не смее да се меша во неговиот приватен живот, во неговото семејство, неговиот стан или неговата писмена коресподенција. Секое дете освен тоа го има правото никој да не ја повредува неговата чест.</td>
</tr>
<tr>
<td><br><br>**Член 15**</td>
<td>Пристап до адекватна информација<br><br>Секоја држава мора да се грижи за тоа децата да имаат пристап до информации преку разни медиуми и да можат да се стекнат со знаење кое е важно за нив и за нивното здравје. Државата исто така ја има задачата да ги заштити децата од штетни информации.</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr><td><br>Член 16</td><td>Одговорност на родителите<br><br>Родителите или старателот се заеднички одговорни за воспитувањето на детето. Државата ја има задачата да ги поддржува во оваа задача и на пр. да се погрижи за згрижување доколку родителите мора да работат.</td></tr>
<tr><td><br>Член 17</td><td>Заштита од злоупотреба<br><br>Државата ја има задачата да го заштити детето од злоупотреба од неговите родители или други лица. Секое дете исто така има право да научи како секој вид на злоупотреба може да биде спречен и третиран.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| <br>**Член 18** | Млади луѓе без семејство<br><br>Секое дете кое не живее во неговото семејство го има правото на посебна заштита и поддршка. Тоа тогаш има право на фамилија која ќе се грижи за него или на згрижување во адекватна установа која ќе ги земе во предвид неговото потекло, религија, култура или јазик. |
| <br>**Член 19** | Деца бегалци<br><br>Секое дете кое е присилено да ја напушти неговата земја, кое е дете бегалец и бара азил има право на посебна заштита и поддршка од државата. |

| | |
|---|---|
| <br>**Член 20** | Деца инвалиди<br><br>Секое дете кое е инвалид има право на посебно згрижување и образование. Притоа треба да му се помогне да стане самостојно и да може да земе активно учество во една заедница. |
| <br>**Член 21** | Здравје и медицински служби<br><br>Секое дете има право на најдобра медицинска грижа. Државата има должност да се бори против смртноста кај децата, да обезбеди медицинска грижа за младите луѓе, да се бори против погрешна исхрана и болести, да гарантира медицинска грижа за младите мајки и оние што ќе станат мајки, да биде достапно здравственото воспитување, да ја развие превенцијата во областа на здравството и да ги укине пренесените обичаи кои им штетат на децата. |

| | |
|---|---|
| <br>**Член 22** | Животен стандард<br><br>Секое дете има право на адекватен животен стандард за неговиот телесен, ментален, духовен, морален и социјален развој. За тоа пред сè се одговорни родителите или старателот. Државата има задача да ги поддржи во тоа. |
| <br>**Член 23** | Образование<br><br>Секое дете има право на образование и училиште. Државата ја има задачата, посетувањето на основно училиште да го направи бесплатно и задолжително, а пристапот до повисоките школи да биде на ист начин отворен за сите деца и млади. Државата ја има должноста да внимава на тоа децата и младите да бидат адекватно третирани и нивното човечко достоинство да не биде повредено. Исто така должност на државата е меѓународно да се залага за тоа да има сè помалку деца и млади кои не знаат да читаат и пишуваат. |

| | |
|---|---|
| <br>**Член 24** | Образовни цели<br><br>Образованието преку училиштето мора да биде такво, што ќе се поттикуваат личноста и талентите на детето, детето ќе се подготви за живот како возрасен, ќе се почитуваат човековите права и културата и вредностите на сопствената земја и на другите земји. |
| <br>**Член 25** | Деца на малцинствата<br><br>Секое дете кое му припаѓа на малцинство, има право да ја негува неговата сопствена култура, да се признае неговата религија и да го употребува неговиот јазик. |

| | |
|---|---|
|  **Член 26** | Одмор, игра и слободно време<br><br>Секое дете има право на одмор и слободно време, во кое ќе може да игра и слободно да учествува во културниот и уметничкиот живот. |
|  **Член 27** | Детски труд<br><br>Секое дете има право да биде заштитено од секаков вид на експлоатација и економска работа која би можела да му наштети на неговото образование или на неговиот развој. Државата има задача да утврди минимална возраст, број на работни сати дневно и работни услови во кои ќе биде дозволено да работи. |

<table>
<tr><td><br>Член 28</td><td>Заштита од дроги<br><br>Секое дете има право да биде заштитено од производство и трговија на илегални дроги.</td></tr>
<tr><td><br>Член 29</td><td>Заштита од сексуална експлоатација<br><br>Секое дете го има правото да биде заштитено од сексуална експлоатација и злоупотреба и од проституција и порнографија.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
|   **Член 30** | Заштита од продавање и трговија<br><br>Државата мора да преземе сè за децата и младите да не бидат продавани или киднапирани и со нив да не се врши трговија. |
|  **Член 31** | Мачење и лишување од слобода<br><br>Секое дете има право на заштита од мачење, свирепо третирање или казнување и незаконско апсење или други видови на загрозување на личната слобода. Државата има задача да ја забрани смртната казна и доживотниот затвор за малолетни лица. Кога едно дете ќе биде лишено од слобода, тоа има право да биде третирано човечки и со почит. Доколку едно дете или малолетник е уапсен, тој мора да биде притворен посебно од возрасните, да може да остане во врска со семејството и има право на правна помош. |

| | |
|---|---|
| <br>**Член 32** | Војни и вооружени конфликти<br><br>Децата и младите под 15 години имаат право да не учествуваат во војни и вооружени конфликти. Доколку децата и младите под 15 години се погодени од војна, државата има должност посебно да ги заштити. |

**Сами ги договараме правилата во нашата училница**

| | **Клучни прашања/тема** | **Клучни активности** | **Потребни материјали** |
|---|---|---|---|
| Активност 1 | Кои права ги има секоја личност во нашата училницата? | Учениците во групи изработуваат список со предлози на правила. | А3 листови |
| Активност 2 | Што се добри правила? Зошто правилата можат да бидат здодевни, а зошто корисни? | Децата размислуваат за принципот на редот и правилата. | Прирачници со основите за правилата за демократија, празни листови А4. |
| Активност 3 | Како можат детските права да го покажат нивното делување во училницата? | Учениците во групи изработуваат предлози за правила во согласност со поединечните детски | Прирачници, копирани или напишани од самите ученици. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | права. | |
| Активност 4 | Изработување на групни предлози и усогласување на правила за паралелката. | Учениците ги споредуваат своите идеи и се обидуваат да најдат заедничко решение за паралелката. | – |

### Основа и цели на учење

Ако ги набљудувате правилата за во училница од аспект на човековите или детските права, ненадејно ќе добиете значење кое го надминува само придржувањето до редот и мирот во училницата.

Човековите и детските права не се само збир на умни правни норми кои сами по себе важат. За да функционираат и да можат да се развијат навистина во служба на рамноправноста и правдата, ќе мораат активно да се применат и спроведат како инструменти и правила во секојдневието. За учениците во секојдневието училиштето е многу важен елемент; за некои од нив дури и центар на нивното секојдневно живеење покрај семејството. Но, училиштето е многу повеќе од тоа: тоа е единственото место каде учениците можат да научат како да се однесуваат во заедницата во заштитена рамка и простор. Училиштето како целина, од училницата преку целата училишна зграда и двор сѐ до структурата на училиштето и нејзиното раководство, формира модел на општество во мало и претставува еден вид на микро-општество.

Во тоа спаѓа и увид во фактот дека правата и обврските образуваат надополнувачки пар на поим и концепт. Тие си припаѓаат меѓусебно како денот и ноќта, како летото и зимата. Правата и обврските зависат едни од други. Човековите и детските права не можат да се разберат доколку не се препознае оваа заемна зависност.

Клучни прашања за рефлексија на наставната единица

| **Доживување на детските права** | **Запознавање на детските права** | **Примена на детските права** |
|---|---|---|
| **Наставник** | | |

| | | |
|---|---|---|
| Како се води сметка за принципите на детските права во училницата или во училишната заедница? | Што знаат сега децата за детските права? | Учење како надвор од училиштето може нешто активно да се превземе: Што научија учениците за нивната иднина? |
| Преку оваа единица, децата непосредно дознаваат дека на сите луѓе им се потребни правила за да можат заедно да живеат; кои мора да ги разбираме и дека детските права претставуваат таков систем на правила. | Член 12, 13, 28, 31 (види Конвенција на детски права) | Учениците разбираат како се воспоставуваат правила во една демократија. Ќе умеат да учествуваат во демократските процеси на донесување одлуки. |
| **Ученици** | | |
| Како ги доживеав детските права на час? | Што научив за детските права? | Што можам активно да преземам? |
| Разбрав дека правата и обврските се нераздвоиви. Осознав дека правилата и правата се создадени од страна на луѓето и за луѓето, дека се менливи и дека не е лесно да се усогласиме на правила кои се обврзувачки за сите членови на една група. | Сега знам дека имам право да учествувам во изработката на правила за нашето одделение. Свесен сум дека развојот на Конвенцијата на детските права бил резултат од сличен процес. | Сега можам да се обидам да најдам слични правила за соживот во моето семејство, спортски клуб или заедно со моите пријатели. Мене ми е важно по можност сите учесници да земат учество и да успееме да се усогласиме на компромис. |

**Предлог - активности**

Информативен вовед и преглед за наставната единица, односно за реализација на активностите.

Модерирана дискусија од страна на наставникот на тема „Права и обврски“. Можни импулси:

- Кажете некои права кои ги имате во училницата / во дворот на училиштето / во семејството! Сетете се на детските права за кои нешто веќе сте слушнале!
- Овие права дејствуваат дури тогаш кога и другите ги почитуваат. За секое право за другите / за сите нас постои и една обврска! Размислете за примерот за правото на сопствено име! А сега со други примери кои ги споменавте!

Учениците се делат во три или пет групи (во зависност од големината на паралелката, групата не треба да има повеќе од 5 деца). Делењето на учениците во групи може да биде со помош на игра или едноставно со избројување. Групите се означуваат со А, Б или В.

Секоја група назначува известувач – ученик.

Секоја група добива лист хартија, поделен на три еднакви дела. Во горната третина групата ги запишува сите права кои според нивно мислење му припаѓаат на секое лице во паралелката (вклучувајќи ги наставниците). Сите предлози се запишуваат по усогласување на групата и потоа се нумерираат.

Краток разговор во паралелката: Што имате запишано (содржинска размена)? Колку добро функционира оваа вежба? Што го поддржа процесот на одлучување? Што го попречи?

Листовите се даваат на следната група (А на Б, Б на В, В на А).

Групата ја оценува листата со правата од претходната група и ги дискутира следните прашања: Кои обврски спаѓаат во овие права? Кои обврски мора да ги преземеме за да ги почитуваме овие права? (На пр. на правото „Сите имаат право да бидат сослушани“ обврската „Ние имаме обврска да сослушуваме“)

Групата во средната третина од листот ги запишува обврските кои припаѓаат на правата во горната третина (со употреба на истите броеви).

На крајот на активноста наставникот ги собира делата од учениците и ги прегледува до следната активност.

**Активност**

Модерирана дискусија од страна на наставникот на тема „Правила“ илустрирана со упатување на пр.: на правила во спортот, во училницата или во градскиот сообраќај.

Аспекти:

- Што е добро во тоа да има правила?
- А што би можело притоа да пречи?
- Кога сум среќен дека има правила?
- Кога тоа ме нервира?
- Кој поставува правила во различни ситуации?

- Кој има моќ во различни ситуации да се спроведе придржувањето кон нив и да санкционира повреди на истите?

**Работен лист за наставникот**

Како „влез" на почетокот на активноста, или како резиме потоа, може да се употреби и текстот „Дисциплина и ред во демократијата и во училиштето"

**Дисциплина и ред во демократијата и во училиштето**

Редот е неопходен под сите околности. Група без ред и правила не може да биде демократска. Мора да постојат граници. Правилата може да бидат погрешни или несоодветни. Но, сè додека не се заменат со други, мора да се почитуваат. Но, мора да е возможно да се променат.
Од самиот почеток, децата треба да учествуваат во создавањето и применувањето на правилата.

1. На местото од натпреваруварувачкиот мора да дојде тимскиот дух.
2. Пријателската атмосфера е од суштинско значење.
3. Одлучувачка улога игра тоа како наставникот успева паралелката да го води развивањето на чувство на припадност во групата, воспоставувањето на комуникација итн.
4. Групната комуникација е одржлива само во демократски воденото одделение и мора постојано да се негува.
5. Учениците треба да се охрабруваат постојано да истражуваат нешто ново и да учат од нивните грешки.
6. Слободата мора да се движи во рамките на одредена граница. Само на овој начин е можно да се развие одговорност.

## ЗАВРШНИ АКТИВНОСТИ

Учениците се делат во три групи. Секоја група има задача внимателно да ја прочита песната. Задача што ја имаат учениците се однесува на запишување што е тоа што умеат децата да прават.

Подолу е запишана предлог-песна што можат да ја користат учениците за реализација на завршната активност.

## ТАКА УМЕАТ САМО ДЕЦАТА

Децата најубаво умеат
да си ги поделат
игрите,
плачките
и закачките
и тука нема што да се крие –
тоа го умеат само тие!

Децата најубаво умеат
да мислат како возрасните
но само за лебот,
за водата
и слободата
и тука нема што да се крие –
така умеат само тие!

Децата најубаво умеат
да воведат
ред и почитување
но ако им биде даден
светот на управување!

**Саво Костадиновски (Германија)**

**Избор: Дора Ангелова**

**Наставна единица:** Вежби за самостојно прераскажување настан слушнат од друго лице

**Цели:** усно да прераскажува настан слушнат од друго лице.

**Очекувани резултати од учење:**

- чита и слуша со разбирање, препознавајќи важни информации слушнати од друго лице;

- поставува прашања и коментира за прочитаното по насочувачки прашања;

- коментира тема, идеја, настан, постапка на лик во текст или пак на личност во прочитана или слушната информација;

- самостојно прераскажува користејќи соодветно граматичко време;

- користи именки во усна комуникација во соодветна граматичка категорија и во различна функција во реченицата.

**Воведна активност**

Учениците се делат во парови. Доколку се непарен број, наставникот се вклучува. Во такви ситуации препорачливо е наставникот суптилно да биде во пар со некој ученик со кој потешко се остварува контакт. Во парот треба да споделат што направиле од утрото до моментот на активноста (го миеле лицето, ги четкале забите, појадувале, се подготвувале за училиште, си ги чистеле чевлите и сл.). Наставникот ги поттикнува да споделуваат и детали и доколку процени дека е потребно, може да ги потсетува.

**Главна активност**

**Минутна активност**

Учениците се делат во четири групи. Двете групи треба да ги запишат средствата за одржување на хигиена на телото кои може да ги користи една личност, а две треба да ги запишат оние средства за одржување хигиена на телото кои можат да ги користат повеќе членови во семејството. Групите презентираат.

Во зависност од условите во коишто се реализираат активностите, истите можат да се видоизменат и прилагодат на самата ситуација.

На учениците им се чита текстот од работниот лист за наставникот.

Прашања кои можат да се користат при читањето на текстот со техниката Стоп.

Истиве прашања можат да се користат и како план за прераскажување на слушнатиот настан од текстот.

**Прашања за текстот**

1. Зошто Кала била тажна?

2. Како се однесувале луѓето од тој град?

3. Од што се плашела четкичката?

4. Зошто Кала не сакала да ја заборават и ретко да ја користат?

5. Зошто Кала не сакала да ја користат повеќе луѓе?

6. Зошто е важно секој да има своја четка?

7. Зошто е важно да се мијат забите?

8. Како четкичката Кала станала среќна четкичка на едно среќно дете?

ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

Сите стојат во круг. Наставникот ги поттикнува учениците да внесат ентузијазам со тоа што самиот се внесува во активноста. По секој аплауз , се остава време учениците да аплаудираат.

- Да им дадеме аплауз на сите кои денес си ги измиле рацете по секое валкање и јадење!
- Да им дадеме голем аплауз на сите кои минатата недела си ги средиле ноктите.
- Да им дадеме голем аплауз на сите кои не грицкале нокти последниов месец.
- Да им дадеме огромен аплауз на сите кои одлучиле од денес, па натаму да се грижат за своите заби!

**Рефлексија**

1. Што правевме денес?
2. Како се чувствувате? Заедно со своето другарче направете цвет од чувста со помош на стикери.
3. Што научивме?
4. Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? Наброј три примери.

**Критериуми за успех:**

- учество на ученикот во активностите;
- селектира познати и непознати зборови во текст;
- прашува за текстот и одговара на поставени прашања за опишаниот настан во текстот;
- ја коментира и ја прераскажува содржината на текстот;
- креативен пристап во давање сопствени примери.

Кога се реализираат наставни единици од програмското подрачје Творење и изразување, наставникот  може да користи текстови кои имаат содржини поврзани со современото живеење на учениците (занимливости и интереси соодветни на возраста: македонски филмови, македонски современи уметници и спортисти; мода)и текстови кои имаат функционалност и дополнување на предвидената изразност. Текстовите  може да се во целост или извадоци од реномирани  детски македонски автори, но и соодветни содржини објавени во печатен медиум соодветни на возраста на учениците. Исто така,  треба да се внимава на должината на текстовите која треба да биде соодветна за часот, но и поттик за читање и запознавање со темата пошироко. За секој текст кој се чита на часот, освен толкувањето на непознатите зборови за учениците во текстот, потребно е наставникот да има подготвена листа прашања и вежби за читање со разбирање.

**Предлог-активности и методи  за реализација на целите од  програмското подрачје Творење и изразување**

- Вежби со куси текстови дополнети со илустрации. Насочувачки прашања за разбирање на содржината, односно на новите зборови во текстот.
- Вежби за читање и препознавање на видот на текстот и функционалниот стил на кој припаѓа. Вежби за поврзување зборови, зборовни состави и реченици со содржината на делови од даден текст.
- Вежби за изведување и формулирање клучна мисла на содржински делови од текст или на цел текст од страна на учениците.
- Вежби за составување прашања за делови од текст или за цел текст од страна на учениците.
- Вежби за подредување реченици во параграф/ или редење на параграфи во текст.
- Вежби за читање различен вид текстови од различни функционални стилови и разговор за нив.

**Забелешка:** Учениците при говорното изразување треба ги актуелизираат сите стекнати знаења од претходните учебни години кои се однесуваат на усвоени знаења од морфологија, синтакса и фонетика. Наставникот,  на пример, може  да има подготвено примери со именки со различна функција во реченица. Наставникот исто така може да користи карти на кои се напишани одредени зборови, а учениците се поделени во групи. Секоја група користејќи ја картата со зборот/зборовите создава примери во кои се користат тие зборови. Секоја група анализира каква улога имале именките кои ги користеле. Заклучокот е заеднички. Вежби со поврзување на знаењата за придавка и именка.

Вежба: Учениците пишуваат што повеќе придавки на зададени општи именки: мајка, жена, девојка (добра, убава, вредна, интелигентна и сл.).

**Предлог  за домашна задача**

Цел на оваа домашна задача е следнава:  учениците да ја согледаат разликата меѓу раскажување и прераскажување.

Двајца по двајца ученици добиваат задача еден ист текст едниот да го раскаже, а другиот да го прераскаже. На следниот час при проверка на домашната, останатите ученици слушаат и одредуваат кој од учениците раскажувал, а кој прераскажувал со тоа што ги бележат разликите. Истава вежба може да се примени и во писмено изразување, само што наместо учениците да слушаат, добиваат копии од изработки на учениците кои биле задолжени

**Работен лист за наставникот/наставничката**

Приказната за Кала, тажната четкичка за заби

Си беше еднаш една четкичка за заби. Се викаше Кала. Имаше портокалова рачка, бели и сини влакненца и витка става. Уште кога излезе така убаво спакувана од фабриката, почна да си замислува каде ќе го поминува своето време. Трепереше од возбуда, уште во пакетот со другите четкички кои како и Кала беа многу возбудени. Во целиот тој џагор можеше да се слушне и еден исплашен глас :тоа беше гласот на една мала шарена четкичка со многу исплашено лице.

– Што е тоа што го повторуваш цело време?, – ја праша Кала.

– Зарем не знаеш?, – одговори малата четка.

– Не. А што тоа?

– Уфффф!!!,– рече потресено малата четкичка.

– Сега кога ќе стигнеме во магацинот, ќе нѐ распоредуваат во различни кутии. Кутијата со број 12, сум слушнала, патува во еден град каде што луѓето воопшто не се грижат за хигиената на забите. Дури се зборува, замисли, дека има семејства кои користат една четка за заби за сите. Се зборува дека тие четки водат многу несреќен живот. Запуштени се, заборавени и полни со бактерии од различните усти кои ги четкааат. Многу се несреќни, а и како не би биле кога место да чистат пренесуваат бактерии.

Кала се потресе од она што го слушна. Ја фати страв да не токму случајно нејзе ѝ се падна да ја испратат во тој град. И замислете –тоа и се случи! Една голема роботска рака ја фати и едноставно ја фрли во една огромна кутија на која имаше голем број 12. Попусто викаше на цел глас. Немаше кој да ја слушне. На Кала ѝ се извиткаа влакненцата од страв и тага. Долго време патуваше до непознатиот град. Уште подолго време остана на рафтот во една голема продавница. И навистина, луѓето кои поминуваа покрај неа, во продавницата, сите брзаа кон штандот со бонбони и не се ни загледуваа во четките за заби. Беше опкружена со други четки кои уште подолго чекале некој да ги купи и сите беа тажни и разочарани. Речиси и не зборуваа меѓу себе.

Така ѝ поминуваа долгите денови. Едно попладне Кала виде како едно убаво дете со златна коса влегува во продавницата. Си помисли: „Колку убаво дете. Штета што за кратко време нема да биде така убаво, затоа што ќе си ги уништи забите. Како и сите други во овој град.”

– Ејјјј...види, ... види, – детето и се приближуваше ја испружи раката, и просто да не ти се верува, ја зеде токму неа-Кала. Откако ја разгледа се насмевна и отиде да плати. Кала не знаеше дали да блика од среќа или да е уште потажна.

Што ако отиде некаде и ја заборават или уште полошо неколкумина да ја користат и да ја наполнат со бактерии?! Но, не се случи тоа веднаш штом стигнаа дома, детето ја отпакува, ја изми со млака вода, ѝ стави убава убава мирислива паста и почна да си ги четка забите. Од неговото лице мжеше да се види дека ужива во тоа. Среќата на Кала не можеше да се пише со зборови .

По еден месец, детето што ја купи Кала, победи на детскиот фастивал. Гостуваше и на телевизија. Кога го прашаа што мисли зошто токлу него го избрала публиката – дали поради текстот, гласот, мелодијата или нешто друго, тоа одговори: „ Мелодијата на песната е многу добра, исто така и текстот на песната, но мислам дека најмногу е заслужна мојата насмевка!”.И ја извади Кала од џебот! Пред толку гледачи! Тоа дете навистина имаше прекрасни бели заби! А Кала беше на телевизија!!! Не помина многу време по таа емисија и во градот веќе ретко кој забораваше да измие заби барем по двапати на ден.

ЛИТЕРАТУРА И ЛЕКТИРА

**Наставна единица Басна –поим**

**Цели**:
- да ја разликува басната од друг прозен текст, да ги воочи ликовите и да го толкува преносното значење на особините на луѓето прикажани преку ликот на животните извлекувајќи поука.

**Резултати од учењето**:
- препознава и разликува басна од други видови епски творби во проза;
- определува ликови во басна и го толкува преносното значење на нивните особини;
- извлекува заклучок и поука.

**Воведна активност**

Преку техниката „Бура на идеи“ се врши повторување на предзнаењата за басна. Учениците ги искажуваат своите идеи - сè што знаат за басната како литературна творба, а наставникот ги запишува. Во продолжение се води кус разговор: Како се вика човекот кој пишува басни? Дали се сеќавате на некои басни?

**Главни активности**

Наставникот ја истакнува целта на часот и очекуваните резултати. Истакнува дека на часот ќе ја обработуваат басната „Итрата лисица“. Наставникот може да подготви презентација со содржината на басната. Преку техниката наставникот чита на глас се презентира басната со насока учениците внимателно да слушаат. Се поведува кус разговор за тоа што се зборува во басната, кои се ликовите и како се претставени.

ИТРАТА ЛИСИЦА

Живеел лавот веќе долго време на овој свет, па многу остаел и ослабел. Не можел ни со брзината ни со силата негова, како кога бил млад, да ги лови и јаде другите животни.

Размислувајќи за својата беда и опасност, што ќе се случи со него, се сетил дека, често, тука на земјата, тоа што силата не го може го можат итрината, важноста и досетливоста. Затоа се направил болен и легнал во пештерата колку што е долг и широк.

Наскоро се слушнал глас за болеста на лавот и како тој е на својата смртна постела. Многу животни, без да чекаат, отишле кај лавот да се ситат на неговата смртна борба, но лавот едно по едно сите ги изел.

Најпосле, ете, дошла и лисицата кај лавот, па го погледнала од вратата и му рекла: „Како си вујче?“ „Еј, па, лошо, мила моја лисицо! Дојди поблиску, да ме видиш, а и јас тебе!“

„Извини, вујче, немам кога, а и не сакам. Гледам многу траги од животни кои влегле, а ниедни од тие кои излегле.“

**Активност 1**

**Дискусија за басната**

Кои ликови ги запозна со оваа басна?
Како би ги опишал/а лавот од оваа басна?
Во кој дел од животот е лавот? Како се чувствувал?
А како размислувал лавот? Наведи ги речениците во кои раскажувачот ни соопштува како се чувствувал тој?
Како се однесуваат животните од неговото опкружување? Според тебе, какви се тие кои го посетуваат? Што мислиш, колку треба да веруваме на секој збор или изјава од некој? Што е надобро да се направи во тој случај? Образложи го својот одговор.

Што се случило на крајот на басната? Кој дошол? Како се однесувала таа при средбата? Како би го оценил/а ти нејзиното однесување?

Активност 2

Во „Т- табела"да ги напишат карактеристиките на двата лика и преку анализа да ги споредат ликовите од басната.




**Завршна активност**

Напиши ја пораката за оваа басна и спореди ја со другарчето. Дискутирајте и образложете ги своите заклучоци и пораки од басната.

Направете и своја дефиниција за басната.

Наставна единица: Басна – анализа

**Цели**:

- да се оспособи за содржинска анализа на басна, да ги воочи нејзините карактеристики и критички да пристапува при читањето и анализата на басната.

**Резултати од учењето:**

- анализира басна;
- препознава ликови и нивни карактеристики;
-критички дискутира за настаните.

**Воведна активност**

Наставникот поведува разговор со учениците за поимот басна преку поставување на видови прашања со цел да се утврдат претходните знаења. Наставникот ги охрабрува и поттикнува учениците да одговараат на прашањата и да го искажуваат своето мислење.

**Главни активности**

Наставникот ја истакнува целта на часот и дава задолженија.

(Доколку има можност учениците се делат во групи и секоја група добива упатства за работа, доколку нема услови за работа во група сите активности се реализираат индивидуално).




**Лисицата и штркот**

Лисицата го поканила својот кум штрк на вечера. Кога дошол штркот на гости, таа пред него поставила плитка чинија со вкусна каша. Бидејќи клунот му бил долг, а чинијата плитка, штркот ништо не можел да касне. Тоа што го зготвила, лисицата сама го изела.

- Извини, куме, - рекла лисицата немам со што друго да те почестам.

- Благодарам, и за ова, - возвратил штркот и ја поканил лисицата да му биде

гостинка следниот ден. Кога отишла лисицата кај него, штркот вечерата ја послужил во сад со високо и тесно грло.

- Гледај и учи од мене, - и рекол штркот – па јади како во своја куќа да си – се наведнал и го провнал клунот во садот.

Не можејќи да ја протне муцката во садот, на лисицата не и останало ништо друго освен да подголтнува и да гледа како штркот јаде со сласт. Откако убаво се најал, штркот и рекол на лисицата:

- Кумо, немој да се лутиш! Јас се однесувам со тебе онака како што ти се однесуваше со мене, па те почестив на истиот начин како и ти мене што ме почести!

Предлог активност 1

Примена на техниката „Ѕвезда на приказната“




Кои ликови ги сретна во басната „Лисицата и штркот“?
Каде се случува дејството?
Како вообичаено се нарекува лисицата во басните?
Дали и во овој пример може да се каже дека е итрица? Образложи го својот одговор.
Според она што го прочита кои карактеристики можеш да ги кажеш за штркот?
Од која/кои реченица/и го заклучи тоа? Го очекуваше ли ваквиот тек на случувањата?
Како се чувствувал, според случката во текстот, штркот кога бил на гости?
Како се чувствувала лисицата кога била на гости?
Според тебе како ја оценуваш постапката на лисицата? Како ја оценуваш постапката на штркот? Дали мислиш дека лисицата можела поинаку да ја научи *лекцијата*? Образложи го својот одговор.

Во која реченица се крие пораката на оваа басна? Прочитај ја таа реченица и коментирај го нејзиното значење.

**Активност 3**

Со примена на техниката грозд напишете ги сите карактеристики кои сметате дека ликовите ги имаат и за кои зборува оваа басна.

ШТРК

ЛИСИЦА

**Завршна активност**

Договор за изработка на стрип во неколку цртежи.

Наставна единица: Вежби за анализа на басни од Езоп

**Цели:**

- да препознава басна како вид прозен текст;
-да се оспособи за слушање, разбирање и откривање елементи на басна - (место на случување, настани, ликови и порака)

**Резултати од учењето:**

- препознава басна
- ги одредува елементите на басната и извлекува кратка порака

**Воведна активност:**

Учениците разговараат и повторуваат низ игра: две работи што ги знам за басната и една што сакам да ја научам. Наставникот ја модерира активноста.

**Главни активности:**

Се читаат басните на часот. Учениците ја читаат басната поделувајќи си улоги во корелација со наставникот. Применувајќи ја техниката Играње улоги треба да ги согледаат своите карактеристики, карактеристиките на другиот и да споделат како се чувствувале, особено во делот кога бидуваат насамарени или онеправдени. По играњето на улогите наставникот ја модерира реализацијата со насочувачки прашања.



**Лисицата и јарецот**

Еднаш една лисица лутала во темнината. За несреќа, таа паднала во бунар, но дури и покрај своите најдобри обиди сепак не успеала да излезе од таму. Токму затоа и морала да почека до наредното утро со цел да ѝ се отвори нова можност за бегство.

Следниот ден, еден јарец поминувал по истиот пат. Тој погледнал во бунарот и ја забележал лисицата. „Што правиш тука?“ – ја прашал. Итрата лисица одговорила: „Се симнав да се напијам малку вода. Оваа е најдобрата која некогаш сум ја пробала. Дојди ако сакаш да се

увериш.“ Без воопшто да размислува, јарецот скокнал во бунарот, ја изгасил својата жед и почнал да бара излез. Но, исто како лисицата, така и тој се нашол во беспомошна ситуација.

Во тој момент лисицата предложила, „Имам идеја, застани цврсто на твоите нозе, јас ќе се качам врз твојата глава и ќе излезам надвор, а потоа ќе ти помогнам и на тебе.“ Јарецот бил доволно наивен да не ја сфати вистинската намера на лисицата, па токму затоа и ѝ помогнал.

Додека се оддалечувала од бунарот, лисицата рекла, „Да беше доволно умен, никогаш немаше да влезеш во бунарот без прво да побараш излез.“



**Коњот и магарето**

Некој човек имал коњ и магаре. На едно патување магарето било претоварено, а коњот слабо натоварен.

- Преземи малку од мојот товар, ако сакаш да издржам и да останам живо – рекло магарето. Коњот не послушал.

Од умор и тежина магарето паднало и пцовисало. Сега стопанот целиот товар од магарето, дури и одраната магарешка кожа, ги префрлил врз коњот. Плачејќи тогаш коњот прозборил:

- Ах, каква неволја ме снајде! Не сакав да преземам малку од товарот, и ете, сега морам да носам сè, па и одраната кожа.

**Активност 2**

Изберете една од басните и направете пополнување на барањата за истата користејќи ја насоката подолу.




Рефлексија од часот

Наставникот бара од учениците да направат рефлексија за часот.

- Што правевме?
- Како се чувствувавме кога ги игравме улогите?
- Што научивме?
- Каде ќе го примениме наученото?

**Забелешка:** Наставникот може да ја искористи рефлексијата од часот како самооценување од учениците.

**Наставна единица: Лирска песна – поим**
**Цели:** Ученикот/ученичката да анализира лирска песна употребувајќи ги точно поимите строфа, стих, рима и поетска слика.
**Резултати од учењето:** Препознава лирска песна

**Воведна активност**
Наставникот со помош на интерактивни техники и игри ги воведува учениците во темата и содржината на часот.
Наставникот бара од учениците да кажат по една работа, по едно нешто зошто ја сакаат есента и по една работа зошто можеби не ја сакаат есента.
Потоа наставникот дава насока да плеснат еднаш со рацете доколку носат топли обувки, да плеснат двапати со дланчињата ако носат дебели блузи и панталони, трипати ако имаат веќе и капчиња и подебели палта. Учениците треба да сумираат дека имаат есенска облека, потопла.

**Главен дел од часот**
Наставникот ги замолува учениците да замижат, а тој ја чита песната изразно. Може да пушти и соодветна музичка композиција, делот *Есен* од *Четирите годишни времиња* на Вивалди. (https://www.youtube.com/watch?v=CRrwspApyy0)
Учениците треба да ја доживеат атмосферата на песничката.

*ЕСЕН*

Капат лисја златни,
течат води матни,
веат ветрој луди-
надвор веќе студи

Ластовица мила
шири леки крилја,
на пат ќе си оди
преку сини води,
во потопла клима
кај што нема зима,
кај што цути цвете

А и штркот така
на оџакот штрака;
и тој ќе се сели,
па затоа вели:
„До гледање,жаби,
тетки, стрини, баби,
до гледање сите-
застудеа дните“.

Капат лисја златни,
течат води матни,
веат ветрој луди-

и зиме и лете.

И славејот сега

се готви да бега,

со своето јато

ќе го мине патот

надвор веќе студи.

*(Боро Ситниковски,Избор)*

Дискусија:

Што се опева во песната *Есен*? Што конкретно се опејува во првата строфа? Кои природни појави се посочени во првата строфа како карактеристични за овој период од годината? Со кои описи се служи поетот?
Каде ќе патува ластовичката?
Кој се готви да бега, со кого, каде?
Со кого се збогува штркот? Зошто?
Какви чувства кај вас побуди песната?
Што мислите зошто се повторува првата строфа на крајот?
Според она што знаете за епска песна, дали оваа песна спаѓа во таа група песни? (дали има настан, лик, јунак и слично?)Појаснете го својот одговор.

Песните во кои поетот ги изразува своите мисли и чуства се нарекуваат лирски песни. Чувствата може да бидат кон некоја личност, предмет или појава која на поетот му оставила силен впечаток.

Заклучок: Оваа песна е лирска песна затоа што во неа поетот ги изразил своите чувства поврзани со феномените на есента. Лирските песни може да се: патриотски, љубовни и пејсажни. Оваа песна е пејсажна.

Завршна активност: Учениците може да илустрираат една поетска целина која им оставила најголем впечаток.

**Наставна единица: Лирска песна - анализа**
**Цели:** Ученикот/ученичката да анализира лирска песна, да открива поетска слика и рима во песната.
**Резултати од учењето:** -препознава лирска епска песна
-анализира лирска песна

**Воведна активност**
Размислете и запишете се што ве потсетува, што ве асоцира на поимот ДЕТСТВО.




Наставникот поведува разговор: учениците треба да кажат три работи кои можат да ги прават затоа што се деца и три кои не можат да ги прават затоа што се деца.

**Главна активност:** Наставникот ја чита изразно песната „Со детски очи“

„Со детски очи“

Еднаш имав ширно поле,
цветен килим, убав, голем,
трчав, скокав, во него тонев,
од ѕвездите – бисер ронев.

Имав своја вишна гора,
мила, чиста, како зора,
облечена сè во свила,
јас во неа – славеј пиле.

Верувајте: беше така,
месец имав јас на рака,
сите ѕвезди беа мои,
колку беа – кој ги броел?!

Помнам добро сè што било
во срцево ми се свило.
така гледав тогаш, ете,
зошто тогаш јас бев дете. Наум Попески

Дискусија:

Се објаснуваат непознатите зборови.
Песната се чита строфа по строфа и се дискутира за неа.
Песната носи наслов *Со детски очи,* што мислиш зошто така се вика?
Во кое лице се личноглаголските форми во песната ?
Според тебе, поетот пишува од позиција на дете или од позиција на возрасен?
Како го заклучуваш тоа?
Наведи ги тие стихови.
Поетот вели: „Еднаш имав ширно поле“. Што се крие зад поетскиот израз ширно поле? Што можел да прави таму?
Како го разбираш стихот: *од ѕвездите бисер ронев,* што значи тој стих за тебе?
Каде се замислувал тој, како славеј пиле? А што се крие всушност зад тоа место?
Што имал тој во рака? Чии биле ѕвездите? Што мислиш кога некој вели дека ги имал ѕвездите во рака, какво поетско значење има тоа?
Што се свило во срцето на поетот?
Со какви очи гледал поетот?
Според сето кажано кој е мотивот на песната?
Одреди ги поетските слики.

Заклучок: Оваа песна е лирска песна затоа што во неа поетот ги изразил своите чуства. Лирските песни може да се: патриотски, љубовни и пејсажни.

**Завршна активност:**
Учениците секој според своите замисли, способности, желби и афинитети со неколку реченици, стихови или сликовно, изразуваат дел од сопственото детство.

**Наставна единица: Анализа на епска и лирска песна преку откривање на нивните карактеристики**

**Цели**: Ученикот да анализира епска и лирска песна и да ги открива карактеристиките на епска и лирска песна во согласност со нивната содржина.
**Резултати од учењето**: Ученикот разликува епска и лирска песна според нивните карактеристики.

**Воведна активност**

Со помош на Венов дијаграм наставникот бара од учениците самостојно да напишат карактеристики на епска и лирска песна. Во пресекот се запишуваат заедничките карактеристики на песните. Потоа своите сознанија учениците ги споделуваат со целото одделение и се прави заеднички Венов дијаграм.

**Главни активности**
Читање на песните од страна на наставникот. Пред тоа наставникот им дава инструкции на учениците на што да обрнат внимание додека тој ги чита песните. (што/кој се опејува во песните, дали има ликови, што прават, дали нешто коментираат...)

**„Марко Крале и три синџири робје"**
Сама мома црни очи клела,
да гледаа, ниско задремаа,
не видоа што по друм мина,
поминаа три илјади татари
прокараа три синџири робје:
еден синџир се млади невести,
еден синџир се млади момчиња,
ерети синџир се млади девојки,
невестите жално-милно плачат:
-Мили наши, сами машки деца,
та кој ќе ве обана, успие,
та кој ќе ве посвие, развие?
-Девојките жално-милно плачат:
Мили наши, наши танќи дари,

та кој ќе ве развие , увие?
момчињата жално – милно плачат
-Мили наши, наши танки пушки,
та кој ќе ве измие , истрие?
-Најнапред е Султана невеста
и по неа Калина девоќа
и по неа Милош добар јунак:
искокна на врх планината,

**проговори Султана невеста:**
-Бог ве убил, три иљадаи татари,
позапрете малку да починем,
дете мие раце отќинало!
ка дочуа три иљади татари,
позапреа малку да починат:
в еднаш тресна дете на земјата,
па си бркна в свилени пазуи,
та извади таа бела книга,
таа бела книга – црно писмо.
тури книга под крилје на пиле,
на пилето вели и говори:
-Е ти пиле, пиле соколенце,
са да литнеш, далек да одлиташ,
та да идеш у Будима града,
у Будима града в меаната,
там ќе наеш Марко Кралевити,
дека пие това рујно вино
да го служи Мила меанџика
та се стави у Мааркови скути,
с уста гукни, пиле, с крилја трепни
та испушти таа бела книга,
испушти ја на Маркови скути!
па си дојде Марко Кралевите,
та си изби три иљад татари,
отпушти си три синџири робје.

„Виножито,ох виножито“

(Виножито,ох виножито
Што гориш таму горе...)
Пигмејци,Екваторијална Африка



О, виножито
Сонце те зеде од мојот сон
И те нацрта високо на небото
со бојата на трендафил,
со бојата на темјанушка и море,
со бојата на кипарис,
со бојата на лимон,
со бојата на крв,
со бојата на моите очи,
со радоста,
со кликот на моето срце,
со душата на гулабот,
со песната на славејот.
Гориш таму високо,
далечно – а во мојата црнка си,
ми го убавееш челото-
како да те симнам,
како да те сочувам,
како да те вплетам во песната
и повторно да те вратам во сонот?...
Стоиш таму високо
и како волшебен срп
ги жнееш нашите погледи.
Далечно-а во мојата црнка си,
ми ја убавееш душата.
Никогаш немој да згаснеш
во моето копнежно срце,
во срцата на сите деца...

**Адем Гајтани** Препев:Глигор Поповски

**Дискусија**
Споредете ги насловите од двете песни, што мислите за нив? Дали тие ја откриваат содржината на песната?
Кој се споменува во првата песна? Кои ликови се сретнуваат во таа песна? Каде одат и дсо кого? Кога настанува пресрет во настанот? Кој доаѓа напомош? Како е опишан Марко Крале?
Што се опејува во втората песна? Какви чувства опејува поетот? Дали тој споменува настани и ликови?
Какви чувства буди првата, а какви чувства буди втората песна? Зошто?
Што е заедничко за овие песни? Што е различно за овие песни?
Наведи по две причини зошто секоја од песните ја нарекуваме епска односно лирска песна?

**Завршна активност**
Учениците се наведуваат на заклучок дека епските песни опеваат и раскажуваат низ стих настани, јуначки подвизи и јунаци, лирските песни опеваат чувства и мисли со различни мотиви: љубовни, патриотски, пејсажни и слично.
За таа цел наставникот може да се послужи со активноста „Минута работа“ која е погодна за проверка на напредокот на учениците во разбирањето на наставните содржини.
Наставникот бара од учениците за време од една до две минути да го напишат одговорот на поставеното паршање. На пр. Која е разликата помеѓу епските и лирски песни? Истото понатаму може да се претстави преку Венов дијаграм

Со помош на Венов дијаграм напишете ги основните белези на епска и лирска песна.



**Лирска песна** – Таа во себе ги содржи мислите и чувствата на лирското јас кон природата, кон личности, настани и сл.

Во неа тој не го раскажува настанот, туку ги пренесува неговите чувства што му ги предизвикал тој настан, случка или некоја личност.

**Епска песна** – Во нив се опејуваат настани, случки, подвизи на јунаци.

Во нив има дејство и ликови како носители на тоа дејство.

З



За време од една до две минути напишете го одговорот на поставеното прашање.
Која е разликата помеѓу епска и лирска песна?

Медиумска култура

ФИЛМОТ ПОЧНУВА!




Филмовите нудат голем потенцијал за наставата по македонски јазик. Тие имаат мотивирачки ефект врз изучувачите на јазикот, овозможуваат увид во другата култура и создаваат мноштво автентични настани, кои можат да бидат повод за говорење и пишување.

Вклучувањето на филмот во наставата овозможува мотивирачка настава по македонски јазик, којашто е ориентирана кон изучувачот на јазикот и дејството. Филмот може ја надградува наставата по македонски јазик со компетенцијата на аудио-визуелно разбирање и со тоа овозможува аудио-визуелно разбирање на просторот што го опкружува во секојдневниот свет. Со оглед на тоа што филмовите се автентични културни производи, вклучувањето на филмот во наставата може да даде важен придонес за увежбување на интеркултурната и медиумската компетенција кај изучувачите на јазикот. Играните филмови раскажуваат приказна со слика и тон што на учениците им овозможува да се соочат со презентираните конфликти и гледишта и со тоа кај нив да се побуди промена на перспективата. Испреплетеноста на емоционални и когнитивни елементи има мотивирачки ефект и ја поддржува афективно-емотивната страна на учењето македонскиот јазик.

Филмот треба да одговара на нивната возраст и на изворната култура и да пробуди интерес кај нив. Тематски, треба да им биде овозможено на изучувачите на јазикот да се поврзат со сопствениот свет. Се разбира, треба да се земе предвид, исто така, и нивното јазично ниво. Сепак, недоволната јазична компетенција може да се компензира со соодветни методолошки пристапи.
Можат да се изберат различни филмски формати: долгометражни играни филмови, краткометражни филмови, ТВ-серии, музички видеа, рекламни филмови, вести, интервјуа итн. Пократките формати имаат предност што можат да бидат прикажани во целост во наставата.

Доколку во времетраењето на часот нема доволно време да се прикаже во целост долгометражен игран филм, сепак може да се изберат 4-5 сцени, врз основа на коишто може да се разработи тематиката на филмот.
Последно, но не и најмалку важно, при изборот на филмот може да биде одлучувачко дали веќе постојат наставни материјали за него.

## МЕТОДСКО-ДИДАКТИЧКИ НАСОКИ

Дури и кај пократките филмови се нуди можност, филмот да се подели на неколку секвенци, кои ќе се обработуваат една по една, со цел да се спречи чисто пасивно гледање на филмот. Една секвенца, којашто учениците треба да ја обработат, не би требало да трае подолго од пет минути. Во зависност од комплексноста на јазикот во филмската секвенца, филмската секвенца може да се прикаже повеќе пати.
При обработката на покомплексни филмски секвенци, во смисла на дидактичка редукција, фокусот треба да биде поставен на еден одреден елемент: јазик, тек на дејството, ликови, филмска музика, декор итн. Елементите можат да се разработуваат со поделба на изучувачите на јазикот во групи, така што најпрво се пристапува поединечно, а на крајот сите елементи се спојуваат во целина.

Анализата на одделни филмски извадоци се вршат според докажаната шема ПРЕД – ЗА ВРЕМЕ НА – ПОТОА.
Задачите ПРЕД ГЛЕДАЊЕТО го активираат предзнаењето на учениците, ја будат нивната љубопитност и нудат запознавање и појаснување на јазикот, историската заднина или информациите за земјата и културата.
Задачите ЗА ВРЕМЕ НА ГЛЕДАЊЕТО треба да спречат само пасивно гледање и да го олеснат разбирањето.
Задачите ПО ГЛЕДАЊЕТО помагаат да се продлабочи виденото и слушнатото и овозможуваат поврзување со сопствениот живот.

**Наставна единица: Филм– редослед на настаните (2 часа)**

**Цели**:

- да го препознава редоследот на настаните во филмот;
- да се поттикнува да следи настани од филм и да знае да го прераскажува дејството во филмот.
-

**Резултати од учењето:**

- учениците успешно одговараат на поставените прашања во врска со гледаниот филм;
- учениците го знаат редоследот на настаните и дискутираат за нив;
- учениците ги воочуваат особините на ликовите;
- ја сфаќаат пораката на филмот.

Гледање филм во договор со наставникот. Претходно давање насоки на што да го насочат вниманието при гледањето (на пр.: на ликовите, на настаните, на музиката и сл.).

**Воведен дел**

**Можни теми за дискусија**

Разговор за емисиите кои учениците најмногу сакаат да ги гледаат на телевизија (разговорот да се насочи на филмот, ликовите во филмот, настаните, декорот, изгледот на ликовите и сл.
Кои филмови со задоволство ги гледаат? Зошто?

Во овој дел од часот учениците составуваат по три реченици од дадените зборови: филмска камера, кинопроектор, сниматeл, акција. Индивидуалниот пристап во поддршката на учењето и заинтересираноста за вклучувањето во вакви активности придонесуваат за полесно запознавање на учениците со основните филмски елементи и заинтересираност за оспособување за правилно разбирање и интерпретирање на магијата во движење – ФИЛМОТ.

## Какви се денешните филмови?

Денешните филмови се усовршени, во боја, со музика и звук.

## Кој бил првиот снимател на филм?

Во многу држави се одржуваат филмски фестивали каде што се наградуваат најдобрите филмови и луѓето кои работеле во нивото создавање.



И наши македонски филмови освоиле бројни награди на тие фестивали.

Првиот снимател на филм на Балканот бил **Милтон Манаки**.

Филмовите се прикажуваат во киносали преку апарат
**кинематограф**, а се следат на големо платно наречено




Филмови гл
телевизија,
компјутер.



## ПРИМЕРИ ЗА ФОРМИ НА ЗАДАЧИ

### ПРЕД ГЛЕДАЊЕТО

- Да се направат претпоставки за дејството или за поставеноста на ликовите со помош на плакати за филмот или цитати од филмот.
- Слики од филмот: опис на сликата.
- Да се изработи асоциограм на темата / клучните поими.
- Појаснување на настаните во филмот преку задачи со подредување.

### ЗА ВРЕМЕ НА ГЛЕДАЊЕТО

- Задачи со набљудување, на пример за текот на дејството, ликовите, информациите за земјата и културата.
- Чек-листи (Што гледаше во филмот, а што не?).
- Да се слуша само звучниот запис и да се прават претпоставки за сликите.

### ПО ГЛЕДАЊЕТО

- Утврдување на разбраното: задачи со точно / погрешно.
- Задачи со избор помеѓу повеќе опции , текстови со празнини.
- Да се опише профил на некој лик .
- Да се одговори на отворени прашања за разбирање.
- Да се напише состав или филмска критика.
- Креативно продолжување: да се напише внатрешен дијалог, да се допише некоја сцена, да се измисли нов крај..

**Завршен дел**

Учениците можат да ги запишат сите учесници кои учествувале во реализацијата на филмот. Секој ученик треба да напише коментар/мислење за она што му оставило впечаток од проследеното на филмот. Коментарите стануваат составен дел од заедничка книга за впечатоци од гледањето на филмот.

**Самостојна творечка работа за учениците**

- Што научивте гледајќи го и анализирајќи го филмот?
- Запиши ги своите впечатоци за музиката за музиката. На што те поттикна? Како ја доживеа?
- Илустрирај ја најинтересната сцена од филмот.
- Напиши краток состав врз основа на пораката на филмот.

ЛЕКТИРА БР. 1

ПАЈАЖИНАТА НА КЛИМЕНТИНА

од Елвин Брукс Вајт

При читањето на оваа лектира дадете им насока на учениците да ја читаат и да запишуваат цитати додека читаат и истите подоцна ќе ги коментираат. Во оваа учебна година треба да ја созададат навиката да запишуваат додека читаат и така да не ги заборавaат местата кои се важни и силно впечатливи од различни причини. Затоа ја препорачуваме техниката Дневник со двоен запис за време на читањето.

Дајте им насока дека од секоја глава можат да испишат по еден цитат и да коментираат.

**Објаснување на техниката**

**Техника Дневник со двоен запис**

Дневникот со двоен запис  е техника со која се извлекуваат делови од текстот и се даваат коментари за истите.

Учениците повлекуваат вертикална линија на листот и од левата страна пишуваат цитати, а од десната коментри.

Цитатот може да биде дел од книгата кој им остава впечаток, кој можеби ги збунил, цитат со чија содржина не се согласуваат, цитат кој им побудува прашања. Од десната страна учениците пишуваат што ги навело да го напишат тој цитат? На што ги навел текстот да размислуваат? Кое прашање го имаат во врска со цитатот?

Дискусија на часовите за лектира

-Кратко изложување на фабулата за што наставникот подготвува презентација или друг вид потсетник на кој се напишани насловите на поглавјата од романот во функција на детектирање на сите важни настани во животот на ликовите;

-Лоцирање на местото, времето и времетраењето на дејствата во романот;

-Набројување на ликовите од романот за што наставникот има подготвено цитати и истите ги споделува на презентација или ги чита со учениците. За секој цитат се покренува дискусија.

-Наставникот нуди проблемски дискусии кои иако во кодот на чудесното, сепак се реалистични:

- правото на живот, заштитата на незаштитените, правата на животните;
- законите на природата- текот на еден живот/преживување, нов живот (гусчиња, пајачиња);

- пајажината на Климентина – учителка на животот, пријателството;
- пријателството на Климентина и Цанко како пријателство меѓу возрасно суштество и дете (пајак што чита и што згрижува);
- антропоморфни карактеристики на Климентина, Цанко, Авакум и сите жители на шталата;
- децата и нивните пријатели животните;
- пораките на Климентина и Цанко, пораките на раскажувачот.

За сите предложени теми за дискусии наставникот понудува куси цитати. Целокупната анализа на лектирата се заснова на барање „докази “ во текстот. Учениците учат аргуметирано и проблемски да дискутираат.

Часовите по лектира не треба да бидат сведени на црно / бело сликање на ликовите и такво нивно подредување, или пак на прераскажување, туку на содржинско и проблемско дискутирање на романот.

Наставни единици заТЕМА 3

| | Наставни единици (по програмски подрачја) |
|---|---|
| | **Јазик** |
| 1. | Вежби – разликување присвојни и бројни придавки во текст |
| 2. | Показни заменки |
| 3. | Вежби за разликување на личните и на показните заменки |
| 4. | Глаголи и глаголско време - поим |
| 5. | Сегашно време |
| 6. | Минато време |
| 7. | Идно време |
| 8. | Вежби за правилна употреба на глаголското време во писмена и усна форма; вежби за разликување на формите на глаголите |
| | **Читање, литература и лектира** |
| 1. | Детски роман – поим и основни особености |
| 2. | Анализа на извадок од детски роман |
| 3. | Вежби за усвојување на поимот за детски роман преку анализа на прочитан роман |
| 4. | Говорот на писателот |
| 5. | Говорот на ликовите |
| 6. | Разликување на говорот на писателот од говорот на ликовите |
| 7. | Техники на изразно читање текстови со уметничка содржина (правилно дишење, дикција, интонација, темпо ) |
| 8. | Читање текст со определена насока и темпо на читање |
| | **Изразување и творење** |

| | |
|---|---|
| 1. | Самостојно опишување: предмет; слика; лик |
| 2. | Пишување состав по зададена тема (Нова година, божиќни празнувања и сл.) |
| | **Медиумска култура** |
| 1.<br>2. | Театарска претстава – редослед на настани<br>Вежби за утврдување на знаењата за настани во филм и во театарска претстава |

ПОДРАЧЈЕ ЈАЗИК

***„Без јазикот ќе си недостигаме самите на себе, оти само јазикот никогаш не нè оставил сами и тој памети многу повеќе отколку што ние можеме да заборавиме“.*** *– Петре М. Андреевски*

**Наставна единица:** Вежби за разликување присвојни и бројни придавки во текст

**Цели:** да препознава и да разликува различни видови придавки;

- да ја знае правилната употребата на придавките (присвојни и бројни) во врска со именките и со нивното граматичко согласување по категоријата определеност.

**Очекувани резултати од учењето:**

- ги разликува различните видови придавски форми и нивно усогласување со формите на именките;
- ги препознава и ги разликува бројните и присвојните што се јавуваат во текст и во говорот;
- правилно ги употребува формите на бројните и присвојните придавки во усната и писмента комуникација.

**Критериуми за успех:**

- учество на ученикот во активностите;
- правилно ги употребува бројните и присвојните придавки во зборувањето и во пишувањето;
- составува реченици и учествува во дијалог и во разговор и употребува правилни граматички форми од овие придавки;

- има креативен пристап во давање сопствени примери.

**Воведна активност**

Наставникот ги дели учениците на четири групи. Секоја група има свој овошен знак (јаболко, круша, мандарина, портокал) како нејзино обележје. На самото обележје напишан е и бројот на групата. Секоја група го опишува овошјето чиј заштитен знак го има/носи. Описите на групите наставникот ги запишува на табла. Потоа ги запишува и одговорите на прашањата: чии се овошјата, на која група ѝ припаѓаат и сл. Ја најавува целта на часот од очекуваните резултати со учењето.

**Главен дел**

**Предлог – активности за реализација на овој дел од часот**

Примена на илустрации или видео записи како поттик и мотивација за опишување при што фокус се бројните и присвојните придавки и правилната употреба во пишан или вербален исказ/реченица во веќе изучените граматички категории на придавката.

Вежби за придавки преку квиз - натпревар: на зададена именка се додаваат придавки (бројна, описна или присвојна) при што се внимава на усогласеноста по категоријата определеност.

1. **Квалитативните** или **описни** придавки означуваат својство што се открива во предметот како таков, без поврзување со некој друг предмет.

На пр.: добар, убав, мирен (коњ)

3. **Бројните** го означуваат односот на предметите по ред.

На пр.: прв, втор (коњ)

4. **Заменските** придавки се изведени од заменки и многу наликуваат на нив.

Разликуваме:

а) **Присвојни заменски придавки**

мој, моја, мое; мои; наш. наша, наше; наши
твој, твоја, твое; твои; ваш, ваша, ваше; ваши
негов, негова, негово; негови;
нејзин, нејзина, нејзино; нејзини.
нивни, нивна, нивни; нивни
како и: свој, своја, свое; свои

**На пр.:** Моето куче е помало од твоето.
Неговата куќа се наоѓа во населбата Точила.

**Наставникот го чита наглас текстот „Шешири“, а потоа преку прашања проверува колку учениците ја разбрале содржината.**

Ато Абате продава шешири. Ќе ги натовари на своето тело: по десет на секоја рака, десет на главата и дваесет на грбот. Продава насекаде каде има луѓе.

А знаете какви шешири продава?

Продава мали, големи, плитки, длабоки, високи, сплеснати, црвени, зелени, жолти, сини, шарени, па дури и мирисливи.

Шеширите на Ато се и сламени, кожени, свилени, платнени, ленени, чоени, волнени, синтетички...

Тој продава каубојски, мексикански, турски, дамски, детски, рибарски, планинарски, жетварски, бизнисменски шешири...

Еден ден Ато, изморен од долгиот пат, заспа крај едно дрво. Тогаш од дрвото слегоа мајмуни, секој зеде по еден шешир и си го стави на главата.

Кога се разбуди Ато, што ќе види?

Прекрасна слика – мајмуни со шешири. Тој почна да ги моли за да му ги вратат шеширите. Мајмуните му се смееја и го имитираа како вика, како се нервира.

Но, Ато е вистински мудрец. Се сети. Го зеде својот шешир од главата и го фрли на земја. Истото го направија и мајмуните.

Тогаш Ато си ги собра шеширите и си замина.

(Авторот на текстот е непознат)

Учениците можат во групи или индивидуално да работат на откривање на придавките од текстот и тоа:

**Прва задача:** да се определат придавките коишто ги опишуваат шеширите по боја, форма, големина и сл.

**Втора задача**: да се определат придавките коишто ни покажуваат од каков материјал се направени шеширите.

**Трета задача:** да се определат придавките коишто ни покажуваат чии можат да бидат шеширите.

**Завршен дел**

Евалвативна активност

Учениците треба внимателно да ја прочитаат песната „Јаболко“, да ги пронајдат придавките и да ги распоредат придавките според барањата во табелата.

**Јаболко**

Јаболкото е големо
сочно и црвено.
Јаболкото е мало
жолто и зелено.

Јаболкото е тврдо
вкусно, мазно,
мирисно и зрело,
слатко и кисело.

Јаболкото може да е ресенско,
преспанско или тетовско.
Јаболкото е Марково,

а можеби и татково.

Но, има едно јаболко златно,
тоа е насликано
на моето платно.

Не е на првото
Не е на второто,
погледни онаму
тое е на третото платно.

| **Описни придавки** | **Присвојни придавки** | **Бројни придавки** |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**Наставна единица:** Показни заменки; поим за показни заменки

Вежби за разликување на личните и показните заменки (2 часа)

**Цели:** да го усвои поимот за показни заменки;

- правилно да ги употребува показните заменки во усната и писмената комуникација;
- да ги разликува показните заменки од личните заменки.

**Очекувани резултати од учењето:**

- означува и посочува лица, предмети, појави и поими со заменки од македонскиот јазик;
-посочува примери за лични и показни заменки преку формите за еднина и множина;
- ги разликува различните видови показни заменски форми наспроти формите на личните заменки;
- ги препознава и ги разликува видовите заменски форми што се јавуваат во текст и во говорот;
- правилно ги употребува формите на личните и показните заменки.

**Критериуми за успех:**

- учество на ученикот во активностите;
- правилно ги употребува збирните именки во зборувањето и во пишувањето;
- составува реченици, учествува во разговор и употребува правилни граматички форми од овие заменки;
- креативен пристап во давање сопствени примери.

**Воведен дел**

Наставникот го чита наглас текстот, а потоа може да креира различни јазични перспективи поврзани со најавата на целта на часот.

**ЈАС, ПА ЈАС**

Да ве потсетиме на личните заменки – ЈАС, ТИ, ТОЈ, кои секојдневно ги изговарате. Но, дали ги изговарате како што треба? Вие имате ваши другарчиња,–– кои не можат без она – ЈАС, ПА ЈАС! На пример: – Вчера јас и Драган бевме на прошетка низ градот. А тоа, не е културно, – не е по бонтон. ЈАС не треба да биде пред името на другиот, за кого се зборува. Патем речено, при разговорите внимавајте на тоа – ЈАС, ЈАС ... што помалку да го употребувате. Исто така, кога играте, кога се забавувате, немојте вашето ЈАС, секогаш да биде пред, или по другите другари. Ако вашиот збор бил прв, не мора биде и последен. Па дури и ако сите ви признаат дека сте „џек“ – „дармар“ за сè, немојте да се држите како „пијан за плот“, на тоа свое ЈАС; ПА ЈАС! Таквите „самобендисани“ како што вели народот, не се омилени во друштвото, иако самите мислат дека се. Зошто не се омилени? Затоа што тие го сакаат своето – ЈАС! Тие понекогаш ги фалат и другите, но само затоа што тие нив ги фалат. Но, на сè има крај, па и на тие – ЈАС, ПА ЈАС! Еден ден, таквите, ги губат своите другари. А тогаш „го спуштаат носот“ како да им пропаднало ќесето. Но, веќе е доцна. Затоа треба да се знае: Другарството не е само – ЈАС! Туку – НИЕ!

Наум Попески (од книгата „Бонтон за деца“)

**Прашања за дискусија поврзани со текстот**

- Зошто писателот укажува дека при зборувањето треба да ги користиме сите лични заменки?
- Каква е улогата на личните заменки во комуникација меѓу луѓето?
- Кои луѓе се наречени „самобендисани“? Објасни како ги разбираш последните реченици.

Задачите и активностите коишто се наведени подолу можат да се зададат за домашна работа или да се реализираат на други часови кога се повторува за заменки (лични и показни) или овие активности можат да се интегрираат со програмското подрачје на пр. Творење и изразување.

- Од досегашното искуството на учениците и од разговорот со повозрасните учениците можат да запишат неколку правила на убаво однесување.
- Нагласете ја примената на личните и показните заменки во овие активности.

Направете книга на паралелката, бонтон листа и закачете ја на веб страницата на вашата паралелка.

- Учениците нека раскажат едно доживување во кое убавото однесување им донело среќа и радост за нив.
- Изготвување стрип на тема „На гости“ во кој ќе ги применат знаењата за заменките што досега ги изучиле и правилата на убавото однесување.

Учениците можат да работат во групи – едни да го пишуват говорот на гостите, другите говорот на домаќините. Талентираните ученици можат во Paint графички да го уредат стрипот.

**Што знаеме за заменките?**

+


Заменките се зборови кои означуваат или посочуваат предмети, суштества и појави.
Според значењето заменките се делат на три групи: лични, лично-предметни и показни заменки.

**Лични заменки**

Со личните заменки се означува односот на учесниците во разговорот (односот кон говорната ситуација).

| Еднина | Множина |
|---|---|
| 1л. јас | 1л. ние |
| 2л. ти | 2л. вие |
| 3л. тој, таа, тоа | 3л. тие |

прво лице – лицето што зборува (јас, ние);
второ лице – лицето кому му се зборува (ти, вие);
трето лице – лице кое се споменува во говорот, а не мора да биде присутно (тој, таа, тоа, тие).

**Показни заменки**

Тие посочуваат просторно и временски, лица и предмети во однос на лицето што зборува.

Форми на показните заменки:
- овој, оваа, ова; овие (за блиски предмети до лицето што зборува);

- оној, онаа, она; оние (за оддалечени предмети, но лицето што зборува ги гледа);
- тој, таа, тоа; тие (за предмети блиски до соговорникот).

## З А М Е Н К И

**Разговор**

На големиот одмор јас и Ива седиме на клупата во училишниот двор и разговараме. Одеднаш слушаме некој како да вика по нас:

- Марија! Ива!

Ние се вртиме да видиме кој вика, но забележуваме : уште две ученички се вртат.

Го погледнуваме зачудено и го прашуваме:

- Нас нè викаш?
- Извинете, не викав по вас, туку по нив. Тие се Марија и Ива и учат заедно со мене. Треба да им вратам нешто. А вие како се викате?
- Јас се викам Марија, а таа се вика Ива, му одговарам.
- Да, јас сум Ива, а ти како се викаш?
- Јас сум Марко, одговара тој. Интересно, просто не ми се верува, а тие се викаат исто како вас, се чуди и си го повторува името: - Јас сум Марко и досега не сум сретнал никого што се вика како мене!
- Е јас сум слушнала за еден Марко, што се викал Марко Цепенков, ако ти значи нешто тоа име? – го прашува Марија.
- Ништо не ми значи, - одговара Марко. – А кој е тој? Никогаш не сум слушнал за него!

- Како се означуваaат учесниците во оваа говорна ситуација?

1. Во оваа говорна ситуација секој себеси (и Марија, и Марко и Ива) се означува со зборот јас.

   Кога Марија зборува за себеси и за Ива го употребува зборот ние.

2. Кога му се обраќа на Марко, го озчнува со зборот ти.

   Кога Марко им се обраќа на Марија и на Ива, ги означува со зборот тие.

- За што зборуваат учесниците во оваа говорна ситуација?

1. Кога зборува за своите соученички, Марко во говорната ситуација го го употребува зборот ________.
2. Предметот што треба да им го врати на своите соученички, Марко го означува со зборот ________________.
3. Лицето за кое Марија му зборува на Марко, Марко го означува со

зборовите ________ и ____________.

4. Што му значи на Марко името за кое му зборува Марија? ________.

**Зборовите што означуваат или посочуваат**
лица: јас, некој
други суштества: некое
предмети: нешто
појави: нешто (врне, или дожд или снег)
се нарекуваат **заменки.**

**З а п о м н и:**

**Именките именуваат лица, други суштества, предмети и појави, а заменките ги означуваат или ги посочуваат:**

Марко е ученик.
Тој не чул за Марко Цепенков.

Заменките што обично означуваат или посочуваат лица се нарекуваат лични заменки.

Личните заменки се одликуваат со категориите лице и број .

**Знам:**

**Во граматиката разликуваме три лица (прво лице, второ лице и трето лице) и два броја (еднина и множина).**

**Лични замники се:**

| | **еднина** | **множина** |
|---|---|---|
| 1 л. | јас | ние |
| 2 л. | ти | вие |
| 3 л. | тој, таа, тоа | тие |

**Научив!**

Заменките со кои се врши посочување на лица или на предмети се нарекуваат **показни заменки**.

**Показни замнеки се:**

| еднина | множина |
|---|---|
| овој, оваа, ова | овие |
| оној, онаа, она | оние |
| тој, таа, тоа | тие |

Показни заменки

1. **овој, оваа, ова; овие** – служат за посочување блиски предмети;

2. **оној, онаа, она; оние** – за посочување пооддалечени предмети;
3. **тој, таа, тоа; тие** – за посочување на предмети без просторно определување.
* Од нив во македонскиот јазик е образуван членот.
На пр.: Дај ми ја оваа книга (книгава); онаа книга (книгана); таа книга (книгата).

ЗАДАЧИ

- Посочи ги предметите околу тебе.
- Што забележуваш:
  за предмети во твојата близина ги употребуваш заменските форми **овој** ____________________________;
  за предмети оддалечени од тебе ги употребуваш заменските форми **оној** __________________________;
  За предмети блиски до соговорникот ги употребуваш заменските форми **тој** ________________________.

**Завршен дел**
**Евалвативни активности**
Учениците добиваат работен лист каде треба да ги определат личните и показните заменки и да го определат нивното значење и улога.

**Работен лист за учениците**
ВОЛКОТ И ЈАГНЕТО

Кога волкот нашол едно заскитано јагне, не го зграпчил веднаш со својата силна шепа, туку сакал да го изеде барајќи оправдани причини. Затоа му рекол:

- Минатата година ти многу ме навредуваше. Тоа плачејќи му одговорило:

-Тогаш јас не сум постоело на овој свет. Волкот одговорил: – Но, ти ми ја пасеш ливадата. А јагнето се бранело. -Но, пиеш вода од овој извор. Тоа му одговорило:

- Уште ни еднаш не сум се напило вода. Млекото од мајка ми е храна и пијачка. Волкот го зграпчил и го изел.

Езоп

Истакнатиот збор јас во реченицата: „Тогаш **јас** не сум постоело на овој свет.“, укажува на лицето кое зборува, односно на .................. лице.

Истакнатиот збор ти во реченицата:„Но, **ти** ми ја пасеш ливадата“ укажува на лицето кон кое се обраќаме во говорот, односно на ......................... лице.

Во речениците:„ Тоа плачејќи му одговорило“ и „ Тоа му одговорило“, истакнатиот збор **тоа** укажува на лицето за кое зборуваме, односно за .......................лице.Ваквите зборови се викаат ............................... заменки.

Другите истакнати зборови во басната ( **овој или оваа** ) директно ги посочуваат предметите или суштествата.На пр.:**овој** свет, **оваа** храна, **ова** јагне итн.
Ваквите зборови се викаат .............................. заменки.

**Вежби за разликување на личните и показните заменки**

Минатата година научи за личните заменки. Знаеш дека тие ги означуваат или посочуваат лицата:

**Горан** учи. **Соња, Миле и Стефан** играат.
**Тој** учи. **Тие** играат.

Само личната заменка за прво лице еднина – јас не може да замени именка.
Таа укажува на првото лице кое говори.
Показните заменки многу лесно можат да се препознаат, но важно е и правилно да се употребат.

1. **Која показна заменка ќе ја употребиш ако:**
   - покажуваш авион високо на небото - __________авион;
   - покажуваш на твоите патики што ги носиш - ________________патики;
   - зборуваш на вчерашниот натпревар - ____________натпревар;
   - го покажуваш кучето што е до тебе - ______________ куче.

2. **Препиши ги следниве реченици. На местото на секоја истакната именка или група именки, напиши ја личната заменка што и одговара:**

   **Иван** е мојот најдобар другар.
   _______________________________________________
   **Симе, Ана и Артан** ќе пеат.
   _______________________________________________
   **Сашо,** избриши ја таблата!
   _______________________________________________
   **Улицата** е преполна со автомобили.
   _______________________________________________
   **Мелек, Горан и Сашка**, не зборувајте!
   _______________________________________________

3. **Пред секоја именка додај ја соодветната показна заменка:**
   _________дете што се качува по скалине е мојот другар.
   Тој не сакаше да ги собере ________ отпадоците.
   Никој не ја чита _____________книга
   ___________луѓе што не читаат книги не можат да се изразат убаво.

   Показните заменки **тој, таа, тоа, тие** имаат иста форма како и личните заменки за трето лице еднина и множина. Како ќе ги разликуваме?

Личните замнеки во речениците секогаш се подмет, а показните стојат пред именка и ја појаснуваат.

**Тоа** плива. – **Тоа** е подмет во реченицата, значи е лична заменка (Кој плива?- Тоа.)

**Тоа** дете плива. – Овде **тоа** е показна заменка, стои пред именката и ја посочува. Подмет е именката дете, (Кој плива? – Детето .)

4. **Во следниве реченици подвлечи ги само показните заменки:**

Таа ноќ спиев многу спокојно.
Таа истрча надвор и го виде тоа маче.
Тие мрзливци ќе имаат големи проблеми.
Тие не дојдоа кај нас.

**Наставна единица: Глаголи и глаголско време**

**Цели:**

- да го определува глаголското време;
- да ги разликува формите на глаголите за сегашност, минатост и идност.

**Очекувани резултати од учењето:**

- препознава и ги разликува формите за еднина и множина кај глаголите;
- ги препознава и ги разликува формите на глаголите според моментот на вршење на глаголското дејство ;
- наведува примери за глаголи, почитувајќи ги основните глаголски категории: лице, време и број;
- менува глаголи по време, лице и број;
- правилно употребува глаголи во усна и писмена комуникација.

**Критериуми за успех:**

- учество на ученикот во активностите;
- правилно ги употребува глаголите во зборувањето и во пишувањето;
- составува реченици и учествува во дијалог и во разговор и употребува правилни граматички форми од глаголите;
- има креативен пристап во давање сопствени примери.

**Воведен дел на часот**

Часот може да започнува дедуктивно – на почетокот, низ дискусија, учениците ги посочуваат главните пунктови (дејство, состојба, работа) при образувањето глаголски зборoформи.

Вежби за определување на формите на глаголот според составот и според значењето.

**Главен дел**

Наставникот може да користи игровни активности, различни текстови како извор на примери за различни глаголски форми. При поттикнувањето да се користат соодветни форми од јазични изрази стилски обоени со цел развивање јазична свест и јазичен осет за родените зборувачи на еден јазик. Затоа што глаголите се главна компонента на раскажувањето и прераскажувањето.

Наставникот преку поставување прашања треба да го поттикнува размислувањето во учечко-поучувачките работи. Воедно, преку прашањата наставникот може да провери дали и колку учениците разбираат.

Давање конкретна и позитивна повратна информација насочена кон учечките активности на учениците, но и кон нивната ангажираност во активностите на часот, претставува вообичаена добра практика.

**Предлог-активности за реализација на наведените цели:**

- означување глаголи во сегашно време;

- препознавање форми од сегашно време со друго значење;
- препознава глаголски форми со кои се искажува идно време;
- препознавање и споредување на глаголски форми на сегашно време со минато;
- вежби за определување на глаголското време;
- вежби за менување на глаголот (по време, лице и број);
- вежби за правилна употреба на глаголското време во говорот (во писмена и усна форма);
- вежби за разликување на формите на глаголите;

Пр. вежба: ученикот добива 5-6 реченици во кои е употребено различно глаголско време и добива задача да ги подреди речениците според употребеното време;

Пр. Ученикот добива текст (составен од најмногу 10 реченици) кој треба да го каже или да го препише менувајќи го глаголското време во речениците.

Наставникот треба да ја води работата со примена на иновативни техники, со што треба да создаде позитивна клима за работа и зголемена мотивација кај учениците. На самиот почеток, треба да се направи поврзување со претходните активности и предзнаења на учениците во однос на глаголите како менлива група зборови.

Потоа учениците можат да работат во парови и индивидуално или групно на задачи и активности од различен вид, во зависност од условите во кои се учи и поучува. Наставникот нејасните термини дополнително треба да ги појаснува, на пример, им овозможува на учениците да направат разлика меѓу глаголските форми според граматичката категорија број. По секоја завршена активност наставникот секако треба да има подготвено нова активност која се надоврзува на претходната. На ваков начин учениците активно ќе учествуваат во работата и внимателно ќе ги следат насоките на наставникот.

Методите што ќе се користат треба да соодвествуваат на поставените цели. Всушност, учениците на овие часови треба да согледаат дека глаголите се менливи зборови коишто во говорните ситуации се јавуваат со повеќе зборoформи кои изразуваат различни значења, а преку тоа да дојдат до сознанија дека нашиот јазик постојано се менува и се усовршува. Имајќи го тоа на знаење и самите ќе се стремат кон усовршување на својот јазик и кон доследно почитување на законитостите на јазикот.

**Г Л А Г О Л И**

Кога раскажуваме и прераскажуваме најмногу ги користиме глаголите, затоа што тие означуваат работа, дејство, состојба. Глаголите имаат особина да означат дејство што се вршело во минатото, дејство што се врши сега и дејство што ќе се врши во иднина: одев, одам, ќе одам.

Глаголите означуваатдејство: учи, пее, плете, ткае

или состојба: чувствува, се срами, дреме, стравува.

Дејство или состојба се именува и со именка: работа, удар, јадење, но се означува дејство и со глагол: работи, удира, јаде.



Означување состојба со глаголи:
одмора, тагува, мисли.

т.

Преку соодветни примери наставникот ја појаснува граматичката категорија време, потенцирајќи го моментот на зборувањето.
Моментот во кој се одвива говорната ситуација се нарекува момент на зборување.
**Разликуваме дејства или состојби што се вршат:**

– Што правиш?
– Слушам музика. **Во моментот** на зборувањето, во сегашноста.

– Што правеше вчера?
– Пишував домашна работа. **Пред моментот** на зборувањето во минатото.

– Што ќе правиш утре?
– Ќе го шетам кучето. **По моментот** на зборувањето, очекуваме да се извршат во иднина.

**Вежби за учечко-поучувачки цели**

1. **Потцртај ги сите глаголи од следниот текст, а потоа групирај ги според времето што го означуваат:**

   - Не грижи се, иако играш слабо, ќе ги победиме! – го охрабри тој срамежливиот Бранко. – Ти ветувам. Ќе видиш како ние играме фудбал. Но кога го видоа како игра и Бранко, се вчудоневидоа .

   **Сегашно** **Минато** **Идно**

2. **Состави три реченици во кои ќе го употребиш глаголот** <u>**другарува**</u> **во сите три времиња.**

___

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

3. **Еве по една задача за тебе и за другарчето. Кој прв ќе одговори?**

   **Во кој ред со примери нема глаголи?**

а) Трчам, мириса, сака.
б) Слушање, избришан, носење.
в) Бришат, лежи, дојдовте.

**Кој исказ не е точен?**
а) Кај глаголите разликуваме време.
б) Кај глаголите разликуваме број и лице.
в) Кај глаголите разликуваме род.

4. **Препиши ги следниве две реченици, притоа глаголите преобрази ги во друго време во истото лице и број .**

   Утре ќе падне снег. Сите деца ќе се радуваат.

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

5. **Кој прв ќе образува глаголи од дадениве зборови ( работи истовремено со твоето другарче):**

| **Прва задача** | **Втора задача** |
|---|---|
| Сон ______________ | сејач _______________ |
| Цвет ______________ | валкан ______________ |
| Чист _____________ | пазар _______________ |
| Зрел _____________ | работа _______________ |
| Студ ______________ | удар ______________ |

**Оценување на постигањата на учениците:**
1. Во воведното повторување;
2. Преку активноста на учениците за време на часот и изведувањето на заклучоци;
3. Преку изработката на вежбите во наставното ливче и во текот на часот и преку нивната проверка, учениците ќе се самооценат;
4. Наставното ливче е можност за формативно оценување на учениците.

**Завршна активност**

Со помош на насочувачки прашања се поврзуваат веќе усвоените знаења и се презентираат одговорите од барањата поставени во работното ливче.

**Работно ливче за учениците**

Распореди ги следниве глаголи според поставените барања: **цртам, отидовте, ќе се искачат, спиеш, купувавме**, а на втората празна линија напиши кое време го означуваат.

Глагол во прво лице, множина - _________________; ___________________ ;
Глагол во трето лице, множина - ________________; ____________________ ;
Глагол во прво лице, еднина - __________________; ____________________ ;
Глагол во второ лице, множина - _______________; ______________________;
Глагол во второ лице, еднина - ________________; ______________________;

**Прашања за самооценување**

1. Што научи од часот посветен на глаголот и глаголското време?
2. **Кои задачи ги заврши во однос на посочената наставна единица? (подвлечи)**

- учествував активно во сите активности/задачи,
- напишав домашна работа – работен лист во кој:

А) сите задачи ги одговорив;
Б) половината ги одговорив.

3. **Учество во дискусија:**

- коментирав за најголем дел од прашањата;
- коментирав само на неколку прашања;
- не коментирав и воопшто.

**Наставна единица:** Сегашно време

**Цел/и:**

- да го определува глаголското време за сегашност;
- да ги разликува формите на глаголското време за сегашност во однос на другите глаголски форми и глаголски времиња.

**Очекувани резултати од учењето:**

- ги знае особеностите на глаголското време за сегашност;
- прави разлика помеѓу формите на глаголското време за сегашност во однос на другите глаголски форми и глаголски времиња;
- практично го препознава и правилно го определува и употребува глаголското време за сегашност во говорот (во писмена и усна форма).

**Воведен дел**

Наставникот го започнува часот на тој начин што на учениците им задава три реченици во кои треба да ги пронајдат грешките и да ги исправат.

1. Мојата баба се викаат Гордана.
2. Тие две одиме на часови по модерен танц.
3. Андреј ми помагаш секој ден.

- Кои видови зборови се погрешно напишани во дадените реченици?
- Во што се состои грешката?
- Во кое време се врши дејството со посочените глаголи во речениците?

**Главен дел**

Во главниот дел од часот наставникот им го објаснува на учениците поимот сегашност, тргнувајќи од фактот дека моментот на зборувањето е временска точка од која се разграничува она што се вршело или се извршило од она што ќе се врши или ќе се изврши. За она што се врши **во моментот на зборувањето** велиме дека се врши во СЕГАШНОСТА. Наставникот на учениците им покажува четири цртежи на кои се реализираат четири различни дејства.



Ковачот кова.



Бабата плете шал.



Девојчето спие.



Тато готви јадење.

Тој од учениците бара тие да кажат што гледаат на цртежите. Напишаното под цртежите, всушност, се очекуваните одговори кои треба да ги кажат учениците во однос на она што тие гледаат. Во согласност со добиените одговори од страна на учениците, учениците извлекуваат заклучок дека дејствата означени со глаголите се вршат во моментот кога зборуваме за нив. Така, на пример, со глаголот плете е означено дејството плетење што го врши бабата во моментот кога зборуваме за него. И дејствата означени со глаголите: кова, спие и готви се вршат во сегашноста.

Од ова произлегува дека:

Сегашно време е онаа глаголска форма којашто покажува дејство што се врши сега, во времето додека се зборува за него.

Задачата на учениците е да ги откријат глаголите и да кажат во кое време се тие прикажани.

1. Михаил трча покрај реката.
2. Таа носи заштитна маска на нејзиното лице.
3. Дедо го сече старото јаболково дрво во градината.

Наставникот на учениците им посочува дека од дадените примери може да се забележи дека сите три глаголи кои ги откриле во дадените реченици (трча, носи и сече) се во трето лице еднина. Освен за трето лице еднина, сегашно време има форми и за другите лица во еднина и во множина. За да го потврди ова, наставникот менува три глаголи во сите лица за еднина и множина од сегашно време.

| ЕДНИНА | МНОЖИНА |
|---|---|
| 1 лице - јас трчам | 1 лице – ние трчаме |
| 2 лице - ти трчаш | 2 лице – вие трчате |

| | |
|---|---|
| 3 лице – тој, таа, тоа трча | 3 лице – тие трчаат |

| ЕДНИНА | МНОЖИНА |
|---|---|
| 1 лице - јас носам | 1 лице – ние носиме |
| 2 лице - ти носиш | 2 лице – вие носите |
| 3 лице – тој, таа, тоа носи | 3 лице – тие носат |

| ЕДНИНА | МНОЖИНА |
|---|---|
| 1 лице - јас сечам | 1 лице – ние сечеме |
| 2 лице - ти сечеш | 2 лице – вие сечете |
| 3 лице – тој, таа, тоа сече | 3 лице – тие сечат |

Глаголите што во трето лице еднина од сегашно време завршуваат на **а**, во трето лице множина се пишуваат со две **а**.

**Завршен дел**

Во завршниот дел од часот наставникот на учениците им задава задача за минута време да направат по две реченици во сегашно време, а потоа ја задава домашната работа.

**Домашна работа**

Напиши состав со наслов „Еден мој училиштен ден". Потоа пронајди ги и подвлечи ги сите глаголи употребени во сегашно време и определи го лицето на кое му припаѓаат тие.

**Наставна единица:** Минато време

**Цел/и:**

- да го определува минатото време;
- да ги разликува формите на за минато време во однос на другите глаголски форми / глаголски времиња.

**Очекувани резултати од учењето:**

- ги знае особеностите на минатото време;

- прави разлика помеѓу формите на минато време во однос на другите глаголски форми и глаголски времиња;
- практично го препознава и правилно го определува минатото време во говорот (во писмена и усна форма).

**Воведен дел**

Наставникот часот го започнува на тој начин што на учениците им ја чита иазразно песната со наслов „Црвено знаме“.

ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Во Крушево славно на Мечкин Камен
црвеното знаме **се развеа** в шир,
-симбол на вечна и крвава борба
за слободен живот во градба и мир.

Питу Гули, Карев – Илинденци смели
го **дигнаа** вишно од срцата свои,
Македонци храбри под него **се збраа**
за последен тежок, решителен бој.

В квечерина, кога и последни борци
**загинаа** смело без лелек, без глас,
црвеното знаме поцрвено **стана**
од крвта што **бликна** в борбениот час.

Душко Аврамов

Откако наставникот ќе заврши со читањето на песната, од учениците бара да се пронајдат сите глаголи кои се дел од песната.

**Главен дел**

Наставникот од учениците бара да ги прочитаат глаголите кои ги пронашле во песната, а потоа на учениците им кажува дека поетот при создавањето на песната употребил зборови (глаголи) чии дејства започнале и се завршиле пред моментот на зборување за нив.

Ако глаголското дејство се вршело или извршило пред моментот на зборувањето, велиме дека тоа глаголско дејство е во минато време.

бидат означени и дејства што ги сфаќаме во нивниот тек во минатото, наспроти дејства што и почнале и се завршиле во еден миг од минатото. Тоа наставникот го поткрепува со примери:

- Сношти во куќата на Стојан ламбата светеше доцна во ноќта.
- Филип го читал детскиот роман „Гоце Делчев“ од Ванчо Николески.

Наставникот за да согледа колку е разбрано она што е кажано на часот, на учениците им задава задача каде од нив се бара во посочените реченици да ги пронајдат и да ги означат глаголите што се употребени во минато време.

1. Со другарите игравме пред нашата зграда.
2. Телефонот ѕвонеше многу долго.
3. Во 17 часот пристигнавме на договореното место.

- Промена на глаголот во минато време по лице и број.

За да ги дознаеме формите на глаголот прикажан во минато време тоа ќе го сториме преку менување на глаголот **стана** по лице и број.

| ЕДНИНА | МНОЖИНА |
|---|---|
| 1 лице - јас станав | 1 лице – ние станавме |
| 2 лице - ти стана | 2 лице – вие станавте |
| 3 лице – тој, таа, тоа стана | 3 лице – тие станаа |

Наставникот од учениците бара според претходно кажаниот пример да ги менуваат глаголите: **свети** и **чита**.

**Завршен дел**

Учениците се делат во парови, едниот ученик од парот кажува глагол, а другиот го менува по лица во минато време, потоа ги менуваат улогите.

**Чек листа:**

- препознавам глаголи (зборови кои означуваат дејства);
- препознавам глаголи во минато време;
- разликувам и споредувам примери со реченици во кои се употребени глаголи во минато време и глаголи во сегашно време;
- составувам реченици со употреба на глаголи кои означуват дејства во минато време.

**Домашна работа**

Според дадената фотографија напиши состав во кој ќе употребиш глаголи со кои се искажува минато време.



**Наставна единица:** Идно време

**Цел/и:**

- да го определува глаголското време со кое се изразуваат дејства по моментот на зборувањето;
- да ги разликува формите на идното време.

**Очекувани резултати од учењето:**

- ги знае особеностите на идно време;
- прави разлика помеѓу формите за идно време наспрема формите за сегашни и минато време;
- практично го препознава и правилно го определува и употребува идното време.

**Воведен дел**

Наставникот часот го започнува на тој начин што од еден од учениците бара да ја прочита песна со наслов „Ние децата “.

НИЕ ДЕЦАТА
Ние децата **ќе изградиме** град
со многу зелени крошни.

Ние децата **ќе изградиме** град
со голем, син небесен свод.

Ние децата **ќе изградиме** град
со најголема улица на радоста.

Ние децата **ќе изградиме** град
што врагот никогаш **не ќе** го **пороби**.

Ние децата **ќе изградиме** град
во нашите срца.

Григор Витез

Откако ќе се заврши со читањето на песната, наставникот поставува прашање до учениците: кога ќе се изврши глаголското дејство што го означува обележаните глаголи? Очекуван одговор од учениците е дека истакнатите глаголи во песната означуваат дејства што треба да се извршат по моментот на зборувањето за нив, односно во иднина.

**Галвен дел**

Наставникот на учениците им појаснува дека, кога дејството ќе се врши или ќе се изврши по моментот на зборувањето, тогаш станува збор за глаголското дејство во идно време.

Наставникот на учениците им поставува задача каде тие треба да ги дополнат речениците со глаголи претставени во идно време.

1. Александар____________________на пазар.
2. Утре ние сите заедно __________________акционен филм.
3. По една година ______________________тетка ми од Германија.
4. Кога __________________ сакам да бидам адвокат.
5. Вечерва __________________ порано.

Наставникот од учениците бара со сопствени зборови да кажат кои се глаголите со кои се искажува идно време, а потоа тој им кажува на учениците како гласи точната дефиниција за идно време.

**Глаголите што означуваат дејства што ќе се вршат или извршат по моментот на зборувањето, односно во иднина, велиме дека се во идно време.**

Дејството во песната „Ние децата", искажано со глаголот **ќе изградиме** е во прво лице множина, а дејството искажано со глаголот **не ќе пороби** е во трето лице еднина. Во продолжение формите за идно време и за другите лица во еднина и множина од овие глаголи.

| ЕДНИНА | МНОЖИНА |
|---|---|

| | |
|---|---|
| 1 лице - јас ќе изградам | 1 лице – ние ќе изградиме |
| 2 лице - ти ќе изградиш | 2 лице – вие ќе изградите |
| 3 лице – тој, таа, тоа ќе изгради | 3 лице – тие ќе изградат |

Наставникот од учениците бара според претходно кажаниот пример да ги менуваат глаголите: **игра** и **влече**.

Глаголите од идно време најлесно ќе ги препознаеме по честичката **ќе**; оваа честичка се среќава пред формите за сегашно време во сите три лица за еднина и за множина.

**Завршен дел**

Во завршниот дел од часот наставникот дава насока да се напишат по неколку реченици со глаголите: одам, патувам, посетувам, станам, уживам. Учениците треба да ги напишат речениците ставајќи ги глаголите во идно време. Наставникот појаснува дека речениците може да се однесуваат на нешто што го посакуваат за во иднина како на пример: Ќе одам на одмор во Шпанија, ќе уживам на песочните плажи и ќе ја посетам и Барселона.

**Домашна работа**

Во извадокот од расказот „Како расте татковината" повеќето од глаголите се употребени во идно време. Определи ги сите глаголи, а потоа три од нив измени ги во сите три лица во еднина и множина во идно време.

КАКО РАСТЕ ТАТКОВИНАТА

Истрчавме по неа, па сега се наоѓаме во еден друг град. Тој град е, исто така, наша татковина. По него откриваме и едно село, па друго село, па трето... Па загледуваме ново поле, нови ниви, една нова, длабока река. И сè се тоа делови од телото на нашата татковина.

Но, како да ја стигнеме? Како да ја опфатиме од еден крај на друг кога таа секогаш ни се извлекува, како да ја опфатиме така недофатна?

Со итрина? Хм, во ред: ќе читаме книги за неа, ќе ја цртаме, ќе ја замислуваме, ќе ја проучуваме...

Па, ќе градиме патишта, ќе создадеме брзи возила и ќе патуваме по неа со автобуси, бродови, со авиони, со млазници.

Ќе правиме мостови, тунели, ќе копаме рудници за да навлеземе конечно до нејзиното срце, зашто дури тогаш ќе ја фатиме...

Оливера Николова



**Наставна единица:** Вежби за правилна употреба на сегашно, минато и идно време во писмена и усна форма; вежби за разликување на формите на глаголите

**Цел/и:**

- да го определува и правилно употребува сегашно, минато и идно време;
- да ги разликува формите за сегашно, минато и идно време во писмена и усна форма.

**Очекувани резултати од учењето:**

- ги препознава, определува и практично употребува сегашно, минато и идно време.

Овој час е наменет за вежби за правилна употреба на глаголското време во писмена и усна форма и разликување на формите на глаголите. За таа цел, наставникот подготвува примери и задачи за учениците преку кои тие ќе заклучат и понатаму правилно ќе го применуваат своето знаењеза глаголските времиња. Притоа, се објаснува фактот дека **моментот на зборувањето** е временска точка од која се разграничува она што се вршело или се изавршило, од она што ќе се врши или ќе се изврши. При објаснувањата различни шеми, графикони и табели можат да бидат од особено значење, како на пример следното:



За да им биде трајно знаењето за овие поими, на учениците треба да им се укаже глаголот секогаш да го поставуваат во контекст со прилозите **сега**, **вчера**, **утре**. Тие треба да сфатат дека ако глаголот логично стои со прилогот **сега** со него се искажува сегашноста (сега читам). Ако, пак, глаголот може стои со прилогот **вчера**, со него се искажува минатост (вчера читав). И ако глаголот логично стои со прилогот **утре**, со него се искажува идност (утре ќе читам).

Кажаното може прегледно да се претстави на следниов начин:




## ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА

Во подрачјето литература во оваа тема ќе се задржиме на поимот роман за деца, неговата анализа и интерпретација, но ќе се посветиме и на читањето - правилното и точно интонациско читање бидејќи истото е чекор поблиску до читањето со разбирање на литературни текстови и секаков вид други текстови. Во изразувањето и творењето ќе вежбаме да опишуваме и пишуваме текст по план и насоки и секако ќе зборуваме за театарот и филмот како елементи на медиумската култура.

Романите за деца се обемен наративен тип на литература наменета за деца во која главни ликови се деца. Како што гласи и дефиницијата за романот како литературно дело за возрасни читатели, тој е творба со развиена фабула, поголем број ликови и настани. Честопати романите за деца имаат маала/соседства, групи, друштва на кои заеднички им се случуваат возбудливи

нешта, авантури, игри, караници и смирувања, преплетени со настани во кои има љубов, љубомора и завист, но и среќа подеднакво како и тага, детски надежи, стравови и искуства, соочување со проблеми и нивно детско решавање. При решавањето на проблемите во романите за деца, може да има посредство и на некој возрасен, тој лик тогаш е во улога на лик помошник кој помага на *лидерот на бандата во остварувањето на целта*, кој пак редовно е *некој умен и праведен* во остварувањето на личната или колективната цел кон која ќе се стремат децата. Ликовите на возрасните може да бидат и противници на идеите, најчесто на идеите за игра и забава на децата па, преку повеќе досетки истите да бидат донесени во една хумористична линија.

Важно е да се напомене дека иако повеќето романи за деца се соодветни на возраста, сепак, во современата литература има некои приказни што бараат подобро разбирање, со што оваа литература се граничи со литература која и не е само детска. Во таа смисла, во последно време сведоци сме на европските и светските тенденции на читање текстови во кои ќе има различни ликови, од различни средини, социјални и културни околини, лица кои се различни по повеќе или барем на една основа. Глобалната тенденција на оваа литература е влијание во поглед на воспитувањето и формирањето ставови за разликите преку таканаречената поетика на другиот, односно, другоста во најшироката смисла на зборот. Тука спаѓаат темите кои ретко или никогаш не биле третирани, теми кои се поврзани и со здравствени и со социјални, материјални па дури и политички ситуации и контексти во кои живеат и растат ликовите како прото/типови.

Како и романите за возрасни така и романите за деца можат да бидат различни по вид: роман за детството, роман за животните, авантуристички роман за деца, научно-фантастичен роман за деца, роман со фантастична содржина (со преплетување на кодовите на раскажување), историски роман за деца и други.

Карактеристики на романите за деца:

• едноставност во градењето карактери, едноставна наративна структура, едноставен стил на изразување;

• често преувеличување на можностите на ликовите на децата, но и хумор како противтежа кај возрасните;

• ликовите во романите за деца се деца кои и тие се носители на дејството и го означуваат сензибилитетот на детето, неговата наивност и едноставност;

• играта, авантурата и акцијата се чести теми овие романи со најголемо внимание на принципот праведност;

• семејството е често лик, колективен или пак претставници од него;

• често има црно-бело сликање на ликовите.

Ликовите во романите за деца се поделени на:

• колективни ликови -групи каде главниот лик е „водач" на одредено друштво и кој ја потврдува својата индивидуалност и одвоеност од другите ликови со својата храброст, интелигенција, сила;

• фантастични ликови - ликови кои се појавуваат како комбинација од фантастично и реално;

• постари ликови кои се појавуваат во романи за деца во повеќето случаи ја поставуваат моралната вертикала (учител, старец/старица/мудрец, добар сосед) или главниот негативец (антагонист) на делото.

• ликовите животни во романите за деца се антропоморфозирани и ја претставуваат врската и хармонијата на децата со животните и природата воопшто (пример лектирата „Пајажината на Климентина").

**Наставна единица:** Детски роман – поим и основни особености

**Цели:** усвојување на поимот роман за деца преку извадок.

**Резултати од учењето:** препознава и дефинира роман за деца, дискутира за неговата тема, ликови и проблемски ситуации.

**Критериуми за успех:** читање со разбирање содржина на изводок од роман, ангажираност во дискусијата, одговор на прашања.

**Воведни активности:** Наставникот насочува мала дискусија на тема: омилена книга и омилен лик. Од учениците се очекува да кажат роман/и и да посочат ликови од нив. Потоа посочуваат со кој лик се поистоветуваат и зошто. Наставникот прашува со кои теми учениците се чувствуваат најзаинтригирани.

**Главни активности:** Наставникот го чита текстот, а учениците слушаат за да можат да дискутираат по читањето.Наставникот им обрнува внимание да забелеѓат кои ликови ги има, колку настани има и кој од ликовите како се однесува.

## ЈАС

-Каква е оваа тема, по ѓаволите!- се нервирав по којзнае кој пат кинејќи го листот во тетратката за домашни работи. – Тоа ти било наставничка! Што ќе и текне нејзе на ум, за тоа ќе си ја чукаме ние главата. Наместо да ни даде тема како за нормална наставничка, за пролет, за лето, за празник, за книга, на пример... Таа! Глупости! Нека си напише самата, јас на таа тема не знам да напишам ниту збор!

-Мирна со кого разговараш? – ме праша тато насмеан. –Кому му се лутиш толку?

-Раговарам со самата себе, а и се лутам на наставничката по македонски!- Зошто?

-Ни даде да напишеме домашна работа на тема „Зошто жирафите имаат долги вратови?" Како ти се чини? Тема ли е ова за деца од моја возраст?

- Малку е чудна, навистина, ама ти ќе смислиш нешто, сигурен сум! – се вмеша Федер Фризура кој беше дојден на кафе.

Токму и тој миг влегуваа и мама и тетка Оливера.

- Оливера, мораш да му помогнеш на девојчево, ја искина целата тетратка! – и се обрати Федер Фризура на својата сопруга.

- Да ѝ помогнам на Мирна, ни случајно, па таа пишува подобро од сите нас. Што е проблемот, госпоѓице?

- Ништо- одговорив кисело и ја затворив тетратката. Но, откако видов дека тетка Оливера не го трга погледот од моето лице, дообјаснив – Треба да напишам домашна на тема „Зошто жирафите имаат долги вратови?"...

- Сигурно наставничката сакала да се пошегува и да ја провери вашата фантазија, нема ништо лошо во тоа, сине -се јави мама, а јас бев толку изнервирана што не можев дури ни да ѝ кажам дека јас сум ѝ ќерка, а Војдан ѝ е син.

- Нека си се грижи наставничката за својата фантазија, а не за мојата. Јас мислам дека оваа тема е утната!

- Не може темата да ја утне оној што ја задава, туку оној што ја пишува - барем во мое време беше така – мудруваше Федер Фризура.

- Немој да се нервираш, ако навистина немаш никаква идеја, еве јас ќе ти помогнам. Можам да ти напишам и некоја моја размисла за да видиш што, всушност, се бара од тебе. Потоа ти самата ќе се досетиш, сигурна сум.

- Баш ти благодарам, тетка Оливера. Ти напиши ми малку, а јас ти ветувам дека нема да го препишам твоето, туку само ќе го искористам како идеја.

- Важи, само да го испијам кафето и веднаш одам да ти напишам.

Малку се успокоив, ставив млеко со „несквик“ во шолјите за кафе ( и за мене и за Војдан ) и јас и брат ми седнавме на масата со возрасните. Сите во истиот миг ги заборавивме жирафите сосе нивните долги вратови. Зборувавме за сѐ и сешто, со нашите соседи навистина човек не можеше да се изназборува и таман си помислив дека тетка Оливера заборавила на ветувањето, таа стана и рече:

- Јас одам!

- Почекај Оливера, имам нешто благо, почекај! – ја задржуваше мама.

- Фала ти, Марија, ама си имам обврска. Ќе дојдам подоцна пак. Мирна, се гледаме наскоро, важи?

- Важи! – реков пресреќна што не ме заборавија. Мислам што не ја заборавија мојата жирафа, а не мене.

- А јас? – неодредено праша Федер Фризура. – Јас сакам благо!

- Па ти седи си, кој те брка тебе? – се насмеа тетка Оливера излегувајќи.

Војдан го истури своето „кафе“, мама се стрча да донесе крпа, јас му се развикав дека е прцул, не знае ни да пие како што треба, тој се залета да ме удри викајќи дека ќе ми го истера тој мене зборот „прцул“ од главата и ... го истури и моето „кафе“. Додека траеше воспитниот дел од настанот ( да не речем кавгата!), Федер Фризура беше постојано на наша страна и ние му бевме крајно благодарни за тоа. И јас и прцулот, пардон, и Војдан.

Мама првин го собра чаршафот, ја избриша масата и дури кога виде дека имаше млеко и на тепихот, налутено почна да мрмори барајќи со што да исчисти и тоа да не остане дамка.

Војдан како да се ослободи од чувството на вина, постојано се вртkaше околу неа и уште повеќе ѝ ја усложнуваше работата.

-Војдан, оди во детската соба! Веднаш! – му рече со не многу нежен глас, а тој ѝ одговори:

- Добро, добро, ќе одам, ама ... мамо, треба полека, стрпливо и интелегентно, а не со викање!

- Ќе ти кажам јас тебе полека, стрпливо и интелегентно, тргај се од тука!

- Марија, убаво ти вели детето: полека, стрпливо и интелегентно! – почна да ја задева и тато и сите почнавме да се смееме на нејзината лутина. Мама сфати дека му придала преголемо значење на едно обично истурање „кафе“ кое и не беше витинско кафе, значи не може да оства којзнае каква дамка и нејзиното лице доби весел изглед. Војдан ѝ се приближи и ја бакна.

- Ваква те сакам, мамичке! – ѝ рече, а таа се стопи од среќа. Брат ми навистина знаеше кога треба да ја бакне. Во тој трогателен миг, на вратата се појави тетка Оливера. Мене ми подаде еден лист, а на Федер Фризура му дофрли:

- А да поседеше малку и дома, што велиш?

Оливера Ќорверзироска

*(Мојот брат од тринаесеттиот кат)*

**Дискусија**

Кои ликови ги сретна во приказната?

Како се викаат? Која е Мирна? Кој е Војдан? Во каква релација се тие? Што е темата на текстот? Кој лик има проблем во текстот? Според тебе, како Мирна се справува со таа ситуација? Може ли да ги прочиташ рецениците во кои се зборува за чувствата на Мирна на почетокот од текстот?

Што треба да се случи за Мирна да стане мирна?

Кој е второт проблем во извадокот? Кој го предизвикува? Најди ги рецениците каде што се опишува истурањето на детското кафе. Опиши го со свои зборови овој дел од текстот.

Кои ликови се „спасители"? Како Мирна се справува со нивната улога на помошници? Во кои реченици го согледа тоа?

Кое е твоето мислење за постапката на Мирна? Си бил/а ли во ситуација како Мирна? Како постапи ти? А како би постапил/а да си ти Мирна? Образложи го својот одговор.

**Завршна активност:**

Учениците играат улоги, по сопствен интерес ги поделуваат *улогите* на Војдан, Мирна, мајката и таткото како и Оливера и Федер Фризура.

**Домашна работа**: Ги опишуваат ликовите со наведување по две карактеристики за нив кои ги согледале во текстот.

**Наставна единица:** Анализа на извадок од детски роман (Јас, извадок од романот „Мојот брат од тринаесеттиот кат" од Оливера Ќорверзироска)

**Цели**: да се чита и анализира извадок од роман со воочување на неговите карактеристики, тема и ликови.

**Резултати од учењето:** анализира користејќи и интерпретирајќи цитати од роман за деца.

**Критериуми за успех:** читање со разбирање содржина на извадок од роман, ангажираност во дискусијата и одговарање на насочувачко – поучувачките прашања.

**Активности:**

**Наставникот на овој час преку прашањата ќе се обиде да ги насочи учениците да дојдат до следниот заклучок:** Романите за деца се поголем раскажувачки тип на литература наменета за деца во која главни ликови се деца. Романот е творба со развиена фабула, поголем број ликови и настани.

**Дискусија**

Кои ликови ги среќаваш во извадокот? Можеме ли да ги опишеме со неколку зборови? Како можеме да си обезбедиме доказ за нивното однесување и особини? За секој лик побарај по еден аргумент во текстот.

**Опиши ги користејќи информации од речениците во текстот.**

Наброј ги ситуациите кои се случуваат во станот тоа попладне раскажано во овој извадок. Сега издвој ги ликовите кои учествуваат во секој од нив.

Наброј што направи Мирна, а што направи Којдан.

Направи Т – табела и постави ги детските ликови на различна страна. Напиши за секој од нив мислење за постапките кои ги прави.

Според она што го прочитавме, што мислите на каква тема е пишувано во оваа книга? Според тоа каков вид текст е ова?

Кога почна да го читаш текстот дали настаните се чинеа дека се надоврзуваат ?

**Завршна активност: учениците предвидуваат продолжение на настаните при можното читањето на овој извадок и однесувањето на Мирна и Којдан.**

**Наставничката прашува: Ако во еден текст има повеќе ликови, повеќе настани, случки кои се организирани во една заедничко време и место, кога има поголем обем на раскажување, како се нарекува таа творба?**

**Домашна работа: изработување на сопствена дефиниција за роман.**

**Наставна единица:** Вежби за усвојување на поимот роман за деца преку анализа на прочитан роман (преку последната лектира „Пајажината на Климентина“ од Е. Б. Вајт)

**Цели:** ученикот/ученичката да го/ги усвојува поимот роман за деца, да препознава негови карактеристики, ликови и тематска определеност.

**Резултати од учењето:** препознава роман за деца како посебно литературно дело.

**Критериуми за успех:** читање со разбирање содржина на изводок од роман, ангажираност во дискусијата.

**Воведни активности:** Наставникот пушта аудио запис со прочитана првата глава од лектирата за потсетување на нејзината содржина.

**Главна активност**

**Дискусија**

**Која е Темјанка во романот?**

**Како читателите се запознаваат со Темјанка, што прави таа во својот дом? Опиши ја со пет збора.**

**Што мислиш, како се чувствувала таа?**

**Што успева да направи таа, кого успева да го убеди дека малото кржле треба да живее? Спасувањето на прасето бара одговори на други прашања, кои?**

**Опиши ги деновите на Цанко во куќата на Темјанка.**

**Каква релација изградуваат тие? Дали Цанко се однесува вообичаено за едно прасе? Објасни го својот одговор.**

**Колку време останува таму, во домот на Темјанка?**

**Каде се преселува потоа Цанко?**

**Според она што го прочита во лектирата, во кое време и колку траат настаните во романот? Каде Бимбиловци го оставаат малото прасе?**

**Кој друг живее таму? Што мислиш како се чувствувало прасето таму?**

**Кој го посетува? Што прави Темјанка при секоја посета?**

**Кога Цанко почнуваме да го читаме со поинакви особини освен со оние прасечките?**

**Кој е најголемиот проблем на Цанко? Како се решава тој?**

**Опиши како се случува пријателството со пајакот?**

**Дали се менува односот на прасето и Темјанка? Зошто мислиш така?**

**Климентина, според она што го прочита, на која возраст е? Посочи неколку факти за тоа?**

**Со каква закана се соочува прасето? Кој му помага? Како?**

**Од релацијата на Цанко и Климентина може ли да кажеш што е тоа пријателство?**

**Дали тие двајцата се разликуваат/ Во што?**

**Што мислиш, каква пријателка е Климентина?** Што прави таа што го покажува тоа?

Наведи три причини заради кои е лесно/тешко да си прасе/пајак/стаорец?

Како прасето стана необично?

И каде ја покажа својата необичност прасето?

Објасни што значи исказот: циклус на животот?

На што те научи оваа лектира?

Значи колку настани има во оваа книга? Колку ликови? Дали се тие поврзани? На кој начин? Според темата, каков е овој роман?

**Завршни активности:** Напиши со пет реченици, дали и што ти се допаѓа од оваа лектира!

**Наставна единица: Говорот на писателот и говорот на ликовите (**2 часа)

**Цели:** препознавање делови од текстот како дијалог меѓу ликовите и како говор на писателот односно на раскажувачот.

**Резултати од учењето:** препознава дијалог меѓу ликовите и говор на писателот на раскажувачот.

**Критериуми за успех**: читање со разбирање содржина на извадок од роман, ангажираност во дискусијата.

**Воведни активности:** Симулација на разговор на која било тема меѓу двајца посочени ученици. Симулација втора – се сретнуваат две деца, зборуваат само со отворање на устата без да испуштаат зборови, а трето дете, раскажува што си велат ликовите. Учениците дискутираат разлики.

**Главни активности:** Наставникот ги остава учениците самостојно да го прочитаат текстот. Имаат задача при читањето да ги забележат деловите во кои има дијалог и деловите во кои нема дијалог. Се договараат со наставникот кои два знака да ги користат за бележењето во текстот.

**Прва приказна**

- Ако било одамна. Многу одамна....Тогаш, тоа е приказна, - рече Леа.

- Може да биде и приказна,- рече татко ѝ.

- Може да биде и приказна? – Леа го погледна сомнително.

- Се сомневаш? Зошто? – ја праша татко ѝ.

- Приказните се приказни.Вистината си е вистина, - му објасни Леа и го погледна сомнително.

- Јас не се согласувам, - рече татако ѝ.

- Не се согласуваш? – Леа го погледна зачудено.

Таа престана да ја бои ѕуницата над нивната нацртана куќа. Боичката што ѝ беше во раката започна да потскокнува по цртежот. Под заострениот врв започнаа да се расцутуваат ситни, виолетови цвеќенца.

- Да. Не се согласувам...Бидејќи во приказните има многу, многу вистина...А од секоја вистина може да се создаде многу, многу убава приказна, - рече татко ѝ.

- Докажи! – Леа ги подигна веѓите за да ја изрази сериозноста на барањето.

- Докажувам! Можам од овој разговор да направам приказна. Можам од твојот цртеж да направам приказна...Твојот роденден да го прераскажам во приказна.

Татко ѝ не престануваше да работи на компјутерот, само одвреме – навреме погледнуваше во неа, а таа ту си ги поткаснуваше усните ту ги собираше веѓите. Потоа ги рашири очите небаре го откри „абракадабра“ на циркуската магија. Поминувајќи од друга страна на масата за да седне до него, таа ја испушти боичката. Боичката се стркала во реката и рипката исплашена се нурна во темносиниот бран. Леа се штрекна од зачуденост. Кутрата плашливка, помисли, и со раката си мавна преку лицето како да се растерува здодевни мушички.

Во моментот и најчудесните чуда ѝ беа безначајни пред желбата да ја слушне приказната што татко ѝ ќе ја измисли за неа. А тој како да не ја забележување нејзината нетрпеливост, си остана загледан во екранот на компјутерот, продолжи да си запишува нешто во дебелиот нотес и полугласно да си чита по некој збор на некој чудесен јазик. Љубопитството не ја остави рамнодушна, се мушна под раката на татко си како под рампа, па сега и таа беше пред компјутерот.

-Каков е тој страшен јазик? Какви се тие фотографии? Кога ќе ми измислиш приказна?

Татко ѝ се насмевна. Разбушувувајќи ѝ ги немирните перчиња над челото, се подистави за да ѝ направи место за себе си.

-Латински....Тој јазик е латинскиот. Но, не сум слушнал дека некој јазик може да биде страшен. Страшно е незнаењето. Фотографиите? На фотографиите се монети. Стари монети.

-Колку стари? Како баба ми? – Леа ги ширеше очите во исчекување на одговорот.

Љубопитството и нетрпеливоста се натпреваруваа во нејзината главичка, па таа потскокнуваше на столот, се вртеше да го види лицето на татка си, се собираше и пресвиткуваше како гумена играчка.

-О многу, многу постари!

-Како пра-пра-прабаба ми.... и таа прабаба, нејзината пра-пра-прабаба?

-Така некако, - татко ѝ се насмеа гласно. – Но, дали се уште ја сакаш приказната за нас?- Леа потврди безгласно, само со израз на лицето и тој продолжи. – Па, добро...еве ја нашата приказна! Таа е запишана на овие три парички! Во тој момент погледите им се сретнаа. Во погледот на детето пламен на зачуденост, а во погледот на таткото сјаеше задоволството од побудата на таа зачуденост.

Еве ја приказната што ја раскажа татко ѝ.

Далеку, далеку на југ, меѓу морињата и планините се наоѓа Земјата на приказните. Необично име за една земја, нели? Но зошто би било понеобично од името на некоја друга земја...Да речеме...Велика Британија или Јужна Африка. Многу, многу одамна Земјата на приказните некои ја нарекувале Земја на патиштата.Така и било. Таа била крстосница на многу патишта

што биле од големо значење за жителите од Земјата на планините и Земјата на морињата. Низ неа поминале безброј патници, безброј трговци и војски.

А ако животот на секој човек е приказна за него и секое семејство има своја приказна и ако од секој настан може да се раскаже приказна, тогаш можеме ли да си замислиме колкав е бројот на приказните што започнуваат или завршуваат во една земја во која се вкрстуваат патиштата на светот. Сеедно, дали луѓето останувале да живеат во таа земја или си заминувале, приказните за нив останувала во нечие срце. Во некој момент од животот некој можел да ја прераскаже некому за да му помогне, да го охрабри, да му покаже дека и најневеројатното некогаш е вистинито, а вистината дека е најголемото чудо. Затоа жителите во Земјата на приказните најповеќе од сè го ценеле зборот, а човекот кој никогаш не си го погазил дадениот збор бил почитуван како крал...

Отсекогаш било така. Некогаш е потребен само еден збор, единствеен, магичен збор, па да се почувствуваме неизмерно среќни и да го започнеме нашиот сон. Сонот што ќе биде почеток на нашата приказна...Приказните го возобновуваат животот. А животот е приказна...

Во Земјата на приказните, во едно семејство, мајаката се обидела на своите три деца – на двете принцези и на малиот принц да им го објасни значењето на сонот од кој настануваат приказните за животот. Тие ја слушале со подотворени усни како секој изречен збор да бил колаче што го чекаат за да го грицнат.

Човекот без сон е како изгубен в шума, ги предупредила мајка им.

Може ли да е изгубен како во вселената. Ја прашеле нејзините весели деца. Таа им се насмевнала и им кажала дека еден ден и тие ќе тргнат по своите соништа. Тогаш треба да внимаваат, многу да внимаваат за да не заталкаат бидејќи од сонот да се создаде приказна со среќен крај не е мала работа. Децата се погледнувале со недоверба. Тогаш таа ги прашала дали некој од нив има свој сон....

„Јас сонував глупости... Сонував како летам над една голема река. Со мене леташе и едно кученце. Се преправаше дека е добро, а потоа ме касна за петицата. Толку се исплашив што се разбудив“, рекла нејзината малечка ќерка.

„Јас сонував џуџиња минатиотноќ. Пеев со нив и игравме под масата“ рекол нејзиниот малечок син.

„Палавковци мои, јас ве прашувам за поинакви соништа. Тие соништа бараат од вас да сте будни, многу будни. Но, вие сè уште сте малечки за да го сфатите сето тоа“, рекла мајка им.

Но, еден ден нејзинта постара ќерка сама посакала да разговра за соништата.

„Сакам да ми раскажеш за твоите соништа....Дали твојот сон бил да си библиотекарка? ја прашала нејзината принцеза.

Мајката се подзамислила, го подигнала челото и се загледала некаде далеку на спомените.

„Не. Мојот сон беше поинаков...Но сега мислам дека библиотекарката совршено се вклопила во мојот сон. Некогаш, мило, мое, не можеме да имаме потполна претстава што сѐ опфаќа нашиот сон...", одговорила мајка ѝ.

Тоа бил сериозен разговор на една мајка и на нејзината принцеза...

Тоа што се од Земјата на приказните во овој момент и не е толку значајно, бидејќи разговорите за сонот на децата и родителите секаде во светот си наликуваат. А прашањето: Што сакаш да бидеш кога ќе пораснеш", отсекогаш било незаобиколно во ваквите разговори.

„Кога ќе пораснам сакам...Сакам да пишувам книги, ама не секакви. Сакам да пишувам книги за минатото. За многу далечното минато. Возможно е, нели?" прашала принцезата.

Од каде ѝ е таквата желба, се зачудила мајка ѝ!

„Од раскажувањата на татко ми и од неговите книги. Тој постојано вели дека во земјата се закопани безброј тајни што чекаат да бидат одгатнати!" одговорило девојчето.

„Интересно. Но, да се пишуваат книги за минатото, најпрвин треба да се прочитаат многу, многу книги", ја предупредила мајка ѝ. Ќерката ѝ не се поколебала. Кажала дека ќе ги прочита сите книги на светот...Ќе ги изучи тајните писма што никој не ги протолкувал и еден ден ќе напише своја книга..

Била многу возбудена. Очите ѝ пламтеле додека го објаснувала својот сон.

Затоа поаѓањето во училилиште малечката принцеза го сфатила како почеток на остварувањето на нејзиниот сон. Учела со љубопитството и трпеливост. Од година во година сѐ повеќе знаела. А кога ги прочитала и татковите книги и научила многу од нив, сфатила дека сето нејзино знаење е само почеток на нејзиниот сон... И еден ден... нашата принцеза од Земјата на приказните, решена да појде подалеку, се збогувала со своето семејство и со куферот полн книги и фотографии од семејството за да ѝ го топлат срцето во моментите на осаменоста, пристигнала во најголемото училиште на светот... Ах! Само нејзиното срце знаело колку била и радосна и загрижена и преплашена... Честопати се сомневала во својот сон, честопати тагувала по своето семејство и по својата земја.

Но како што ѝ доликува на една принцеза, пред сѐ, била горда на својот сон и затоа бргу – бргу ги оттурнувала копнежливите мисли и тагат како што се отурнува претежок капут во топол ден и тогаш со поголема полет јурела на часовите и во библиотеките за да ги подготви испитите... И кој знае како би продолжила приказната за нашата принцеза, ако еден ден таа не го сретнала својот принц. Тој бил од Земјата на морињата. И како што било отсекогаш во приказните, можеби помогнала некоја добра вила, а можеби било случајно, но на еден час нивните погледи се вкрстиле, а потоа од ден – на ден, какао се зближувале така и соништата им се соединувале.

Само вистинската љубов не го урива сонот. Ако сонот е тврдина, тогаш вистинската љубов е горскиот бршлен што се вкоренува во нејзините темели и расте. Ги преплетува своите жилести стебленца и ги распоредува сјајните ливчиња за да ја украси тврдината, но и да се извиши со

ѕидот. Нивната љубов им ја вратила вербата во сонот – сега заедничкиот сон. Сега далечното минато не било таинствено... А кога им се родила нивната малечка принцеза среќата била толку голема што ги преполнила нивните срца, го преполнила нивниот дом и нивната улица...Тие пратиле гласник да појде кај нивните семејства во нивните две земји и кај пријателите низ светот за да ја огласи нивната радост, да ја пренесе и во нивните срца... Срцето е градина на радоста, но не секое срце.

Тој замолча. Молкот го означуваше крајот на приказната. Леа воздивна и се сврте за да го види лицето на татко си.

- Не ти се допадна? – татко ѝ ја праша.

- Ми се допадна. Но, што е со овие три парички? Ништо не раскажа за нив! Приказната ја измисли. Сега ја измисли, нели?

- Не, ништо не измислив. Приказната е сонот на мајка ти. Ти раскажав како нејзиниот сон ја доведе овде за да ги изучува старите писма... Потоа се сретнавме ние двајцта и еден убав ден се роди ти. Така ли е?

- Да, така е. Но повторно не рече ни збор за старите парички.

-Еве, - рече татко и. Лицето му беше сериозно, гласот уверлив..- на првата паричка е нацртан женски лик во кочија. На втората е машки лик. Зошто женскиот лик да не биде мајка ти, а машкиот лик во кочијата да не сум јас?! Значи принцот и принцезата тргнуваат од своите земји. Пред нив е иднината. Ликот од третата паричка нека биде гласникот кој ја разгласува веста дека ти се роди.

- Прекрасно! – Леа ги рашири очите. Восхитот блескаше во нејзиниот поглед. – Како го смисли ова?

- Ти реков дека животот е приказна и...

- Приказните се животот. – Еден нов глас ја доврши мислата. Тоа беше мајка ѝ на Леа. Таа стоеше наведната над нив, со насмевка. Од вратот го тегнеше свилениот шал што како виножито правеше лак на нејзините раменици. Леа и татичко се свртеа за да ја поздрават.

- Нели е принцеза? – татко ѝ ја праша Леа.

- Да! – се согласи Леа. – Прекрасна е!

Мајка ѝ се насмеа, ги подигна рацете и го испушти шалот во воздухот. Свилената ткаенина залебде над нивните глави, ги обои во пурпурно и се лизна од работ на масата.

- Вау! Како да поминавме под ѕуница! – Леа кликна од воодушевеност и си ги плесна дланките. – Сега ќе ни се случуваат чуда!

- Отсекогаш ни случувале чуда! – рече мајка ѝ и ги прегрна двајцата.

Таа вечер Леа не можеше веднаш да заспие. Размислуваше за приказната што ѝ ја раскажа татко ѝ за трите необични парички што ги виде на компјутерот. Мораше да ги праша дали некаде вистински постојат тие три парички, па да може да заспие.

- Да, тие се наоѓаат во Земјата на приказните - рече татко ѝ.

- Сакам да ги видам...Еден ден сакам да појдеме и да ми ги покажеш вистинските парички.

- Да. Ќе ти ги покажам. Еден ден ќе појдеме кај баба ти и ќе те одведам во музејот каде се наоѓаат, - ѝ вети татко ѝ.

- Ќе ги поведем и Матеј и Лука. Сакам и тие да ги видат!

- Секако дека ќе ги поведем, - ѝ вети татко ѝ.

Гласот му беше тивок а сериозен. Таа задоволно се насмевна. Можеби сакаше уште нешто да го праша ама сонот ѝ ги склопуваше трепките.

-Убав сон, сонценце мое, - прошепоти татко ѝ и ѝ го погали челото.

Таа го слушна, но немаше сили да му одговори.

Мајка ѝ ја раскреваше маста. Цртежот со ѕуницата го стави на полицата со книгите.Се загледа во деталите: во рипката нурната во брановите и во цвеќенцата, па се насмевна.

-Станува трпелива. Го исполнила цртежот, - рече.

- И љубопитна, - додаде татко ѝ.

А што се случи во сонот на Леа?!

Ги виде нив – татко ѝ и мајка ѝ. Беа прекрасни. Лицата им зрачеа од среќа. Облеката што ја носеа беше кралска... Со везба од срма. Влегуваа во сребрена кочија кога ѕуницата од нејзиниот цртеж се заниша и се извиши во лак над нив. Тогаш татко ѝ ја подигна раката и ја дофати...Ѕуницата се престори во шалот на мајка ѝ. Таа си ги покри рамениците. Краевите се вееја на благото ветре...

Како во приказните, Леа си прошепоти во сонот и се сврте на другата страна. Таму месечината како балон од сапуница лебдеше во рамката на нејзиниот прозорец.

(извадок од романот „Вистинската приказна за исчезнувањето на приказните“ од Билјана Станковска)

**Главни активности:** Учениците ги препрочитуваат деловите од текстот каде има дијалог. Прво изделено ги исчитуваат и дискутираат за нивното самостојно функционирање во извадокот. Потоа дискутираат за деловите кои се таканаречениот говор на писателот. Разговараат за раскажувачот како измислен лик од писателот, задолжен за пренесување на приказната. Повторно дискутираат за посебното, изделено функционирање на текст без дијалог.

**Завршна активност на првиот час:**

Опис на Леа и нејзиното однесување во извадокот и коментар за промената на нејзините чувства од почетокот кон крајот на текстот како и влијанијата на приказната во сето тоа.

**На вториот час** при анализата на овој извадок учениците се занимаваат со одговор на следните прашања

Дискусија

Кои ликови ги има во текстот? Може ли да ги наброиш? Која е Леа? Со кого е таа во мометот на раскажувањето? Можеш ли да го препознаеш раскажувачот, во кое лице раскажува? Ти учеше за глаголи потсети се на нив и препознај го раскажувачот.

Со што се занимава таткото на Леа? Со која професија се занимава тој? По твое мислење, колку е возрасна Леа? Преку кои реченици можеше да го заклучиш тоа? Како се чувствува Леа на почетокот на приказната?

Ако речеме приказна во приказна, дали тоа може да се препознае во текстот?

Кој кому што му раскажува? Наведи ги речениците каде почнува и каде завршува приказната во приказна?

Што употребува таткото на Леа при раскажувањето? Кои ликови се појавуваат во неговата приказна? Каков крај има таа?

Најди ги речениците во текстот во кои има пораки од раскажувачот?

Доколку им треба помош наставникот може да го прочита следниот цитат: *Само вистинската љубов не го урива сонот. Ако сонот е тврдина, тогаш вистинската љубов е горскиот бршлен што се вкоренува во нејзините темели и расте. Ги преплетува своите жилести стебленца и ги распоредува сјајните ливчиња за да ја украси тврдината, но и да се извиши со ѕидот.*

**Наставна единица**: Разликување на говорот на писателот од говорот на ликовите преку анализа на извадокот *Како го сретнав пријателот* А од Ј.Владова

**Цели:** Разликување дијалог на ликови во прозен текст и говорот на раскажувачот/писателот.

**Очекувани резултати:** препознава и дискутира елементи од прозен текст- извадок од роман и роман.

**Критериуми за успех:** посветено читање (со разбирање), одговори на прашања и дискусија.

**Воведни активности:** Учениците се мотивираат да кажат различни раскази, примери од романи кои ги читале ( тука можат да се користат примери од од веќе прочитани лектири и без да се нагласува да се детектира раскажувачот и да се провоцира дискусија за неговата природа).

КАКО ГО СРЕТНАВ ПРИЈАТЕЛОТ А

Тоа беше многу чудно... Но, подобро е да не коментирам, како што вели Мама кога ѝ ги раскажувам настаните од училиштето, туку да преминеме на фактите. Така вели таа за случките.

Еве, ако некој праша КАДЕ го сретнав пријателот А, најдиректно ќе треба да кажам: на таванот кај Баба Баба. (Таа е двапати баба бидејќи прво ѝ е баба на мајка ми, а потоа ми е баба мене. Таа е мајка на мојата Баба, а мене ми е прабаба.)

А тој таван, тој не наоѓа во куќата на Баба Баба во Охрид. О, Баба вели дека тој денешен таван некогаш бил кат во кој НЕ се чувале старите работи непотребните нешта од сите наши куќи – скопски, битолски, охридски... Стариот кауч, испокинатите столови за плажа ги донесовме ние од Скопје, потоа некои смешни фотељи во кои боцкаат федерите, донесе вујко ми од Битола, а тетка ми својот стан си го ослободува од сиот „отпад“ како што вели Мама – најлесно затоа што таа си живее во Охрид.

Во некогашната соба на вујко ми, на тетка ми и на мајка ми, од која тие низ прозорецот гледале во Езерото има и многу интересни работи. Јас сакам да буричкам низ фиоките, низ правливите кутии, но таа соба е убава и поради тоа што во неа има и НОВИ работи. Најнови! На пример, Баба Баба и Баба и сите ние од семејството токму пред да се тргне на училиште, сите заеднички, кој колку е квалификуван, како што вели Тато, правиме зимница. Во огромни садови што сето време се криеле во „високата“ соба, правиме туршија - небаре за цела војска луѓе. Правиме ајвар, пинџур, мармалад и најубавото нешто на светот – СЛАТКО!

Е, ако сакаме да сме вистинољубиви, треба да се рече дека тоа царско слатко го прави, всушност, Баба. Баба Баба седи облегната во еден од оние столови за плажа и божем – таа го прави! Постојано ѝ дикстира на Баба колку шеќер да стави, како да го извади

овошјето од варното млеко, постојано ги подноместува очилата врз носот и врти со главата кога Баба стрпливо, бесконечно стрпливо, со мало лажиче влече проѕирни конци од шербетот над чиничето.

Но јас знам дека Баба самата знае да направи слатко. Само Баба ѝ го прави ќефот на Баба Баба за да не се почувствува заборавена и неважна. Кога еднаш ја прашав за тоа, Баба со извиткана веѓа ми рече: „Па, малечок мој, јас научив да правам слатко од мојата мајка. Значи, Баба Баба е мојот учител.  Таа е тука и треба да се праша за совет. А знаеш, стануваме уште подобри ако си ги прашуваме учителите. И, ако ги почитуваме... “

Тоа го запаметив, но, сепак! На почетокот не ја почитував мојата учителка бидејќи сè што учевме јас веќе знаев. Сите букви. Подоцна таа почна да раскажува нови нешта и јас почнав да ја почитувам.

Значи, слаткото! Тоа е најубавото ново нешто што се чува во таванската соба во Охрид. (Пред да си го поделиме ние неохриѓаните, пред да го земеме тегла по тегла, по секое доаѓање кај Баба Баба.) Во различни тегли, ни многу големи, ни многу малечки, туку во оние, токму какви што треба за слатко, откако ќе се отворат побрзо да се потрошат за да не се шеќердисаат... Јас илјадапати сум рекол дека слаткото на Баба и о буре нема да се шеќердиса бидејќи – ЈАС тоа нема да го дозволам, со време ќе го изедам сето!

И така, зимата кога имав девет години, за време на распустот со Баба отидовме кај Баба Баба во Охрид. Таа не сакаше ниту да слушне да се пресели кај нас бидејќи не може да живее без својата куќа. Баба честопати вели дека ушпте малку, само уште малку и јас ќе бидам голем како братучедите и дека таа ќе замине кај Баба Баба затоа што на децата веќе нема да им биде потребна...

Јас тогаш силно ја гушкам и велам дека мене секогаш ќе ми биде потребна. Таа недоверчиво врти со главата, а јас речиси липајќи прашувам зошто таа Баба Баба  е толку инаетлива? Би било прекрасно сите да живееме во Скопје а кога ќе дојде лето, ние пто сме слободни, со ена ќе одиме во Охрид!

Баба тогаш по стоти пат објаснува дека Баба Баба свикнала на предметите во својата куќа. Го сака својот малечок двор со леандри. Сака низ прозорецот наутро да го поздрави Езерото и стуткана во шалот врз двоседот замислено да ги слуша водите кога ѝ шумолат зад ѕидот. Таа, така, сака да дише бавно движејќи се од шкафот до долапот, од столот до печката... Одговорна е за својата куќа. И што би се случило со сите убави цвеќиња што восхитено ги мирисаме ако таа си замине?

Јас извикувам дека Баба Баба за инает сади само нови и нови цвеќиња, измислува дека мора да ги храни норовите зиме, само за да не дојде во Скопје...

Баба се смее и вели дека Баба Баба е најстара и дека е „нормално“ што таа сака сите ние да доаѓаме кај неа. Тогаш ѝ е убаво... Како некогаш кога сите се собирале кај неа, со некоја тага вели Баба.

Јас не ги паметам тие собирања на целото семејство . Тоа било уште пред да се родам. Сега моите братучеди се големи. И битолчаните и охриѓаните лете сакаат да одат на ДРУГИ места. Мене тоа ми е смешно. Јас не сакам никакви грчки мориња и острови. Јас најмногу го сакам Охрид. Братучедите ми се потсмеваат дека ќе ми се смени вкусот, но Баба спокојно ме теши дека тие се оние на кои ќе ми се смени вкусот, но Баба спокојно ме теши дека тие се оние на кои ќе им се смени вкусот, Охрид ќе ги чека , а дека јас, токму како и таа, сум имал к'смет да си ја „препознаам" љубовта засекогаш!

Значи, зимата кога јас имав девет години... Еден ден се качив во таванската соба. Буричкав низ фиоките и со едното око ги меркав теглите со слатко. Носот почна да ми се лади од дишењето студен воздух и почнав со повеќе внимание да ги разгледувам теглите. Морав брзо да пронајдам барем една со некаква „маана" – за да ја отвориме. Најчесто измислував некоја почнала да се расипува , дека малечката точка што само јас ја гледам е почеток на мувла. Баба само ќе се насмевне и нормално – и БЕЗ гости, само за мене, ќе отвори чичка-нова тегла и покрај немтурестите мрморења на Баба Баба!

Овојпат се премислував – капинки или јаготки, додека се качував врз столот. Посегнав со раката кон подредените тегли и – катастрофа ! Пропаднав низ распараното седиште на столот од преплетени нишки од лико... Моето пропаѓање не ќе беше толку страшно доколку со раката не повлеков едно чудо нешта од врвот на рафтот. Замижав силно! Кога ги тргнав рацете од очите здогледав две живи и здрави тегли врз подот. Со џем од кајсии. Имаше една со желе од дуњи, а едно тегличе со слатко од сливи со големи јатки од ореви, стоеше негибнато, само – свртено удолу со целофанот... Почнав да го благословувам дебелиот ќилим на тетка ми, спасителот на теглите кога... од едно купче скршени срчи нешто почна силно да чади...

Потоа се покажа дека току тој чад е мојот пријател А!

*(Извадок од романот „Мојот пријател А" од Јадранка Владова)*

**Главни активности: Учениците самостојно го читаат текстот. Бележат делови на дијалог и делови на нараторот.**

**Прашања за дискусија:**

Во кое лице раскажува раскажувачот?

Што мислиш, дали тој е дете? По што го заклучи тоа? Дали има некое друго дете во текстот?

За кого ни рас/кажува во текстот раскажувачот?

Каде и кога се случува дејството?

Раскажувачот раскажува за поминати дејства од поодамна или тие сега му се случуваат?

Преку што го заклучи тоа?

Кого сака нашиот раскажувач најмногу, според она што го прочита? Наведи две реченици со кои ќе го покажеш тоа.

Што сака најмногу младиот раскажувач?

Дали се менуваат расположенијата на раскажувачот? Посочи реченици со различно расположение и објасни зошто мислиш така?

Што мислиш кој е и што е пријателот А? Напиши три реченици со кои ќе го опишеш како го замислуваш?

Имаш ли и ти пријатели, како се викаат? Што најмногу сакате да правите кога сте заедно? Што сакаш најмногу кај твојот пријател. Опиши го користејќи различни придавки.

**Завршни активности:**

**Наставникот инсистира на терминот раскажувач и дава објаснување за истото. Раскажувачот е оној кој е смислен од писателот да ни раскажува нешто, тоа може да биде раскажано во прво или во трето лице. Говорот на писателот се појавува преку раскажувачот. Говорот на ликовите пак, лесно се препознава бидејќи тоа е истакнато со посебниот начин на кој се пишува директниот говор во текст.**

**Изразно читање (дикција, соодветна интонација и темпо)**

Во програмата по предметот Македонски јазик читањето е вештина и способност што треба да се развива уште од прво одделение. На почетокот според задачите се работи на гласно читање и читање во себе, а понатаму со изразното читање од страна на наставникот се продлабочува разбирањето на учениците за експресивните средства на усниот говор, односно

дикцијата која се дефинира како начин на изразување, се мисли на говорно изразување. При сите вежби за читање наставникот е оној прв модел за учениците.

За таа цел тој треба да користи цел комплекс на експресивни средства: интонација, дикција, темпо, ритам, изрази на лицето, гестови и сл.

Дикцијата како начин на изразување не е вештина која може да се усвои брзо, таа се гради постепено, а започнува со правилното изговарање на гласовите во нашиот јазик и понатаму се пренесува во секој наш устен исказ односно гласно читање. Добрата дикција и соодветно употребената интонација дава вистинска насока на ученикот кој го слуша читањето/говорењето. Умереното темпо, соодветните паузи се дополнување на соодветната интонација и добрата дикција. За таа цел, потребно е вежбање на часовите и давање соодветни примери.

Наставникот може на своите ученици да им пушти аудио запис со прочитана песна од страна на актер и потоа да го прочита текстот кој го слушале но со друга интонација и со побрзо или побавно тепмо, несоодветно за конкретниот текст. Добра активност е повикување на учениците на дискусија за исправноста на читањето. Наставникот бара тие да ја детектираат дикцијата (без да ги оптоварува со поимот, како и на интонацијата без да го бара запомнувањето на поимот но со објаснување за истиот). Интонацијата можеме да ја објасниме со кратката дефиниција за висината на нашиот тон, односно говор/читање. Со оглед на користењето на овој поим во областа на музиката, произведувањето на тонот е првата дефиниција за истото.

**Затоа е важно на часовите наменети за** изразно читање да се направи соодветен, правилен избор на текстот што ќе се чита, да се обрне внимание на начинот на кој се чита тој за што наставникот ќе направи соодветна подгототвка.

Правилниот избор на текстовите за читање е сложена и многу значајна работа која наставникот ја изведува уште при планирањето на својата работа. При изборот на текстовите за читање тој треба да се раководи од:

- видот на литературната творба (нејзиниот обем, содржина, јазичната структура на текстот) што треба да одговара на ученикова појмовна моќ, имено ако избереме песна таа треба да биде во согласност со развојните карактеристики на учениците и нивната перцептивна моќ;
- пошироките воспитно-образовни цели што ги дава текстот;
- актуелноста-природна, општествена и воспитна и од актуелноста на детските доживувања;
- темите на текстовите да бидат разновидни и со теми блиски до детето;
- избраните текстови да даваат можност за изразно читање (реализирање на сите компоненти на изразно читање: артикулација, интонација, паузирање, нагласување ...).

**Наставна единица: Техники на изразно читање текстови со уметничка содржина (дикција, интонација, темпо)**

**Цел**: ученикот/ученичката да се оспособува за изразно читање на текстови со уметничка сoржина.

**Очекувани резултати од учењето:** чита текстови со уметничка содржина применувајќи ги техниките за изразно читање (правилно дишење, дикција, интонација, темпо, ритам и др.)

**Воведни активности:** Наставникот може на своите ученици да им пушти аудио запис со прочитана песна од страна на актер и потоа да го прочита текстот кој го слушале, но со друга интонација и со побрзо или со побавно тепмо, несоодветно за конкретниот текст. Учениците се повикуваат на дискусија за правилноста во читањето. Наставникот бара тие да ја детектираат дикцијата и интонацијата.

**Главен дел од часот:**

Читање на текстот дел по дел, односно штафетно изразно читање на текстот (проверка). Текстот го читаат по целини 3-4 ученици. По секое читање се дискутира за начинот на кој секој од учениците читал. Наставникот обрнува внимание на интонацијата, дикцијата, темпото и ритамот кој го применувал ученикот при читањето и дава повратна информација која е афирмативна и насочувачка за понатаму.

Откако ќе се прочита текстот истиот може да се анализира преку посочени прашања.

# ТАЖНИОТ ШТУРЕЦ



Среде зима штурецот се сети за летните сончеви дни. Затоа ја побара својата виолина. Ги затегна жиците, го откачи гудалото од ѕидот и посака да засвири гласно...Но, напразно. Дома не ќе има кој да го слуша. А песната не е песна, ако нема кој да ја слуша, ако нема кој да и се радува. Ете затоа без размислување излезе надвор.

И гледа ... белина, широка снежна белина, над која царува длабока, ледена тишина... Студен бран од зимскиот ветар го удри в гради.

- Врати се, свирачу славен! Уште е прерано - му рече потокот.
- Не можам веќе да издржам без свирка – се пожали штурецот тресејќи се од студ.
- Немој, сѐ има свое време – го запираше потокот.
- Срцето ќе ми препукне, ако не засвирам!
- Чекај, додека да дојде пролетта! – го одвраќаше потокот.
- Па јас и затоа свирам, да ја повикам неа, пролетта.
- Нема да те слушне, таа е премногу далеку, далеку ... – тажно и со плачлив глас рече потокот.

Штурецот се обиде да засвири. Но, прстите му беа вкочанети. Жиците сѐ повеќе и повеќе се затегнуваа од мразот. Во еден момент се слушна само тап удар и звук на искинатите жици и ништо друго.

Славниот свирач, целиот измрзнат, мораше да се врати дома. И што доби? Што би можел да добие друго, освен настинка... Кашлаше цела зима. За среќа, неговата вредна и добра сосетка, мравката, постојано му носеше чај. Мора да биде здрав за големите концерти што го очекуваат...

А кога никој не го гледаше, скришум ќе пуштеше по некоја солза за искинатите жици на својата стара, добра виолина.

*Горјан Петрески*

**Активности:** Наставникот со помош на некои од интерактивните техники како што се: Пајакова мрежа или Скелетен приказ ги потсетува учениците на делови на текстот „Тажниот штурец“ . Притоа, се поставуваат следните прашања:

- Како се чуствувавте додека ги читавте? На што обрнувавте внимание додека читавте?
-Дали сите делови од текстот ви беа еднакво важни и за вас интересни? Образложете го вашиот одговор.

- Пронајдете ги и прочитајте ги на глас речениците од текстот што покажуваат со што се соочил штурецот кога излегол надвор.
- Прочитајте ги на глас речениците од тектот кои опишуваат што се случило кога штурецот се обидел да свири.

-Прочитајте ги речениците со кои потокот му се обраќа на штурецот.
-Сега кога го прочита текстот ти дозна како е штурецот. Наведи три негови карактеристики читајќи ги речениците од кои тоа го согледа.

**Завршни активности:**

Наставникот со неколку прашања го завршува часот:

- Што работевме денес?
- На што требаше да обрнете внимание?
- Зошто ова е важно?
- Објаснете како различното читање на текстот придонесува за различно разбирање/неразбирање на текстот.



**Наставна единица**: Читање текст/песна со определена насока и темпо на читање

**Цел:** Ученикот/ученичката да се оспособува:

- за читање на текст/песна со определена насока и темпо на читање.

**Воведна активност**:

Учениците слушаат снимени записи на телевизиски и радиоспикери или водители кои читаат правилно и примери во кои читаат неправилно одреден текст. Учениците добиваат задача да ги определат слушнатите записи според квалитетот на читањето.

Колку во нив е запазен правоговорот или се говори на дијалект? Колку во изразувањето се внимава на акцентирањето на зборовите? Во колкава мера се почитуваат акцентските целости?

**Главна активност:**

Учениците добиваат задача да читаат песна со определена насока, односно да внимаваат на темпото на читање, на акценот, на потребните паузи при читањето и сл.

СРЕЌНА НОВА



Ќе ни биде среќна и богата

ако добро ги засукаме ракавите,

ако добро ги разбистриме главите,

ако секој ден со злото се бориме,

ако барем нешто, барем малку створиме.

Ќе ни биде среќна и добра,

ако за добро со добро вратиме,

ако се зближиме, ако се сјатиме,

ако во градите сили смогнеме

да се прифатиме, да си помогнеме.

Ќе ни биде среќна и мирна

ако скараните мирно ги смириме,

ако разбирање градиме и шириме,

ако ги расцветаме куќите, градините

и ако ги вселиме во нив добрините.

Ќе ни биде среќна и весела

ако знаеме весело да запееме,

ако умееме да се насмееме

ако на човек, човечки му пријдеме

ако умееме луѓе да бидеме.

*Глигор Поповски*

**Завршна активност:**

- Што работевме денес?
- Кој од вашите другари најдобро читаше?

Чек листа за самопроверување:

1. Јас :

-читам правилно без грешка;

-читам со неколку грешки;

-треба повеќе да вежбам читање;

2.Препознавам кој текст како треба да го читам: брзо, бавно, силно, да внимавам на акцентот и интонацијата;

-Во некои текстови препознавам како треба да читам, брзо, бавно, интонациски точно, за некои ми треба помош;

-Некои текстови се тешки и треба да вежбам за да применам интонација и соодветна брзина.

**Изразување и творење**

**Наставна единица:** Самостојно опишување: предмет; слика; лик

**Цел на часот:** Вежби за писмено опишување лик/личност, предмет или слика со примена на придавки и развивање на креативно пишување.

**Очекувани резултати:** ученикот/ученикатa опишува лик користејќи знаења од јазик.

**Критериуми за успех**: примена на знаења од јазик- примена на придавки именки во соодветен род и број; ангажирање за време на часот – пишување на описот и читање, учество во дискусијата по читањето.

Наставникот покажува сликичка од момче или девојче, од предмет и од една слика. Учениците ги дели во три групи според нивните интереси. Опишуваат на тој начин што го опишуваат девојчето/момчето кое им е покажано, или пак предметот или сликата. Читаат за споредба.

За задачата имаат време од 15 минути да пишуваат. Плановите за тоа како треба да изгледа текстот/описот се на таблата цело време како потсетување.

*Опишување лик/личност*

*-име на ликот/личноста (го измислуваат);*

*-карактерните особини на ликот/личноста (ги опишуваат по сопствено замислување);*

*-опис на способности и вештини (ги опишуваат о сопствено замислување);*

*-зошто го одбрав да го опишам( наведуваат замислени причини).*

*Опис на предмет/слика*

*-опишуваат фрома, големина, боја/ она што е насликано;*

*-намена и зошто им се допаѓа;*

*-зошто го избрале да го опишат.*

**Чек листа за проверка на успешноста на секој ученик:**

-опишува со куси и точни реченици без употреба на придавки во соодветни категории;

- опишува со јасни и точни реченици со употреба на  изрази кои содржат придавки;

-опишува точно, прецизно и со употреба на придавки кои се во соодветна категорија и во функција на украси кои оставаат впечаток.

**Наставна единица: Пишување состав по зададена тема (темата да биде поврзана со Нова година, со божикните празнувања и сл.)**

**Цел на часот**: Вежби за писмено изразување –пишување на состав на зададена тема.

**Очекувани резултати:** ученикот/ученикатa опишува лик користејќи знаења од јазик.

**Критериуми за успех:** примена на знаења од јазик- примена на придавки и именки во соодветен род и број како и користење на соодветно глаголско време; ангажирање за време на часот – пишување на составот и читање, учество во дискусијата по читањето.

**Воведни активности:** Наставникот бара од учениците да напишат/кажат во бура на идеи една лична желба и една желба за потребите на т.н. општо добро. Преку песната и преку ова барање учениците се насочуваат несебично да посакаат и за себе и за сите други желби за благосостојба. Целта на активноста е покренување заедништво и чуство за припадност кон сите.

Наставникот потоа изразно ја чита песната потенцирајќи дел од стиховите кои се подвлечени. Песната стои на таблата додека учениците ја работат следната работна задача – пишување, како водилка и потсетник со главни идеи.

Пред да почнат да пишуваат потребно е да бидат од страна на наставникот и да им биде објаснето дека нема точни и погрешни состави  и дека секогаш треба да бидат горди на она што го пишуваат и да побараат насока од наставникот доколку се чувствуваат несигурни. Наставникот им обрнува внимание на тоа дека учениците е потребно да користат глаголи во соодветно глаголско време, да употребат именки и придавки во нивната соодветна категорија.

**Главна активност:** Учениците имаат време од 20 минути да напишат кус состав со желбите за Новата Година и нивно кратко размислување како Новата Година да биде навистина среќна. Мотивот од песната на Глигор Поповски може, но не мора задолжително да им биде водилка.

Наставна единица: Театарска претстава – редослед на настани

**Цел:** препознавање на редоследот во театарска претстава и потребата од причинско-последично и логичко поврзување на настаните и нивните дејствија во театарската претстава.

**Очекувани резултати:** препознава редослед во театарска претстава.

**Критериуми за успех**: учество во дискусијата и согледување преку примери.

**Воведна активност:** Наставничката бара од учениците да го коментираат цртежот и да одговорат на неколку прашања во врска со него. Која по која слика следува за да можеме да кажеме дека имаме кратка приказна? Дали тој ред може да се промени? На кој начин? Дали можеш да го објасниш зборот редослед? Кога читаме и прераскажуваме, дали ни се важни настаните и нивниот редослед? Зошто е тоа важно? А кога нешто се прикажува дали е тогаш важен редоследот?



**Главна активност:** Наставникот избира театарска претстава за деца и пушта видео сегмент од истата.

**Предлог: https://www.youtube.com/watch?v=MnFgtuS_UZw „Јованче и Марика" - Браќа Грим, театарска претстава за деца, продукција „Бабец театар" сезона 2017, Битола**

**или истата претстава во изведба на Кумановскиот театар на https://www.youtube.com/watch?v=J4KBAx6L3Mo**

Им дава задача да ги запишат настаните, а потоа водат дискусија за редоследот како и за настаните и можноста од нивно преместување.
Редослед- тек на настаните по хронолошки ред.

**Завршна активност:**

Учениците добиваат  задача да напишат заклучок за важноста на редоследот на настаните во три реченици, потоа тоа се споделува на таблата.

**Наставна единица**: Вежби за утврдување на знаењата за настани во филм и во театарска претстава.

**Цел**: препознавање и споредување на знаењата за филмот и за театарската претстава.

**Очекувани резултати:** споредува театарска и филмска претстава.

**Критериуми за успех:** учество во дискусија.

**Прашања за дискусија:**

По што се разликува филмот од театарската претстава?

Која е најголемата разлика? Објасни ја.

Дали има сличности? Можеш ли да ги наброиш?

Направи т –табела за поделба на изразните средства на филмот и на театарската претстава.

Што ти е поинтересно да следиш? Наведи три причини зошто и објасни ги.

**Завршни активности**: Кој е твој омилен филм?

Кои две реченици би ги напишал/а за да го препорачаш?

Можеш ли да препорачаш некоја претстава?





*„Без да размислуваме за она што работиме, како работиме*
*и зошто работиме токму така,*
*не можеме да ја унапредиме сопствената практика“*
*Џон Дјуи*

**Техники на учење**

За успешната реализација на наставата по Македонски јазик препорачуваме примена на техники кои се веќе добро познати во нашата наставничка пракса, но овде правиме нивен збир и потсетување. Тие се добри почетоци или раздвижувачи на часовите кои треба да се реализираат по предметот Македонски јазик.

**Техниките на учење се користат:**

- да им помогнат на учениците да бидат активни во наставата;
- му даваат повратна информација на наставникот за разбирањата на ученикот и усвојувањето на наставните содржини;
- го поттикнуваат истражувањето, ставовите и вредностите на учениците во усвојувањето на новите наставни содржини;
- ми помагаат на учениците ефективно да учат и критички да размислуваат;
- за оспособување на учениците самостојно и од различни аспекти да ги разгледуваат информациите и оформуваат свое мислење.

Со овие техники на учење кои се дел од современата настава, учениците се активни субјекти, а наставникот поттикнувач и насочувач.

ТЕХНИКА: МИНУТНА РАБОТА

Оваа техника е погодна за проверка на напредокот на учениците во разбирањето на наставните содржини.

Побарајте од учениците да земат лист. Поставете им прашање во врска со наставната содржина што ја обработувате. Дајте им време од само една до две минути да го напишат одговорот на поставеното прашање. На пример: „Која е разликата помеѓу именка и придавка?“

ТЕХНИКА: ПАУЗА ЗА РАЗЈАСНУВАЊЕ

Целта е да се постигне „активно слушање“

Во текот на лекцијата, по изнесувањето на дел од наставната содржина и дефинирање на планот за тој дел, застанете и оставете да се создаде тишина (мала пауза). Прашајте: „Дали некому му е потребно разјаснување?“

За време на оваа мала пауза можете да шетате во училницата, да ги гледате забелешките на учениците, да одговарате на нивни прашања итн.

Ученици кои никогаш не поставуваат прашања пред целото одделение сега се во можност да постават прашање заради објаснување.

ТЕХНИКА: ЧЕКАЊЕ

Наместо одбирање на ученик кој ќе одговара на поставено прашање, наставникот пред да прозива некој чека околу 15 секунди (што изгледа доста долго во училницата).

Важно е да инсистирате никој да не крене рака или да го каже одговорот пред вие да дадете сигнал за тоа.

Чекањето ги поттикнува учениците да размислуваат за прашањето, бидејќи не знаат кој ќе биде избран. Кога ќе истече времето на чекање, наставникот бара доброволец или самиот избира ученик кој ќе одговара на поставеното прашање. Кога учениците ќе стекнат навика во чекање на поставеното прашање, повеќето од нив ќе учествуваат во наставниот процес.

ТЕХНИКА : БУРА НА ИДЕИ

Со оваа наставна техника се поттикнуваат различни идеи и мислења или предзнаења за одделно прашање.

ЧЕКОРИ :

• Наставникот поставува прашање за кое бара првични идеи и мислења;

• Учениците индивидуално ги запишуваат сопствените идеи и мислења;

• Запишаните идеи и мислења можат да ги споделат во пар, во група или пред целата паралелка;

• Учениците на покана од наставникот ги кажуваат идеите и мисленјата;

• Наставникот или учениците ги запишуваат сите кажани идеи и мислења на виртуелната табла.

ПРАВИЛА НА НАСТАВНИКОТ :

• Го планира потребното време;

• Ги запишува сите дадени идеи и мислења без да води сметка за нивната точност;

• Им нагласува на учениците дека не треба да заземаат критички став кон кажаното;

• Планира како ќе ги употреби идеите и мисленјата во понатамошниот текст на часот;

• На крајот на часот (или наставната единица) се навраќа на листата со идеи/мислења.

ТЕХНИКА: ТРИАГОЛНИЦИ

Учениците во триаголниците ги запишуваат своите активности во процесот на учење/откривање. Притоа со ваквата техника им се овозможува на учениците да имаат увид во различните аспекти на своето учење или напредување (зависно од прашањата во триаголниците). Како во примерот даден во следниот поднаслов, триаголниците најчесто ги поставуваат прашањата: Што забележав ( видов), што ќе направам, кои прашања си ги поставувам, што открив? Така, овој вид на графички организатор дава можност за поврзување на сетилните, емоционалните и когнитивните аспекти на учењето.

ТЕХНИКА: АКВАРИУМ

Учениците ги замолуваме на парче хартија да напишат едно прашање во врска со темата која ја работиме, кое не им е јасно или сакаат нешто дополнително да дознаат. Потоа прашањата ги оставаат во претходно подготвена кутија – АКВАРИУМ.
Наставникот извлекува неколку прашања од кутијата на кој одговорот го бара од учениците, а доколку не знаат наставникот одговара на прашањата.

ТЕХНИКА: БИНГО

Оваа техника се користи во завршниот дел од часот за да можат учениците со свои зборови да изразуваат/презентираат информации и идеи со кои се сретнале.
Со оваа техника се поттикнува размената на идеи помеѓу учениците. Секој ученик добива ливче со табела за БИНГО .
Се работи на следниот начин: Секој ученик запишува во првото поле еден поим кој му оставил голем впечаток на овој час. Потоа разговара со осум ученици и ги замолува на останатите полиња да запишат по еден поим, но тој да не се повторува со останатите. Кога ученикот ќе ги комплетира сите девет полиња, извикува БИНГО и крева рака.

Следува презентација на бингото.

Наставни единици за ТЕМА 4

| Ред. бр | ПОДРАЧЈЕ |
|---|---|
| | ЈАЗИК |
| 1. | МОРФОЛОГИЈА<br>Менување глаголска форма по време, лице и број |
| 2 | Вежби за правилна употреба на глаголското време во говорот (во писмена и усна форма) |
| 3. | Вежби за разликувањена формите на глаголите |
| 4. | СИНТАКСА<br>Видови реченици според состав |
| 5. | Простареченица |
| 6. | Проста реченица со подмет и прирок |
| 7. | Проста реченица со подмет, прирок и неопходни реченични членови -прилошки определби |
| 8. | Вежби - составување реченици со подмет, прирок и неопходни реченични членови (прилошки определби, без дефинирање на неопходните реченични членови) |
| 9. | Разликување проста реченица од друга реченица -сложена во текст |
| 10. | ПРАВОПИС<br>Вежби за употреба на голема буква при пишување на имињата на народите и припадниците на народите |
| | ЛИТЕРАТУРА |
| 1. | Читање / Читање со разбирање „Санка“ од А.Поповски |
| 2. | Читање текст и определување на тема на текст) „Ѓерданче од снегулки“ од Б. Миркуловска |
| 3. | Анализа на лирска песна со откривање поетска слика, рима<br>Зимска слика од Јован Стрезовски |
| 4. | Вежби за анализа лирска песна „Запис за книгата“ Глигор Поповски |
| 5. | Патриотска песна – поим „Татковината тоа сме ние“ од Васил Мукаетов |
| 6. | Патриотска песна – анализа „Еј, татковино“ О. Неделковски |
| 7. | Вежби- анализа на патриотски песни напишани од учениците посветени на татковината, Гоце Делчев |
| 6. | Хумористична песна – поим (по избор од примерите) |

| | |
|---|---|
| 9. | Анализа на хумористична песна (по избор, од примерите) |
| 10.11 | Лектира бр. 2 „Гоце Делчев“ од Ванчо Николевски |
| 12. | ТВОРЕЊЕ И ИЗРАЗУВАЊЕ<br>Самостојно опширно прераскажување на обработен текст |
| 13. | Самостојно опширно прераскажување на текст по зададен план или според хронолошки редослед на настаните |
| 14. | Разлика меѓу раскажување и прераскажување |
| 15. | Самостојно прераскажување непознат текст преку примена на прашања од различно ниво |
| | МЕДИУМСКА КУЛТУРА |
| 16./17. | Театарска претстава – елементи на претставата: лик, сценографија, костимографија, музичка илустрација |

## ПОДРАЧЈЕ ЈАЗИК

***„Нашиот јазик е нашата вистинска татковина“ Блаже Конески***

### Глаголи

Глаголите во македонскиот јазик според општата класификација се менлива група зборови и ги имаат следниве граматички категории: вид, време, начин, лице, број, залог и преодност.

Според категоријата вид глаголите се делат на: несвршени глаголи (зборува, оди, пие итн.), на свршени глаголи (прочита, дојаде итн.) и на двовидски глаголи (најчесто глаголи што завршуваат на -ира: акумулира, се консултира итн.). Видот е граматичка и лексичка категорија и е од исклучително значење за оваа зборовна група. Според неа, се одлучува во кое време и на кој начин ќе се менува еден глагол. Свршените глаголи од и-групата и е-групата се делат на три, односно на четири раздели според основната самогласка во првото лице еднина од минатото определено свршено време (аорист).

Иако во традиционалната лингвистика глаголските времиња и начини се единствени категории за групирање на глаголските форми, во македонската граматичка традиција најпрвин се изучуваат простите, а потоа сложените глаголски форми.

Глаголски форми

Во зависност од тоа дали се менува само глаголот (со наставки) или во склопот на формата има и некој друг збор освен основниот глагол разликуваме:

а) Прости глаголски форми се форми кои го содржат само глаголот, тоа се: сегашно време, заповеден начин, минато определено време, глаголска л-форма, глаголска придавка, глаголски прилог и глаголска именка.

б) Сложени глаголски форми се оние кои освен основниот глагол содржат и друг дел (помошен глагол, честичка), тоа се: минато неопределено време, идно, минато-идно, идно прекажано време, можен начин и формите сложени со има и нема.

Глаголи се зборови што означуваат дејство или состојба и се поврзани со лицето кое го врши дејството.
Глаголот е најсложената структура во македонскиот јазик.

Глаголите се делат во групи според тоа на која самогласка завршуваат во 3л. еднина сегашно време.

Глаголски групи

<u>Глаголите</u> се делат во групи според тоа на која самогласка завршуваат во **3л. еднина сегашно време**.
Разликуваме три глаголски групи:

а) -**а група** : чита, игра, вика;
б) -**и група** : носи, моли, коси;
в) -**е група** : плете, пее, пие.
На пр.: сегашно време
1л. учам
2л. учиш
3л. учи**и**
Во 3. лице еднина завршува на -и, значи глаголот е од и – група.

| | ***а - глаголска група*** | ***и - глаголска група*** | ***е - глаголска група*** |
|---|---|---|---|
| ***Јас*** | гледа**м** | носа**м** | јада**м** |
| ***Ти*** | гледа**ш** | носи**ш** | јаде**ш** |
| ***Тој, таа, тоа*** | гледа **∅** | носи**∅** | јаде **∅** |
| ***Ние*** | гледа**ме** | носи**ме** | јаде**ме** |
| ***Вие*** | гледа**те** | носи**те** | јаде**те** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Тие*** | гледа**ат** | нос**ат** | јад**ат** |

**Наставна единица: Менување глаголска форма по време, лице и број**

**Цел/и:**

- да ја менува глаголската форма по време;
- да ја менува глаголската форма по лице;
- да ја менува глаголската форма по број.

**Очекувани резултати од учењето:**

Ученикот:

- ја разбира употребената глаголска форма во текст по време, лице и број;
- правилно ја употребува глаголската форма во текст според време, лице и број.

Воведен дел

Наставникот во воведниот дел од часот применува јазична игра „Измешани реченици". Тој на табла /екран пишува реченици кои имаат измешан редослед на зборови, а од учениците бара тие да ги напишат рečениците со точен редослед.

Пример:

Измешани

1. покрај седи баба плете шал и прозорецот.
2. работеа тие градината во.
3. ќе утре роденден одам јас на.

Правилно напишани

1. Баба седи покрај прозорецот и плете шал.
2. Тие работеа во градината.
3. Јас утре ќе одам на роденден.

Откако учениците ќе ги напишат речениците со точен редослед, наставникот од учениците бара во напишаните реченици да го пронајдат глаголот и да се обидат да одредат во кое време, лице и број е претставен тој глагол.

Главен дел

Во главниот дел од часот наставникот издвојува три глагола, од сите три глаголски групи: **а, е, и** (без да им потенцира кој глагол од која глаголска група е). Истите, наставникот им ги претставува преку фотографии. Тој од учениците бара секој глагол претставен преку фотографија да го менуваат според време, лице и број.



**ПИШУВА**

| СЕГАШНО ВРЕМЕ - ПИШУВА | |
|---|---|
| Еднина | множина |
| 1 лице јас пишувам | 1 лице ние пишуваме |
| 2 лице ти пишуваш | 2 лице вие пишувате |
| 3 лице тој, таа, тоа пишува | 3 лице тие пишуваат |

| МИНАТО ВРЕМЕ - ПИШУВА | |
|---|---|
| Еднина | множина |
| 1 лице јас пишував | 1 лице ние пишувавме |
| 2 лице ти пишуваше | 2 лице вие пишувавте |
| 3 лице тој, таа, тоа пишуваше | 3 лице тие пишуваа |

| ИДНО ВРЕМЕ - ПИШУВА | |
|---|---|
| Еднина | множина |
| 1 лице јас ќе пишувам | 1 лице ние ќе пишуваме |
| 2 лице ти ќе пишуваш | 2 лице вие ќе пишувате |
| 3 лице тој, таа, тоа ќе пишува | 3 лице тие ќе пишуваат |



ОДИ

| СЕГАШНО ВРЕМЕ - ОДИ | |
|---|---|
| Еднина | множина |
| 1 лице јас одам | 1 лице ние одиме |
| 2 лице ти одиш | 2 лице вие одите |
| 3 лице тој,<br>таа, оди<br>тоа | 3 лице тие одат |

| МИНАТО ВРЕМЕ - ОДИ | |
|---|---|
| Еднина | множина |
| 1 лице јас одев | 1 лице ние одевме |
| 2 лице ти одеше | 2 лице вие одевте |
| 3 лице тој,<br>таа, одеше<br>тоа | 3 лиц тие одеа |

| ИДНО ВРЕМЕ - ОДИ | |
|---|---|
| Еднина | множина |
| 1 лице јас ќе одам | 1 лице ние ќе одиме |
| 2 лице ти ќе одиш | 2 лице вие ќе одите |
| 3 лице тој,<br>таа, ќе оди<br>тоа | 3 лице тие ќе одат |



ПЕЕ

| СЕГАШНО ВРЕМЕ - ПЕЕ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Еднина | | | множина | | |
| 1 лице | јас | пеам | 1 лице | ние | пееме |
| 2 лице | ти | пееш | 2 лице | вие | пеете |
| 3 лице | тој,<br>таа,<br>тоа | пее | 3 лице | тие | пеат |

| МИНАТО ВРЕМЕ - ПЕЕ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Еднина | | | множина | | |
| 1 лице | Јас | пеев | 1 лице | ние | пеевме |
| 2 лице | Ти | пееше | 2 лице | вие | пеевте |
| 3 лице | Тој,<br>Таа,<br>Тоа | пееше | 3 лице | тие | пееја |

| ИДНО ВРЕМЕ - ПЕЕ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 лице | јас | ќе | пеам | 1 лице | ние | ќе | пееме |
| 2 лице | ти | ќе | пееш | 2 лице | вие | ќе | пеете |
| 3 лице | тој,<br>таа,<br>тоа | ќе | пее | 3 лице | тие | ќе | пеат |

Откако учениците ќе завршат со работната задача споделуваат како ги менувале глаголите по време, лице и број, а нивните соученици внимаваат, откриваат грешки (доколку имаат) и меѓусебно се поправаат.

Наставникот на самиот крај од главниот дел, може цела оваа активност да им ја прикаже на учениците на тој начин што ќе ги сподели со нив горенаведените табеларни прикази.

**Завршен дел**

Во завршниот дел од часот следува кратка активност каде наставникот од учениците бара претходно употребените глаголи: пишува, оди и пее да ги употреби во реченица и тоа:

- глаголот **пишува** употреби го во сегашно време, трето лице, еднина
- глаголот **оди** употреби го во минато време, трето лице множина
- глаголот **пее** употреби го во идно време, прво лице еднина

Пример:

1. Андреј пишува домашна работа во работната тератка по математика.
2. Децата отидоа да гледаат театарска претстава.
3. Јас ќе пеам песна за Гоце Делчев на патрониот празник на моето училиште.

Домашна задача

Напиши писмен состав на тема „Еден поинаков зимски распуст". При пишувањето на составот потруди се да употребиш глаголи различни по време, лице и број .



**Наставни единици: Вежби за правилна употреба на глаголското време во говорот (во писмена и усна форма)**

**Вежби за разликување на формите на глаголите (2 часа)**

**Цели:**

- Да ги разликува формите на глаголите за сегашно, минато и идно време и да го определува глаголското време (за сегашно, минато, идно);
- Да посочува примери за глаголски форми за сегашно, за идно и за минато;
- Да споредува искази со сегашно, со идно и со минато време;
- Да ги разбира исказите во кои се употребени глаголските форми за сегашно, идно и за минато време, употребувајќи ги во своите искажувања.

**Очекувани резултати од учењето:**

- Разликува форми на глаголите за сегашно, минато и идно време
- Менува глаголски форми по лице, време, број
- Врши трансформација на глаголи од едно во друго време
- Воочува глаголи во даден текст и определување на глаголското време во кое изразено дејството.
- Споредува и разбира усни искази определувајќи го лицето, бројот и времето на глаголската форма, но и правилно ги употребува во своите искажување.

**Воведни активности**

Со примена на техниката Минута работа учениците пишуваат глаголи во своите тетратки. Наставникот со тоа добива информација за тоа дека учениците го совладале препознавањето на овој вид зборови и ја знаат неговата функција во реченицата.

**Учечко-поучувачки активности**

- **Вежби за определување на глаголското време.**

• Вежби за менување на глаголот по време (по време, лице и број).

• Вежби за правилна употреба на глаголското време во говорот (во писмена и усна форма).

• Вежби за разликување на формите на глаголите. • Пр. вежба: ученикот добива 5-6 реченици во кои е употребено различно глаголско време и добива задача да ги подреди речениците според употребеното време.

Ученикот добива текст (составен од најмногу 10 реченици) кој треба да го каже или да го препише менувајќи го глаголското време во речениците.

- Вежби за разговор на одредени теми, дијалози и самостојно изработени примери за дијалози во кои се увежбува користењето на сегашното време, идното и минатото определено време.

- Вежби за повторување на изучените содржини за глаголи. Трансформација на глаголи од едно во друго време.

- Вежби за менување на глаголи по време, лице и број. Вежби за воочување на глаголи во даден текст и определување на глаголското време во кое е изразено дејството.

**Активности преку јазична игра Синџир од зборови**

Пр. почетна реченица: Надвор врне снег... Секој ученик се надоврзува со по една реченица во сегашно време.

- Вежби за идно време – во даден текст пронаоѓаат глаголи во идно време и ги запишуваат во своите тетратки.

- Со Венов дијаграм учениците ги откриваат сличностите и разликите меѓу минато време и сегашно време.

Учениците ги:

- трансформираат глаголите од минато во сегашно/идно време и обратно;

– користат глаголи кои искажуваат дејство во сегашно време;

– користат глаголи кои искажуваат дејство во минато време;

– користат глаголи кои искажуваат дејства во идно време.

## *ЗАДАЧИТЕ* НА ГЛАГОЛОТ ВО РЕЧЕНИЦАТА

Како и именските зборови (именките, придавките, заменките, броевите), така и глаголот секогаш си има своја задача (функција) во реченицата.

Меѓу зборовите што се наброени подолу, одредете ги глаголите и потоа составете по една реченица со секој од тие глаголи.

Зборови: трчаат, вистина, сината, горе, пишувавте, забележав, ѕид, мајка ми, трипати, се врати, гроздобер, јадете, мислат, вечерва, нашиот.

Глаголот е збор кој означува дејство, вршење работа или некакво случување. Тој е многу важен учесник во реченицата, бидејќи дејството што го означува обично му се прирекува на некој вршител. Токму затоа, велиме дека глаголот во реченицата врши задача на **прирок.** Прирокот е одговор на прашањето: Што прави подметот?

Значи, за глагол зборуваме надвор од реченицте, а внатре во неа – за прирок.

**Активност за поучување**

Пронајдете ги глаголите во следниот текст и потоа во тетратката направете табела; во едната колона ставете ги глаголите според граматичката категорија лице, а во другата според граматичката категорија број. Така ќе го повторите и она што сте го работеле во претходните часови.

**„Кога го здогледав момчето, тоа веќе беше изморено. Цел ден ловело риба некаде во трските. Неговата рибарска мрежа беше преполна. Очигледно, тоа момче беше искусен ловец. Сонцето полека заоѓаше, а јас исто толку бавно размислував.**

**И јас бев рибар, но честопати имав лоши денови, како денешниов. Ми се причини дека тој ја знае тајната. Го издаваше неговото лице: тоа беше мазно и светло, никакви сенки не му прелетуваа меѓу очите. Веќе гледав како двајцата запловуваме во далечината на езерото... Сигурен бев: таму и двајцата ќе бидеме среќни!“**

Што можеме да заклучиме?

- **Јазикот е материјалот од кој се прави литератрата.**
- Глаголите ги почитуваат граматичките правила и во литературата.
- Зборувајте за убавината на литературните текстови во насока на ова идеја: Литературата ја почитува граматиката и прави убавина.

## Г Л А Г О Л И

Кога раскажуваме и прераскажуваме најмногу ги користиме глаголите, затоа што тие означуваат работа, дејство, состојба. Глаголите имаат особина да означат дејство што се вршело во минатото, дејство што се врши сега и дејство што ќе се врши во иднина: одев, одам, ќе одам.

1. **Потцртај ги сите глаголи од следниот текст, а потоа групирај ги во табелата според времето што го означуваат:**

*Приказна за кралот*

Еднаш одамна имаше еден крал што се викаше Триесет и три.
Еден ден, Триесет и три мислеше дека кралот треба да е фер кон сите.
Тој го повика дворскиот шут Сберлефо, и му кажа: „Сакам да бидам крал; да бидам различен од другите кралеви и да бидам добар крал”.

– Добра идеја Ваше Височество, – одговори Сберлефо со сарказам.

Задоволен со оваа реакција, кралот му кажа на шутот да си оди.

– Во моето кралство – си мислеше кралот, – сите имаат право на еднаквост и однесување на ист начин.

Во тој момент, Триесет и три одлучи да започне да применува еднаквост кон сите во кралската палата.

Тој го зеде канаринецот од сребрениот кафез и го пушти да лета низ прозорецот. Канаринецот му се заблагодари и исчезна брзо во небесната шир.

Задоволен со одлуката, Триесет и три ја зеде златната рипка од аквариумот и го направи истото како со канаринецот, но кутрата рипка падна и умре.

Кралот зачуден си помисли: „Лошо за рипката, можеби не сакаше правда" .

Кралот го викна шутот за да разговара за ова. Сберлефо ја слушна приказната со почит и му предложи на кралот да ја смени тактиката.

Затоа, Триесет и три ја зеде пастрмката од фонтаната на градината, и ја фрли во реката. Пастрмката скокна среќно.

Потоа кралот ја зеде црната птица од златниот кафез и ја пушти во реката, но птицата умре.

- Глупава птица – помисли Триесет и три ,– ни таа не сакаше еднаквост. Тој повторно го викна Сберлефоза да му даде совет.
- Епа! – гласно извика кралот.
- Како да ги третирам сите исто? – си мислеше кралот.
- Ваше височество, за да ги третирате сите со еднаквост прво мора да препознавате дека секој е различен од другите, –изговори Сберлефо.
- Правда не значи да се даде едно исто нешто на секој, туку да му се даде на секој тоа што му треба, – рече дворскиот шут.

(translated by La favola del re Trentatrè di Claudio Imprudente)

| **сегашно време** | **минато време** | **идно време** |
|---|---|---|
| | | |

2. **Состави три реченици во кои ќе го употребиш глаголот <u>другарува</u> во сите три времиња.**
   -------------------------------------------------------------------------------------------

3. **Еве по една задача за тебе и другарчето. Кој прв ќе одговори?**
   **Помош – доколку учениците не ја распознаваат формата на личноглаголските форми, тогаш едноставно речете им да го менуваат зборот / глаголот по лице и број, доколку може да се менува, истиот е глагол.**

| Кој исказ не е точен? | Во кој ред нема глаголи? |
|---|---|
| | |

| | |
|---|---|
| **а) глаголите имаат време;**<br>**б) глаголите имаат број и лице;**<br>**в) глаголите имаат род.** | **а) трчам, мириса, сака;**<br>**б) слушање, избришан, носење;**<br>**в) бришат, лежи, дојдовте.** |

4. **Препиши ги следниве две реченици, притоа глаголите преобрази ги во друго време во истото лице и број:**

- Лисицата паднала во некој бунар од кој не можела да излезе.
  ______________________________________________________________
  ______________________________________________________________
  ______________________________________________________________
- Утре ќе падне снег. Сите деца ќе се радуваат.
  ______________________________________________________________
  ______________________________________________________________

5. Распореди ги следниве глаголи според поставените барања: **цртам, отидовте, ќе се искачат, спиеш, купуваме,** а на втората празна линија напиши кое време го означуваат.

глагол во прво лице, множина - ________________; _________________;

глагол во трето лице, множина - ________________ ; ________________ ;

глагол во прво лице, еднина - ________________ ; __________________ ;

глагол во второ лице, множина - ________________ ; ________________ ;

глагол во второ лице, еднина - ________________ ; __________________ ;

6. **Кој прв ќе образува глаголи од дадениве зборови (работи истовремено со твојот партнер/соученик кој го определува наставникот):**

Прва задача

сон ________________
цвет _______________
чист ________________
зрел ________________
студ _________________

Втора задача

сејач ______________
валкан _____________
пазар ______________
работа ______________
вапсан ______________

**Што означуваат глаголите и колку времиња разликуваме кај глаголите?**

---------------------------------------------------------------------------------

**Во следниве реченици подвлечи ги глаголите и одреди кога се извршува дејство во речениците:**

- Марко и Мирко ќе играат фудбал.
- Илија и Филип седат на клупата.
- Дарко возел велосипед на игралиштето.
- Јас учам од учебникот за четврто одделение.
- Од овој учебник учев минатата година.
- Од овие учебници ќе учам понатаму.
- Јас тргнав да одам кај Миле.
- Ние ќе играме на смотрите.
- Горан пее песна.

Минато време

Сегашно време

Идно време

**Глаголот УЧАМ менувај го во сите времиња по лице и број.**

Минато време

Еднина множина

Сегашно време

Еднина множина

Идно време

Еднина множина

**Работен лист**

Во текстот „Босото дете“ , подвлечи ги сите глаголи, а потоа определи во кое време се врши дејството искажано со глаголите.

Сегашно време ________________________________________________________________

Минато време _______________________________________________________

Идно време _________________________________________________________

**Босото дете**

„Плискаше студен есенски дожд. Ветрот со дождовните капки жестоко удираше

во прозорските стакла.

– Мартин денеска не можеш да одиш на училиште ,- му рече мајка му.

–Ќе одам мамо, – одлучно одговори детето .

- Немаш чевли зарем бос ќе одиш по овој дожд!

- Сеедно ќе одам.

По патот имаше кал. Ветрот се играше со дабовите грнки. Свиреше во крошните, а дождовите капки го плискаа лицето на детето. Мартин ја скри книгата под палтото и цапаше со босите нозе под калта.

Стигна во училиштето сиот наводенат. Очите му светеа од гордост. Ги победи и

ветрот и дождот.“

**Самооценување на учениците**

1. Можам самостојно да одредувам време кај глаголите.
2. Ми треба малку помош за да разликувам време кај глаголите.
3. Тешко ми е да разликувам време кај глаголите.

Мислење на наставникот :

---

**Вежби**

Менувај ги глаголите: **пишува и мисли** по лице и број во сегашно време.

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

- Подвлечи ги глаголите во рečениците!
  **Мила отиде во трговскиот центар и се сретна со другарката Бојана.**
  **Јас ја купив книгата и сега ќе ја читам.**
  **Сите заедно пишуваме и се договараме.**
  Определи ги лицето и бројот на глаголите кај подвлечените глаголи.

- Разгледај ги сликичките и состави по една реченица со глагол во сегашно време, идно и минато време.







© www.ClipartsFree.de



©www.ClipartsFree.de

- Поврзи ги правилно дадените реченици со времето кога се врши дејството во нив.

  **а) Лазар и Ана освоија златен медал во пинг-понг. Сегашно време**

  **б) Ќе одиме на кино со децата од зградата. Идно време**

  **в) Слушај што ти зборувам! Минато време**

Напиши по една реченица од секое глаголско време

идно време ___________________________________________________________

сегашно време _________________________________________________________

минато време __________________________________________________________

3. Дадените глаголи распореди ги правилно во посочените форми според времето кое го означуваат:

**разговараа , гледам , плачев , ќе спијам, пишувам , ќе јадам.**

Г Л А Г О Л И   ВО:

Минато време

Сегашно време

Идно време

1. Во следните реченици заокружи ги глаголите.

**Филип јаде чоколадни бонбони.**

**Сара и Иван фатија шарена пеперутка.**
**Татко ѝ на Маја вози многу брзо.**
**Утре ќе ги посетиме баба и дедо кои живеат на село.**
**Вчера гледавме документарен филм за лавови.**

2. Правилно распореди ги глаголите според барањата.

МИНАТО ВРЕМЕ:

СЕГАШНО ВРЕМЕ :

ИДНО ВРЕМЕ:

3. Следниве реченици препиши ги така што ќе го промениш глаголското време:
1. Мими прави букет од полски цвеќиња.- минато време

__________________________________________________________________

2. Стеван подготвува куќичка за птици.- идно време

__________________________________________________________________

3. Ние садиме зеленило во дворот.-минато време

-------------------------------------------------------------------------------------------

**Завршни активности**

По секоја активност наставникот им дава повратна информација на учениците.

**Реакција**

Наставникот ги остава учениците да се групираат по парови и ја користи стратегијата **мисли-пар-сподели,** каде учениците почнуваат со мислење во себеси, околу 2 минути, за прашањата како што се:

Што е најважното нешто што го научив?

Сакам да научам повеќе за...

Тоа што најмногу ме збуни беше...

Потоа, учениците по парови ги споделуваат нивните одговори и мисли еден со друг, во околу 3 минути. Активноста завршува со дискусија од околу 5 минути, координирана од наставникот кој ќе ги реформулира прашањата од погоре. Наставникот исто така го мери времето.

**Наставни единици: Видови реченици според состав**

**Проста реченица**

**Главни членови на простата реченица**

**Проста реченица со подмет и прирок (3 часа)**

**Цели:**

- Да го усвои поимот за проста реченица;
- Да ги препознава простите реченици во текстот;
- Да ги разликува простите реченици од другите реченици (сложените) во текстот;
- Да ги препознава и ги разликува основните речанични членови;
- Да употребува прости и сложени реченици во своите усни и писмени искажувања.

**Очекувани резултати од учењето:**

- Посочува прирок во личноглаголска форма како главен реченичен член;

- Разликува и употребува основни реченични членови;

- Составува примери од прости и сложени реченици;

- Разликува проста од сложена реченица;

- Ги разликува и препознава исказите изразени со проста и со сложена реченица;

- Составува примери во кои правилно ги употребува основните реченични членови.

**Воведни активности:**

Техники на учење кои можат да бидат користени на часовите за реализација на овие наставни единици: Минута работа, Пауза за разјаснување, Чекање, Бура на идеи, Триеаголници, Аквариум, Бинго.

**Учечко – поучувачки активности**

**Синтаксата** е дел од граматиката која ги проучува способностите на зборовите да се поврзуваат меѓу себе.
Синтаксата пред сѐ значи логично спојување на зборовите кои искажуваат одредена мисла.

Реченицата според својата градба (структура) може да биде ПРОСТА И СЛОЖЕНА реченица. Простите и сложените реченици во македонскиот јазик се составени од **именски групи** или наречени **синтагми**, но и од останати елементи како глаголи или прилози (подмет и

прирок). Сите овие наведени елементи функционираат во најсложената јазична форма наречена **врзан текст**.

**Реченицата** е синтаксичка единица што содржи глагол со лична форма, како и останати елементи од кои најчести се именските делови.

**Именската група** или **синтагмата** се среќава во рамките на сите членови на реченицата, освен во прирокот. Основен белег е тоа што мора да има именка во самата структура по која и го носи името оваа синтаксичка категорија.

**Сложената реченица** е еден вид резултат на поврзување на најмалку две одделни реченици, што како резултат на тоа мора да содржи најмалку две самостојни личноглаголски форми.

**Врзаниот текст** е надреченична целина кој содржи повеќе реченици и ги опфаќа сите претходно наведени елементи.

## ПРОСТАТА РЕЧЕНИЦА И НЕЈЗИНАТА ГРАДБА

Простата реченица е наречена така затоа што има едноставна градба.
Како што знаете, основен услов за да се појави животот на земјата е водата, основен услов за да се направи леб е да се има брашно; а во јазикот – основен услов за да се создаде реченица е зборот кој означува врешење некакво дејство, т.е. прирокот. Затоа, тој е **основниот создавачки** член на реченицаа.

Кога зборуваме, обично изговараме реченици со најмалку еден прирок.

Од учениците се бара да се поделат следниве реченици на овој начин: на една страна да ги подредат оние што имаат само еден прирок, а на друга – оние што имаат два или повеќе прироци.

- Овој ден некако ми траеше подолго од другите!
- Родителите на Нора ништо не ја прашале за необичниот гостин.
- Штом Филип влегол во собата, сите меѓу себе чудно се погледнале.
- Јас не знаев дека во вторник тие ќе одат на пат.
- Велосипедот на Влатко го видов зад училиштето.
- Ако учествуваше Ивица на натпреварот, сигурно ќе победеа!
- Тревата во нашата градина одамна не е искосена.
- Неговите соседи многу гледаат филмови.

Веќе знаете дека речениците кои содржат само еден прирок се нарекуваат прости. Но, тоа што тие содржат **еден** прирок воопшто не значи дека се тие составени **само** од прирок!

Забележувате дека речиси секој прирок оди заедно со својот вршител, односно со подметот. Едноставната шема на проста реченица има ваква градба:

ПОДМЕТ + ПРИРОК

На пример: Дедото јаде. Компјутерот работи. Перницата е топла.

Затоа, подметот и прирокот се викаат **главни реченични членови**.
Учениците добиваат задача да ги разгледаат простите реченици од претходната вежба и да ги откријат другите реченични членови што ги знаат и ги содржат тие.

**Активности за усвојување на новите поими**

• Вежби за составување реченица со подмет и прирок.

• Вежби за составување на реченици со подмет, прирок и неопходни реченични членови (прилошки определби, без дефинирање на неопходните реченични членови), како на пр.: Петре чита./ Петре чита книга./ Петре чита книга во собата.

• Пр. вежба: ученикот добива текст со задача прво да го прочита, а потоа со боја да ги подвлече простите реченици.

• Ученикот добива листа на зборови од кои составува прости и сложени реченици.

- Вежби со реченици и текст во кои учениците ги посочуваат подметите и прироците.
- Се анализираат прости и сложените реченици.
- Активности преку кои учениците образуваат сложени реченици од прости реченици.
- Дополнување реченици со прилошки определби.
- Вежби со реченични членови, слушање текст со сите реченични членови и нивно разликување, соодветно одговарање на слушнатите искази и прашања.

Проста реченица е реченица или дел-реченица која има само една независна реченица, односно може да стои самостојно без да има потреба од друг тип реченица.
Најчесто простата реченица е составена од подмет и прирок, но не се исклучува можноста таа да има и други членови.

Основниот елемент на простата реченица е **прирокот** кој отвора место за подметот и други реченични членови.
Прирок морфолошки е глагол.

**Подметот** морфолошки може да биде именка, заменка, придавка, број и слично.
Пример: Мите седна. (именка)

Таа си отиде. (заменка)

Убавата дојде (придавка)

Првиот седна. (број)

**Заклучни согледувања**
Основни реченични членови се прирок и подмет.
ОСНОВЕН РЕЧЕНИЧЕН ЧЛЕН Е ПРИРОКОТ.
Реченицата е составена од личноглаголска форма,која врши функција на прирок (основен реченичен член).
Реченица во чиј состав има само еден прирок се вика **проста реченица**.
Прирокот се согласува со подметот по род,број и лице.
Повеќе од еден прирок во реченицата (два,три) значи дека реченицата по состав е сложена.
Одделните реченици во составот на сложената реченица се викаат дел-реченици.

Р Е Ч Е Н И Ц А

1. **Кој прв усно ќе состави правилна реченица од зборовите во секое облаче?**

пролет, во, е, убава, ливадата

цвет, по, направив, цвет, букет



2. **Во следнава реченица подметот е испуштен.**
**Препиши ја реченицата на линијата заедно со подметот.**

- Постојано тагуваше за родниот крај.

_______________________________________________________________

3. **Дополни ги следниве реченици со соодветниот основен реченичен член. На празната линија покрај секоја реченица напиши кој член го допиша (подмет или прирок):**

а) _______________отиде на гости кај тетка и.        ___________________________

б) Таа многу се ________________________ .        ___________________________

в) ____________ направи гнездо.                    __________________________

г) Мојата ___________ сплете шал.                  ___________________________

**4. Напиши на празната линија покрај секоја именка запиши придавка што ќе ѝ одговара:**

____________ трева; ____________ цвеќе; ___________птици;
____________ ветар; ____________небо; ___________дрво;
____________ деца; ____________ планина; ___________воздух.

**5. Состави сложена реченица во која ќе употребиш повеќе именки со придавки од барањето број 3.**
**Чија реченица е најубава?**

_________________________________________________________________
_________________________________________________________________

**6. На празните линии дополнувај со проста реченица за да добиеш сложена:**

Денот се зголемува, а ____________________________________________ .
Птиците преселници се вратија и ____________________________________ .

**Завршни активности:**
**Вежби за проверување на веќе усвоените знаења**

ПОДМЕТ И ПРИРОК

1. Подвлечи го подметот со сина, а прирокот со црвена боја.

1. Пролетта пристигна.
2. Топлото време ги измами надвор децата.
3. Бебињата спиеја во нивните удобни колички.
4. Веселиот џагор се слушаше насекаде.
5. Славејчињата, штрковите и врапчињата се вратија.
6. Секогаш се будам рано наутро.
7. Топлиот ветер ги разнесува пријатните миризби.
8. Тетка ми ми направи торта за роденден.
9. Снегот брзо се топи на вакво време.
10. Птиците свиваат нови гнезда.

2. Пополни ги следните реченици.

Подметот го бараме на прашањето ________________________________ ?
Прирокот го бараме на прашањето ________________________________ ?

3. Дополни со соодветен реченичен член. За секој од запишаните зборови напиши на линијата дали се подмет или прирок.

Горан _________ сладолед. ____________________
___________ доби нова торба. _________________
_________ учи математика. ____________________
Дина __________ пиперки. ____________________
Со ________ чувствуваме солено, благо, кисело и солено.
___________________
Ги ________ рацете редовно. ___________________
Чинијата ___________ силен тресок. ____________________
____________ нервозно свиреа во колона. _______________
Силната __________ ми ги заглуши ушите. _______________
_____________ цркори весело. _______________
Милка ___________ банана. _______________
Трактористот ја ___________ нивата. _____________
_______________ шие. ______________

НАСТАВЕН ЛИСТ ЗА ДОМАШНА ЗАДАЧА
ЈАЗИЧНИ ВЕЖБИ - ПОДМЕТ И ПРИРОК

1. Потцртај го подметот со една, а прирокот со две линии во речениците.

- Птицата цркори весело.
- Милева јаде сладолед од чоколадо.
- Трактористот ја ора нивата.
- Шивачот шие на старата машнина.
- Гулабот долета на прозорецот по храна.
- Дедо ми донесе цела кошница со јаболка.
- Тие ми се налутија зашто го загубија натпреварот.
- Сонцето нѐ мамеше надвор.
- Последниот постигна време од две минути.
- Ти брзаше при читањето.
- Стојан и Рада отидоа на вечера кај новите соседи.
- Седеше сам пред вратата и го читаше новиот број на весникот.
- Ема зеде книга од библиотеката, а нејзините другарки ја чекаа во училишниот двор.

2. Потцртај го подметот со една, а прирокот со две линии во текстот.
Сите ученици беа на игралиштето. Тие беа нетрпеливи да почне натпреварот во кошарка. Кошаркарите од нивното училиште се натпреваруваа со соседното

училиште. Натпреварот беше решавачки која екипа ќе биде првак на општината. Навивачите пееја, ракоплескаа, викаа, а со тоа ги бодреа своите тимови– фаворити. Судијата го означи почетокот. Погодокот на нашиот кошаркар предизвика вистинска бура.

3. Кои видови на зборови употребуваме кога го именуваме подметот во реченицата?

________________________________________________________________________

Подметот во една реченица го определуваме со прашалното зборче:

________________________

„Кокичето го најави доаѓањето на пролетта". Подметот во оваа реченица може да го замениме со:

________________________________________________________________________

„Планинарите го освоија врвот од планината". Подметот во оваа реченица може да го замениме со:

________________________________________________________________________

„ Играа во дворот на соседот ". Што е испуштено во оваа реченица?

________________________________________________________________________

„ Пред влезот на зградата ". Оваа реченица не искажува целосна мисла, затоа што ѝ недостига:

________________________________________________________________________

Во состав на една реченица мора да има: _____________________

Име и презиме ______________________________________

**Наставна единица: Проста реченица со подмет, прирок и неопходни реченични членови - прилошки определби**

**Цел/и:**

- да ги препознава простите реченици во пишан текст кои покрај подмет и прирок имаат и други неопходни реченични членови – прилошки определби;

- да ги препознава простите реченици во усна комуникација кои покрај подмет и прирок имаат и други неопходни реченични членови – прилошки определби

**Очекувани резултати од учењето:**
Ученикот:

- препознава прости реченици кои покрај подмет и прирок имаат и други неопходни реченични членови;
- правилно употребува проста реченица во усна и писмена комуникација која покрај подмет и прирок има и други неопходни реченични членови;

Простата реченица покрај главните реченични членови подмет и прирок, може да има и неопходни реченични членови (во конкретниов случај ќе се задржиме само на неопходните реченични членови – прилошки определби без нивно дефинирање за учениците). Иако со секоја проста реченица се искажува по една завршена мисла, во говорот, најчесто, кон подметот и прирокот во реченицата додаваме и други зборови, со што мислата станува попотполна, појасна. Со прилошките опредлеби се означуваат околностите под кои се врши глаголското дејство во простата реченица. Едно глаголско дејство може да се врши на определено место, во определено време, на определен начин, со определен интензитет, поради определена причина и заради определена цел. Прилошките определби се спомнуваат како неопходни реченични членови во контекст на објаснување на проста реченица со подмет, прирок и неопходни реченични членови, не се врши нивно конкретно дефинирање за учениците.

Воведни активности

Наствникот воведниот дел го започнува преку игровна активност „Поврзи и создади реченица". Наставникот на табла во една колона пишува прости реченици кои се составени само од подмет и прирок, а во другата колона зборовни групи кои всушност претставуваат неопходни реченични членови - прилошки определби. Наставникот на учениците им задава активност соодветно да ги поврзат простите реченици од првата колона со соодветните реченични членови – прилошки определби од втората колона.

| | |
|---|---|
| Дедо спие | во градскиот базен. |
| Матеј пишува | многу брзо. |
| Тој гледа | под старата круша. |
| Ана плива | со црвено пенкало. |
| Тета отиде | низ прозорецот. |
| Сергеј трча | на гости. |
| Комитите заминаа | рано наутро. |

Откако учениците ќе завршат со игровната активност презентираат како одговориле на барањата. Доколку има некоја нелогичност во конструирањето на простата реченица со подмет, прирок и неопходен реченичен член (прилошка определба) наставникот во интеракција со учениците ја пресозада реченицата.

Главен дел

Наставникот на самиот почеток од главниот дел се надоврзува на игровната активност од воведниот дел на часот на тој начин што по завршувањето со излагањата на учениците (со давање одговори во однос на игровната активност), се истакнува дека покрај простата реченица составена од главните реченични членови (подмет и прирок), постојат и прости реченици кои покрај главните реченични членови (подмет и прирок) имаат и други неопходни реченични членови. Всушност, тоа се речениците добиени со поврзување во претходната игровна активност.

Наставникот на учениците им задава задача во која бара во однос на простите реченици кои се состојат од главните реченични членови (подмет и прирок) да ги прошират и со други неопходни реченични членови (прилошка определба - без да ја потенцира истата и без да ја дефинира прилошката определба):

1. Мама ______тивко______ зборува.
2. Селанецот ___вредно___ работи ___во нивата .___
3. Анастасија ___многу___ учи.
4. Бебето спие ___во детското креветче.___
5. Тони ___вчера___ падна.

Откако учениците ќе завршат со индивидуалната активност, наставникот бара секој пример да биде прочитан и објаснет во интеракција со учениците.

Во однос на оваа задача наставникот може да примени и поинаков пристап, а тоа е форма на фронтална работа каде ќе постави прашање со цел да објасни преку понудениот одговор од учениците, кој во простата реченица е неопходниот реченичен член без да потенцира и дефинира дека тоа е прилошка определба. Наставникот во однос на: првото барање поставува прашање „Како зборува мама?“; во однос на второто барање има два неопходни реченични члена, а наставничката во однос на првиот дел од барањето може да го постави прашањето „Како работи селанецот?“, а во однос на вториот дел од барањето го поставува прашањето „Каде работи селанецот?“; во однос на третото барање наставникот поставува прашање „Колку учи Анастасија?“; во однос на четвртото барање поставува прашање „Каде спие бебето?“; и во однос на последното барање го поставува прашањето „Кога падна Тони?“

Активност: Учениците го читаат примерот, одговараат на прашањата.

ШТРУДЛА

Разговараме на часот. Наставникот рече:

- Тошо, ајде кажи ми една реченица.
- Денес јадев штрудла!
- Каква е таа реченица, проста или сложена?
- Прехранбена. Со шеќер во прав обложена – одговори Тошо.

Ние слушаме. Наставникот се смее. Се смееме и ние. Тошо се лути.

Какво прашање/барање имал наставникот до Тошо?

Како одговорил Тошо? Што јадел тој?

Дај твој коментар на одговорот на Тошо.

Зошто настанала смеата кај наставникот и учениците? Имал ли право да се лути Тошо?

Разгледај ги и спореди ги следните реченици:

| | |
|---|---|
| Ние слушаме. | Ние разговараме на часот. |
| Наставникот прашува. | Денес јадев штрудла. |
| Наставникот се смее. | Тошо, ајде кажи една реченица. |
| Тошо се лути. | Со шеќер во прав обложена. |

По што се разликуваат речениците од првата колона од речениците во втората колона?

Од колку дела се составени речениците во првата колона?

Речениците во првата колона се составени од два дела:

1. Делот што го означува вршителот на глаголското дејство се вика подмет.
2. Делот што означува што работи подметот се вика прирок.

Речениците во втората колона освен подмет и прирок имаат и други делови -неопходни реченични членови

На пример:

Ние → подмет
разговаравме → прирок
на часот. → неопходен реченичен член

Завршен дел

Во завршниот дел од часот, наставникот пред учениците истакнува неколку фотографии кои треба да бидат поттик за пишување реченици.













Откако учениците ќе завршат со оваа активност ги читаат речениците, се надополнуваат и коментираат кој дел е неопходен реченичен член.

Домашана задача

Како домашна задача наставникот им задава на учениците да напишат писмен состав со хумористична содржина според дадената фотографија. При пишувањето на составот со хумористична содржина ученикот треба да користи и прости реченица со подмет, прирок и неопходни реченични членови.



**Наставна единица: Вежби - составување реченици со подмет, прирок и неопходни реченични членови (прилошки определби, без дефинирање на неопходните реченични членови)**

**Цел/и:**

- се оспособува да состави проста реченица со подмет, прирок и неопходни реченични членови (прилошки определби, без нивно дефинирање)

**Очекувани резултати од учењето:**

Ученикот:

- во своето секојдневно усно и писмено општење составува, пишува и користи прости реченици со подмет, прирок и неопходни реченични членови (прилошки определби, без нивно дефинирање)

Вовед

Во воведниот дел од часот наставникот на учениците им кажува дека на еден од претходните часови им беше објаснето теориски и преку соодветни примери дека има прости реченици кои покрај главните реченични членови, подмет и прирок, содржат и други неопходни реченични членови. Тој часот го продолжува на тој начин што на учениците им соопштува дека овој час е наменет за вежби преку кои тие ќе се задржат конкретно на

составување реченици со подмет, прирок и неопходни реченични членови (прилошки определби, без дефинирање на неопходните реченични членови).

Наставникот од учениците бара да напишат прости реченици со подмет, прирок и неопходни реченични членови. Како подмет да се искористат зборовите: Михаил, таа, Антоанета, тој, гулабот, тоа, мачето, петелот, оние, јас, тато, а како прироци задолжително да се искористат следните зборови: црта, трча, држи, игра, стои, чита, кукурика, сече, дреме, гледаат, одам.

Од оваа активност можни реченици кои би произлегле се (можни се и други комбинации):

1. Михаил игра.
2. Таа црта.
3. Антоанета држи.
4. Тој сече.
5. Гулабот стои.
6. Тоа трча.
7. Мачето дреме.
8. Петелот кукурика.
9. Оние гледаат.
10. Јас одам.
11. Тато чита.

Активностите продолжуваат на тој начин што наставникот од учениците бара, простата реченица составена од подмет и прирок учениците да ја прошират на тој начин што овие реченици ќе ги поврзат со соодветните неопходни реченични членови, и тоа: рано наутро, замислено, на масата, многу брзо, покрај креветот, во иднината, еден килограм јаболка, на ливадата, бавно, со восхит, зашто е повреден.

Тоа би требало да изгледа на следниов начин:

| | |
|---|---|
| 1. Михаил игра | рано наутро. |
| 2. Таа црта | замислено. |
| 3. Антоанета држи | на масата. |
| 4. Тој сече | многу брзо. |
| 5. Гулабот стои | покрај креветот. |
| 6. Тоа трча | во иднината. |
| 7. Мачето дреме | еден килограм јаболка. |
| 8. Петелот кукурика | на ливадата. |
| 9. Оние гледаат | бавно. |
| 10. Јас одам | со восхит. |
| 11. Тато чита | зашто е повреден. |

Во последниот дел од часот наставникот на учениците им задава посложена работна задача каде тој од нив бара од множество дадени зборови да состават пет прости реченици со додатоци употребувајќи ги сите дадени зборови од множеството, а тие се: планинарите, зима, ги, дваесет, скока, тежеше, сака, ние, врекката, Кузман, секоја, некаде, заминаа, скијаме, од, тој, свои, учениците, радост, деца, килограми, како.

Од дадените зборови треба да произлезат следните пет реченици:

1. Планинарите заминаа некаде.
2. Ние скијаме секоја зима.
3. Тој ги сака учениците како свои деца.
4. Врекката тежеше дваесет килограми.
5. Кузман скока од радост.

Часот се заокружува со активност во која учениците по редолсед (кој ќе го осмисли наставникот), кажуваат збор по збор надополнувајќи се и на тој начин формирајќи реченици. Пр. првиот ученик вели снег, вториот вее, третиот го кажува зборот надвор, четвртиот ја кажува цела реченица и слично.

Од страна на учениците може да бидат создадени и други прости реченици со неопходни реченични членови, но наставникот треба да внимава и да укаже на смислата на создадените реченици.

**Наставна единица: Разликување проста реченица од друга реченица - сложена во текст**

**Цел/и:**

- се оспособува да ја разликува простата реченица во даден текст во однос на сложената реченица

**Очекувани резултати од учењето:**

- прави разлика помеѓу проста реченица и сложена реченица.

Воведен дел

Основен услов за создавање реченица е присуството на глагол во лична глаголска форма: според бројот на личноглаголските форми во еден текст го определуваме и бројот на дел-реченици во него.

Пример:

| Калин пишува домашна работа. | Калин пишува домашна задача, а Ана му помага. |
| --- | --- |
| ↓ | ↓ |
| Проста реченица | сложена реченица |

**Главен дел**

Во следниот извадок учениците подвлекуваат подмет и прирок и дискутираат за истото. Потоа ги издвојуваат речениците кои имаат само еден подмет и еден прирок или само еден прирок. Истото го поврзуваат со претходните објаснувања. Овие реченици се запишуваат, а потоа се запишуваат и речениците кои имаат повеќе од еден прирок.

„Јована С. е талентирана за спорт и музика. Може за три минутки да смисли најинтересно танцување. Оваа година, сама доаѓа и си оди од училиште – со автобус. Има постара сестра. Мајка ѝ вели дека нејзината сестра е многу помирна. Не, Јованче не е немирна. Таа е само многу брза. Прва е кога некому му треба поддршка. Најбрзо истрчува да помогне и позајми, на големиот одмор и кон фускултурната сала.

Преземено од: http://aktiv.mk/vesti/445-raskaz-site-za-site-shampioni-so-posebni-mozhnosti

Потоа се разгледуваат и следните примери:

1. Тој слушаше со големо внимание.
2. Непознатиот другар важно се насмеа.
3. Таму земјоделците веќе ги ја покажуваат своите производи на пазарот.

4. Кокичиња никнуваат на секој чекор.
5. По разговорот со Маре, Митре излезе в град.

Од анализата на овие прости реченици, учениците водени од прашањата на наставникот констатираат дека тие освен подметот и прирокот содржат и други делови што служат поблиску да ги објаснат главните реченични членови во реченицата.

Завршен дел

За овој дел од часот наставникот планира игровна активност „Продолжи ја реченицата“ каде од учениците бара тие да ја продолжат првата реченица со друга реченица.

1. Јана работи на компјутер, а Петар гледа .____

2. Отидов покрај реката ______________________________.

3. Замина на одмор ______________________________.

4. Тато чита во неговата соба ______________________________.

5. Учителката пишуваше на табла ______________________________.

На самиот крај од часот наставникот на учениците им задава домашна задача секој да напише пет прости реченици кои покрај подмет и прирок ќе содржат и друг реченичен член, а потоа истата реченица да ја прошират со друга реченица со што ќе се добие една смисловна целина.

**Наставна единица: „Вежби за употреба на голема буква при пишување на имињата на народите и припадниците на народите“**

**Цел/и:**

- правилно да употребува голема буква при пишување имиња на народи и припадници на народи

**Очекувани резултати од учењето:**

- препознава и правилно употребува голема буква при пишување на имиња на народи и припадници на народи.

Јазикот е жива материја во која се рефлектира секоја нова појава од севкупното човеково живеење. Правописот на секој јазик е конвенција, збир на правила за писмено претставување на самиот јазик.

Делот посветен на употребата на големата и на малата буква е проширен со низа нови примери и решенија на некои досегашни дилеми. Така, на пр., со голема почетна буква се пишува првиот збор на предната и на задната страница на книга и сл. (Уредник, Лектор, Графички дизајн), но со мала почетна буква титули и звања во истите позиции (проф. д-р Марија Поповска). Со голема почетна буква на секој составен дел се пишуваат имињата на небесните тела (Богеева Галаксија, Голем Магеланов Облак), административните единици (Град Скопје, Општина Карпош), општопознатите неофицијални имиња на територии и градови (Нов Свет, Стар Рим, Градот на Светлината). Голема почетна буква само на првиот составен дел се пишува, покрај во веќе познатите случаи, и во множинските форми од некои историски настани (Балкански војни 1912 – 1913), кај хуманитарните и образовните акции (Да им помогнеме да оздрават), кај називите на порталите (Идивиди, Либертас), рубриките (Културна рубрика, Забавна рубрика), социјалните мрежи и компјутерските програми (Фејсбук, Мајкрософт ворд), називите на наставни предмети и студиски програми (Современ македонски јазик 1, Македонски јазик и јужнословенски јазици), школите и теориите (Прашка школа, Теорија на значењето), спортските натпреварувања, натпреварувачките лиги и спортските клубови (Лига на шампиони, Астон вила). Со мала почетна буква се пишуваат: припадниците на воени и на полициски единици (алфи, тигри), навивачките групи (комити, чкембари), трговските марки на производи (кока-кола, скопско, тојота, конверс).

Ова е извадок од воведниот дел на најновото издание на „Македонскиот правопис“. Во него е претставена употребата на големата и на малата буква во еден проширен контекст со низа нови примери и решенија на некои досегашни дилеми. Ве охрабруваме ова издание да е составен дел од вашето секојдневно работење, посебно при реализација на часовите по македонски јазик. Истото може да го најдете на следниот линк: https://pravopis.mk/sites/default/files/Pravopis-2017.PDF

При пишувањето на имињата на народите и припадниците на народите секогаш се користи голема почетна буква.

Овој час е наменет за вежби, преку кои наставникот на учениците преку наставен лист им поставува неколку задачи со цел да утврди колку учениците ја совладале наставната содржина за пишување голема буква при пишување на имињата на народите и припадниците на народите, а потоа врз основа на добиените одговори заедно, наставникот и учениците, да ги надминат одредените детектирани недостатоци и фалинки.

- Напиши пет реченици во кои ќе употребиш имиња на народи или имиња на припадниците на народите.

- На празните линии напиши како правилно се пишуваат народите и државите:

  - Германија ________________ ____________________ __________________
  - ________________ __________________ Македонец __________________
  - Французинка
  - Кинези
  - Албанија

- Во краткиот текст кој следи најди ги зборовите кои погрешно се напишани според употреба на почетна голема, односно мала буква. Откако ќе ги пронајдеш тие зборови, напиши ги правилно.




„Денешните социјални мрежи овозможуваат да стекнеме пријатели од различни Земји. Преку социјалната мрежа неодамна воспоставив пријателство со Ирген. Тој живее во Шведска, но тука е привремено со родителите бидејќи тие тука работат. Ирген е роден во Норвешка, што значи тој е норвежанец. Но, ми кажа дека неговата мајка е родена во србија, што значи е Србинка, а во Норвешка дошла на студии каде се запознала со неговиот татко и останала тука да живее со него. Приказната е уште поинтересна затоа што и бабата на Ирген потекнува од овие простори. Таа била родена во бугарија,  што значи е бугарка. Со ирген разговараме на англиски јазик. Ирген исто така знае по малку да зборува Српски јазик и Бугарски јазик па одвреме - навреме се разбиравме зборувајќи ги тој тие јазици, а јас Македонскиот јазик. Пред три години Ирген го посетил охрид. Тој од таа посета бил многу воодушевен, посебно од старите градби, манастири и цркви каде доаѓаат посетители од различни земји: Кинези, французи, холанѓани...

(од ученички состав)

**Наставна единица: Вежби за читање со разбирање - „Санка“ од Александар Поповски**

**Цели:**

-да знае да чита и согледува причинско – последични релации во текст;

-да знае аргументирано да одговара на прашања.

-да интерпретира искази и да дава свој коментар за нив.

**Резултати од учењето:**

-самостојно чита текст и одговара на прашања од различно ниво за неговата содржина.

Вовед / Воведни активности

- Наставникот ги дели учениците во три групи и бара од нив да го изразат своето мислење за другарството, за споделувањето, за себичноста.

Своите размислувања ги запишуваат на таблата и ќе проверат на крајот на часот дали исто ќе размислуваат и по читањето на текстот.

Главен дел

- Расказот се чита полека и внимателно. Доколку наставникот почувствува дека поради должината текстот не е сосем разбран пред интерпретацијата може да биде повтроно прочитан.



Санка

Наврна снег. Покри куќи, полиња, и ридови. Изутрината децата истрчаа на уличката да му се радуваат. Се валкаа во снегот, се маваа со нежни топки, се влечеа со санки, се спуштаа со нив и без нив од малечката нагорнинка. Всушност, тоа беа скали, а беа направени нивната уличка да ја поврзуваат со поголемата улица. Пред неколку години, кога ја пробиваа таа улица, ја направија повисока од нивното уличе. Сега скалите беа покриени со снег и беше израмнето, небаре под снегот воопшто да немаше скали.

Ванчо ја поисчисти од правот својата санка и го извика Игор. Сите деца имаа санки, но санката на Томе беше и најголема и најубава. Стигнуваше најдалеку кога се спуштаа од нагорнинката. На Игора му одмиле неговата санка. Колку многу сакаше да ја има онаа на Томе. Црвчето на зависта почна несносно да го скокотка.

Не издржа и замина дома.

- Мојата санка не чини – ѝ рече на мајка си. И веднаш почна силно да плаче.

- Ама што ти стана одеднаш!? – Мајката многу си го сакаше своето единче. Кога плачеше Игор срцето просто ѝ се кинеше. И самата знаеше дека санката на синчето и не е нешто што може да се сака, но друга поубава не можеше да купи. Само колку се изнамачи додека и оваа му ја направи. - Ајде, успокој се... Голем си. Треба да знаеш дека немаме пари...

Низ силнниот плач, Игор рече:

- Ја сакам санката на Томе...

- Ја сакаш, но и Томе си ја сака! – веќе построго рече мајката.

- Тогаш ќе плачам до утре!

„Ќе плаче до утре, но главата потоа ќе го боли“ – си мислеше жената, а само таа знаеше поради неговата главоболка колку бессони ноќи пробдеала! Доволно беше да се потсети на тоа и веднаш гледаше да ги задоволува посакувањата на Игор. Се чини, тоа го знаеше и нејзиното синче. В земја пропаѓаше додека молеше барајќи ја санката на Томе.

-Колку да се успокои детето... Додека му помине. Златен е твојот Томче, да се посанка тој со Игоревата... Ќе ми штукне детето... И зборуваше на Томевата мајка.

Златен или не Томче ја слушаше својата мајка. Без приговор ја донесе санката. Не се ни зачуди кога научи зошто му ја бараат. Во уличката веќе го знаеја Игора. Само со тажни очи гледаше како мајката на Игор ја влече по себе неговата убавица. Ниту погледна во санката, дома невешто изработена, што таа ја остави во замена. Излезе на порта и остана да гледа потпрена на оградата.

Игор истрча од својот дом влечејќи ја санката на Томе.

-Ванчо! – викна очигледно усреќен. – Гледај!

Ванчо само еден миг помисли дека е иста како Томевата, но штом се сврте и виде дека Томе е без санка, се сети во што е работата. Немаше ни потреба да праша, но сепак изусти:

- Па нели е тоа санката на Томе?

- Сега јас ќе се санкам со неа – задоволно и пркосно гледајќи во Томевата, се смешкаше Игор.

На Ванчо му помина меракот за санкање. Се упати кон Томета.

- Зошто му ја даде? – го праша.

- Нека се посанка – сожаливо одговори Томе. – Види колу е среќен!

- Среќен!? Како може? Ти причини мака...Така може да направи и со мене... Ама другар имаме!

Се кренаа маглите, сонцето топло печеше. Наскоро се покажаа скалите. Веќе не беше можно да се спуштаат санки. Томе беше седнат на санката на Ванчо, а Ванчо го влечеше. Потоа влечеше Томе. Игор седеше во санката на Томе и размислуваше дали треба да заплаче: Неговата санка, Томевата, немаше кој да ја влече!

Александар Поповски

„Раскази за деца"

Главен дел

Дискусија:

Каде се случуваат настаните од расказот?

Пронајди ги речениците во кои се опишува времето и околината каде се одвиваат настаните?

Кои ликови ги среќаваме? Кој каква санка има?

Кој лик веднаш се издвојува? Зошто се издвојува? Си сретнал ли ти таква личност во игрите во твоето соседство?

Што мислиш за речениците: *На Игора му одмиле неговата санка. Колку многу сакаше да ја има онаа на Томе. Црвчето на зависта почна несносно да го скокотка.*

Зошто на Игор му одмилела неговата санка?

Кому му се пожалува Игор за својата санка? Каков одговор добива тогаш?

А каква е реакцијата на Игор дека не може да има друга санка освен неговата?

Што мислиш ти, дали е оправдана неговата реакција?

Како се однесува неговата мајка на почетокот, а како подоцна во текстот? Оправдана ли е нејзината постапка? Зошто, образложи го својот одговор?

Според изложеното во текстот како се чувствувала таа? Може ли да посочиш некој дел каде може да се заклучи тоа?

Како Томе се однесува во овој настан? Дали и ти би постапил како Томе? Зошто?

Како пак Ванчо, кој е нивен заеднички другар,  ја сфаќа оваа ситуација?

Кога и колку пати се менува расположението на Игор? Може ли да ги прочитаме повторно тие делови? Ајде да заклучиме како Игор се чувствува на почетокот, во средината и на крајот на расказот? Кои се причините за тоа?

Како завршува расказот?

Пронајди ги речениците на крајот од текстот од кои ќе може да ја напишеш идејната порака на овој текст.

Потсети се: Во првото полугодие учевме за расказ, потсети се што е расказ и за домашна работа напиши три причини зошто овој текст, според литературниот вид се вели дека е расказ.

Завршна активност:

Учениците повторно работат во групи, како на почетокот и разговараат, на крајот изнесуваат мислење за прашањата: Што мислите, можеме ли секогаш сè да имаме, можеме ли сè да купиме?

Како можеме да се справиме со зависта кога гледаме дека некој има нешто што ние го немаме? Што мислите, среќни ли се оние кои ги имаат сите играчки? За што ли мечтаат тие деца?

Дали сега исто мислите за другарството и споделувањето, за себичноста како на почетокот кога ги запишавме деловите?

За домашна работа:

Прво ниво: ги издвојуваат ликовите и ги набројуваат настаните таксативно по хронолошки ред.

Второ ниво: Избираат еден лик и го опишуват наоѓајќи цитати од текстот кои ги анализираат.

Трето ниво: Ги издвојуваат постапките на секој од ликовите и пишуваат коментар од две –три реченици за секоја од нив.

**Наставна единица: Читање текст и определување тема на текст**

**„Ѓерданче од снегулки“ од Бистрица Миркуловска**

**Цели:**

-читање и анализа на прозен текст;

-определување на тема на текстот.

**Резултати:**

-чита и самостојно одредува тема на текстот.

**Вовед/воведни активности**

Во воедниот дел од часот наставникот ја применува техниката Бура на идеи. Учениците треба да запишат по 3 нешта кои се потребни за да се оздрави кога сме настинати. Запишаното ќе го проверат по завршувањето на интерпретацијата на текстот.

**Главен дел од часот**

Се чита текстот внимателно. Наставникот дава задача дека по читањето треба да одговорат на прашањето: што се зборува во текстот. Доколку не можат да го одговарат прашањето веднаш, со една реченица, тогаш може да направат таксативно набројување на настаните и од тоа да направат таков заклучок кој ќе биде соодветен на поставеното прашање.

Учениците по истото добиваат објаснување дека кога зборуваме за тоа *што се зборува во текстот кој го читаме* всушност ја одредуваме неговата тема. При *дефинирањето* односно одредеувањето на темата на еден текст ние всушност, целата содржина ја ставаме во една реченица.

Учениците читаат и одговараат на прашања за текстот, наставникот преку прашањата за *дискусија* ја поттикнува атмосферата за интеракција, одговарање и меѓусебно дополнување на учениците.

**Ѓерданче од снегулки**

Живеела една вдовица со две ќерки коишто многу се сакале. Се чувале, како очи што се чуваат, ронката лебец ја делеле, секогаш за раце се воделе.

Но, еднаш, зиме било, се разболела постарата сестричка. Седум дена лежела: челото врелина, усните скоравени. Мајката и помалата сестричка деноноќно седеле до нејзината постела.

„Мамо, со што да ја зарадувам дада?

„Надвор е студено. Ниту цветец да скинеш, ниту јаготка да набереш, ниту прозорец да отвориш сончев зрак да ја погалиш...” , воздивнувала мајката.

„Мамо, можеби под снегот има кокичиња? “ , запрашало девојчето.

„Не верувам. Рано е. Тие сѐ уште спијат во ровката земја” , рекла мајка ѝ.

„Сепак ќе одам да проверам”

И девојчето излегло надвор, заткуќи, кај што секоја година под снегот никнувале белите ранобудници. Го распретало снегот, ама нашло само смрзната земја. Дланките ги притиснало врз местото каде една до друга спокојно спиеле белите пупки. Некаква далечна топлина ги засолнила, се раздвижиле заитани за средба со топлиот сончев зрал. Ама дланчињата на девојчето, запретани во снегот, помодрени, затрепелиле. Студот завеал низ смрзнатата земја и ги вкочанил кокичињата. Повторно потонале во длабок сон.

„Ги нема, ги нема кокичињата” , заплакало девојчето и солзи ѝ капнале врз снегот. Со помодрени, празни раце се вратило во собата. Тивко седнало до постелата, се загледало во лицето на болната сестричка и шепотело: „Таа мора да оздравее... мора... мора...”

Едно време девојчето погледнало кон прозорецот: јадри снегулки летале и напластувале врз веќе оснежената земја. Кроце излегло надвор, фатило грст снегулки и една по една – нанижало ѓерданче. Со нежна насмевка се стрчало кај болната сестричка.

„Дадо, гледај, ѓерданче... за тебе, дадо...”

Болната сестричка погледнала, пред нејзините очи светкале дробни сребрени ѕвездички.

„Чудесно ѓерданче... ти благодарам...,” шепнала болната сестричка, со трепетни раце го зела и го ставила на гуша. Насмевка легнала врз нејзината распукани усни. Врелината згаснала, фатила спокојно да дише и заспала.

Тој час сребрените снегулки се сториле капки. Ама, гледај чудо: капките не се разлеале, туку се престориле во низа дробни бисери.

„Спокојно спие , шепнала мајката, „Кога ќе се разбуди, ќе биде здрава”.

(Бистрица Миркуловска, збирка раскази *Ѕвездена*)



Дискусија

Кои ликови се сретнуваат во овој текст? Дали имаат имиња? Каква релација имаат тие меѓу себе?

Како раскажувачот ја опишува поврзаноста меѓу двете девојчиња?

Што се случило одеднаш? Каде и со кои реченици се служи раскажувачот за да ни го опише тоа?

Дали во следниот цитат може да се препознае времето кога се случува дејството*: „Надвор е студено. Ниту цветец да скинеш, ниту јаготка да набереш, ниту прозорец да отвориш сончев зрак да ја погалиш...” , воздивнувала мајката.*

Што сакала да направи помалата сестричка? Зошто? Кои се нејзините конкретни постапки од кои гледаме колку е таа загрижена? Како се чувствува таа за време на боледувањето на постарата сестричка? Каде бара лек?

Како успева да најде *лек* за својата постара сестричка?

На кого се однесува овој цитат од текстот: *Чудесно ѓерданче... ти благодарам...,” шепнала болната сестричка, со трепетни раце го зела и го ставила на гуша. Насмевка легнала врз нејзинате распукани усни. Врелината згаснала, фатила спокојно да дише и заспала.*

Како се однесува болната сестричка? Какво дејство *има лекот* врз неа?

Што мислиш, колку е реалистична оваа сестринска приказна? Во што се состои нивната волшебност? Образложи го својот одговор? Дали има некаква симболика во снежното ѓерданче? Што всушност подарила малечката сестричка?

Што мислиш за реченицата: *Ама, гледај чудо: капките не се разлеале, туку се престориле во низа дробни бисери.*

Што всушност се претвора во бисер?

**Завршен дел**

Учениците добиваат задача која самостојно ја завршуваат.

Задача: Напиши со свои зборови тема на текстот и поука од текстот.

Наброј ги ликовите и напиши по три зборови за нив кои ги опишуваат. Доколку не можеш да се сетиш, повторно прочитај го текстот, сите одговори се во него.

Рефлексија

1. Што научивме денес?
2. Дали ви се допадна текстот?
3. Имате ли омилен дел од текстот?
4. Што од наученото можеме да користиме во секојдневниот живот?

**Наставна единица: Анализа на лирска песна со откривање поетска слика, рима**

**„Зимска слика“ од Ј. Стрезовски**

**Цели:**

-препознава и анализира лирска песна;

-одредува поетски слики во лирска песна;

-препознава, дефинира и репродуцира примери за рима.

**Резултати:**

-анализира лирска песна и одредува поетски слики.

**Вовед/воведни активности**

Наставникот поведува краток разговор и ги насочува учениците да си повторат за поимите: стих, строфа, песна, рима, поезија. Учениците ги објаснуваат поимите онака како што ги запомниле и како што ги препознаваат.

Лирските песни се куси, сликовити и заситени со чувства, а тоа значи дека главна одлика им е емоционалноста. Лирските песни можат да бидат разновидни и многубројни по својот мотив. Лирските песни можат да бидат со патриотски мотиви -посветени на татковината и нејзините богатства, може да бидат хумористични и да се инспирирани од секојдневниот живот и смешните ситуации во него како и карактеристиките на луѓето, може да се однесуваат на љубовта... Во лирските песни се опфатени сите поважни моменти од секојдневието на луѓето: она што ги восхитува, она што ги возбудува, она што натажува, она што ги радува...

Гласното совпаѓање на зборовите на крајот на стиховите се нарекува рима. Успешната рима предизвикува звучен ефект поврзан со значење.

Поетските слики се поврзуваат со *сликите* кои ги создаваат зборовите.

„Поетските слики им зборуваат на нашите сетила, будејќи силно сетилно искуство. Многу поетски слики се визуелни, но тие исто така ги будат сетилото за допир, вкус, мирис или слух. Смислата и функцијата на поетската слика е да создаде чувство на ново искуство за читателот истовремено да добие чувство како истото и лично да го почувствувал, а не само да *слушал* за него.“

(Лен Робертс, Елементи на добро напишана песна https://okno.mk/node/54523)



**Зимска слика**

Во сребрен превез видикот тоне
рој од снежинки немирно лета,
на мојот прозорец матен и влажен
ледено цвеќе почна да цвета.

Ковачи вешти сковале реки,
со една тврда просирна гуна,
и сите дрвја на себе – чинам
облекле бели јагнешки руна.

На брегот висок синџир од деца
по снегот прават лизгави траги.
Па мислам колку несетно врват
детските години сакани, драги.

Јован Стрезовски



Извор: okno.mk

Песната носи наслов „Зимска слика“. Што мислиш, зошто?

Што најмногу ти се допаѓа во неа? Какво расположение побудува песната?

Одберете некој кој убаво чита поезија, нека ја прочита песната на глас. Што слушна? Имаше ли некои звучни совпаѓања? Како се викаат тие? Наброј ги.

А што си претстави како слика додека ја читавте песната?

Во песната поетот дал повеќе поетски слики.
Пример: На мојот прозорец матен и влажен
ледено цвеќе почна да цвета.

Пронајди ги другите поетски слики. Какви чувства побудуваат тие кај тебе?

Завршен дел

Задача за учениците: Направи цртеж за најсилната поетска слика.

**Наставна единица:** Вежби за анализа лирска песна „Запис за книгата“ од  Глигор Поповски

**Цели:**

-препознава и разбира содржина на лирска песна;
-самостојно содржински анализира лирска песна.

**Резултати:**

-анализира лирска песна и одредува поетски слики.

**Воведни активности**

- Дискусија за јазикот во поезијата и јазикот во прозните текстови. Учениците се насочуваат креативно да размислуваат и да направат споредба меѓу јазикот кој го сретнаа во текстот „Санка“ и во песната „Зимска слика“. Пример: поетот вели *дрвјата облекле бели јагнешки руна*, додека писателот ќе запише: *Наврна снег. Покри куќи, полиња, и ридови.* (Учениците треба да станат свесни за разликата на поетскиот јазик од јазикот кој се употребува во секојдневниот говор и раскажување)
- Учениците кажуваат по еден збор за книгата, односно што претставува таа за нив. Пример, книгата е пријател, учител, извор.... Секој ученик од одделението кажува свој збор, објаснување, толкување за книгата...

**Главна активност**

Учениците самостојно ја читаат, анализираат и запишуваат за песната свои доживувања и согледувања.

За истото го следат следниот план со прашања:

- необични зборови (учениците треба да видат дали некои зборови им се непознати или пак се поинаку употребени од она што во вообичаениот говор се користи;
- украси и споредби во песната (кога некоја именка или некој поим е опишан или спореден со нешто);
- звучење во песната – рима;
- поетски слики – слики кои се создадени од зборовите во стиховите (Наставникот дава насока да се чита полека и да се доживува песната и нејзините зборови на тој начин што ќе се овозможи создавање поетски слики кај читателот)

**Запис за книгата**



Книгата, ако човек ја сака,
како брат знае да подаде рака.

И ако реши  човек негде да оди,
книгата сигурно ќе го води.

И ако реши човек нешто да прави,
за помош кај книгата нека се јави.

И ако некогаш нешто темно го срети,
нека ја земе книгата, таа ќе му свети.

И ако сака во свет од чудата да зајде,
тој свет во книгата ќе го најде.

И ако гладен за знаења трпи,
од книгата секогаш може да црпи.

И ако реши споменик да гради
што ќе трае и векови ќе здружува,
нека и изгради споменик на книгата-
таков споменик само таа заслужува!

Глигор Поповски

Активности: учениците самостојно работат на песната околу 15 минути и потоа се читаат нивните одговори. Наставникот со учениците треба да дојде до заклучоци кои се поврзани со нејзината содржина и начинот на кој таа го постигнала значењето.

Така, тие од песната треба да заклучат дека поетот ја нарекува односно ја става да биде во улога на наш брат, водач, помошник, светилник, свет на чуда, извор на знаења, нешто што заслужува споменик.

Наставникот дава пример за необичноста на поезијата и како пример за поетско претставување на нештата може да ги издвои стиховите:

*И ако некогаш нешто темно го срети,*
*нека ја земе книгата, таа ќе му свети.*

Понатаму дискусијата може да се насочи кон толкување на темнината и светлината и зошто светлината и книгата поетот овде ги поврзува.

Исто така, освен римите и поетските слики учениците треба да го објаснат она што се предлага во песната – книгата да добие најголем споменик.

Завршен дел

Рефлексија
- Што научивме денес?
- Како се чувствувавме додека читавме и разговаравме?
- Каде можеме ова да го примениме во секојдневниот живот?



**Наставна единица: Патриотска песна – поим**

**Цели:**

- усвојување на поимот патриотска песна;

- содржинска анализа на патриоска песна.

**Резултати:**

-препознава и анализира патриотска песна.

**Вовед/воведни активности**

Учениците кажуваат по еден збор кој претставува нешто карактеристично за нашата земја, пример сонце, домат, шарпланинец, молика...

Од тие зборови заеднички преку играта ***Заврши ја реченицата*** учениците формираат реченици, пет-шест реченици кои се зборовна слика за нашата земја.

## ТАТКОВИНАТА СМЕ НИЕ

Татковинате сме сите ние
што заеднички учиме, работиме,
чекориме.
Едно срце што бие
За секого –добрина да сториме.

Татковината се сака
и со подадена чаша
студена вода со слатко,
со топлиот леб
од тврдите раце на таткото.

Татковината е
постела мека
и утрински бакнеж од мама.
Татковината е
домашна задача
и сè што научив сама.

Татковината е
и автобусот „двојка“
што полн доаѓа и полн се враќа.
И мустаклијата што катаден вози,
што мавта и поздрав праќа.

Татковината е радост до небо
петки кога добиваме
И кога сме сите ко еден,
заедно кога навиваме.

Татковината е вековина.
Татковината е траење.

Татковината се чува
со разум и со знаење!

Васил Мукаетов, од збирката *Ти реков, ми рече*

Дискусија:

-Прочитајте за песната и потоа во две колони напишете она што го прочитавте во песната:

1. што е татковината;

2. како се сака татковината.

Изделете ги споредбите во оваа песна, што заклучивте?

Кој е најважниот стих/стихови за вас од оваа песна? Образложи го својот одговор?

Што значат стиховите: *Едно срце што бие*

*За секого –добрина да сториме.*

На што нѐ упатуваат тие?

Што мислиш за стиховите, на што повикува лирскиот субјект/поетот во овој дел од песната:

*И кога сме сите ко еден,*

*заедно кога навиваме.*

Напиши ја пораката која сметаш дека поетот ја упатува до тебе како читател.

**Завршна активност**

Учениците одговараат на прашања (што се опејуваше во песната која ја читавме денес, на кого се однесуваше, како беше претставена татковината, какви чувства провејуваат низ неа) од наставникот при што треба да дојдат до заклучокот дека:

Песните во кои поетите со возвишен тон ги опеваат убавините и богатствата на својата татковина, а низ тоа ја искажуваат својата љубов и приврзаност кон неа се викаат патриотски песни.

**Наставна единица: Патриотска песна „Еј, татковино“ од Огнен Неделковски**

**Цели:**

-читање и содржинска анализа на песна со патриотски мотив;

-интерпретација на цитирани стихови и самостојно изведување идејна порака од песната.

**Резултати:**

- интерпретира стихови од патриотска поезија.

**Вовед/воведни активности**

Наставникот ја чита изразно песната и потоа остава учениците неколкупати во себе да ја прочитаат. Следува читање на песната од повеќемина, при што со изразно читање проследено со соодветна интонација и дикција, учениците ќе се воведат во содржинската анализа и интерпретација на песната.

(Оваа песна има и своја музичка верзија во изведба на А. Димовска, може да се најде на линкот: https://www.youtube.com/watch?v=vFQvKhn26Hg и може да биде интересно дополнување на часот)



**Еј, татковино**

Три езера, стари планини
Чуваш во срцето.
На Балканот топло катче си,
еј Татковино!
Нека грее спокојно
Тука сонцето,
Ти си сѐ што имаме
еј Татковино!
Со векови земјо постоиш,
горда, прекрасна,
во висини твојте гулаби
мирно летаат.

Со векови земјо постоиш,
горда, прекрасна,
недопрени твојте цветови
в поле цветаат.



Та запеј ни песни прекрасни
Ѕвездо на небото
И кажи ги твојте судбини
еј Татковино!
Нека грее спокојно
Тука сонцето,
Ти си се што имаме
еј Татковино!

Огнен Неделковски

**Дискусија**

Песната има интересен наслов, што мислиш зошто е тоа така?

За разлика од песните кои досега сме ги читале, по што се посебна оваа? Дали и досега сме читале песни во кои поетот директно се обраќа некому, во случајов татковината?

Како поетот ја нарекува својата татковина? Пронајди ги и прочитај ги стиховите во кои има за неа опис од поетот што таа претставува.

Со кои зборови поетот ја украсува татковината? Пронајди ги и прочитајте ги со другарчињата.

Дали во оваа песна има рима? Посочете ги сите парови рими.

Завршни активности:

- Учениците рецитираат, се избира најдобриот рецитатор за оваа песна.
- Наставникот во разговор ги поттикнува учениците да ги сублимираат своите знаења во врска со патриотските песни. Со техниката грозд се потикнуваат да ги кажат сите поими или различни клучни зборови кои упатуваат на патриотски песни. Пример, љубов, татковина, богатство...

- Им се посочуваат дополнителни песни кои се со патриотски мотив, иститe ќе им послужат како пример во пишувањето домашна работа Наставникот посочува на учениците дека може да ги употребат, меѓудругите, и зборовите: татковина, бисер, жита, планини, реки, езера, богатства, срце, сонце, сака, почитува, живее... Песната да има најмалку две строфи и рима.



**Балада за Гоце**

Во дожд од оловни зрна
в Баница наша страдна,
робинко мајко земјо
јунакот Гоце падна.

Спиштеа градови, села,
земјата в црно се зави,
народот нажален реши
името да ти се слави.

И стана легенда жива,
легенда в песни збрана,
твоето име Гоце
лечеше в срце рана.

И свиден овчар со кавал,
жетвар со раце лесни,
распеан сиот народ

ѓердан ти сплете од песни.

Рајко Јовчевски

**Македонски пејзажи**

Ред планини, ред полиња родни
нанижани во твојата ниска,
можеби затоа толку те сакам
и толку на срце си ми блиска.

Ред рекички, ред езера бистри
и цвеќиња на дофат рака,
можеби затоа толку си ми блиска
и толку многу те сакам?

Ред тутун, па афиони, лозја,
ред зрели и позлатени жита,
можеби затоа толку те сакам
и кон тебе радосно итам?

Саво Костадиновски



**Погледнете интересни и неверојатни пејзажи од нашата земја на http://www.igeografija.mk/Portal/?p=6171**

**Наставна единица:** Вежби- анализа на патриотски песни напишани од учениците посветени на татковината / Гоце Делчев

**Цели:**

- развивање творечки креативни вештини за писмено изразување во стих;

**Резултати:**

-креативно твори на зададена тема.

**Вовед/воведни активности**

Наставникот дискутира со учениците за нивното искуство од пишувањето на домашната задача, секој го кажува своето искуство, колку тешко или лесно им било да ја завршат, колку и дали им било интересно, со што немале или имале проблем.

**Главен дел од часот**

Наставникот ги слуша творбите и дава позитивни коментари на учениците.

Завршен дел од часот

На крајот на часот учениците самостојно се оценуваат:

Со следната:

ЧЕК ЛИСТА

- Песната има соодветен наслов и содржина која одговара на песна со патриотски мотив
- Песната која ја напишав има две (и повеќе строфи)
- Песната има рима
- Песната има украси и споредби

**Наставна единица: Хумористична песна – поим**

**„Будалетинки“ од Славко Јаневски**

**Цели:**

-да го усвои поимот хумористична песна;
-да препознава и разликува хумористични песни од другите видови лирски песни;
-чита и анализира химористична песна.

**Резултати:**

-чита и разбира хумористична песна.

**Вовед/воведни активности**

Со примена на техниката Минута работа, учениците се ангажираат да направат кратко објаснување за период од една до две минути, што за нив значи поимот хумор. Следува кратка дискусија во врска со одговорите.

Хуморот има тенденција определена тема, ситуација, појава, карактеристика да ја претстави на шеговит начин. Како што во секојдневието човекот се шегувал, и сè уште се шегува на своја и туѓа сметка, така истото го преточувал во песните или другите фолклорни и авторски творби.

Сите во различни контексти и на различни начини реагираат на хумористични кажувања/пеења. Децата се смеат на цртаните филмови, возрасните на театарски претстави од жанрот комедија, децата се смеат на училишни смешни ситуации и гафови, возрасните на анегодоти поврзани со работата, во професијата со која се занимаваат...

Хумористичните песни се со ведра содржина, во кои се зборува за шега која се прави на нечија сметка, на поединци или на група на луѓе. Во хумористичните песни на духовит начин се опејуваат извесни карактеристики на човекот, но едновремено тие се „поуки“ за мрзеливоста, глупоста, алчноста и слично.

Активност: учениците се делат во парови и дискутираат што им е најсмешно и кога најмногу се смееле?

Наставникот може да ги мотивира и да раскажат за извесни случувања и анегдоти од нивниот заеднички училиштен живот. На тој начин ќе се потенцира усвојувањето на поимот хумор.

**Будалетинки**

На будилниците будалетинките
не им веруваат.
За будење во креветот
петли чуваат.

Рано стануваат
да се одморат од спиење.
Водата ја џвакаат,
лебот им е за пиење.

Прозорците ги заковале
собата да не им ја ограбат,
околу куќите
наредени се како ограда.

Ене ги севезден стојат
закопани в земја до појас.

Будалетинките
Од кралството Будалија
толку пораснаа
што сосем се намалија!

*Славко Јаневски*

Дискусија: Прочитајте ја песната и видете како се напишани глаголите. Во кое лице се тие? На кого се однесуваат тие глаголи? За кого се кажуваат тие?

Каков е поетот/лирското јас во односот кон она што го кажува?

Дали за будалетинките се зборува со :

-сериозност;

-шеговитост;

- потсмешливост?

Дали оваа песна изгледа како без смисла? На пример, како ги коментирате стиховите: *Рано стануваат*
*да се одморат од спиење.*
*Водата ја џвакаат,*
*лебот им е за пиење.*

*Или подолу:*
*...толку пораснаа / што сосем се намалија.*

Во продолжение има уште по некој пример од песни за деца кои се хумористични по својот мотив.

**Мачор еден**



Тој е мачор без работа:
од сабота до сабота,
од недела до недела,
преде, преде, распредува
една иста кадела.

Мачор еден
многу вреден...
Не оти е само еден,
ни оти е многу вреден!
Тој е мачор без работа:
од сабота до сабота,
од недела до недела,
преде, преде, распредува
една иста кадела.

Мачор еден
многу вреден...
Не оти е само еден,
ни оти е многу вреден!...
Сепак,
сепак,
не е важно каква мрза

в себе криеш -
важно каков глас те бие!

Бошко Смаќоски

Хумор има и во македонскиот фолклор, тоа го запишале и нашите собирачи, Миладиновци.

**Невеста момче фалеше**



Невеста момче фалеше:
Имам момче работно,
На ден бразда ораше,
Во недељата лехичка,
И в месецот погонче,
А и в годината нивичка.
Там дека момче ораше,
Пуста го дремка нападна,
Закачи рало стред нива.
Пустото рало крушево,
Дур да се момче разбуди,
Пусто рало никнало.
Дало си круши здреани.
Кога се момче разбуди,
Здрели се круши најаде.

*Браќа Миладиновци*

**Наставна единица: Хумористична песна – анализа „Светна молња, удри гром“ од Бошко Смаќоски и „Протест“ од Васил Пујовски**

**Цели:**

-анализа на содржината на хумористична песна преку примери.

**Резултати:**

-содржински анализира и коментира за хумористични песни.

**Вовед/воведни активности**

Наставникот поведува дискусија: Кога најчесто се смееме? На што се смееме? Што е хумор за секој од нас? Кога последен пат сте кажале шега и каде било тоа?

Во секојдневиот живот каде најчесто можеме да најдеме хумористични нешта?
(кога кажуваме зборови кои се необични или чие значење не го знаеме, кога слушаме забавна рима, кога употребуваме зборови на кои не им е местото во таа реченица, кога не можеме да кажаме некој збор, кога кажуваме ситуации или кога учествуваме во ситуации во училиште..).

**Дискусија за изреките**

Смеата е добар почеток за пријателство.

Кој често умира од смеа, подолго живее.

Смеата е сонце: таа ја топи зимата од човечко лице.

Среќата доаѓа во куќата каде се смеат.

**Главен дел**

-Читање и дискусија за песните и нивната содржина.

Наставникот ја води дискусијата за да ја објасни позицијата на смеата и хуморот кај песните за деца кои вклучуваат нонсенс хумор. Овој хумор нема смисла бидејќи работите се невозможни, однесувањата на ликовите се неприродни, содржината е апсурдна, но затоа и смешна за детската читачка публика.

**Светна молња, удри гром**

Светна молња, удри гром:
сред горота стори лом.

Впламна еден висок даб,
скрши еден јасен слаб.

На врапчето мало в лет
пердуви му скина пет.

Штурци стори каша - сос,
на комарец столчи нос.

А на еден бесен волк
му запали опаш долг.

„Но што ако падна гром? -
пее полжав в својот дом:
Јас си имам, дир-дир-дан,
на куќата громобран!“

Бошко Смаќоски

## ПРОТЕСТ

Сите глувци вчера
на совет се збрале,
ваков остар протест
до луѓето дале:

„Ни досади животот
во куќите ваши,
секој гладен глушец
да јаде се плаши,
зашто не е ретко
расипана храна
в стомаците наши
така да е збрана.

Затоа на советов сега
сите сложно велиме:
— Од куќите без фрижидери
веднаш ќе се селиме.“

Васил Пујовски

**Активност:**

**Учениците се поделени во две групи. Секоја од групите чита по една од песните. Се прави Т – табела при што се забележува *Што може, а што не*?**

Неможноста да се случи она што песната всушност го опејува го создава хуморот и смеата на песничките кои ги предлагме за читање. При ваквите опејувања животните им служат на поетите за градење на хуморот преку нивната необична, антропоморфна позиција како и поради особините кои им се припишуваат, а не ги поседуваат.

**Завршен дел**

Самооценување со чек листа

1. Препознавам песна со хумористичен мотив.
2. Читам со разбирање песна со хумористичен мотив.
3. Читам и интерпретирам песна со хумористичен мотив.
4. Самостојно коментирам песни со хумористичен мотив.

**Наставна единица : Лектира „Гоце Делчев“ од Ванчо Николевски (2)**

**Цели:**

-самостојно читање на роман за деца;

-прераскажување на делови од роман за деца;

-одредување ликови, време, место и историографски елементи во романот „Гоце Делчев“.

**Резултати:**

- Самостојно чита текст со разбирање и интерпретира преку аргументирани факти и цитати од текстот.

Пред обработката на лектирата дајте им го овој потсетник на учениците како водич низ читањето. Учете ги учениците дека лектирата е обврска за самостојно читање книга.

Пронајдете го местото кога првпат се појавува раскажувачот, во кое лице раскажува?

Забележувајте секогаш кога ќе се појави нов лик.

Обележувајте ги страните каде се даваат податоците за ликовите и нивните особини. Забележувајте и цитати доколку ви изгледа дека некоја мисла, постпка или лик се важни за вас и сакате веднаш да ги коментирате.

Бележете ги и настаните.

Размислете за постапките на главниот лик и напишете краток коментар за тоа.



При обработката на лектирно дело имајте предвид дека истото треба да се одвива во фази односно истото поминува низ неколку постапки кои ги спроведува наставникот. Имено:

-доживувачко – спознајна фаза;
-локализација;
-препознавање на делото по форма и вид;
-најава на проблемот на текстот/романот/расказот;
-интерпретативно читање на одломки и простор за емоционално доживување
-разговор за доживеаното при читањето;
-анализа и/или интерпретација;
-синтеза;
-задачи за самостојна работа.

**Вовед/воведни активности**

Наставникот има подготвено еден цитат кој е земен од првата страница на романот односно од предговорот со наслов „Се појавил чуден човек".

Истиот се користи за започнување на дискусијата за романот „Гоце Делчев" од Ванчо Николевски.

Раскажувачот во овој роман вели:

„Ти што мислиш? Што е тоа што ги влече срцата на луѓето да одат во црквата? Каква е таа волшебна сила што ги привлекува луѓето?"

За која црква станува збор? Зошто вели волшебна сила?

Наставникот ја започнува дискусијата барајќи од учениците да го коментираат она што стои на таблата/дисплејот/екранот.

**Главен дел од часот**

Наставникот посветува внимание на структурата, содржината, настаните и ликовите и нивните постапки. Важно е ученикот со насочувачки прашања да биде воден низ содржината/ настаните и преку потсетување за истите да биде поттикнуван да ги аргументира своите одговори и да дава свое мислење поткрепено со цитат од романот.

Наставникот поставува прашања за структурата на книгата Дали е тоа збирка раскази или е роман? Како препознаваат дека е роман? Како е поделена книгата? Кој раскажува? Се менува ли раскажувачот?

За кои настани прво читаат учениците? Како е дочекан на свет синот на Никола Делчев?

Како поминува детството на Ѓорѓи – Гоце Делчев? Како се викаат главите од романот кои се посветени на тоа?

Пронајди ги деловите во кои се откриваат карактерните особини на Гоце? Пронајди ги и дај го својот коментар за однесувањето на Гоце. Со кои постапки Гоце го привлекува вниманието на околината? Која е главната особина на Гоце Делчев уште од најмала возраст? Зошто најмногу се лути татко му?

Според тебе, дали времето во кое живее Гоце е време кога може да направат одредени постапки? На пример, да се кара со децата од турска националност чии родители се со некаква позиција во општеството? Зошто не може? Какви се твоите сознанија за ова од часовите по општество?

Според она што го прочита во романот, како се одвива образувањетона Гоце Делчев? Која била желбата на таткото Никола, а која на Гоце? Како се чувствува Гоце во главата „Неисполнети желби“? Како се чувствува на почетокот, а како на крајот?

Кој е главниот настан во главата „Долу султанот“? Каде се случуваат настаните во оваа глава? Како поминува школувањето во Солун? Каде станал член и според романот, зошто тоа го направил?

Гоце Делчев се запишал во Военото училиште во Софија. Дали таму останал мирен? Со кои мисли се борел штом стигнал таму?

Кој важен настан во животот на Делчев се случил за време на неговото учење во Софија?

Дали го завршил своето школување? Зошто не го завршил? Што се случило?

Што значат за Гоце зборовите: „Заедно со исклучените како социјалист, се исклучува и јункерот Ѓорѓи Делчев“?

Како се одвива револуционерниот животен пат на Делчев? Што правел тој на своите патувања низ Македонија? Кои настани би ги издвоил/а како интересни и посебни?

Дали и какви јунаштини се раскажани во овој роман?

Наброј ги ликовите во кои се престорува Делчев на патиштата низ Македонија?

Кои три карактеристики за Делчев би ги кажал/а според неговото однесување во романот? Според кои настани и постапки го аклучи тоа?

Како завршува романот?

Што се случува во главата „Баница во пламен“ ?

Дали оваа лектира ти помогна во разбирањето на македонската историја кон крајот на 19 и почетокот на 20 век?

Каде се гледаат првите револуционерни и скриени постапки на Гоце? Кои другари ги има тој? За кои сметаш дека се дел од македонската историја?

За разлика од другите романи кои си ги читал, каков е романот „Гоце Делчев“? Дали главниот лик е измислен? Дали е тој дел од македонската историја?

Предлог истражување за следниот час: Пронајди како се викаат романите во кои се раскажува за животот на некоја историска личност.

На вториот час учениците го разгледуваат Гоце Делчев како космополит и како интелектуалец кој имал широки погледи за светот и за македонската земја на крајот на 19 и почетокот на 20 век.

Како го разбира Гоце Делчев живеењето во Македонија според цитатот: „Ние сакаме слободна Македонија, братска заедница за сите луѓе во Македонија, држава без цареви, кралеви, аги и бегови, во која ќе бидат рамни сите луѓе без разлика на вера и народност.“

**Во главниот дел од часот учениците го читаат својот дневник со двоен запис за прочитаниот роман.**

**Дадете задача да се направи мал стрип за Гоце Делчев како самостоен заклучок на учениците.**



**Ванчо Николески - биографија**

Ванчо Николески е роден во село Црвена Вода - Дебрца, Охридско. Основно училиште завршува во родното село, гимназија во Охрид, а учителска школа во Скопје. По завршувањето

на учителската школа, тој учителствувал во многу села низ Македонија. По ослободувањето на Македонија, Николески работел како новинар и уредник на весникот „Титов пионер“ и во детските емисии на Радио Скопје и Радио Битола. Од 1950 година, тој бил член на Друштвото на писателите на Македонија.

## Награди и признанија

За своето книжевно творештво, Николески бил добитник на повеќе книжевни награди, меѓу кои и наградите: „11 Октомври, „Климент Охридски“ и „Младо поколение“.

Во негова чест, Друштвото на писателите на Македонија ја доделува наградата „Ванчо Николески“ за книга за деца и млади.

Николевски е автор на:

- „Македонче“ (прва збирка песни за деца на македонски јазик, 1946)
- „Мице“ (поема, 1947)
- „Школско ѕвонче“ (песни, 1947)
- „Прва радост“ (песни, 1947)
- „Бабино вретенце“ (песни, 1948)
- „Крај огниште“ (песни, 1948)
- „Дедови приказни“ (песни, 1950)
- „Шарено торбиче“ (песни, 1950)
- „Татковина“ (песни, 1950)
- „Мое село“ (песни, 1950)
- „Чуден свет“ (песни, 1952)
- „Чудотворен кавал“ (раскази, 1952)
- „Мојот ден“ (сликовница, 1952)
- „Стани, Коле“ (песни, 1952)
- „Братска дружба“ (приказни и бајки, 1953)
- „Четиринаесет илјади ослепени“ (историска поема за времето на Цар Самоил, 1954)
- „Приказни и бајки за деца“ (1955)
- „Чудни случки“ (раскази, 1958)
- „Цвета смета“ (сликовница, 1960)
- „Волшебното самарче“ (роман, 1962)
- „Приказни од моето село“ (раскази, 1964)
- „Гоце Делчев“ (роман, 1964)
- „Чуден дедо“ (песни, 1964)
- „Под виорното знаме“ (роман, 1967)
- „Приказни од волшебната куќичка“ (раскази, 1970)
- „Малиот ловец“ (раскази, 1970)
- „Станко спанко“ (песни, 1972)

- „Ѕвездени вечери“ (песни, 1973)
- „Рачко плачко“ (песни, 1973)
- „Крвави години“ (хроника-роман)
- „Жива книга“ (раскази, 1978)

## ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

### ЗОШТО Е ПОТРЕБНО ПИСМЕНОТО ИЗРАЗУВАЊЕ

Задачите на наставата по пишан израз се: учениците да ги совладаат јазичните законитости, да користат точни граматички и правописни форми, да усвојуваат нови зборови и изрази, да ги формираат своите мисли со точни и убави реченици, да ги поврзат хармонично во поголеми логички единици, успешно да репродуцираат и креативно прераскажуваат, да научат да набљудуваат и опишуваат нешта и предмети.

РАСКАЖУВАЊЕ е репродукција на содржината на искуство, настан или нешто замислено. Субјективниот поглед на ученикот за нештата и настаните доаѓа до израз. Обично започнува со раскажување на искуство, а потоа и настан. Приказната мора да биде целосна (да има свој почеток, тек и крај). Раскажувањето може да биде на повеќе начини: устен и писмен, со или без план, и тој план може да биде колективен и индивидуален. Нема готова содржина, состав, ликови, ситуации, но тие се создадени во фантазијата на учениците, додека зборуваат/пишуваат. Потребна е независност (ученикот сам го избира материјалот и предметот на своето изразување, избира детали, создава ситуации, ги подредува и ги обојува емоционално).

РАСКАЖУВАЊЕ е форма на усно или писмено изразување во кое мислиме сами, т.е.
зборуваме за искуство или настан

Можеме да раскажуваме и на следниве начини:

- Врз основа на дадениот почеток на приказната,
- Врз основа на дадениот крај на приказната
- Врз основа на дадениот почеток на сликата,
- Врз основа на низа слики,
- Врз основа на една слика,
- Врз основа на дадените зборови (по траги) ...

ПРЕРАСКАЖУВАЊЕ - репродукција на содржината на текстот или повторување на говор што сме го прочитале или слушнале. Тоа мора да има своја цел, своја програмска ориентација. Лирска песна никогаш не се прераскажува! Обично приказната и епската песна се прераскажуваат, но само по анализата. При прераскажувањето не смееме да ги прекинуваме

учениците затоа што тие се секогаш пред говорот во нивните мисли, па може да има нарушување на прераскажувањето. Ученикот не репродуцира сè, тој го избира материјалот, и треба да биде насочен како да ги избере фактите. Важно е да се развие способност за соодветно изразување за време на раскажувањето приказни. Потребно е да се прераскажува дел по дел во одреден редослед, да не се прескокнува основното правило за прераскажување.

ПРЕРАСКАЖУВАЊЕТО е форма на усно или писмено изразување што го изведуваме врз основа на прочитан текст. Значи, прво треба да прочитаме текст (бајка, приказна, басна, расказ, роман ...), и само тогаш можеме да прераскажеме.

Прераскажувањето може да биде:
- опширно;
- кратко;
- со или без да се направи план;
- со промена на граматичкото лице;
- со проширување на приказната ...

Врз основа на некои истражувања за карактеристиките на раскажувањето приказни во помладите одделенија од основното училиште, утврдено е дека според степенот на сложеност, раскажувањето е меѓу прераскажување и опишување. За децата, најлесно е да се прераскажат, потоа да прераскажат, а најтешко е им е да опишат. Сепак, учениците имаат поголем интерес за прераскажување приказни отколку за раскажување, известување и опишување.

Учениците треба да се оспособат своите мисли, чувства и желби, како и туѓите, да можат да ги изразат писмено, самостојно. Овој процес започнува од самиот почеток на основното образование, продолжува во средното, па и понатаму. Тој подлежи на перманентно усовршување.

(Тасеска-Китаноска, Миме, Правописот на македонскиот јазик во наставната практика, 2019)

**Наставна единица: Самостојно опширно прераскажување на обработен текст**

Предлагаме тоа да биде текстот „Ѓерданче од снегулки“ од Б. Миркуловска, текстот е по обем соодветен за вежбање на опширно прераскажување.

**Цели:**

Ученикот/ученичката:

- да прераскажува обработен текст;

- опширно да прераскажува обработен текст;
- самостојно опширно да прераскажува обработен текст.

**Очекувани резултати:**

Ученикот/ученичката:

- самостојно опширно да прераскажува обработен текст.

Воведен дел

Со помош на техниката петторед учениците се потсетуваат на текстот кој го работеле и ги извлекуваат главните поенти од истиот. Оваа техника им дава можност да се фокусираат на текстот, да ги резимираат информациите, да ги сфатат важните комоненти и да ги искажат своите чуства и убедувања со неколку збора. Наставникот им ги кажува на учениците насоките за пишување на овој вид техника.

Првиот ред е опис на темата со еден збор (вообичаено ова е именка)

Вториот ред е опис на темата со два збора (две придавки)

Третиот ред содржи три збора со кој се изразува дејството на темата (вообичаено три глаголи)

Четвртиот ред содржи три збора со кој се изразува дејството на темата (вообичаено три глаголи)

Петтиот ред содржи синоними од еден збор со кој повторно се опишува суштината на темата.

Тоа може да се работи и во парови. Секој од учениците за време од 5-7 минути треба да го напише својот петторед. Потоа ќе се заврти кон својот партнер и двајцата ќе ги земат идеите од секој петоред и ќе формираат заеднички петторед. На овој начин се поттикнува соработката, комуникацијата, размена на мислења во однос на текстот и се дава можност за понатамошно размислување и критичко разгледување на содржината на текстот. Понатаму може да се побара истото да се слушне и од другите парови и да се извлечат идеи од нивната работа. Тие идеи може да се усогласат и доколку се согласуваат повеќето од одделението да се формира еден заеднички петоред на ниво на одделение.

Главен дел

Откако учениците со помош на техниката петторед се потсетиле на текстот кој го работеле и ги синтетизирале своите информации и сознанија за истиот, следува негово прераскажување. Пред тоа наставникот ги запознава учениците со формата на изразување - прераскажување. Имено тој им кажува дека може да се прераскажува нешто што на друг му се случило, нешто што друг го видел, сторил, доживеал или напишал. Кога се прераскажува треба да се користи индиректен говор. При тоа учениците треба да внимаваат на главните збиднувања и настани за кои ќе прераскажуваат со употреба на целосни и јасни реченици кои ќе содржат зборови со

кои може да се даде појасна слика за предметите, појавите и суштествата во текстот. Следи прераскажување од страна на учениците кое ги потсетуваме дека треба да е опширно односно, да ги содржи сите детали во врска со истиот, на сеќавање на ученикот.

Завршен дел

Во овој дел од часот следи проверка на прераскажанаото. Учениците во пар си ги разменуваат своите трудови. Секој од нив треба да го прочита составот на својот другар и да ги открие оние делови, односно реченици во кои се дадени опширни описи на настаните или случувањата во текстот.

**Наставна единица: Самостојно опширно прераскажување на текст по зададен план или според хронолошки ред на настаните**

**Цели:**

- да прераскажува обработен текст;
- опширно да прераскажува обработен текст;
- самостојно опширно да прераскажува обработен текст;
- самостојно опширно да прераскажува обработен текст според хронолошки ред на настаните.

**Очекувани резултати од учењето:**

- опширно прераскажува текст почитувајќи го хронолошкиот ред на настаните.

Воведен дел

Часот започнува со самостојно читање на текстот од страна на учениците.

Потоа наставникот ја истакнува целта на часот – опширно прераскажување на обработен текст по зададен план.

Пред да започнат со самостојното прераскажување, наставникот ги запознава учениците со критериумите за успех, односно им предочува на учениците дека прераскажувањето претставува форма на пренесување на настани и случки во кои не сме учествувале. При тоа тој укажува на тоа дека при прераскажувањето треба да се користи индиректен говор. Како и во раскажувањето така и во прераскажувањето треба да се користат целосни и јасни реченици, да се внимава на хронолошкиот ред на настаните ( воведен, главен и завршен дел) и при тоа треба да се внимава на збиднувањата и настаните. Во прераскажувањето да внесуваат и реченици во кои ќе дојдат до израз нивните прераскажувачки вештини, креативност да употребуваат реченици во кои ќе има придавки со кои ќе се даде појасна слика на предметите, појавите и суштествата во текстот. Секој самостојно треба да си направи индивидуален план за прераскажување.

Главен дел

Изработка на индивидуален план и прераскажување од страна на учениците.

Завршен дел

Во овој дел од часот следи проверка на реализираната цел - самостојно опширно прераскажување на обработен текст. За таа цел секој ученик добива чек листа за вреднување на работата. Со помош на наставникот низ дискусија се пополнува чек листата која се однесува на прераскажувањето на ученикот кој пред останатите ученици го чита својот труд.

| Раскажува употребувајќи: | целосно | делумно | недоволно |
|---|---|---|---|
| -индиректен говор | | | |
| - хронолошки ред на настаните | | | |
| - целосни и јасни реченици со правилен зборoред, со примена на правописот. | | | |
| -креативност, детализација и сопствен стилски израз | | | |

**Предлог текст:**






## Најубавото

Живеел во старо време некој мудрец и си имал девојче. Имал тој убава куќа, висока, светла, со многу соби, со цветна градина. Си играло девојченцето низ градината, трчало по собите и било мошне весело. Само во една соба не влегувало,таа секогаш била заклучена.

-Татко, сакам да влезам во заклучената соба – го помолило девојченцето татка си.

-Пушти ме внатре. Сигурно таа е најубавата!

-Навистина, ќерко. Во таа соба е заклучено најубавото – рекол мудрецот. – Но ти си уште мала за да можеш да оцениш што е најубаво. Ќе влезеш во собата кога ќе пораснеш.

Растело девојчето, пораснало. Мудрецот Ѝ го дал клучот од заклучената соба. Влегло девојчето внатре и што ќе види? Фурка, вретено и книга!

-Ах, татко! Колку се разочарав! –рекло девојчето. – Ти ми велеше дека во заклучената соба се наоѓа најубавото, а таму нема ништо друго освен гурка, вретено и книга!

-Токму тоа е најубавото -рекол мудрецот. –Фурката и вретеното се трудот, а книгата – знаењето. Од нив нема ништо поубаво на светот. Добрите дела се постигнуваат со труд и знаење.

*Народна приказна*

Предлог текст

***Приказна за кралот***

Еднаш одамна имаше еден крал што се викаше Триесет и три.
Еден ден, Триесет и три мислеше дека кралот треба да е фер кон сите.
Тој го повика дворскиот шут Сберлефо, и му кажа: „Сакам да бидам крал; да бидам различен од другите кралеви и да бидам добар крал".

- Добра идеја Ваше Височество, – одговори Сберлефо со сарказам.

Задоволен со оваа реакција, кралот му кажа на шутот да си оди.

- Во моето кралство – си мислеше кралот, – сите имаат право на еднаквост и однесување на ист начин.

Во тој момент, Триесет и три одлучи да започне да применува еднаквост кон сите во кралската палата.

Тој го зеде канаринецот од сребрениот кафез и го пушти да лета низ прозорецот. Канаринецот му се заблагодари и исчезна брзо во небесната шир.
Задоволен со одлуката, Триесет и три ја зеде златната рипка од аквариумот и го направи истото како со канаринецот, но кутрата рипка падна и умре.

Кралот зачуден си помисли: „Лошо за рипката, можеби не сакаше правда" .

Кралот го викна шутот за да разговара за ова. Сберлефо ја слушна приказната со почит и му предложи на кралот да ја смени тактиката.

Затоа, Триесет и три ја зеде пастрмката од фонтаната на градината, и ја фрли во реката. Пастрмката скокна среќно.

Потоа кралот ја зеде црната птица од златниот кафез и ја пушти во реката, но птицата умре.

- Глупава птица – помисли Триесет и три ,– ни таа не сакаше еднаквост. Тој повторно го викна Сберлефоза да му даде совет.
- Епа! – гласно извика кралот.
- Како да ги третирам сите исто? – си мислеше кралот.
- Ваше височество, за да ги третирате сите со еднаквост прво мора да препознавате дека секој е различен од другите, –изговори Сберлефо.
- Правда не значи да се даде едно исто нешто на секој, туку да му се даде на секој тоа што му треба, – рече дворскиот шут.

(translated by La favola del re Trentatrè di Claudio Imprudente)

**Наставна единица: Разлика меѓу раскажување и прераскажување**

**Цели:**

- да раскажува по дадени зборови;
- да прераскажува по дадени зборови;
- да прави разлика меѓу раскажување и прераскажување.

**Очекувани резултати од учењето:**

- раскажува и прераскажува

**Воведен дел**

Со помош на техниката грозд учениците слободно и отворено размислуваат за одредена тема, на пр. Другарство. Овој поим во првиот круг учениците го разгрануваат на поопшти поими, па потоа секој од нив се разгранува на поконкрети поими.

За тоа може да биде користен текстот „Како во приказна“ од Ж. Кујунџиски

**„Како во приказна“**

Марија не штеди поздрави за сите соученици.
Марија со пенкала во различни бои ги запишува во својот телефонски именик броевите на сите соученици.
Марија дели пофални зборови ако се допадне панделката во косата на некоја соученичка или новиот ранец на некој соученик.
Марија ги покани сите соученици на својата роденденска забава.
Марија им покажува математика на сите што не им оди математика.
Затоа сите ја сакаат Марија.
Но, едно „но“ се замешува во приказната.
На Зорица секогаш и фали „Здраво“ или „Како си?“ за Марија.
Зорица не стави срценце покрај името на Марија во именикот на нејзиниот мобилен телефон.
Зорица се потсмева на шарените здолништа на Марија.
Зорица ја нарекува Марија „бубалица“.
Сепак, Марија секогаш ччува насмевкаповеќе за вакви ситуации. Еве, денес Зорица донесена училиште кутија чоколатца. Ги отвори на големиот одмор и им понуди на сите што беа во училницата.
-Ти благодарам! - велеа некои.
-Баш се вкусни!-велеа други.
Марија не рече ништо, бидејќи никој ништо не ја послужи. Сепак, таа не покажа љубомора. Само ги врати во ранецот учебниците од претходниот час.
Како што земаа од бонбоните, така децата излегуваа од училницата. Кога останаа сами Зорица голтна уште едно од чоколатцата. Но наместо да го направи вообичаениот израз на уживање, почна да кашла. Марија веднаш сфати што е работата, отиде до неа и ја уи по грбот, како што

се прави кога некому ќе му залетне парче храна. Бидејќи тоа не помогна, истрча до наставничкиот кабинет, зеде една чаша, ја наполни вода од чешмата и се врати кај Зорица. Околу неа се беа насобрале сите соученици. Штом ја видоа Маринасо чаша в рака и нправија место да помине.

-Напиј се!- рече таа.

Орица се напи една голтака и по некое време кашлицата се смири. Штом влезе наставничката, сите седнаа на своите места. До крајот на часовите Зорица не кажа ни збор. Одејќи си накај дома и пријде на Марија:

- Ова е за тебе – рече и и подаде завиткано бонбонче.
- Да не ти е последно? – праша Марија?
- Последно е, ама ако. Го чував за тебе.

Марија го зеде и не заборави да се заблагодари.

Сакам да те прашам нешто- реше таа. –Зошто си секогаш толку непријателски расположена кон мене?

- Затоа што постојано си толку добра со сите. Затоа што се правиш со толкава жар. Овој комплимент и ги вцрви образите на МАрија.
- -А, може ли јас тебе да те прашам нешто?-продолжи Зорица. – Зошто, и покрај се, продолжуваше да бидеш добра со мене?
- Зар не е така во сите приказни? Зар добрината не победува секогаш на крајот?
  Зар не е тоа цела вистина?

Жарко Кујунџиски

Главен дел

Во овој дел од часот наставникот им ја објаснува на учениците разликата помеѓу раскажувањето и прераскажувањето. Тие претставуваат две различни форми на усното и писменото изразување. Со раскажувањето се соопштува некој сопствен настан или доживување кое се раскажува, а се прераскажува нешто што на друг му се случило, што друг го видел, сторил, дожевеал, го напишал во книга и сл. При прераскажувањето се користи индиректен говор. Потоа учениците со помош на картички во боја се делат во две групи. Оние кои ќе извлечат сина картичка добиваат задача да раскажат краток текст во кој ќе ги употребат зборовите добиени со помош на техниката грозд. Оние кои ќе извлечат црвена картичка добиваат задача да прераскажат краток текст во кој ќе ги употребат истите зборови и при тоа да внимаваат на употребата на индиректниот говор.

Завршен дел

Во овој дел од часот учениците имаат можност да го прочитаат тоа што го напишале. Додека еден од учениците чита, останатите имаат задача да внимаваат и потоа да откријат за што станува збор, за раскажување или прераскажување, односно кој од нивните соученици раскажувал, а кој прераскажувал. По секој прочитан состав, се развива дискусија за карактеристиките на двете форми на изразување.

Домашна задача

Оние ученици кои раскажувале добиваат задача истото тоа да го прераскажат и обратно оние кои прераскажувале како домашна задача ќе добијат задача да раскажуваат.

Наставна единица: **Самостојно прераскажување непознат текст преку примена на прашања од различно ниво**

**Цели:**

Ученикот/ученичката:

- да се оспособи да чита со разбирање;
- да се оспособи да открива информации од непознат текат и одговара на прашања од различни нивоа;
- да умее да ги открива причинско последичните врски;
- да донесува заклучоци врз основа на сопствени сознанија од прочитан текст.

**Очекувани резултати од учењето:**

Ученикот/ученичката:

- умее да чита со разбирање и да прераскажува непознат текст со помош на прашања.

Воведна активност -техника Бура на идеи. Наставникот поставува ваква реченица на таблата : *Убавината е нешто што го чувствуваме како ... Убавината е..... Како се мери убавината?*

Главен дел

Во овој дел од часот посебно внимамие се обрнува на читањето со разбирање. Наставникот дава насоки за внимателно самостојно читање на текстот со разбирање и дискусија на прашањата.

Прекрасната принцеза

од Џери ЛИ Олсен

Еднаш, во едно време, си живееше една прекрасна принцеза. Таа беше поубава од секој цвет и од секоја пеперутка.

Таа беше толку убава, што дури и сонцето покрај неа ја губеше својата убавина. И поради тоа што беше толку убава, таа издаде посебна наредба: Секој, кој сака да и се приближи на принцезата мора да носи очила за сонце, и тоа некој најтемни, за да не се заслепи некој од нејзината убавина.

Принцезата беше многу добра и вистински се грижеше за сите жители во кралството. И така, дојде време кога принцезата требаше да се омажи. Од секаде доаѓаа многу принцови кои се обидуваа да ја добијат раката на принцезата. Но, принцезата не ги сакаше. „Тие не се толку

убави“, велеше таа. „Јас сакам да се омажам за некој принц, ќе биде исто толку убав како мене. Дали можеби барам премногу, или ... ? “

И така сите принцови беа вратени дома.

Недалеку од замокот живееше еден сиромашен ковач, тој беше смртно вљубен во прнцезата.

Покрај неговата куќа секојдневно поминуваа вратените принцови. Тоа многу му се допаѓаше на ковачот. Но, сепак, стравуваше дека еден ден ќе се појави некој принц, што ќе ѝ се допадне на принцезата. Затоа тооj мислеше и мислеше. Цела ноќ тој размислуваше...

...веќе рано изутрина имаше идеја.

Тој направи еден пакет, во него остави многу темни очила за сонце, едно писмо и сето тоа ѝ го испрати на принцезата.

Во писмото пишуваше: *Многу почитувана принцезо, јас сум еден прекрасен принц и би можел да дојдам да се претставам, и со вас да се оженам, но само под одредени услови. Јас уште денес би дошол кај вас. Ви одговара во три и пол?*

*Срдечни поздрави*

*Прекрасниот принц*

*П.С. Од безбедносни причини Ви испратив и очила за сонце, за да не се случи некој да се заслепи од мојата убавина – Вам ова веќе Ви е познато.*

Точно во три и пол ковачот дојде во посета.

„Навистина си толку убав ?“, праша принцезата, која поради темните очила не можеше никого да препознае. „Исто колку Вас“, одговори принцот.

Така тие се земаа и си живееја многу среќно.



Прашања

Каква беше прекрасната принцеза? Како е опишана? Можеш ли да го најдеш описот од раскажувачот?

Што мислиш ти за тој опис: *Таа беше поубава од секој цвет и од секоја пеперутка. Таа беше толку убава, што дури и сонцето покрај неа ја губеше својата убавина.*

Со што се споредува убавината на принцезата?

Поради својата убавина принцезата наредува: *Секој, кој сака да ѝ се приближи на принцезата мора да носи очила за сонце, и тоа некој најтемни, за да не се заслепи некој од нејзината убавина.*

Според тебе, каква е таа?

А) Вообразена.

Б) Принцеза заштитник на другите.

В) Себична е.

Образложи го својот одговор.

Дали освен описот за убавината има некој опис кој се однесува на личноста на принцезата? Може ли да го пронајдеш тој дел?

Како го коментираш делот од оваа приказна: *Но, принцезата не ги сакаше. „Тие не се толку убави“, велеше таа. „Јас сакам да се омажам за некој принц, ќе биде исто толку убав како мене. Дали можеби барам премногу, или ... ? “*

Дали принцезата бара тие да бидат само исто толку убави?

Што мислите, зошто вели: *Дали можеби барам премногу, или ... ?* "Дали е таа свесна дека малку претерува? Или не? Мислите ли дека претерува?

*Исто толку убав колку мене.* – Дали е во ред да бараме еднакви до нас или како нас? Што мислиш ти дали можат да се најдат такви еднакво убави ... ?

Што ќе ѝ овозможат темните очила на принцезата?

А што нема да ѝ овозможат?

Ако очилата се многу темни, ако тие не се гледаат, како тогаш принцот и принцезата одлучуваат да се заедно, што мислиш?

На крајот може ли да кажете мислење за тоа што е убавината?

ИДЕИ:

Луѓето и суштествата се она што се, без разлика дали ги гледаме со темни очила.

Убавината на луѓето не е секогаш само на нивниот лик и тело, таа е понекогаш скриена.

Завршен дел

Во овој дел од часот учениците ја пополнуваат табелата во која одговараат на три прашања.

| Прашања кои лесно ги одговорив. | Прашања кои ми беше тешко ги одговам. | Што треба да направам за полесно да ги одговарам |
|---|---|---|
| | | |

Домашна задача

Писмено изразување: Мојата средба со кралот или Кога јас би бил крал/принц/принцеза

**Наставна единица:** Театарска претстава – елементи на претставата: лик, сценографија, костимографија, музичка илустрација

**Цели:**

-да ги препознава и да ја разбира улогата на елементите на театарската претстава.

**Резулати:**

-препознава елементи на театарска претстава.

**Воведна активност:**

Наставникот може да пушти дел од театарска претстава за да ги воведе учениците во часот. Притоа учениците добиваат задача да забележат што сѐ има на сцената.

Пример:

https://www.youtube.com/watch?app=desktop&v=oQTeA__lmV4 -Театарска претстава „Петар Пан" во режија на Викторија Динева Во НУЦК „Трајко Прокопиев" – Куманово

Главен дел од часот

Учениците разговараат за она што го виделе, а наставникот ја менторира дискусијата. Учениците треба да бидат насочени кон вакви заклучоци.



Театарот е тесно поврзан со драмата, бидејќи таа е предвидена да се изведува пред публика. Драмскиот текст, може да го читаме, но може и да го гледаме изведен на сцената.
Драмата е поблиска до епиката, бидејќи има настани (фабула), може да ја раскажеме, има ликови, тема, идеја, мотиви итн.

**Ликовите** може да зборуваат сами со себе, или со друг актер, да ѝ се обраќаат на публиката. Тие се носители на она што се случува на сцената. Сцената се дополнува со сценографија, а

ликовите имаат одредена костимографија.

Костимографија

Секој лик во претстава остава свој печат преку костимот кој го носи, театарот е уметност во која нештата се гледаат па оттаму важноста на костимите. Костимите треба да бидат соодветни на ликот  и неговата улога во претставата, но едновремено да соодветствуваат на времето во кое се одвива претставата.

Сценографија

Под поимот театарска сценографија се подразбира обликување и креирање на сценскиот простор во кој се игра драмската/балетската/оперската претстава. Поимот потекнува од старогрчкиот збор (скенографиа), сцена, цртање; што упатува на сликање на сценскиот декор, театарско сликање; сликање на предмети во далечина, перспективно сликање.

**http://teatarce.mk/2017/03/23/%D1%82%D0%B5%D0%B0%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B0%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D1%81%D1%86%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%84%D0%B8%D1%98%D0%B0/**

Музичка илустрација

Звукот е важен елемент во изведбените уметности. Без тон, шум или глас претставите нема да се тоа што треба да бидат – уметност во која се случуваат *настани.*

Музиката во претставата може да биде: одбрана од широката продукција или може да биде напишана специјално. Таа треба да е во склад со сите други елементи на претставата.

**Домашна задача:**

Погледнете некоја театраска претстава која на има на интернет или пак на Македонска телевизија.



**Давање ефективна повратна информација**

Доколку сакаме учениците да размислуваат критички и да се стекнат вештини за решавање проблеми, тогаш една од најефикасните стратегии за да се постигне таа цел е да се даваат конструктивни повратни информации и предлози за подобрување.

Наједноставен начин за примена на оваа стратегија е со користење одговор на зададена задача. За да се даде конструктивна повратна информација потребни се повеќе време и заложби, отколку со еден одговор да се укаже на можните грешки и да се упати пофалба за точно решената задача. На пример, понекогаш е потребно да се спушти нивото на сложеноста за повратната информација да биде разбирлива. Истовремено, треба да се внимава и да се искористат нештата што би можеле да го мотивираат слушателот, со цел да му се помогне подобро да ги извршува задачите. Повратната информација треба да биде во форма на пријателски совет даден со цел да се подобрат резултатите кај слушателот. Притоа, тој може истото да го прифати или одбие. Учениците се одговорни за сопственото учење.

Повратната информација треба да биде индивидуална и поврзана со целите на учење. Во основа, постојат четири чекори за давање конструктивна повратна информација:

1. започнете со повикување на ученикот да даде саморефлексија за оствареното во рамките на задачата;
2. реагирајте позитивно на тоа што е направено добро;
3. дајте предлог како може да се подобрат елементите што се идентификувани како слабости во саморефлексијата;
4. завршете со мотивација за подобрување во насока во која сметате дека тоа може да биде направено.

Добрата повратна информација:

- ги мотивира учениците да продолжат со учење;
- ги информира за нивните добри и лоши практики;

• им објаснува како да се подобрат;

• и им ги зголемува очекувањата.

Внимавајте на следново:

• повратната информација треба да биде дадена навреме. Доколку е задоцнета нема да биде ефективна;

• внимавајте на говорот на телото, поставеноста на телото и висината на тонот;

• бидете директни, отворени и чесни;

• внимавајте јазикот и поимите што ги користите да бидат разбирливи за слушателот.

Основна цел на конструктивната повратна информација е ученикот да научи нешто од неа и да се мотивира да биде подобар.

Учениците најчесто добиваат повратна информација преку нивното оценување, кога им кажуваме дали одговорите им се точни или погрешни. Сепак, повратната информација е многу поефикасна кога е детална, а не само констатација дека одговорот на ученикот е точен или неточен.

**Неефективна повратна информација** имаме кога акцентот е ставен на поединецот.

На пример: **Се гледа дека многу работиш.**

**Ефективна повратна информација** имаме кога акцентот е ставен на задачата. На пример, начин да се провери евентуално присуство на докази е да се прочита што е напишано.

**Најефективна повратна информација** имаме тогаш кога акцентот е ставен на конкретни помали аспекти од задачата, со додавање на целите. На пример: За да го решите овој проблем, ваша цел треба да биде да направите табела со две колони во кои го пишува она што го знаете и она што допрва треба да го научите. Така што, прочитајте го прашањето уште еднаш, согледајте ја информацијата која е наведена во самиот проблем и утврдете кои информации ги барате.

**Уште некои предлози кои е добро да се имаат предвид:**

• Повратната информација давајте ја во помали „расцепкани" делови, но истовремено таа не треба да биде премногу поедноставена.

• Водете сметка повратната информација да не биде премногу детална и конкретна – ако е така тогаш на ученикот не му оставаме простор за размислување.

• Давањето повратна информација веднаш е ефикасно тогаш кога ученикот за првпат ја учи процедурата.

• Давањето повратна информација отпосле е ефикасно тогаш кога ученикот веќе стекнал одредено ниво на знаење/вештини и сака да го пренесе наученото во друг контекст.

• Какви прашања имате во однос на тоа како можете на најдобар начин да овозможите ефективна повратна информација?

**Воведување на повратни информации од колегите за наставниците**

**Зошто е важно ова?**

Инклузивните наставници се доживотни ученици, тие се заинтересирани за подобрување на своите практики и отворени за повратни информации. Во училиштата треба да се негува и да се поддржува овој став.

- Директните повратни коментари за практиката се најефективниот начин на учење и имаат директно позитивно влијание врз успехот на учениците

За што станува збор?

- Наставниците се вклучуваат во наставните практики на своите колеги, првенствено за самите да учат, а потоа и за да им помогнат на другите да учат и да ги подобрат своите наставни методи врз основа на дадените повратни коментари.
- Наставниците се фокусираат врз подобрување на практиките како заеднички напор за овозможување на сите деца да учат, а не за критикување на своите колеги.

Потребни методи и алатки

- Микронаставата налага можност за снимање на дел од часот (на пр., со паметен телефон).
- Прашалник или образец за набљудување на час, за да се даде фокус во повратниот коментар.

**Опис на активноста:**

Ако сакате да примените микронастава, еве неколку идеи за тоа што да направите. Одберете наставен пристап или метод што сакате да го подобрите и да го применувате почесто во иднина. Подгответе дел од часот, можеби само со неколку ученици, а не со целиот клас и презентирајте го пред мала група колеги. Замолете еден од колегите да го сними часот со паметен телефон. Сретнете се со колегите и кажете им за вашите намери, како и зошто мислите дека ова е иновативен пристап или можеби подобрување на вашата настава. Слушнете ги нивните коментари и поразговарајте како може да се подобри практиката.

Активности за поддршка на сите ученици во училиште и во училница

Испробајте го подобрениот пристап со друга мала група ученици – или пуштете некој од вашите колеги да води. Ако е можно, снимете го и овој кус дел од часот. Повторно сретнете се и позборувајте за подобрувањата. Запишете ги коментарите за поуспешна практика, како и можните недостатоци и проблеми што треба да се избегнат. Изработете заедничка папка со успешни наставни методи кои заедно сте ги испробале и сте ги развиле, заради натамошна употреба од ваша страна и од колегите.

Зошто е важно ова?

- Разбирањето на перспективата на децата помага при поддршката на нивното учење и учество.
- Кога децата размислуваат за својата ситуација, тие градат поголема свест за себе и за другите.
- Децата имаат право да бидат сослушани, а нивните ставови да се земат предвид кога се носат важни одлуки. За што станува збор?
- Потребно е да се обезбедат алатки за учениците да се изразат и да бидат разбрани.
- Неопходно е да се создадат можности учениците да учествуваат во носењето одлуки.

**Техники на учење**

**Техниките на учење се користат:**

- Да им помогнат на учениците да бидат активни во наставата;
- Му даваат повратна информација на наставникот за разбирањата на ученикот и усвојувањето на наставните содржини;
- Го поттикнуваат истражувањето, ставовите и вредностите на учениците во усвојувањето на новите наставни содржини;
- Им помагаат на учениците ефективно да учат и критички да размислуваат;
- За оспособување на учениците самостојно и од различни аспекти да ги разгледуваат информациите и оформуваат свое мислење.

Со овие техники на учење кои се дел од современата настава, учениците се активни субјекти, а наставникот поттикнувач и насочувач.

## ТЕХНИКА: ТАБЕЛА ЗА ПРЕДВИДУВАЊЕ

- Учениците приказната ќе ја читаат во парови до одредени точки. Се подготвува табела за предвидување.
- Кога ќе го прочитаат првиот дел треба во рок од една минута да предвидат што ќе се случи понатаму и своите предвидувања ги запишуваат под деловите ШТО МИСЛИШ ДЕКА НАВИСТИНА ЌЕ СЕ СЛУЧИ? и КАКВИ ДОКАЗИ ИМАТЕ ЗА ОВА?
- Потоа продолжуваат со читање на вториот дел од приказната и го опишуваат новото предвидување во соодветниот простор во ДЕЛ 2. Истото го прават и со последниот дел од приказната.

ШТО МИСЛИТЕ ДЕКА НАВИСТИНА ЌЕ СЕ СЛУЧИ?
КАКВИ ДОКАЗИ ИМАТЕ ЗА ОВА ШТО НАВИСТИНА СЕ СЛУЧИ?

- На крајот треба да го споредат своето последно предвидување со она што навистина се случило во приказната и во предвидениот простор во табелата да напишат што навистина се случило.

**Техника „Агли“, или „Дебатна техника“**

- Се поставува провокативно прашање. На пример, дали родителите треба да влијаат во изборот на професијата на своите деца?
- Секој индивидуално треба да размисли дали е ЗА, ПРОТИВ или ВОЗДРЖАН и ЗОШТО, со една реченица да го аргументира својот став. ϖ Во три агли на училницата учениците се делат во три групи : ЗА, ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ.
- Во име на групата еден претставник го изнесува ставот на групата и секој се труди со аргументи да преминат во нивниот агол (група).
- Потоа секој ученик добива по еден лист со две ѕвезди и една желба, на кој што го запишува своето размислување во врска со ставот што го добил од другиот, му дава два аргументи (ѕвезди) и му ја запишува својата порака (желба) во врска со ставот на другиот. Потоа со помош на шифрата, секој го добива назад својот лист со ставот и со две ѕвезди и една желба на некој свој соученик.

**Бура на идеи**
Со оваа наставна техника се поттикнуваат различни идеи и мислења или предзнаења за одделно прашање.
ЧЕКОРИ :
• Наставникот поставува прашање за кое бара првични идеи и мислења;
• Учениците индивидуално ги запишуваат сопствените идеи и мислења;
• Запишаните идеи и мислења можат да ги споделат во пар, во група или целиот клас;
• Учениците на покана од наставникот ги кажуваат идеите и мислењата;
• Наставникот или учениците ги запишуваат сите кажани идеи и мислења на таблата.
ПРАВИЛА НА НАСТАВНИКОТ :
• Го планира потребното време;
• Ги запишува сите дадени идеи и мислења без да води сметка за нивната точност;
• Им нагласува на учениците дека не треба да заземаат критички став кон кажаното ;
• Планира како ќе ги употреби идеите и мислењата во понатамошниот текст на часот;
• На крајот на часот (или наставната единица) се навраќа на листата.

## ТЕХНИКА: МИСЛОВНИ МАПИ

- Оваа техника е многу слична на ГРОЗДОТ и исто така претставува нелинеарна форма на размислување, но овде не мора да постои само разгранување кон секој следен

поим, туку и комбинирање ( поврзување) на сродните поими ( концепти) во зависност што е целта на поставување на мисловната мапа. И овие графички организатори може да се задаваат во секоја фаза од часот, и најмногу се корисни за организирање на идеите во врска со дадена содржина.

## ТЕХНИКА: ТРИАГОЛНИЦИ

- Учениците во триаголниците ги запишуваат своите активности во процесот на учење/ откривање. Притоа со ваквата техника им се овозможува на учениците да имаат увид во различните аспекти на своето учење или напредување ( зависно од прашањата во триаголниците). Како во примерот даден во следниот поднаслов, триаголниците најчесто ги поставуваат прашањата: Што забележав ( видов), што ќе направам, кои прашања си ги поставувам, што открив? Така овој вид на графички организатор дава можност за поврзување на сетилните, емоционалните и когнитивните аспекти на учење.

## ТЕХНИКА: ПЕТОРЕД

ПЕТОРЕДОТ Е ПОЕМА ОД ПЕТ РЕДА

- Способноста да се резимираат информациите, да се сфатат комплексните мисли, чувствата и убедувањата во неколку збора, е многу важна вештина. За оваа наставна техника треба добро размислување кое се темели врз богати сфаќања. Петоредот е поема со која се врши синтетизирање на информации и материјали во концизни искажувања кои ја опишуваат темата или претставуваат нејзина рефлексија.
- Петоредот е поема од пет реда. Кога ќе го презентирате петоредот, прво укажете на насоките на пишување на овој вид поема. За некого петоредите на почетокот можат да бидат многу тешки. Затоа најдобро е групата да ја поделите во парови.
- Зададете тема за петоред. Секој од учениците ќе има од 5 до 7 минути да напише петоред. Потоа тие ќе се свртат кон својот партнер и двајцата ќе земат идеи од секој петоред за да формираат единствен петоред, со кој и двајцата се согласуваат. На овој начин се поттикнува конверзацијата.

Наставни единици за ТЕМА 5

| | **Наставни единици (по програмски подрачја)** |
|---|---|
| | **Јазик** |
| 1. | Препознавање на сложената реченица |
| 2. | Образување на сложената реченица |
| 3. | Вежби за прости и сложени реченици |
| 4/5 | Изработка на стрип/книга на паралелката со употреба на прости и сложени реченици (темата ја задава наставникот: 8 Март, мартинки, пролет, екологија, лирска песна и сл.) |
| 6. | Утврдување на стекнатите знаења поврзани со изучените морфолошки и синтаксички наставни единици |
| 7. | Скратеници/скратување на зборовите– поим |
| 8. | Вежби за пишување скратеници |
| | **Читање, литература и лектира** |
| 1/2. | Драмско читање и читање по улоги (едночинка „Зимски распуст“ од Ванчо Полазаревски од збирката „Лага река не гази“, приредила Јадранка Владова) |
| 3/4 | Вежби за усвојување на поимот тема / читање со разбирање на текст Интерпретација на современата бајка „Волшебната метла“ од Г. Олуиќ |
| 5/6 | Вежби за усвојување на поимот *идеја на текст* преку читање со разбирање Интерпретација на текстот „Нешто Друго“ од Кетрин Кејв |
| 7/8 | Анализа на извадок од романот „Киндер Квачка“ од Киро Донев (тема и идеја на прозен текст) |
| | **Изразување и творење** |
| 1./ 2. | Писмо / Пишување писмо до непознато другарче |
| | **Медиумска култура** |
| 1. | Музиката во театарските претстави („Волшебникот од Оз“) |
| 2 | Музиката во филмот, телевизиските детски емисии -„Дајте музика“, Петко „др. |

ПОДРАЧЈЕ ЈАЗИК

*Јазик – мајка и матрица*
*Јазик – постоење и постојбина*
*Јазик – битие и биднина*
*К. Ќулавкова, Ода на македонскиот јазик*

**Наставни единици: (4 часа)**
Препознавање на сложената реченица
Образување на сложената реченица
Вежби за прости и сложени реченици
Изработка на стрип/книга на паралелката со употреба на прости и сложени реченици (темата ја задава наставникот: 8 Март, мартинки, пролет, екологија, лирска песна и сл.)

**Цели:**

- да ги разликува сложените реченици од простите реченици;
- да составува сложени реченици;
- правилно ги употребува простите и сложените реченици во усна и писмена комуникација.

**Очекувани резултати од учењето:**

- разликува проста од сложена реченица;
- препознава околности во кои се врши глаголското дејство;
- препознава и правилно употребува исказ изразен со проста и со сложена реченица;

ТЕХНИКА: ГРОЗД

- Формирањето на гроздови е нелинеарна техника за предизвикување на идеи. Оваа техника може да се користи во фазата за евокација – како 7 стимул за тоа што ќе се работи на часот и во фазата на рефлексија како средство на сумирање на знаењата. На пример: • Напишете еден збор или израз. • Почнете да запишувате зборови или изрази кои ви паѓаат на памет. • Цртајте ги врските меѓу зборовите за кои ви изгледа дека се поврзани. • Запишувајте ги сите идеи што ќе ви паднат на памет, се додека не ви истече времето. • Се поставува прашањето: Напишете сè што знаете за РЕЧЕНИЦА.

ТЕХНИКА ГРОЗД

СТРУКТУРА НА РЕЧЕНИЦАТА








Потсетување: Реченицата е основна јазична единица со помош на која комуницираме.
Основни (главни) реченични членови се прирок и подмет.
Предметот (директен, индиректен и предлошки) и прилошките определби се неопходни реченични членови.
Атрибутот и апозицијата се второстепени реченични членови.
Реченицата е составена од личноглаголска форма, која врши функција на прирок (основен реченичен член).

Реченица во чиј состав има само еден прирок се вика проста реченица.
Прирокот се согласува со подметот по род, број и лице.
Повеќе од еден прирок во реченицата (два, три) значи дека реченицата по состав е сложена.
Одделните реченици во составот на сложената реченица се викаат дел-реченици.

• Вежби за препознавање на сложените реченици.

• Вежби за составување на сложени реченици.

• Пр. вежба: ученикот добива текст со прости и сложени реченици и добива задача да ги обележи.

Вежби со реченични членови, слушање текст со сите реченични членови и нивно разликување, соодветно одговарање на слушнатите искази и прашања.

## Структура на проста реченица

Примери:

Катерина пишува.

Катерина пишува писмо.

Катерина го пишува писмото.

Катерина го пишува писмото денес.

Катерина го пишува писмото во работната соба.

Љубопитната Катерина го пишува писмото во татковата работна соба.

Катерина, сестрата на Валерија, го пишува писмото.

**Ова се примери како расте бројот на реченичните членови.**

## Структура на сложената реченица

**1. Кога една проста реченица содржински се поврзува со друга проста реченица во поголема целина, тие формираат сложена реченица.**
**2. Реченицата е сложена според составот кога во неа има повеќе од еден прирок (два, три итн.)**
**3. Одделните реченици кои влегуваат во составот на сложената реченица се наречени дел-реченици.**

Примери:

Брзо помина зимата, ќе дојде и пролетта, а летото ќе биде долго и топло.

Ако внимателно ме следиш, ќе ги одговориш прашањата.

Јован јаде торта и пие овошен сок.

Трајче пишува писмо - ќе го испрати на вујко му.

**Вежби за сложена реченица**

- **Следните реченици подели ги на дел-речници и определи го прирокот во истите:**

а) Денес ќе одам кај неа, а утре ќе дојдам кај тебе.

б) Кога заврна, на улиците немаше веќе луѓе.

в) Тој има толку чевли што нови не му се потребни.

г) Ако останеш, ќе направиме вечера.

д) Часот што не го одржавме, ќе го одржиме утре.

ѓ) Бевме кај Зоки и јадевме компирчиња.

е) Застани да ти кажам нешто.

ж) Му кажав дека ми е лошо, но тој продолжи да пуши во собата.

- **Определи какви се речениците според структурата (состав) – прости или сложени.**

а) Утре ќе биде сончево.

б) Кога ќе станеме, ќе ги земеме велосипедите и ќе одиме на излет.

в) Штом ќе дојдат сите, ќе тргнеме.

г) Дури да стигнеме ќе фати пладне.

- **Простите реченици претвори ги во сложени, а од сложените направи прости така што секоја дел-реченица да биде одделна проста реченица.**

а) Излегов да купам чевли.

б) Немам пари, затоа нема да купам чевли.

в) Треба да купам чевли.

г) Убава е.

д) Ќе се смирам со неа.

**„Еден ден, јас и брат ми тргнавме во блиската шума за да набереме дрва. Тој со себе ја понесе и ловечката пушка. Одејќи патем забележавме една лисица. Таа беше пред нас. Брат ми ми рече: — Држи ја, ти, брате секирава! Тој брзо ја сметна пушката и стрелаше, но не погоди и лисицата избега. Потоа ние продолживме кон шумата. Набрзина набравме дрва и околу ручек се вративме дома. Мама радосно нè пречека и ни рече дека сме вредни деца. Тие зборови ни беа послатки од ручекот.“**

Одговори на следниве барања:

а) Напиши една проста реченица од текстот ( по сопствен избор):

_______________________________________________

б) Напиши една сложена реченица од текстот ( по сопствен избор):

___________________________________________

в) Напиши две прости од текстот со тоа што ќе ги трансформираш во сложени реченици. При формулацијата на реченициите, внимавај смислата на продолжениот дел да е поврзан со содржината на текстот:

___________________________________________

___________________________________________

- **Прошири ги следниве реченици искажани само со подмет и прирок. При препишувањето во секоја реченица додај по еден или повеќе неопходни членови на реченицата кои ќе го појаснуваат дејството изразено со глаголот ( за време, за место, за начин).**

1. Јана пишува домашна работа.

Вчера Јана пишуваше домашна работа.(Кога пишуваше? Вчера.)

2. Ѕидарот ѕида.

3. Учениците учат.

4. Мајсторот за компјутери се пензионира.

- **Прочитај ја песната внимателно, а потоа определи ги римуваните зборови. Со помош на римуваните зборови состави по три прости и по три сложени реченици во кои ќе бидат опишани климатските карактеристики на месеците.**
- **Кај секоја проста/сложена реченица определи го подметот и прирокот.**

**Песната за месеците**

Декември од Јануари побара

-... докусури ја годината стара.



Февруари му заповеда на Март

- пролетта нека биде на старт.

Април посака - во Мај

птиците да запеат сред сјај!

Јуни на Јули му рече

- лето е, сонце нека пече!

Август на Септември му даде гранка

- есента нека ти е на дланка.

Октомври со ветрот да дува што фати

дождовите на Ноември му ги прати.

Декември маршира пред лутата зима

се промени есенската клима.

**Да празнуваме за сите жени на светот!**



„Мајчиното срце е бездна во чии длабочини секогаш ќе пронајдеш спремност за простување.

Мајчината љубов е блаженство, спокој, не е неопходно да се завојува, не е неопходно да се заслужи. Таа не може да се освои, да се создаде, да се запре. Ако ја има, таа е благослов, ако ја нема, животот е лишен од целата убавина."

**Ерих Фром**

**Меѓународен ден на жената**

8 МАРТ - Ова е ден кога се одбележува борбата на жените за економска, политичка и социјална рамноправност со мажите. Роза Луксембург и Клара Цеткин се во голема мера заслужни што жените воопшто добиваат права.

Првиот национален Ден на жената е одбележан на 28-ми февруари 1909 година во САД, после декларацијата издадена од Социјалистичкта партија на САД. Истата година во август е организирана Меѓународната конференција на жените на Втора интернационална. Инспирирана со американското делување по повод ова прашање, Германката Луиз Циц предлага да се организира Меѓународен ден на жените.

Со оглед на тоа дека таа не е во можност да ја реализира својата идеја, иницијативата ја презема Клара Цеткин (1857-1993). Од 1889 година, Цеткин се бори за правата на жената. Првото одбележување на денот е на 18-ти март 1911 година во Австрија, Германија, Швајцарија и Данска. Со многу демострации, феминистките го одбележуваат и ширум Европа. Инаку, Швајцарија последна го воведува правото на жената да гласа (1972 година). На 8 март 1913 година жените ширум Европа одржуваат мировни собири.

8-ми Март како Меѓународен ден на жените, како официјален датум е прифатен во 1917 година. Обединетите нации од 1975 година (прогласена за меѓународна година на жената) почнаа и службено да го одбележуваат овој ден.




Клара Цеткин и Роза Луксенбург

**Изработка на стрип/книга на паралелката со употреба на прости и сложени реченици (темата ја задава наставникот: 8 Март, мартинки, пролет, екологија, лирска песна и сл.)**

При реализација на оваа наставна единица може да се направи поврзување со програмските подрачја: Изразувае и творење или со Медиумска култура или може да се направи поврзување со двете.

Децата сакаат да слушаат сказни, приказни, раскази со случки интересни. И тие сакаат да размислуваат за стрипови. Зошто да не им дадеме можност да го сторат тоа истовремено?

На овој начин учениците учат да раскажуваат приказни, доживеани случки со само слики, со многу малку зборови, и затоа овие текстови се толку многу сакани од мали деца кои сè уште не научиле да читаат. Исто така, важно е илустрациите на секогаш да се размислуваат на таков начин што тие се научени да побудуваат, забележуваат и запомнат детали, да ги видат логичките врски помеѓу настаните. Уметникот ги привлекува читателите во игра со неа со секој стрип. На нивните страници, возрасни и млади читатели чекаат шеги на уметникот, загатки за внимание и други изненадувања.

Ова претставува интересен и креативен начин за изразување на мислите, чувствата, толкување на разбраното, а притоа ставајќи ја во контекст јазичната педагогија.

**Опис на активноста**

Учениците читаат со разбирање еден од текстовите (може изборот сами да го направат), а наставникот тоа го проверува со претходно подготвени прашања со кои се поттикнува критичкото размислување.

Учениците се делат во групи и изработуваат стрип со илустрации кои ќе ги отсликуваат најважните настани/пораките од текстот. При предавањето текстот кој ќе ја дополнува содржината на илустрацијата, учениците користат прости и сложени реченици.

Може да се изработи и Книга на паралелката, се разбира, сето тоа се потпира на договорот со учениците за да дојде до израз нивната креативност и посветеност во извршување на поставените цели и задачи.

**Продолжение на „Дијана од планетата Зана (1)"**

**од Билјана С. Црвенковска**




„Чу-чу-чуфффф! Чу-чу-чуффффф!

...се слушна едно чуФкање.

Што е тоа? Дали е Чу или, можеби, Смарагдниот воз.

Не, тоа не беше Чу. Не беше ни Смарагдниот воз. Но, што правеше Чу-чу-чуффф!? Сега ќе ви кажам...

Дијана тешко се пробиваше низ џунглата. Долги лијани висеа од илјадалетните дрвја. Во близина жубореше студената Смарагдна Река.

Како? Станува здодевно?

Во ред, тогаш вака: Дијана завлезе во џунглата и виде од каде доаѓа звукот! Тоа беше еден мал, а тортами и расипан вселенски брод! Уау! А неговиот мал пилот седеше на едно паднато дрво и размислуваше... Всушност, не размислуваше, туку љубопитно го гледаше Чу, кој стоеше пред него и исто толку љубопитно го гледаше малиот пилот кој седеше и гледаше во Чу кој...

– Сладоледоста! Кремстани! – нервозно зашишти зеленокосата немирка и тупна со ножето по влажната земја. А потоа се сврти кон момчето со модросина коса и го праша: – Кој си ти, од каде доаѓаш, што е ова (покажа на вселенскиот брод) и што правиш со Чу?

– Што е Чу? – праша зачудено момчето, кое воопшто не се збуни од присуството на малата палавка.

– Ова е Чу! Моето миелениче! – луто му го посочи таа гуштеромачето што го клатеше главчето, ги гледаше и предеше.

– Ова е мојот вселенски брод – мирно одговори момчето на второто прашање одназад.

– Вселенски броооод!? – викна Дијана.

– Мхм, Трина. Така се вика – одговори момчето.

– Тортастрофа! – налутено писна Дијана и со плачење избега во густежот.

Што се случи? Зошто избега? И зошто плачеше?

Тоа не му беше јасно ниту на синото момче ниту мене...

Како? Оооох, па да, заборавив да ви го раскажам најважното.

Која сум јас, се разбира.

Јас де, Шу, раскажувачката.

Дијана нагалено ме вика Шу, а инаку моето име е – Шушумилка Шареноперка Шеста. Птица од родот царски рубинсмарагдни птици. И секако, умеам да зборувам. Знам сè за Дијана од планетата Зана, за нејзиното гуштеромаче Чу, за нејзиниот бумборд, за двете сонца и деветте месечини, за вселенските бродови и...

– Тортастрофаааа! – плачеше Дијана додека се пробиваше низ џунглата, а по неа трчавме јас, Бумби, Чу и синото момче, кое, очигледно, беше најзбунето од сите.

Најпрвин, не му беше јасно зошто таа плаче. Потоа, не сфаќаше од каде никнуваат сите оние момини солзи. И како трето, се прашуваше и зошто одеднаш почна да врне.

Погодувате, нели? Почна да врне затоа што Дијана плачеше!

А во џунглата... во џунглата папратите ги подаваа своите рачиња радувајќи му се на дождот, а по дрвјата расцутуваа прекрасни цветови во најубавите бои.

Јас, Бумби, Чу и момчето со модросина коса ја најдовме Дијана, насолзена и скриена под џиновските лисја на едно Сук-Ток дрво.

– Зошто плачеш? – ја праша смирено момчето.

– Ухуу бухууу, затоа што мислев дека сум единствена што има вселенски брод, шмрц, шмрц – шмркаше со носот разгалената палавка. – И единствена што има вселенски брод со ИМЕ. Мојот се вика Персеус. Ама ете... не сум била... единствена, шмрц, шмрц...

– О, но ти си единствена на планетата Зана! Јас не сум од овде, хи, хи – се закикоти момченцето.

Дијана ги ококори големите зелени очи. Го гледаше и подголтнуваше.

– Јас сум Тим од планетата Тургана. Од расата аквамагови.

– То-тоа е па-палачинкастично! – пропелтечи Дијана. – Јас сум Дијана, хербоцелителка.

Дијана го гледаше Тим со нескриено воодушевување. Па тој беше вселенски патник!

Ох, нејзината најголема желба беше да отпатува на друга планета, но, иако имаше вселенски брод, тоа сè уште не ѝ беше дозволено. Барем, додека не наполни седум години...

– АУУУУУУУУУУ! ААААААААА! – во исто време вреснавме јас (Шу) и Дијана.

Па како можевме да ја заборавиме НАЈВАЖНАТА РАБОТА на целата планета Зана, а и пошироко – во целиот мултиверзум! Која?

Чококакао, од мене чао, а за најважната работа ќе дознаете во... следната приказна!

Псссст! Сладок чај, крај крај крај...“

## МАЛАТА ПЛАНИНАРКА И ШЕПОТОТ НА ШУМАТА

од Билјана С. Црвенковска

Калина се разбуди возбудена тоа сончево, пролетно утро. Оти, тој ден беше навистина посебен и таа го чекаше цела недела! Зошто? Затоа што требаше да оди на планинарење. Но не какво било планинарење, туку долго планинарење дури до врвот на планината!

„Мамо, мамо!“ викна радосно Калина откако се изми, се облече во спортска облека и појадуваше. „Ајде да одиме, ајде да одиме!“

Мајка ѝ се насмевна, го подготви ранчето во кое стави сокче, вода, сендвичиња и облека за пресоблекување, а потоа, со планинарски стапчиња, се упатија кон планината.

На почетокот патеката беше полесна и неколкупати се сретнуваа со други планинари, оние што станале порано, па сега се враќаа назад. Калина на сите им велеше „здраво“ оти сите планинари имаа обичај да се поздравуваат, иако повеќето не се познаваа.

Но, колку повеќе одеа нагоре, патеката стануваше потешка. Сепак, Калина не се пожали. Во еден миг Калина и мајка ѝ се најдоа на една полјанка од која понатаму продолжуваа неколку патеки.

„Ќе одиме по оваа патека“, мајка ѝ ја одбра најтесната патека, која изгледаше како да завлегува најдлабоко во шумата. „Најубава е од сите оти постојано е во сенка, а по неа секогаш ќе нѐ следат и звуците на шумата.“

Калина не знаеше што точно значи „звуците на шумата“, но беше љубопитна да дознае, па прва се стрча по патеката. И навистина, таа беше мошне интересна и сосема поинаква од разгазената патека по која се движеа претходно.

Околу нив имаше густа шума, а во длабоките сенки се криеја различни птици, животинки и инсекти: Калина виде голема сива птица која одлета со гласно мавтање на крилјата, едно друго, мало птиче кое пееше прекрасна песна, а потоа слушна чукање и, по долго пулење, го здогледа клукајдрвецот! *Значи, тоа се звуците на шумата!* – помисли Калина, за веднаш потоа да слушне и други звуци, оние што не доаѓаа од нејзините распеани жители.

Што слушна, Калина? Таа слушна како шепоти шумата! Да, навистина, шепоти. Но, дали шепотеше самата шума или ветрот во крошните на дрвјата, Калина не знаеше да каже со сигурност. Не можеше дури ни да разбере што точно шепоти шумата, или ветрот, или лисјата, ама на мигови ѝ се чинеше како да го слуша и своето име! Хммм, дали можеби дрвјата си шепотеа нешто како: *Еве ја Калина, малата планинарка! Оди накај врвот! Да, таа секако ќе стигне до врвот на планината!*

Ете така, Калина си замисли дека шумата шепоти за неа и тоа ѝ внесе дополнителен полет да посака побрзо да стигне до врвот.

Но, што друго имаше во шумата?! Па шумски животни, се разбира! Прво, Калина и мајка ѝ се запознаа со кафеава верверичка, која ги набљудуваше од гранките на еден висок бор. Потоа патеката пред нив ја мина сиво зајаче, кое брзо-брзо се скри во грмушките. А најголемото изненадување, секако, следуваше кога Калина и мајка ѝ дојдоа до шумскиот поток. А таму, покрај потокот, стоеше нежна срничка, која плашливо наслушнуваше. Калина и мајка ѝ запреа и тивко ја гледаа додека пиеше од бистрата, студена вода. А потоа, како сонот да заврши, срничката го крена главчето, мрдна со ушињата и во еден скок – исчезна во сенките на шумата! Колку беше волшебна оваа неочекувана средба!

Чекор по чекор, Калина и мајка ѝ се приближија до врвот. Излегоа од шумата и пред нив се отвори прекрасно пространство: сиви карпи, сино небо, бели, меки облаци.

Всушност, ова беше најтешкиот дел од патеката. Калина не сакаше да се жали, но веќе чувствуваше дека е многу изморена и дека ја болат нозете. И токму во моментот кога помислуваше да каже: „Не можам повеќе“, се случија неколку работи, исто толку неочекувани како средбата со срната!

Прво, мајка ѝ рече: „Калина, види, еве уште неколку пријателки.“ Калина се заврти очекувајќи да види планинарки, кога – на карпите здогледа неколку диви кози! Леле, каква интересна глетка!

А втората работа се случи веднаш потоа! Калина во непосредна близина, меѓу карпите, здогледа нешто... некаква... куќичка?!

„А ете го и планинарскиот дом“, весело рече мајка ѝ.

„Планинарскиот дом?“ зачудено праша Калина.

„Токму така, планинарскиот дом на врвот на планината. Тука ќе се одмориме пред да тргнеме назад“, рече мајка ѝ.

„Врвот? Дојдовме до врвот?" се возбуди Калина.

„Да, мила! Браво за тебе! Ова е твојот прв врв, но не и последен", гордо рече мајка ѝ.

„Врвот, го освоивме врвот!" скокаше од радост Калина, а мајка ѝ силно ја прегрна.

„Мамо", рече задоволно изморената Калина додека седеше во планинарскиот дом и со сласт ги јадеше сендвичињата, „дали сега сум вистинска планинарка?"

„Да мила моја, ти си вистинска планинарка", одговори мајка ѝ, а Калина со шепот си повтори: „Вистинска планинарка!"

- **Разгледај ги внимателно посочените илустрации. За секоја илустрација запиши по една проста или сложена реченица .**





**Наставна единица: Утврдување на стекнатите знаења поврзани со изучените морфолошки и синтаксички наставни единици**

Цел/и:

- утврдување на досега стекнатите знаења од морфологија и синтакса преку вежби.

Очекувани резултати од учењето:

- правилно ги употребува стекнатите знаења за: збирни именки, присвојни и бројни придавки, лични и показни заменки, сегашно, минато и идно време, проста и сложена реченица.

Морфологијата во македонскиот јазик и во останатите јазици е дел од лингвистиката која се занимава со проучување на формите на зборовите, нивното градење и граматички значења. Самиот збор е од старогрчко потекло и во превод значи *наука за формите*. Главната цел на морфологијата е да ја проучува структурата на зборовите и правилата и принципите според кои самите зборови се обединуваат во групи. Многу сродна наука на морфологијата е морфосинтаксата на македонскиот јазик која се занимава со употребата на зборовите во реченица.

Синтаксата е оној дел од граматиката што ги проучува способностите на зборовите да се поврзуваат меѓу себе, но пред сè целините што се добиваат како резултат на таквите поврзувања. Синтаксата тргнува од зборовите или од нивните форми и ги утврдува правилата според кои се создаваат повисоките, синтаксички јазични единици. Основна единица во синтаксата е реченицата (проста) помала од неа - именската група (или синтагма), а поголема – сложена реченица. Сите нив ги среќаваме во врзан текст.

Наставникот за да ги провери досега стекнатите знаења кај учениците од морфологија и синтакса има изготвено задачи кои им ги задава на учениците.

1. Напиши три реченици во кои ќе употребиш збирна именка.

2. Во посочените реченици со сина боичка подвлечи ги присвојните придавки, а со црвена боичка бројните придавки.

- Јас и брат ми членуваме во градската библиотека.
- На натпреварот нашата екипа постигна троен успех.

- Тој застана да чека во втор ред.
- Најслатки ми се бонбоните кои ги купувам во селската продавница.
- Најубаво милува мајчина рака.
- Марко беше петти на натпреварот по историја.

3. Дополни ги празните места во речениците со соодветна лична, односно показна заменка.

- ________________ секогаш доцниш на нашите состаноци.
- ________________ вчера бевме на излет во Маврово.
- Знам дека ________________ не ја зборува вистината.
- ________________ е човекот кој ми помогна.
- Кај ________________ чешма има најстудена вода.
- Го познавам ________________ детенце.

4. Менувај ги глаголите:

а. „гледа“ по лице и број во сегашно време.

б. „сее“ по лице и број во минато време.

в. „носи“ по лице и број во идно време.

5. Во наведените прости реченици со црвена боичка подвлечи го подметот, со сина боичка прирокот, а со жолта неопходниот реченичен член.

- Тие разговараа покрај куќата.
- Јован запеа на глас.
- Ја истрчав патеката многу брзо.

- Ние отидовме на излет.
- Наставничката ни напиша на табла.

6. Во текстот пронајдете ги и подвлечете ги простите и сложените реченици. Простите со црвена боја, а сложените со жолта боја.

РАДОСТ

Иван се радува. Денес со татко му ќе оди на фудбалски натпревар. Тој од радост запеа, а татко му кога го виде слатко се насмеа. Татко му на Иван му даде навивачки шал со боите на нивната омилена фудбалска екипа.

- Тато, многу сум возбуден што ме носиш на фудбалски натпревар! – извика Иван.
- Знам сине! На твои години и дедо ти ме однесе на фудбалски натпревар. И јас како тебе бев многу возбуден и радосен. Рече татко му на Иван.

**Наставна единица: Скратеници/скратување на зборовите**

**Цел/и:**

- да ги препознава скратениците;
- да ги применува правилно скратениците.

**Очекувани резултати од учењето:**

- ги препознава скратениците и го знае нивното значење во писмената и усната комуникација;
- правилно ги применува скратениците во писмена и усна комуникација.

СКРАТЕНИЦИ

Во македонскиот јазик под скратеници се подразбираат акронимите – изведени зборови кои се добиваат со скратување на зборовите кои влегуваат во состав на повеќекомпонентни имиња, наслови и називи. Како такви, тие треба да се разликуваат од скратувањата на зборовите, т. е. абревијациите – кратења на одделни зборови кои често се употребуваат заради заштеда на време и на простор.

Кратениците по правило се пишуваат со големи букви, а се читаат или буква по буква (ЈСП, МНТ, МПЦ итн.), најчесто тогаш кога во нивниот состав нема самогласка, или се читаат како еден збор (АСНОМ, НОБ, МАНУ, САД, УЕФА итн.).

По правило, во кратениците не влегуваат предлози и сврзници. Нивното присуство во кратениците претставува исклучок (УКИМ). Во македонскиот јазик сè почесто се среќаваат кратеници од туѓо потекло. За нив, главно, важи тоа што е кажано за кратениците од домашно потекло, со дополнување дека буквите, по правило, се читаат според абецедата:

НБА (ен-бе-а – Национал Баскетбалл Ассоциатион)

АТП (а-те-пе – Ассоциатион оф Теннис Профессионалс)

СМС (ес-ем-ес – Схорт Мессаге Сервице)

Кога кратеницата содржи буква што отсуствува во македонската азбука, латиничната буква се предава со кирилска буква со најсличен изговор:

БМВ (од BMW: бе-ем-ве – Bayerische Motoren Werke)

ВТА (од WTA: ве-те-а – Women`s Tennis Association)

ВАН (од WAN – wide area network)

Во принцип, читањето укажува на тоа дали е кратеницата од домашно или од туѓо потекло. Сепак, исклучоци што го потврдуваат правилото има и овде (МЗТ – ем-зе-те, ПТТ – пе-те-те, ЕВН – е-в-н од EVN – Energie-Versorgung Niederösterreich).

Покрај некогашната поделба на кратениците – од домашно наспроти туѓо потекло, во најново време се изделуваат кратениците по потекло од англискиот јазик. Овие кратеници, кои се називи, а не општи именки, не се читаат според изговорот на латиничните букви, туку според изговорот на буквите од англискиот алфабет. Тие, како последица на тоа како се читаат, треба поинаку и да се пишуваат, за да може да ги прочита секој што го зборува македонскиот јазик, а не го познава англискиот:

Ем-ти-ви (Music Television)

Би-би-си (British Broadcasting Corporation)

Си-ен-ен (Cable News Network)

Еф-би-ај (Federal Bureau of Investigation)

Ај-би-ем (International Business Machines)

Кај нив читањето според абецедата често би довело до непрепознатливост на името, па затоа таквото читање е нефункционално (Џи-кју, а не ГК – Ге-ка од GQ). И кај кратениците од туѓо потекло има такви кои се читаат како еден збор: БАФТА, ВАН, НАСА, НАТО, ОБСЕ, УЕФА, УНЕСКО, УНИЦЕФ, ФИФА, ЦЕРН, ЦИА.

Скратениците можат целосно да се осамостојат како именки, и тогаш престануваат да се сфаќаат и да се третираат како скратеници.

• Ако се имиња, се пишуваат само со почетна голема буква: Бенелукс, Гестапо, Интерпол и др.

• Најчесто се осамостојуваат скратениците што се општи именки: сида, ласер радар, веце, цеде, уесбе и др.

• Со оглед дека една од карактеристиките на скратениците е нивната неменливост, наметнатата потреба за нивно формоизменување значи дека тие престанале да се сфаќаат како скратеници, односно стекнале статус на општи именки или имиња. Во тој случај се пишуваат како и другите општи именки: уесбе, уесбето, уесбиња, натовски, антинатовски, проевропски, односно сопствени именки (Унеско, Уницеф, Европол, Евроатом).

## СКРАТУВАЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ

Зборовите се скратуваат заради заштеда на простор и време. Тие не се посебни зборови во македонскиот јазик, туку претставуваат скратени постојни зборови кои воопшто не се читаат во својата скратена форма. Со други зборови, скратувањата на зборовите функционираат само при пишувањето, а не и при зборувањето.

При образување на скратувањата треба да се имаат предвид две начела:

– Економичност – зборовите се кратат за да се заштедат простор и време; колку помалку букви содржи скратувањето, толку е поуспешна неговата творба;

– Разбирливост – економичноста не смее да влијае на разбирливоста на скратувањето.

Принципот на создавање скратувања во македонскиот јазик налага кратење на зборовите по согласка, односно пред самогласка. Само кај зборови скратени по првата буква кратењето може да е по самогласка. Има два начина на добивање скратувања во македонскиот јазик:

– Со пишување точка на местото на кратењето на зборот;

– Со пишување цртичка меѓу првата буква и последната буква или последниот слог.

### Воведен дел

Во воведниот дел од часот, наставникот им задава на учениците да прочитаат еден краток текст во кој текст одредени зборови се истакнати (напишани потемно од останатите).

„Јас живеам во **с.** Росоман и учам во **ОУ** „Пере Тошев“. Имам 11 години и сум ученик во петто **одд**. Моето училиште од мојот дом се наоѓа на околу 500 **м** и секој ден до него одам

пешки. Моите родители се занимаваат со одгледување на праски и секоја година произведуваат по околу 3 **т** праски...“

Наставникот ги прашува учениците дали знаат како се викаат затемнетите зборови употребени во текстот и што се постигнува со нив?

Наставникот на учениците им посочува дека затемнетите зборови ги викаме скратувања. Наставникот им објаснува на учениците зошто се скратуваат зборовите и која е нивната намена. Зборовите се скратуваат заради заштеда на простор и време. Тие не се посебни зборови во македонскиот јазик, туку претставуваат скратени постојни зборови кои воопшто не се читаат во својата скратена форма.

Главен дел

Во главниот дел од часот наставникот на учениците им посочува одредени правила поврзани со пишувањето и употребата на скратениците.

- Најголемиот број скратеници се добиваат од почетните букви на составните делови на називот:
- ЕУ – Европска Унија
- ЈСП – Јавно сообраќајно претпријатие
- МНТ – Македонски народен театар
- ОН – Обединети нации
- САД – Соединети Американски Држави
- МАНУ – Македонска академија на науките и уметностите
- ОУ – Основно училиште

Скратениците по правило се пишуваат со големи букви и без точки, а се читаат или буква по буква (ЈСП, МНТ, МПЦ итн.), најчесто тогаш кога во нивниот состав нема самогласка, или се читаат како еден збор (АСНОМ, НОБ, МАНУ, САД, УЕФА итн.).

- Најекономични и најчести се скратувањата сведени на првата буква на зборот. Такви се, на пример, следниве:
- с. – село
- л. – лице
- р. – род
- т. – точка
- г. – година; господин
- м. – место; машки

Како што може да се забележи, некои скратувања се однесуваат на повеќе зборови.

- м – метар
- л – литар
- г – грам

- т – тон
- км - километар

Мерните единици се пишуваат со кирилски букви и без точка.

- Многу зборови се кратат пред првата самогласка, на пример:
- бр. – број
- гр. – град
- др. – друго
- кн. – книга
- мн. – множина
- пр. – пример
- чл. – член
- одд. – одделение

- Некои зборови се кратат пред втората самогласка, на пример:
- астр. – астрономија
- бул. – булевар
- гимн. – гимназија
- ден. – денар
- инж. – инженер
- мат. – математика
- проф. – професор
- таб. – табела
- ул. – улица

- Поретко, скратувањата се добиваат со поврзување со цртичка на првата и последната буква или на првата буква и последниот слог во зборот и по правило не ја менуваат својата форма, особено пред имиња.
- г-а – госпоѓа (неутрална форма за означување женско лице)
- г-ца – госпоѓица (младо женско лице без оглед на брачен статус)
- г-ѓа – госпоѓа (возрасно женско лице без оглед на брачен статус)
- д-р - доктор на науки
- м-р – магистер

**Завршен дел**

Во завршниот дел од часот наставникот на учениците им дава вежба каде од нив бара на празните места во речениците наместо скратеници да напишат цели зборови.

На празните места во следниве реченици наместо скратувањата/скратениците напиши ги целите зборови:

1. Од мојата до куќата на баба има 100 (м)_____________.
2. Тато купи три (кг)___________ круши.
3. Тој испи еден (л) ____________ чај.
4. Три (т) _________ јаглен донесоа во училиштето.
5. Г-ѓа _________ Марија живее на третиот кат во нашата зграада.
6. На ул. _________ Вардарска живее мојот вујко.
7. Тој е бр. _________ 5 во дневник.
8. Дедо ми живее во с. _________ Вруток.
9. Вчера во МНТ _________ гледавме прекрасна претстава.

На крајот од часот наставникот на учениците им задава домашна задача: според дадената фотографија да напишат краток состав каде ќе ги употребат скратениците и скратувањата: проф., ул., ОУ, мат., одд., км



**Наставна единица: Вежби за пишување скратеници и скратувања на зборовите**

Цели:

- да ги препознава и правилно применува скратениците и скратените зборови;

Очекувани резултати од учењето:

- знае кои се скратеници, а кои скратени зборови;
- правилно се служи со скратениците и со скратените зборови.

**Воведен дел**

Во воведниот дел од часот наставникот од учениците бара усно да повторат за ученото на еден од претходните наставни часови, а поврзано со скратеници и скратување на зборовите.

Од учениците наставникот очекува тие да дадат одговор дека:

Во македонскиот јазик под скратеници се подразбираат изведени зборови кои се добиваат со скратување на зборовите кои влегуваат во состав на повеќекомпонентни имиња, наслови и називи.

Пример: МНТ – Македонски народен театар, МОН – Министерство за образование и наука.

Наставникот исто така очекува од учениците тие да прават разлика на скратениците од скратувањето на зборовите кои често се употребуваат заради заштеда на време и на простор.

Пример: ден. – денар, бр. – број, - одд. – одделение, м – метар

НАСТАВЕН ЛИСТ

1. Напиши ги целосните имиња на скратениците: МАНУ, ОУ, ФК, АСНОМ, ЕУ
2. Напиши скратеници од зборовите:
- Македонска информативна агенција
- Друштво на писатели на Македонија
- Институт за македонски јазик
- Народно ослободителна борба
- Македонски народен театар

3. Објасни ги скратувањата на зборовите:

л. –

г. –

вл. –

пр. –

бул. –

год. –

д-р –

4. Скрати ги зборовите:

Страница -

Точка -

среден род -

децилитар –

село –

професор –

глагол -

## ПОДРАЧЈЕ ЛИТЕРАТУРА

**Наставна единица: Драмско читање и читање по улоги (едночинка „Зимски распуст“ од Ванчо Полазаревски од збирката „Лага река не гази“ приредила Јадранка Владова)**

Цели:

-увежбување на драмско читање/читање по улоги.

**Очекувани резултати:**

-чита драмски текст по улоги.

**Воведен дел**

Наставникот им објаснува дека во текот на часот ќе работат со помош на техниката *Литературни клубови* во која учениците ќе имаат свои *улоги.* Во оваа техника за кооперативно учење, наставникот ги дели учениците по групи односно им дава одредени улоги кои тие ги извршуваат како дел од литературниот клуб.

Наставникот ги дели на следниот начин:

-ученик/чка што наоѓа цитати;

-ученик/чка што ги поврзува значењата;

-ученик/чка толкувач на ликови.

-ученик илустратор.

**Главен дел**

Наставникот го чита текстот, потоа ги дели учениците и тие го читаат текстот за да може истиот да го доживеат и по истиот да постапуваат.

**Зимскиот распуст**

Лица: Наставникот, Виктор, Горан, Јана и Ѕвончето

Наставникот: Ех, да има некој што сака да и раскаже за нешто убаво за зимскиот распуст.

Горан: Има, има!

Наставникот: Браво, постојано ме воодушевуваш со својата храброст...Ти ...

Горан: Не јас, туку, еве Виктор.

Виктор: Да. Само што сакав да ви кажам дека Горан сака... Добро, беше побрз, принавам. Јас... аа-х (се прозева), убаво си го пом...(заспива).

Горан: Виктор читаше многу за мечките и толку му се допадна материјалот, што се вљубил во нив и почна да ги имитира. Ете гледате , пак потона во зимскиот сон. Викторе! Викторе!

Виктор: Јаас! Дда....ух....ех...само што дремнав. Мамо ма, попладне сме на училиште.

Наставникот: Веќе сте на училиште , млад господине!

Виктор: Што?! Кој?! Јас ... наставнику се извинувам , јас мечките ги проучував и толку се внесов во нивниот живот, што еве, пак ме фаќа дремка ... ааа - х.

Наставникот (вика): Ловџииии.

Виктор ( се стресува ): Ех, како да не. Јас наставниче немаше да заспијам жими сите мечки на светот.

Наставникот: Добро, ама за секој случај ти ќе ми раскажеш нешто за зимскиот распуст.

Виктор: Зимски распуст. Како што самиот збор ни вели, тој не е летен распуст. Да беше летен, ќе си беше во лето, ќе си ја летнеше веднаш и ај пак в училиште. Значи, зимскиот распуст се случува во зима, а зимата има три месеци.

Наставникот: О-хо, и снегот е бел. Виктор спиеш и кога не спиеш.

Виктор: Распустот е најубавото годишно време за учениците и ме чуди како мојот другар од соседството Иван, цел распуст не излезе од дома ?!

Наставникот: И јас не можам да се изначудам.

Јана: Јас можам и – знам.

Наставникот: Кажи, спаси ме од чудење, оти во чудо ќе се претворам.

Јана: Тој не излезе заради мразулците што висат по покривите од куќите.

Наставникот: Се плаши од мразулци ?!

Јана: Не, туку му е незгодно. Вели дека не сака пред нос да му се плетка училишната книшка.
Наставникот: Па, зошто не ја остава дома?

Јана: Дома му е. Ама мразулците го потсетуваат на книшката која му е полна со ... незгодно ми е да ви кажам ...

Наставникот: А-ха, ако порачај му на твојот Иван да си го згрее столот, ем мразулците од покривите ќе се стопат, ем нивните роднини, кецовите од книшката исто така ќе исчезнат.

Јана: Ќе му кажам, ама Иван вели дека има уплав од топол стол ... му личел на електричен и му е страв да не го фати струја.

Горан: Јас, наставниче јас!

Наставникот: Што ти ?! Реков татко му, а не ти.

Горан: За зимскиот распуст би кажал нешто.

Наставникот: Нешто, но немој се и сешто.

Горан: Зимскиот распуст. Снегот главниот роднина на зимскиот распуст паѓа само во села и градови кај што има одлични ученици.

Наставникот: Е, ова првпат го слушам. За малку ќе се пензионирав и ќе си заминев  и ете, ова немаше да го слушнам. Е, зошто, научнику мој мил тоа е така?

Горан: Па затоа што само тие имаат време да се изнаиграат со снегот, а оние што се послаби со оценките ќе мора да си седат дома и да учат. Тие само ќе го ѕиркаат снегот од прозорците и снегот нив ќе ги ѕирка од ридовите и улиците.

Наставникот: Овојпат јас, Горане, ќе ти ѕирнам низ прсти, ама ...

Ѕвончето: Нема ама, нема ништо повеќе. Крај. Тхе енд. Ѕврррр!

Ванчо Полазаревски

Активност 1

Наставникот ја води дискусијата со помош на поделбата на учениците:

-ученик/чка што наоѓа цитати (се читаат и толкуваат елементите кои се издвоени од самите ученици

-ученик/чка што ги поврзува значењата (се кажуваат мислења за елементите издвоени од учениците како важни цитати за текстот)

-ученик/чка толкувач на ликови (преку читање  репликите на секој лик се толкуваат и нивните однувања и нивните особини).

-ученик илустратор (овие ученици ги прикажуваат дијалозите во скица/цртеж.

Активност 2

Наставникот ги дели учениците по улоги и тие изразно читаат. Целта на оваа активност е да се извежбаат во читање по улоги односно драмско читање на текст.

**Наставна единица: Вежби  за усвојување на поимот тема / читање со разбирање на текст Интерпретација на современата бајка „Волшебната метла“ од Г. Олуиќ**

**Цели:**

-читање со разбирање подолг текст

-определување на тема на еден текст

-вежби за дискусија на одредена тема прозилезена од текст за анализа

**Очекувани резултати:**

-чита и разбира значења во текст;

-дискутира на тема;

-определува тема на текст.

**Воведен дел**

Наставникот преку бура на идеи ги замолува учениците да запишат клучни зборови за нивното место на живеење, со посебен акцент на хигиената во него

**Главен дел**: Во овој дел од часот се чита текстот. Наставникот може да организира читање на глас или самостојно читање, учениците самостојно да читаат и потоа да се развие дискусијата.

Во текот на дискусијата за која под текстот има предлог прашања може да се примени стратегијата *Учениците си поставуваат прашања едни на други.*

На тој начин ќе се овозможи витинска дискусија. Учениците ќе ги вежбаат способностите за слушање и дискусија, ќе може да учат едни од други, ќе се промовира колаборативното учење „повеќе глави, подобро мислат“. Преку поставувањето на прашањата учениците ќе размислуваат за тоа што не го разбрале и ќе прашаат и слушнат одговори.



## ВОЛШЕБНАТА МЕТЛА

Градот стануваше се понечист, куку леле!

Што се не се правеше за да се исчисти тој, но без успех: остатоци на лушпи од компир, хатии, прашина и чад им влегуваше на луѓето во олите и во ушите, ги затрупуваше улиците. Домаќинките воопшто не ги отвораа прозорците, но и покрај тоа, ветрот ја внесуваше неистотијата во куќите. Се чинеше дека и снегот што паѓа е нечист. И, навистина, кога почна да се топи снегот, низ олуците и улиците јурнаа потоци црна нечиста вода.

Жално беше да се гледаат посивените дрвја и цвеќиња кои овенуваа истиот час кога ќе се развиеја од пупката. Уште пожално беше да се гледаат старците и децата како се мачат да вдишат капка воздух. Птиците, што преживеаја, клечеа сневеселено врз голите гранки на дрвјата, не осмелувајќи се ниту да го отворат клунот, ниту да полетаат.

- Ова е неиздржлливо! – рекоа жените не успевајќи да им ја вратат белината на кошулите и на постелината. Нешто мора да се направи!

- Чукна последниот час! – воздувнуваа бабите и дедовците, враќајќи ги внуците од прошетка со сиво – црна скрама на лицето.

- Нешто мора д се направи! – рекоа сите на глас, ама ни чистачите ни мијачите на улиците не беа во состојба да ја потиснат наездата на ѓубрето, иако деноноќно ги миеја и чистеа. Слоеви од нечистотија се таложеа еден врз друг и растеа пред очите на луѓето.

-Ако се продолжи вака – заклучија граѓаните и градските татковци – ѓубрето ќе нарасне до покривите и ќе не затрупа.

Сите како еден, зедоа метли и лопати во рацете, но ѓубрето и понатаму растеше потсмевајќи им се на сите нивни напори. Затворени во домовите, децата со тага ги гледаа поранешнитее игралишта, но најтажно ги гледаше еден мал бушавко. Со недели и месеци тој на болната

сосетка и носеше леб и млеко, а кога дојде пролетта, таа му подари една прокрасна жолта топка. Сега таа топка седи бесмислено под креветот, затоа што ѓубрето ги покри игралиштата.

-Ех да си имам волшебна метла! – воздивна малечкиот. – Би ги исчистил сите улици, сите плоштади, сите игралишта и паркови. Бабите би имале каде да излезат на прошетка, девојчињата каде да скоксаат, а момчињата каде да трчаат по топката... – момчето уште не ја ни заврши својата мисла, кога слушна како нешто мрдна зад креденецот. - Што е па сега ова? – се сепна малечкиот, го совлада стравот и појде кон креденецот. – А, ти тоа си решила да се прошеташ? – се насмеа здогледувајќи една заборавена метличка, со која и помагаше на мајка си во чистењето, пред да купат правосмукалка. Успокоено, момчето се врати кај прозорецот. Но, метличката дојде до него, му се потпре на нозете и рече:

- Да почнеме!

- Што? – се насмевна момчето. Беше така мала, така стара, што едвај со неа можеше да се исчисти прагот или бришачот за нозе од пред врата. Но, беше упорна.

- Да почнеме, да почнеме! – повторувше таа. – Важно е да се почне, понатму само оди ... намалуваше метличката , се додека момчто не излезе со неа на улица и не почна да чисти.

Еј, како му се смееја, како си играа подбишега со него жителите од улицата и градот.

-Со таква метла не би можел ни чевлите од прашината да ги исчистиш! – од смеа сосетката ја искриви устата. Зарем не гледаш дека душата и е во носот?

- Аха – ха! – му се тресеше стомакот на Главниот чистач. – Тука каде што ние со челични метли не успеавме да ја добиеме битката – тој влегува во војна со перче од метла...

- Аха – ха – ха, ха – ах! - се смееше сега целата улица, целиот град, а ѓубрето и нечистотијата си растеа. Веќе допираа до колениците на луѓето иако челичните метли и цревата полни со вода стапнуваа во остра решавачка битка. Со погледот кон нив, нив момчето засрамено ја наведна главата, но метличката инаетливо рече:

- Пушти ги! Нека се смеат. Срцата им се исто толку нечисти како и улиците. Затоа не можат да го исчистат ѓубрето! – Метличката во раката на момчето се помрдна и на момчето не му остана ништо друго освен да почне да бега пред метличката: се појави чиста површина, прво како марама, па како помала соба. Момчето продолжи да чисти, па откако исчисти пред својата куќа, продолжи да чисти и пред вратата на соседите.

- Па што е ова луѓе? – извикна главниот чистач. – Метличката со која едвај можеш да го исчистиш бришачот – го чисти она што не се во состојба да го исчистат челичните метли. Тука нешто не е во ред. – Главниот чистачсомнително заврте со главата. Маса од љубопиници се собра околу момчето и неговата метла.

- Дај да ја видам ! – рече еден безделник. – Пих! Па уште мојата баба имаше таква метла и ја фрли кога купивме правосмукалка... – Масата насобрани луѓе се истури од смеа, а момчето

поцрвене. Неговата метличка, навистина, изгледаше бедно. Но чистеше. Чистеше! Момчето инаетливо ја подигна брадата, а метличката му шепна:

- Не се давај! Не ме давај!

Само што метличката го прошепоти своето предупредување, а нечија рака се испруши и ја извлече од рацете на момчето. Кругот од насобрани луѓе вознемирено се разбранува.

-Дај ми ја, дај! –повикаа неколку гласови. – Сакам и јас да исчистам пред својата куќа! – луѓето се туркаа, се караа, се грабнаа за метличката, а ѓубрето растеше. Но, метличката се истргна од сите и летна нагоре.

-Гледај ја ти неа! – извикна масата разочарана и потрча по метлата, а метлата колку и  да ја бркаа, успеваше да им помогне. Така стигнаа и до крајот на градот, каде што почнуваше полето, но метлата не ја фатија. Зад широкото поле се темнееја крошните на дрвјата.

-Ако влезе во шумата – нема да ја видиме повеќе! –рече некој. Толпата гонители застана. Метлата застана, високо горе, во воздухот.

-Па што да правам? – офна една старичка. – Ќе се загушиме од ѓубре ако побегне! Зарем не гледате дека само таа чисти таму каде што се друго откажува.

- А што ако ја дофатиме? – се досети некој.  – Не можеме сите одеднаш да чистиме...

- Па, секој ќе чисти пред својата куќа? – рече еден од градските татковци.

-А парковите, а плоштадите, а игралиштата? – се досеи друг.

-Е, тоа нас не не интересира!-се јавија неколку гласови. –Некој друг нека се погрижи за тоа.

-Па, така не се може луѓе! – се чу гласот на некое деденце. – Мојот сосед е болен и јас ќе исчистам и пред неговата врата, па и плоштадот на аголот од нашата улица ќе го исчистам. Зарем, пред да дојде оваа неволја, не се собиравме таму секое утро? Како да не го исчистам? – Старецотпрашално ги погледна луѓето околу себе, не сфаќајќи зошто му се смеат во лице, се додека една сосетка не рече:

-Зарем не гледаш дека едвај ги влечеш нозете? Тешко дека ќе исчистиш и пред својата куќа! – Жената се насмеа грдо, но метличката која стоеше високо во воздухот почна да се симнува, дојде до старецот којшто сакаше да исчисти и пред туѓа врата и рече:

-Ајде, старче!

Старецот се тргна, ја зеде метличката и се упати кон градот.

Масата на љубопитници го следеше од далечина, без зборови. Така стигнаа и до градот и до куќата на старецот. И гледај, овторноо ѓубрето почна да се повлекува пред метличката. Блесна улицата пред куќата на старецот, пред куќата на соседот, светна плоштадот. Низ масата од насобрани луѓе помина шепот на восхит. Сите ги испружија рацете кон метличката, се тискаа, се туркаа едни со други. Но исчистувајќи го плоштадот , метличката повторно се дигна нагоре,

па со благ лак се спушти покрај нозете на малиот бушавко. Овојпат никој не се ни обиде да ја грабне. Сите стоеја и гледаа во момчето, како да очекуваат нешто се додека една жена не рече:

-Па, дај ми ја момче! Ќе го исчистам дворот на болницата, за да можат болните да отворат прозорец... –Жената уште не го изговори до крајот својот предлог, а метличката се подигна нагоре и тргна кон неа. Ама, само што и се приближи нечија рака ја зграпчи.

-Прво јас ќе го исчистам својот двор, а потоа ти чисти го царевото царство! – и рече на жената еден надуен мустаклија и потрча кон својата куќа, кон својот двор. Но, само што стигна до него, метличката му се тргна од раката и полета кон жената којашто сакаше да го исчисти болничкиот двор. Попусто тој трчаше по неа, попусто псуеше. Метличката постојано му се измолкнуваше и одеше кај оние кои што мислеа и на другите.

Мустаклијата трчаше и трчаше, веќе и косата му побеле, но не можеше да ја стигне. Можеби се уште трча, којзнае?

Гроздана Олуиќ

„Бајки“

Дискусија

Што е бајка? Се сеќавате ли? Мислите ли дека се пишуваат бајки сè уште? Или нив сите ги кажале народните раскажувачи? Се сеќавате ли на бајките кои сте ги читале или ви ги читале? Набројте некои. А дали знаете автори кои пишувале бајки? Сте чуле ли за изразот авторски бајки? Што мислите, што е тоа? Што е бајка според вас?

Дали ова што пред малку го читавме е бајка?

Имаме ли „доказ“ за тоа? Што треба да има во еден текст за да речеме дека е бајка?

Дали е тоа волшебен предмет, волшебни / необични настани и необични ликови?

Пронајди ги таквите нешта во овој текст и провери дали е ова една модерна бајка.

Дефиниција: Бајка или сказна е приказна со фантастична содржина. Бајката/сказната не прави разлика меѓу натприродните и овоземските суштества, стварното и нестварното се на исто ниво.

Кои ликови ги сретнуваш во овој текст?

Како се чувствува момчето во овој текст?

Што сака тоа да промени?

Како се однесуваат другите граѓани? Што мислиш за нивното однесување?

Што мислиш ти, зошто сите се во толкава нечистотија? Кои се најзагрозени? Кој презема непто околу проблемот? На кој начин се прави тоа?

Според тебе како се справуваат граѓаните со нивната заедничка мака – нечистотијата?

Што мислиш како се чувствува момчето додека самиот презема во свои раце одговорност да му погогне на целиот град? Како би се чувствувал ти сите погледи од возрасните да се упатени кон тебе? Му веруваат ли тие нему? Зошто?

Како се менува тоа? Кој му помага на градот?

Кој лик ти остава силен впечаток од сите тие ликови со кои се сретнуваме во бајката? Зошто?

Чии зборови те изненадија? Зошто?

Кои карактерни особини може да ги препознаеме кај некои од ликовите? Може ли да ги пронајдеш речениците во текстот кои се однсуваат на нив.

Во еден дел од текстот се вели: *Масата на љубопитници го следеше од далечина, без зборови. Така стигнаа и до градот и до куќата на старецот. И гледај, повторно ѓубрето почна да се повлекува пред метличката. Блесна улицата пред куќата на старецот, пред куќата на соседот, светна плоштадот. Низ масата од насобрани луѓе помина шепот на восхит. Сите ги испружија рацете кон метличката, се тискаа, се туркаа едни со други. Но исчистувајќи го плоштадот , метличката повторно се дигна нагоре, па со благ лак се спушти покрај нозете на малиот бушавко.*

Што мислиш за постапката на луѓето во овој цитат? А што мислиш за постапката на метличката?

Што мислиш за реченицата: *Па, секој ќе чисти пред својата куќа? – рече еден од градските татковци.*

Ова се случува во бајкава, а како да исчистиме во реалниот живот? Кој ќе биде во нашата реалност волшебната метла?

**Завршен дел**

Се користи техниката: *Резиме во една реченица*

Откако поразговаравме за сè што се зборува во овој текст, можеме ли на крајот во една реченица да напишеме која е темата на текстот (она за што се зборува во него)?

Рефлексија

Наставникот прави рефлексија со учениците и поставува прашања:

Што научивме со читањето на овој текст?

Што беше за вас убаво, а што не, додека читавме и дискутиравме?

Што од ова можеме да примениме во реалноста?



**Наставна единица: Вежби за усвојување на поимот идеја на текст преку читање со разбирање**

**Интерпретација на текстот „Нешто Друго" од Кетрин Кејв**

**Цели:**

-определување тематско-идејна основа на текст преку анализа;

-анализа на текст со примена на прашања по нивоа.

**Очекувани резултати:**

-одредува идеја на текст

-дискутира за текст на различни нивоа.

**Воведен дел**

Наставникот најавува самостојно читање на текст. Дава насоки за внимателност при читањето бидејќи низ него има изрази кои упатуваат на постапките на ликовите и учениците треба да

бидат внимателни во читањето. Им се остава време во согласност со можностите за нивното совладување на текстот во содржинска смисла.

## „Нешто друго“ од Кетрин Кејв

На ветровитиот рид во осама без никој никаде што пријател можеше да му биде, живееше Нешто Друго.

Знаеше дека си она што е, оти сите го тврдеа тоа.

Кога ќе де обидеше да седне до нив или да им се придружи во игрите секогаш добиваше ист одговор:

„Извини. Не си како нас. Ти си нешто друго. Не ни припаѓаш баш.“

Од петни жили Нешто Друго се трудеше да наликува на различните од него.

Смешкајќи се велеше „Здраво“, како што тие отпоздравуваа. Црташе. Кога ќе му дозволеа, ги играше нивните игри. Си ја носеше ужинката во ќесичка, како што тие имаа навика.

Но попусто.

Ниту личеше на нив, ниту пак зборуваше како нив. Не го гледаше она што тие го гледаа. Ниту, пак, знаеше да игра како нив. А да не зборуваме за ужината.

„Не припаѓаш овде“, викаа.

„Не си како нас. Ти си нешто друго.“

Нешто Друго се повлече дома. Додека се подготвуваше да си легне се чу тропање на вратата.

Нешто стоеше на прагот.

„Здраво“, рече. „Драго ми е што те запознав. Може да влезам?“

„Пардон?“, рече Нешто Друго.

„Добредојден си“, рече суштеството.

Ја подаде својата шепа или можеби пераја беше.

Нешто Друго зјапаше во шепата.

„Мислам дека си го згрешил местото“, рече.

Суштеството одмавна со главата. „Не никако. Местово е совршено. Погледни!“

И додека Нешто Друго сфати што се случува, суштеството веќе беше внатре...

...и си седна токму врз неговата ужина.

„Те знам ли од некаде“, праша Другото збунето.

„Дали ме знаеш?“, се насмевна суштеството. Се разбира, дека ме знаеш. Погледни ме подобро. Само напред!“

Нешто Друго гледаше.

Се прошета околу суштеството од напред до назад и од назад кон напред. Не знаше што да каже па си молчеше.

„Зар не гледаш?“, вресна суштеството. Јас сум исто што и ти! Ти си Нешто Друго, а и ЈАС СУМ ЕДНО ТАКВО ИСТО!„

Уште еднаш му ја подаде шепата и се насмевна.

Нешто Друго се најде во чудо, па не можеше да ја возврати насмевката.

Ниту, пак ја прифати шепата.

„Исто што и јас“ - рече. „Ти не си што сум јас. Всушност, ти не личиш на ништо што досега сум го видел. Се извинувам, ама ти дефинитивно не си од МОЈАТА сорта на нешто друго.“

Отиде до вратата и ја отвори. „Добра ноќ“.

Суштеството полека си ја собра шепата.

„Ах“, рече.

Изгледаше некако тажно и мало.

Го потсети Нешто Друго на нешто, но никако не му паѓаше на ум на што.

И додека се обидуваше да си припомни, суштеството си замина.

Одненадеж Нешто Друго се сети.

„Чекај“, викна. „Немој да си одиш“.

Најбргу што можеше потрча по суштеството.

Кога го стигна цврсто му ја зграпчи шепата.

„Не си што и јас, но не ми е грижа, можеш да останеш со мене, доколку сакаш.“

И суштеството се врати.

Оттогаш па наваму, Нешто Друго имаше нешто со што можеше да биде другар. Смеејќи се, си отпоздравуваа со „Здраво“. Цртаа, сликаа. Секој ги играше игрите што другиот ги знаеше и сакаше, или барем се обидуваа. Ужинаа еден со друг. Беа различни ама се согласуваа.

А кога се појави едно нешто со навистина чуден изглед, тие не му рекоа дека не личи на нив и дека нема да се вклопи во нивната дружба. Се потргнаа и место му направија.

**Главен дел**

**Прашања (Прашањата се структурирани според нивоата кои се користат во ПИРЛС Меѓународна студија за мерење на успешноста на читањето со разбирање)**

Прво ниво фокусирање, воочување и потсетување на експлицитни информации

Како се вика главниот лик во овој текст?

Какво име има тој? Дали е тоа слично на нашите имиња?

Каде живее ликот Нешто Друго?

Дали има другарчиња? Со кого се дружи? Што прави со оние кои се наоѓаат во негова близина?

Што се случува на почетокот на оваа приказна? Како се дружи Нешто Друго со другите врсници?

**Второ ниво - изведување непосредни заклучоци**

Раскажувачот на текстот на оваа приказна ни вели:

*Кога ќе се обидеше да седне до нив или да им се придружи во игрите секогаш добиваше ист одговор:*

*„Извини. Не си како нас. Ти си нешто друго. Не ни припаѓаш баш.“*

На кого мисли раскажувачот во оваа приказна кога вели: „нив“?

Што мислиш, кој  направи нешто/постапка со своето однесување во текстот што ликот Нешто Друго посака да се повлече дома? Зошто мислиш така?

Ти го запозна ликот Нешто Друго, дали тоа суштество исто се чувствува на почетокот и на крајот на приказната?

Пронајди реченици во кои ќе покажеш како се чувствува на почетокот.

Пронајди реченици во кои ќе покажеш како се чувствува ликот на крајот на приказната. Кога ќе ги споредиш чувствата на Нешто Друго на почетокот и на крајот што заклучуваш?

**Трето ниво интерпретирање и интегрирање идеи и информации**

Кое е твоето мислење зошто суштеството се вика Нешто Друго? Како го дозна тоа? Пронајди барем две реченици во кои ќе го покажеш тоа?

На кого мисли раскажувачот во оваа приказна кога вели: тие или нив? Што мислиш ти, зошто тие немаат име? Посочи барем една реченица поради која го заклучи она што го одговори?

Што мислиш, кога настана промената за ликот Нешто Друго? Објасни го својот одговор зошто мислиш дека тој настан предизвикал промена кај Нешто Друго?

Опиши го суштеството кое е УШТЕ ЕДНО НЕШТО ДРУГО.

Опиши ги неговите чувства за време на посетата кај Нешто Друго?

Според тебе, зошто Нешто Друго на почетокот на средбата со своето другарче се однесува така?

Како можеш да ги објасниш овие реченици: „Го потсети Нешто Друго на нешто, но никако не му паѓаше на ум на што. И додека се обидуваше да си припомни, суштеството си замина."

Што мислиш што го потсетило Нешто Друго да појде по другарчето?

Си бил ли ти во слична ситуација? Што мислиш што го спасува другарството?

<u>**Четврто ниво - анализа на вреднување на содржината јазикот и текстуалните елементи**</u>

Дали во твојата околина има Нешто Друго? Дали може да кажеме дека Нешто друго е нешто блиско или нешто далечно? Зошто мислиш така? Дали и ти можеби си бил некогаш Нешто Друго?

Што, според тебе, беше нешто најважно за ликот Нешто Друго? Дали го постигна тој тоа? На кој начин?

Објасни со свои зборови што значат овие реченици од текстот: „ *Секој ги играше игрите што другиот ги знаеше и сакаше, или барем се обидуваа. Ужинаа еден со друг. Беа различни ама се согласуваа."*

Која од овие реченици сметаш дека е најважна, наведи барем две причини зошто мислиш така.

**Завршен дел**

Дискусија за заклучок

Опиши свое искуство за тоа кога си се чувствувал како Нешто друго или како би се чувствувал ако си нешто друго?

**Наставна единица: Анализа на извадок од романот „Киндер Квачка“ од Киро Донев (тема и идеја на прозен текст)**

Цели:

-чита со разбирање текст;

-определува тема и идеја на текст.

**Очекувани резултати:**

-одредува тематско-идејна основа на текст.

Воведен дел

„Градско петле“ – на село ...

Од градот до Монoблат, селото каде што живееја бабата и дедото на Иле, со автобус се патува помалку од два часа. Се зависи од тоа, колку патници ќе слезат, или ќе се качат на попатните станици. Други задржувања за време на патувањето, нема. Малиот патник тоа многу добро го знаеше, но овојпат му се стори дека патот му нема крај! Затоа со големо олеснување воздивна кога преку испрашениот прозорец на стариот автобус го здголеда селото, стркалано како огромно бело јајце сред зелениот килим распослан меѓу двете планински подножја.

„Конечно!“ си рече во себе. „Сигурно дедо се изначекал добро, но што можам јас кога овој полжав на тркала, како за инает овојпат застануваше на секои сто метри! Бетер е и од нашите градски автобуси !“

-Ти, малечок, беше за Моноблат, нели? – го тргна од мислите гласот на кондуктерот.

-Да...-кусо одговори, а откако се загледа околу себе, уште додаде: - Леле, па јас сум останал сосем сам?!

-Е, не ќе е баш така! Ами јас и мајсторов, каде сме? – сакаше да се пошегува кондуктерот.

-Добро, де ... сакав да кажам ... – почна да пелтечи момчето, но сега возачот го пресече: -...да не трошиме гориво само за тебе, а?

-...Право да ви кажам, од тука до селото и пеш побргу би стигнал, през поле преку нивите...не ми е првпат, го знам патот.

-Види, види, го чу ли ти ова мајсторе? Не само во ликот, туку и во јазикот е „плукнат" на дедо му !- забележа кондуктерот и седна на седиштето спроти него.

-Го познавате дедо ми? – малку се зачуди Илчо.

-Кој не го знае пензионираниот самјак? Еден е Илија Даскалот и во полските и во подградскине села! – му одговори возачот.

Момчето почувствува некаква топлина вио душата. Чувството на гордост го исполни неговото срце. Сакаше да каже уште нешто, но не успеа. Само се подизмести од седиштето, се поднакашла и толку...

-Поздрави го од нас! – продолжи возачот. –Ако уловил нешто деновиве, баба ти нека ни проготви вечера. Вечерва ќе ноќеваме во селото па не е чудо да ѝ бидеме и гости!

-Јас сум повеќе по питите! Ех, каква пита со спанаќ умее да меси баба ти! – дофрли сега и кондуктерот и си ги замазни долгите мустаќи небаре трга трошки од нив.

Додека така разговараа, Илчо не ни сети кога автобусот се најде сред село.

-За толку пари, толку возење, синко! – викна кондуктерот отворајќи му ја вратата- ајде рипај!

-Ние за волкот, а баба ти пред автобус! – си потера шега возачот – дедо ти пак заскитал некаде...

-Ајде бре, мајсторе, нозеве ми окапаа од стоење! Желка ли возиш или автобус? – се огласи бабта одејќи му во пресрет на внукот.

-Желка- зелка, не е важно, важно е што твоето градско петле ти го донесовме живо и здраво и тоа пред Велигден – на ист начин ѝ врети возачот.

-А, дедо, каде е дедо, бабо? – праша Илчо, поздравувајќи се.

- Тууу, како папокот да ти е врзан за него! Ајде поздрави се како што оставил господ, кажи ми како сте дома, како патуваше зошто не ја доведе и сестра ти...

-Долга приказна, бабо, дома ќе ти кажам сè....

Малку понастрана од местото каде што се паркираше автобусот, во близина на селската чешма обиколена со убава бела ограда, под жалната врба на долга клупа направена од дебела букова талпа седеа неколку старци, некои со бројници в раце, некои со луле в уста, некои потпрени на бастун, тука постојано „дежураа", ги чекаа и ги испраќаа автобусите речеси секој ден. Често на ова „збиралиште на селски ветерани со истечени гаранции", како што знаеја да дофрлаат младите, се водеа интересни вербални дуели меѓу оние што „безделничеа" и оние што одеа, или се враќаа од работа. Така се случи и овојпат....

Извадок од книгата „Киндер Квачка“

од Киро Донев

**Главен дел**

Дискусија

Кои ликови се сретнуваат во текстот? Каде се случува дејството? Како е претставен ликот на момчето кое патува? Преку кои реченици може да согледаш како се чувствува тој во текот на патувањето? Каде треба да стигне момчето? Кого треба да посети?

Дали почетокот и крајот на овој извадок се слични? Во што? Доколку сметаш дека се различни објасни го твојот одговор?

Какви се описите во почетокот и на крајот на овој извадок? Дали тие ја надополнуваат сликата која се создава со читањето на извадокот?

Како се одвива разговорот меѓу момчето и возачот и кондуктерот?

Направи опис на ликот на момчето. Користи информации од текстот за поткрепа на твојот опис.

Напиши твое мислење за насловот на овој извадок како и за вистинското негово значење.

**Завршен дел**

Примена на техниката *Учениците одлучуваат за одговорот.*

Наставникот поставува уште неколку прашања и остава учениците да одлучат за одговорот. Тоа овозможува учениците да ја оценат точноста на одговорт сами и да дискутираат за евентуалните грешки.

Направете резиме во една реченица за темата на овој текст?

Направете порака од патувањето на Илчо.

Напишете три клучни зборови кои го опишуваат Илчо, неговата баба и ликовите возач и кондуктер.

Дискутирајте за точноста на одговорите.



## ПОДРАЧЈЕ ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

**Наставна единица: Пишување писмо и пишување писмо до непознато другарче**

Цели:

- самостојно да пишува писмо,
- да пишува почитувајќи го редоследот на пишување (наслов, вовед, главен и завршен дел)
- да адресира ( улица и број, град, држава, поштенски број)
- да наведува точно име и презиме на примателот и испраќачот

Резултати:

- Самостојно пишува писмо со почитување на редоследот на пишување,
- Запишува точно име и презиме на примателот и адреса на живеење,
- Запишува точно име и презиме на испраќачот и адреса на живеење.

Подготовка: Во рамки на слободните ученички активности, учениците од картонска кутија изработуваат „поштенско сандаче“ и во договор со наставникот/чката го поставуваат на одредено место во училницата. (во виртуелната училница тоа се прави со помош на електронско сандаче).

Наставникот/чката им објаснува на учениците дека поштенското сандаче ќе го користат за повеќе намени. Во него ќе ставаат писма, честитки, покани, разгледници, пораки и сл. За таа цел заеднички се донесуваат едноставни правила за начинот на пишување и отворање на поштата. Учениците самостојно избираат за што ќе пишуваат (формата и содржината) Пишаниот материјал го адресираат и го ставаат во поштенското сандаче. Учениците од своите редови избираат еден ученик кој ќе ја има улогата на поштар. Тој во зависност од тоа до кого е упатена пратката ја распределува поштата до соучениците во одделението или ги носи до ПТТ, Македонски пошти.

**Вовед/Воведни активности:**

Со помош на техиката „Насочена фантазија“ наставникот/чката ги воведува учениците во содржината на песната. Тој/Таа ги замолува учениците да ги затворат очите и да замислат дека се градежници на кои им е дадена можност да изградат град, ја насочува нивната фантазија со давање предлози со кои што им помага на учениците да формираат слики за тоа што би сакале да има во градот на нивните соништа. На пр. Дадена ви е можност да изградите еден град. Што би сакале вие да има во него? По извесно време учениците добиваат можност да ги искажат своите замислени слики. Наставникот/чката ги запишува на табла/ Microsoft Whiteboard /пано и ...

Потоа од поштенското сандаче во училницата тој/таа извлекува писмо, го отвора и чита.

ПИСМО ОД ДЕЦАТА НА ГОЛЕМИОТ ГРАД

Добар чичко инженер,

проектирај солитер,

а пред него зелен дел,

да служи за наша цел:

за играње брканица

за играње криеница

за безбедна трчаница

топка и мешаница

Инженеру, чичко млад,

украси го мојот град:

проектирај парк со дрвца млади,

има кај нас кој сади,

и неколку клупи прости,

за нашите мудри гости –

дедовци со срца врели,

бабички со коси бели.

Инженеру, чичко млад,

прекрасен е мојот град,

но му треба воздух чист

расад млад и зелен лист,

затоа те молам пак –

цртај проект со мал парк.

Косара Гочкова

**Главен дел**

Се поведува разговор во врска со содржината на песната: *(доколку е работена во четврто одделение, учениците се прашуваат за нивните сеќавања во врска со песната)*

Што побарале децата од инжинерот?

Зошто им е потребен паркот?

Објанете ги стиховите: „Проектирај парк со дрвца млади, има кај нас кој да сади“

Каква е молбата на децата до инжинерот?

На кој начин децата ги искажале своите желби до инжинерот?

Се прави потсетување за тоа како се пишува писмо.

Како се започнува писмо?

Што се пишува во писмото?

Што треба да се напише на крајот од писмото?

Учениците врз основа на замислените слики и зборовите запишани на таблата, пишуваат писмо во кое му се обраќаат на инжинерот/градежникот и ги искажуваат своите замисли и желби за тоа како треба да изгледа местото во кое живеат.

**Завршен дел/завршни активности**

Наставникот/чката им ја соопштува на учениците точната адреса на одделот за урбанизам и проектирање во општината. Учениците ги адресираат своите писма.

За домашна работа

Наставникот дава насоки за пишување на писмо до непознато другарче (себепретставување, име и презиме, каде учи, одделение, омилени предмети, хоби и интереси, адресирање).

На вториот час посветен на наставната единица **писмо** наставникот и учениците ги слушаат и ја коментираат успешноста на напишаните писма. Преку анализата и коментарот учениците ги усвојуваат знаењата за пишување и испраќање писмо.

**Медиумска култура**

**Наставна единица: Музиката во театарските претстави**

Цели:

- да разговара за музиката во филмот и театарските претстави;
- да опишува лични чуства и доживувања во врска со музиката од филмот и театарските претстави;
- да воочува и одредува поврзаност на музиката со настаните и дејството во филмот и претставата.

Резултати:

- разговара за музиката во филмот/театарските претстави;
- опишува лични чуства и доживувања во врска со музиката од филмот/театарските претстави;
- воочува и одредува поврзаност на настаните и дејството во филмот/претставата со музиката.

**Воведен дел**

Преку техника на провокации, наставникот/чката ги потсетува учениците за гледаната театарска претстава „Волшебникот од Оз“ или за книгата „Волшебникот од Оз“ од американскиот писател Лиман Френк Баум. (Таа како изборна лектира се работи во четврто одделение.)

Техника на провокации

Оваа техника бара од наставникот да смисли некоја навистина необична изјава-провокација за која се знае дека во дадена ситуација и време не е точна. Изјавата треба да биде многу необична, да предизвика мисловен шок и да ги исфрли учениците од вообичаениот начин на мислење. Со прифаќањето на провокативната изјава здраворазумско расудување привремено се прекинува и се создаваат предуслови за осмислување на нови идеи.

Наставникот им вели на учениците „Луѓето ќе бидат без срце.“ Ова тврдење ги наведува учениците да размислуваат, како тоа е возможно, да замислат луѓе без срце, како тие би изгледале и како би функционирале.

Потоа наставникот поставува прашања со кои се разгледуваат сите аспекти на исказот.

Кои се последиците од оваа изјава? – Луѓето не би биле исти, тие не би можеле да живеат, ќе се претворат во роботи и машини.

Кои промени би се случиле кога таа изјава би била точна? – Луѓето без срце не можат да живеат, ќе нема луѓе на земјата.

Во кои посебни услови тоа би можело да се реши? – Во иднината, кога би се конструирала машина која би ја вршела работата на срцето.

Дали може да се сетите на некој лик од книга, театарска претсава или филм кој нема срце. На тој начин учениците го откриваат Лимениот човек, еден од ликовите во книгата/претставата/филмот.

**Главен дел**

Преку избрана видео снимка наставникот ги потсетува учениците на авантурите на девојчето Дороти и нејзините пријатели: Страшилото, Лимениот дрвосечач и Плашливиот лав.

https://www.youtube.com/watch?v=ZJ1WuKPPOgo&t=617s

Волшебникот од Оз - YouTube

„ВОЛШЕБНИКОТ ОД ОЗ„- детска претстава на ДДС „НЕВЕРЛЕНД„ - YouTube

https://www.youtube.com/watch?v=qCsvH2wL53I&t=17s (цртан филм)

Се поведува разговор во врска со следеното:

Каде се одвива дејството? Што има на сцената? Што може да кажете за првата сцена?

Што се случува понатаму?

Кои ликови се среќаваат? Кој ги толкува ликовите во претсавата?

Што може да кажете за музиката, каква е таа на почетокот од претставата/филмот?

Што воочивте каква е музиката додека ликовите говорат? Кога таа е најзастепена?

Што уште може да забележите?

Какви чуства предизвика музиката кај вас? На што ве поттикна?

Што ви остави најголем впечаток?

**Завршен дел**

Во завршниот дел на часот се поставува прашање во врска со наставната содржина.

Што би сакале да го прашате копозиторот на музиката, доколку тој е тука со нас?

Учениците добиваат неколку минути за одговор, по што следи споделување на неколку од нив.

**Наставна единица: Музиката во филмот/телевизиските емисии за деца**

Цели:

- да разговара за музиката во филмот /телевизиските емисии за деца;

- да опишува лични чуства и доживувања во врска со музиката од филмот / телевизиските емисии за деца;
- да воочува и одредува поврзаност на музиката со настаните и дејството во филмот/ телевизиските емисии за деца.

Резултати:

- разговара за музиката во филмот/телевизиските емисии за деца;
- опишува лични чуства и доживувања во врска со музиката од филмот/телевизиските емисии за деца;
- воочува и одредува поврзаност на музиката со настаните и дејството во филмот/телевизиските емисии за деца.

**Вовед:**

Воведниот дел започнува со гатанка.

Копче има капут не е,
прозор има куќа не е.
Штом го стиснеш копчето
ќе добиеш жива слика. (телевизор)

**Главен дел**

Се поведува разговор во врска со програмата која се емитува на ТВ. Колкав дел од програмата е посветен на децата/учениците, во кое време се емитува.

Кога последен пат сте гледале телевизија? Што беше тоа што го гледавте?

Кои телевизиски емисии се наменети за деца? Кои од нив ги гледате? Што ви се допаѓа во нив?

Набројте неколку телевизиски емисии за деца?

Потоа на учениците им се прикажува дел од телевизиска емисија за деца. Првото емитување учениците го проследуваат без звук а второто со звук. Следи дискусија за восприемањето и доживувањето на емисијата во однос на двете емитувања. Учениците ја согледуваат важноста на музиката во ТВ емисиите. Тие со помош на тениката Двокрилен прозорец ги искажуваат своите впечатоци, сознанија и доживувања. Во првата страна од прозорецот пишуваат за тоа што и колку разбрале кога емисијата ја следеле без музика, а на втората страна кога емисијата ја следеле со музика. Своите забелешки ги споделуваат со другарче, а потоа заеднички со целото одделение.

https://www.youtube.com/watch?v=KXO1LgT-SaA  - 5+Фамилија

https://www.youtube.com/watch?v=CfZyKNtl4WU – Дајте музика

http://play.mrt.com.mk/play/3032 -Бонтон

Завршен дел

Наставникот поставува прашање:

Дали изборот на музиката треба да влијае во изборот на емисија која ќе се следи?

Секој ученик индивидуално треба да размисли дали е ЗА, ПРОТИВ или ВОЗДРЖАН и ЗОШТО (со една реченица да го аргументира својот став.) Врз основа на одговорите учениците се делат во три групи: ЗА, ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ. Во име на групата еден претставник го изнесува ставот на групата и се труди со аргументи да го докаже и да ги убеди другите да го прифатат нивниот став.

Потоа секој ученик добива по еден лист со две ѕвезди и една желба, на кој што го запишува своето размислување во врска со ставот што го добил од другиот, му дава два аргументи (ѕвезди) и му ја запишува својата порака ( желба ) во врска со ставот на другиот. Потоа со помош на шифтата, секој го добива назад својот лист со ставот и со двете ѕвазди и една желба на накој свој соученик.

Дебатна техника




Домашна работа

Да проследат дел од програмата на телевизија и да истражат колку има емисии кои се наменети за деца, колку од нив се играни серии, анимирани или едукативни емисии.

Наставни единици за ТЕМА 6

| | **Наставни единици (по програмски подрачја)** |
|---|---|
| | **Јазик** |
| 1. | Хомоними |
| 2. | Деминутиви |
| 3. | Аугментативи |
| 4. | Вежби за правилна примена на хомонимите, деминутивите и аугментативите во говорот |
| 5/6 | Директен говор<br><br>Вежби за директен говор |
| 7. | Индиректен говор |
| | **Читање, литература и лектира** |
| 1/2. | Поетска слика и рима во песна |
| 3/4 | Вежби - анализа на лирска песна со откривање на поетска слика, рима |
| 5/6 | Повторување за елементите на лирската песна преку анализа на песни |
| 7. | Творење лирски песни |
| | **Изразување и творење** |
| 1. | Известување за настан |
| 2/3 | Вежби за пишување известување за одржување на еден настан (изработка на книга на паралелката) |
| | **Медиумска култура** |
| 1/2 | Организирање и изведување драмска игра |

ПОДРАЧЈЕ ЈАЗИК

**Наставна единица: Хомоними (зборови со иста форма, а со различно значење)**

Цел/и:

- да го знае значењето на хомонимите;

- да ги препознава хомонимите во реченица.

Очекувани резултати од учењето:

- знае дека хомонимите се зборови со иста форма, а со различно значење;

- ги препознава хомонимите во дадена реченица, текст или усно искажани.

Според лексичките значења, зборовите се делат на: синоними, хомоними, антоними и пароними. Во ова одделение предвидено е учениците да се запознаат со хомонимите, а со останатите лексички значења според кои се делат зборовите, учениците ќе се запознаат во погорните одделенија.

Хомонимите се зборови кои имаат иста форма, а различно значење. Тие се поврзуваат помеѓу себе само со еднаквиот изговор или пишување, а не според некоја значенска врска.

Вовед

Во воведниот дел од часот наставникот на еден неформален начин на учениците им соопштува две реченици во кои го употребува зборот глава. Првата реченица гласи: „Јас сум глава на семесјството“, а втората реченица гласи „Немам ниту едно бело влакно на мојата глава“. Наставникот од учениците бара да ги споредат двете реченици, да го најдат истиот збор по форма кој е употребен во нив и да одговорат дали тие два исти збора по форма имаат исто значење.

Откако учениците ќе одговорат, наставникот на учениците им дава дополнително објаснување дека во првата реченица зборот глава има значење, односно го објаснува најстариот член на семејството, којшто се грижи за останатите членови од семејството, а во вториот пример зборот глава има значење за дел од човековиот труп.

Главен дел

Наставникот на учениците им задава задача во одредени реченици да ги пронајдат хомонимите и да го објаснат нивното значење.

1.

- Најголемиот цицач кој живее на нашата планета се вика кит.
- Наставникот побара да донесеме кит од кој ќе изработуваме фигури.

2.

- Дедо ми остана без коса на главата.
- Од сите алатки Андреј е највешт со коса.

3.

- Заборавив да земам блок за часот по ликовно образование.
- Ана живее во блок згради кои се наоѓаат покрај реката Вардар.

4.

- Падна последниот лист од стариот даб.
- Орхан на бел лист напиша писмен состав.

Откако учениците ќе завршат со работната задача, односно ќе ги пронајдат хомонимите го објаснуваат и нивното значење.

Наставникот им објаснува на учениците дека вистинското значење на зборот го дознаваме кога тој е употребен во реченица или текст.

Завршен дел

Во завршниот дел од часот наставникот ги дели учениците во парови, а потоа од секој поединец од парот бара да каже по еден збор ист по форма, но со различно значење. Откако ученикот ќе го каже зборот, другиот член од парот треба да го употреби во две реченици во кои зборот ќе има различно значење. Потоа учениците ги заменуваат улогите.

Домашна работа

На самиот крај од часот наставникот на учениците им задава домашна работа со барање според дадената фотографија да напишат писмен состав со наслов „И дожд и град“ во кој ќе употребат најмалку три хомоними.



**Наставна единица: Деминутиви**

Цел/и:

- да го знае значењето на деминутивите;

- да ги препознава деминутивите во реченица.

Очекувани резултати од учењето:

- ги препознава деминутивите во дадена реченица, текст или усно искажани.

- користи деминутиви како зборови со кои се искажува нешто што е мало или мило.

Од една или друга причина кон некои лица, животни и предмети се однесуваме умилно, со галовен тон. Обично таков однос имаме кон нешто мало и мило. На пример ќе кажеме: детенце, пиленце, раче, раченце, маче, маченце, кученце и сл. Овие зборови ги нарекуваме деминутиви, со нив се искажува смаленост или галовност (ако именката има значење само на галовност, тогаш тоа е хипокористика).

Вовед

Наставникот часот го започнува преку техниката „Т-табела“. Од учениците бара да нацртаат Т-табела каде од левата страна ќе ги напишат именките: град, нос, рака, маса, вода, а од другата страна како истите именки ја менуваат формата кога се искажани во смалена или мила форма.

| Основна форма | Деминутивна форма |
| --- | --- |
| град | |
| нос | |
| рака | |
| маса | |
| вода | |

Наставникот со поттикнувачки прашања го води разговорот за табелата.

Главен дел

Разговор

- Како ги нарекуваме малите деца кога им се обраќаме?
- Како ги нарекуваме малите животни кога им се обраќаме?
- Како ги нарекуваме малите инсекти кога им се обраќаме?

Од учениците се очекуваат следните одговори (или слични на нив)

На првото прашање: детуле, детенце, сестриче, момченце итн.

На второто прашање: зајче, маченце, меченце итн.

На третото прашање: пеперутче, пајаче, гасениче итн.

Во нашиот јазик има приличен број наставки за изведување на деминутиви. Во народните говори овие именки се во почеста употреба, отколку во литературниот јазик.

1. Деминутиви образувани од именки од машки род:

    -че: град – гратче (среден род), столче, лепче, братче, запче и др. Со оваа наставка добиваме деминутивна именка што искажува смаленост во физичка смисла.

    -енце: брат – братенце, прст- прстенце, нос – носенце и сл. Овој вид именки искажуваат смаленост во поголемо количество.

    -уле: носуле, прстуле, вратуле и др.

2. Деминутиви образувани од именки од женски род:

    -че: лисиче, кравче, ливатче, масиче и др.

    -е: раче (од рака), ноже, моме и др.

    -ичка: душичка, вратичка, водичка, и др.

    -ка: рипка, лединка, рамнинка, чистинка, долинка и сл.

    -енце: ноженце, раченце и сл.

3. Деминутиви образувани од именки од среден род:

    -це: селце, тркалце, зрнце и др. Со нив се искажува смаленост во физичка смисла.

    -уле: јагнуле, детуле, дрвуле и сл.

    -енце: јагненце, теленце, кученце, јаренце и др.

Со оглед на возраста и развојниот период на учениците, се предлага учениците да бидат запознати само со одреден број наставки, и тоа: -е, -че, -уле и –енце.

Наставникот на учениците им дава задолжение да напишат по една именка во деминутивна форма каде ќе бидат употребени наставките: -е, -че, -уле и –енце.

Завршен дел

Во завршниот дел од часот наставникот на учениците им заадава четири реченици во кои тие треба да ги најдат именките употребени во деминутивна форма.

1. Под старата круша видов едно мало еже.
2. На прозорецот ми долета едно бело гулапче.
3. Малото бебе има многу слатко носуле.
4. Бојан имаше маченце кое сите го сакавме.

Домашна работа

На самиот крај од часот наставникот им задава домашна задача да напишат кус состав во кој ќе ги употребат деминутивите од следните именки:  облак, петел, пиле, кокошка, двор, мачe, куче.

**Наставна единица: Агументативи**

Цел/и:

- да го знае значењето на агументативите;

- да ги препознава агументативите во реченица.

Очекувани резултати од учењето:

- ги препознава агументативите во дадена реченица, текст или усно искажани како зборови со кои се искажува зголеменост, подбив.

Од една или друга причина кон некои лица, животни и предмети се однесуваме со подбив или омаловажување. Доколку се случи некој да нѐ удри со рака, или ако кучето нѐ каснало или ако детето е немирно, обично се случува да го промениме својот однос и тон и да речеме: рачиште, детиште, кучиште и сл., т.е. ќе употребиме именки со кои искажуваме подбив, презир и сл. Овие зборови со кои се искажува зголеменост, подбив и одвратност ги нарекуваме агументативи (ако именката означува нешто за подбив, грдо, тогаш тоа е пејоратив).

Вовед

Во воведниот дел од часот наставникот на учениците им покажува четири фотографии и бара она што е содржано на секоја од фотографиите, именката, да ја прикаже во форма со која се искажува нешто зголемено, со подбив, со презир.



Рачиште



Куќиште



Носиште

 Кучиште

Главен дел

Во главниот дел од часот наставникот истакнува неколку зборови: вратиште, носиште, мажиште, жениште, детиште, главиште, бунариште, ножиште, градиште, селиште.

Потоа посочува дека сите презентирани примери завршуваат со наставката –иште. Со оваа наставка се образуваат голем број агументативни форми и тоа од именки од сите три рода. Агументативните именки образувани од именки од машки и женски род, при изведувањето го менуваат родот и минуваат во среден род. Како потврда, неколку примери:

бунар (машки род) – бунариште (среден род)

глава (женски род) – главиште (среден род)

Покрај наставката –иште, за агументативни форми на именка може да се употребат и наставките –ина (ѕверетина, мажетина) и –етана (мажетана).

Разгледувајќи ги агументативите образувани со најпродуктивната наставка за вакви образувања, доаѓаме и до заклучок дека со нив, покрај зголеменост, се искажува често и грубост, подбивност, презир или одвратност.

Наставникот задава задача каде посочува пет именки и од учениците бара да ги претстават со нивната агументативна форма.

метла ____________________

човек ____________________

крава ____________________

дол ____________________

рид ____________________

Завршен дел

Во завршниот дел од часот наставникот задава пет реченици во кои учениците треба да ги пронајдат агументативите.

1. Едно големо зајачиште на дедо ми му ја изеде целата нива со зелка.
2. На крајот од селото имаше едно старо куќиште.
3. Киклопот имаше едно страшно очиште.
4. На малиот прст човекот имаше одвратно ноктиште.
5. Во кошницата на рибарот имаше едно рибиште.

На самиот крај од часот, наставникот на учениците им задава домашна задача каде од нив се бара самостојно да напишат кус состав со наслов „Селскиот двор“ во кој ќе употребат агументативи. Како мотив наставникот им посочува фотографија која ќе ги поттикне при пишувањето на составот.



**Наставна единица: Вежби за правилна примена на хомонимите, деминутивите и аугментативите**

Цел/и:

- да знае правилно да ги употребува во усната и писмената комуникација хомонимите, деминутивите и агументативите.

Очекувани резултати од учењето:

- ги применува хомонимите, деминутивите и агументативите во своето изразување.

На минатите часови учениците се запознаа со: хомоними, деминутиви и агументативи. Овој наставен час е наменет за вежби, за правилна примена на хомонимите, деминутивите и агументативите.

За хомонимите беше кажано дека тие се зборови кои се исти по звук и правопис, но се разликуваат по своето лесксичко значење.

На учениците им задаваме три вежби поврзани со хомонимите:

- Како се викаат истакнатите зборови во примерот:

  Грешно напишаниот збор го избришав со **гума.**
  Ми пукна **гума** на автомобилот.

- Употреби ги зборовите **час, пита** и **јазик** во посебни реченици во кои овие зборови ќе означуваат различно значење.

- Употреби го зборот **лак** во реченици каде ќе го покажеш неговото различно значење.

Како се викаат овие зборови? ___________________________________

Во понатамошниот дел од часот наставникот на учениците им кажува за важноста и потребата од чиста средина за живеење и нејзиното големо значење по здравјето на човекот, растенијата и целиот жив свет на нашата планета. Наставникот на учениците им кажува дека од нив ќе побара во извадокот „Белото гулапче", кој токму зборува за оваа проблематика, да ги најдат зборовите за кои учеле на минатите часови, а тоа се деминутивите и агументативите.

„Славчо е тажен. Со наведната глава седи на балконот. Од замисленоста ненадејно го оттргнува гласот на едно бело гулапче.

- Шти ти е, драго детенце, зошто си тажно?
- Остави ме, те молам, лесно ти е тебе, излегуваш кога сакаш, се шеташ каде ти е волја, а мене? Мене не ми дозволуваат да ја преминам улицата. Ми велат сообраќајот бил густ, би можело нешто страшно да ми се случи! – му вели Славчо.
- Е, мило мое, мене мислиш ми е лесно. Навистина имам слобода, крилја за летање, но родителите се загрижени за мене. Откако моето братче го најдовме отруено во фабричкиот двор, родителите не ми дозволуваат да се шетам во индустрискиот дел од градот А јас сум многу љубопитно па често летнувам и таму високо над оџаците.

Летам дури дотаму каде не успева да достигне чадиштето. Но, што ми се случува? Кога си одам дома, мајка ми веднаш ме препознава.

- Пак си летал низ тоа отровиште, пак белите пердувчиња ти поцрнеле, а вчера те чистев и миев! Дојди ваму да те измијам! И само ме мие, ме трие,

  а водата црна како да сум се протнал низ најцрни оџачишта. И ете, драго пријателче, белината на моите пердуви постојано исчезнува, сјајот им се губи...“

Ѓорѓи Прчков

Откако учениците ќе го прочитаат извадокот наставникот на учениците им поставува две прашања:

1. Со кои зборови авторот на овој текст искажал милост кон предметите и суштествата за кои говори?
2. Со кои зборови, пак, тој искажал одвратност кон загадувачите на чистата човекова средина?

- Наставникот за овој час предвиден за вежби на учениците им задава еден табеларен приказ каде во средината се наоѓаат именки во нивната основна форма, а од учениците се бара тие именки да ги претставаат во деминутивна и агументативна форма.

| Деминутивна форма | Основна форма на именката | Агументативна форма |
|---|---|---|
| | гулаб | |
| | прстен | |
| | глава | |
| | езеро | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | дете | |

**Директен и индиректен говор**

- Кога ги пренесуваме зборовите на говорникот така како што се кажани, при тоа издвоени со соодветни интерпункциски средства (црта или наводници), велиме дека употребуваме **директен говор**.

- Директниот говор се воведува со **најавна реченица или фраза**. Втор начин на поврзување на директниот говор е логичката врска со остатокот од текстот, при што веднаш по директното пренесувањето на зборовите на говорникот следува излезна реченица, одвоена со соодветен интерпункциски знак (црта, наводници или запирка). Излезната реченица ни соопштува кој зборува. Поретки се случаите кога реченицата што соопштува кој зборува се вметнува во средината на директниот исказ (цитатот).

- Еве една реченица на францускиот претседател Саркози, што ќе ја пренесеме во директен говор, на наведениве начини.

- Францускиот претседател Николас Саркози изјави: *„**Европа мора да биде носител на идеите за измени на основите на светскиот капитализа**“.* Тоа е првиот начин – најавната реченица соопштува кој зборува. Наводниците можат да се заменат со црта, но тогаш цитатот мора да почне во нов ред и со него параграфот мора да заврши.

- Вториот начин е кога наместо најавна, имаме излезна реченица од цитатот. „***Европа мора да биде носител на идеите за измени на основите на светскиот капитализам***“, изјави францускиот претседател Николас Саркози. Ако се

определиме за црта наместо за наводници, тогаш цитатот и излезната реченица се разделуваат со црта.

**Индиректен говор** е пренесување туѓи зборови на тој начин што се менува морфолошката и синтаксичката структура на реченицата, а содржината останува иста или приближно иста. Таквата реченица содржи главна реченица, т.н. **вербум диценди**, во која нараторот соопштува кој зборува, а кон неа, во облик на **зависна реченица**, се надоврзуваат зборовите што ги пренесуваме. За разлика од некои други јазици, македонскиот јазик е погоден за употреба на индиректен говор, зашто освен некои помали синтаксички интервенции, не се наложуваат позначајни морфолошки промени во исказот.

Од стилистички аспект, важно е да се нагласи дека пренесувањето на директниот говор има големо значење во нашиот исказ. Директниот говор придонесува тој да биде жив, веродостоен, уверлив, силен. Директните искази треба да се приспособат на развојот на текстот, да се пласираат одмерено и навремено, тогаш кога е потребно да се актуализира дејствието, да се засили основниот конфликт, да се подигне нивото на драмска напнатост и да се постигнат други стилски ефекти. Од друга страна, цитатите не треба да го задушат текстот и во нив да бидат пренесувани информации од второстепено значење, кои вообичаено се пласираат во парафрази.

**Во цитатите пренесуваме мислења, ставови, емоции**

Од последново произлегува уште една важна карактеристика на цитатите, особено на тие во новинарското изразување – **во директен говор (во цитати) ги пренесуваме мислењата, ставовите и емоциите на говорникот**.

**Правила за употреба на другите интерпункциски знаци во директниот говор**

- Кога пред директниот говор има зборови што го појаснуваат, излезните наводници се пишуваат по знакот точка.

На пример:

Марија му рече: „Врати се порано."

- Излезните наводници се пишуваат и по прашалник, извичник и три точки.

На пример:

„Дојди!" — викна Петре. „Зошто не доаѓаш?"
„Не можам, заглавен сум..." — одговори Митре.

- Кога објаснувачките зборови следуваат по директниот говор , по него се ставаат или запирка или прашалник или извичник или три точки, а потоа се пишува црта. (Не може да се стават два интерпункциски знака, и прашалник и запирка. Запирката се пишува во исказните реченици, а не точка зашто реченицата продолжува.)

На пример:

— Влези слободно, — му рече бабата.

- Запирката може да ја употребиме наместо црта кога употребуваме наводници, па директниот говор може да се напише на два начина.

На пример:

„Влези слободно“ — му рече бабата.

„Влези слободно“, му рече бабата.

- Ако директниот говор е разделен со објаснувачки зборови, тогаш зад првиот дел се пишува запирка, извичник, прашалник, три точки, па се пишува црта.

а) По објаснувачките зборови се пишува точка, а потоа црта ако првиот дел од директниот говор претставува завршена мисла.

На пример:

— Влези слободно. — му рече бабата.

б) По објаснувачките зборови се пишува само црта ако првиот дел од директниот говор е незавршена мисла.

На пример:

— Влези слободно — му рече бабата — и седни си каде сакаш.

Ако употребиме наводници, примерот ќе биде вака:

„Влези слободно — му рече бабата — и седни си каде сакаш.“

Или:

„Влези слободно“, му рече бабата, „и седни си каде сакаш.“

- Ако едноподруго во ист ред се наведуваат неколку реплики без да се нагласи од кого се изречени, тогаш секоја од нив се одделува со наводници и секоја од нив се одделува со црта.

На пример:

„Влези слободно.“ — „Каде  да седнам?“ — „Седни си каде сакаш.“ — „Благодарам.“

Знаци за директен говор се наводници и црта (тире).

- Црта се пишува кога директниот говор започнува во нов ред:

На пример:

— Кога ќе се вратиш? — праша мајката.

**Наставни единици:**

1. Директен говор
2. Вежби за директен говор
3. Индиректен говор

**Цели:**
• да стекне поим за директен говор;
• да стекне поим за индиректен говор;
• да прераскажува со помош на индиректен говор.

**Резултати од учењето:**

- разликува и идентификува искази со директен говор;
- прераскажува со помош на индиректен говор;
- правилно ги користи интерпункциските знаци за бележење на директниот говор.

**Критериуми за успех:**

- учество на ученикот во активностите;
- селектира познати и непознати зборови во текст;
- прашува за текстот и одговара на поставени прашања за содржината текстот;
- ја коментира и ја прераскажува содржината на текстот;
- има креативен пристап во давање сопствени примери.

**Предлог – активности**

- Активности за усвојување на поимот за директен говор.
- Активности за усвојување на поимот за индиректен говор.
- Вежби за трансформација на индиректниот во директен говор и обратно.
- Пр. вежба: Еден ученик кажува еден исказ во директна форма, друг ученик бележи што говори првиот; вториот ученик го прераскажува исказот на првиот ученик со употреба на индиректен говор.
  Другите ученици ја одредуваат формата на говорење откако ќе ги слушнат и двајцата ученици.

 

**Воведна активност:** Помагамваму, помагам таму

Учениците се делат во групи од 4-6 члена. Секоја група добива по еден примерок од работниот лист „Помагам дома“. Групите добиваат работна задача да го пополнат работниот лист така што ќе наведат повеќе начини на кои тие или нивните соученици им помагаат дома на останатите членови на семејството или како другите членови на семејството ним им помагаат. Една група  ги презентира одговорите „Дома помагам ...“, а друга група ги запишуваат одговорите така што внесува мали измени и појаснување информирајќи ги сите како нивните другари и другарки помагаат дома. Наставникот ги запишува во скратена форма одговорите од групите во две колони под насловите „Помагам дома“ и Кажаа дека дома им помагале на .../кога...“.



**Дискусија со учениците**

1. На кого му помагаме дома? Како?
2. Кој ни помага дома? Од кого може да очекуваме помош?

3. Дали откривте некои начини на помагање што не сте ги користеле досега?

**Главен дел:**

**Кога јадењето е добро**

Пред работата во градината



**По работата во градината**




Објасни зошто на девојчето за време на ручекот јадењето не му било вкусно, а зошто јадењето за време на вечерата му било сосем поинакво, повкусно.

На првата илустрација е претставен разговорот на мајката и нејзината ќерка за време на ручекот, а на втората илустрација за време на вечерата. Нивните зборови се напишани точно така како што ги искажале.

Што рекло девојчето, а што неговата мајка? Наставникот бара од учениците да ги прочитаат нивните зборови по улоги. При тоа им нагласува да ги подражаваат/имитираат и девојчето и неговата мајка.

Од реализираната активност учениците уште еднаш ќе се уверат дека зборовите на девојчето и неговата мајка се наведени точно онака како што ги изговориле тие, без никакви измени, па затоа се заклучува дека нивниот говор е предаден точно и директно.

**Директен е оној говор кога точно се пренесуваат (усно или писмено) зборовите или мислите на лицето што ги зборува или зборувало.**

**Меѓутоа, при усното или писменото изразување на мислите, чувставта, желбите, потребите и сл., многу често своите зборови или зборовите на другите не ги предаваме во оригинална форма, односно директно, туку вршиме помали или поголеми измени, додавајќи нови зборови што служат за појаснување.**

На пример: За време на ручекот девојчето ѝ рекло на мајка си дека не сака да јаде,

бидејќи јадењето не било добро. На тоа мајката му рекла да не јаде ако јадењето не му е добро. На прашањето дали има нешто друго за јадење, мајката одговорила дека нема друго јадење и додала дека за вечера ќе биде поставено истото јадење. Откако се изморило од работата во градината, девојчето ѝ рекло на мајка си дека е гладно, а таа одговорила дека јадењето е готово и дека наскоро ќе вечераат. Кога јадењето било поставено на масата, девојчето рекло дека тоа е сосем друго, повкусно јадење. Мајката му одговорила на девојчето дека тоа е истото јадење, но тогаш му се чинело повкусно, затоа што работело во градината, па огладнело.

Во погоре наведените реченици, зборовите на мајката и девојчето се предадени во изменета форма, односно индиректно, па затоа ваквиот говор се вика индиректен говор.

**Индиректен е оној говор што се пренесува индиректно, односно со помали или поголеми измени на зборовите или мислите на лицето што ги зборува или зборувало.**

**При писменото изразување многу често се служиме и со директен и со индиректен говор. Во таквите случаи треба да внимаваме на следниве интерпункциски знаци.**

- Со наводници се обележуваат зборови, изрази, реченици и состави од реченици. Влезните наводници („) се пишуваат долу во почетокот, а излезните наводници (“) горе на крајот на исказот, цитатот, директниот говор и сл. Наводници се пишуваат кога се издвојуваат цитати, нечии искази што се претставуваат директно, онака како што се искажани или напишани: **Таа застана во дворот и праша: „Има ли некој во оваа куќа, чекате ли гости?“**
- Наводници се ставаат пред почетокот и на крајот на исказот кога директниот говор не почнува во нов ред: **Вечерта Марија го прекори: „Доста е. Треба да мислиш на својата иднина!“**
- Кога пред директниот говор се наоѓаат зборови што го појаснуваат исказот, излезните наводници се пишуваат по знакот точка: Вечерта Марија го прекори:

„Доста е. Треба да мислиш на својата иднина.“ Велика му рече: „Не можам да живеам повеќе вака.“

- При писмено пренесување, директниот говор се обележува со наводници или со црта (тире).
- Црта се пишува кога директниот говор почнува во нов ред:

  – Има лаги, шума од лаги, но вистината секогаш си го пробива патот, – вели баба Николина.

**Активност за индиректен говор**

- **Задача:** Прочитајте ја народната приказна „Бељата е во торбата“, напишана на два различни начини и определете ја разликата.

**Прв начин:**

Еден селанец крај патот видел убава градина. Во неа растел голем праз. Селанецот си рекол: „Зошто дома да си одам празен? Сега е ноќе, нема кој да ме види. Ќе ја наполнам торбава со праз....“

Влегол во градината, искорнал праз и само што го ставил празот во торбата ете ти го стопанот:

- Еј, бре! Шти бараш ти тука?

  Селанецот одговорил:

- Туку ме навеа ветрот!
- А што ти е тоа во торбата? – прашал стопанот.

Селанецот бил фатен во кражбата и лагата, па нажалено одговорил:

- Е, во торбата е бељата.

**Втор начин:**

Еден селанец крај патот видел убава градина. Во неа растел голем праз. Селанецот си рекол зошто да оди дома празен. Сега е ноќ, немало кој да го види. Ќе ја наполнел торбата со праз.

Влегол во градината, искорнал праз и само што го ставил празот во торбата еве ти го стопанот.

Тој го прашал што бара во градината. Селанецот му рекол дека ветрот го навеал.

Стопанот пак го прашал за да му каже што има во торбата.

Селанецот бил фатен во кражбата и лагата, па рекол дека во торбата била бељата.

- **Задача:**

а) Прочитајте ги **оригиналните искази** (онака како што ги изговорило лицето) и разговарајте како се напишани?

б) Прочитајте ги истите **реченици кои се пренесени со извесни промени** и разговарајте како се напишани?

Ако туѓите или нашите зборови ги пишуваме онака како што се изговорени – оригинално, тоа е **директен говор.**
**Директниот говор се обележува со наводници или со црта (тире).**
Ако пак туѓите или нашите зборови ги пишуваме со извесни промени без да ја менуваме содржината тоа е **индикректен говор.**

**Научивме...**

**Директен говор е точно наведување на туѓите мисли.**

**Утрово мајка ми рече: „Денес ќе правам торта“.**

**зборову за појаснување,**
**зборови на раскажувачот + директен говор**

**Индиректен говор е оној говор кога туѓите мисли и чувства пренесуваме со свои зборови. (туѓите мисли се изменети во формата, но се со иста содржина.**

**Утрово мајка ми рече дека ќе прави торта.**

- Претвори ги рецениците од индиректен во директен говор:

Дедо ми вика дека му е лошо.
________________________________________
Наставничката по англиски јазик рече дека денес ќе правиме диктат.
________________________________________
Сосетката им се пожали на своите ќерки дека нема пари.
________________________________________
**Напиши ги правилно рeчениците во директен говор:**
Денес се чувствувам убаво! рече Неда.
________________________________________

Тато ја замоли мама молим те подај ми ја корпата со леб.

Повели Милане рече мама и му ја подаде корпата со леб.

**Претвори ги реченициите во индиректен говор**:

„Баш е убав филмов!“ – рече Игор.

**„**Во животот не сум јадеја толку вкусна сарма“ – рече мајка ми.

- **Состави 4 реченици во коишто ќе употребиш директен говор. При тоа внимавај при употребата на интерпункциските знаци.**
- **Преформулирај ги реченициите што се подолу запишани така што од реченици со индиректен говор ќе составиш реченици со директен говор.**

1.Баба ми вели дека не е сè во парите.
2.Заклучив дека животот е убав.
3.Татко ми рекол дека се гордее со нас.

Која е разликата помеѓу директен и индиректен говор?

Во директен говор, секоја изјава ги задржува своите карактеристики - синтаксички, лексички и стилски. Со зборовите на авторот, тој е поврзан само со интонација и значењето, додека останува самостојна градба. Ако зборуваме за реченици со индиректен говор, тогаш авторот пренесува нечиј говор без неговите синтаксички, стилски и лексички карактеристики, со што само содржината на изјавата останува непроменета. Покрај тоа, во зависност од целите на авторот и контекстот, изјавата може да се промени.

**Да ги разгледаме подетално реченициите со директен говор.**

Иван рече: „Ајде брзо да ја исчистиме просторијава и да одиме во паркот!“
„Топло е надвор денес“, рече Ана.
„Се чини дека пролетта конечно пристигна“.
„Дали сакате чај?“ - ги праша гостите Даниел.

**Сега ќе се обидеме да ги реформираме истите овие реченици на таков начин што наместо директен говор тие ќе бидат трансформирани во индиректен:**

Иван понудил брзо да се заврши со чистењето на просторијата и да одат во паркот.
Ана забележа дека стана невообичаено топло на улица и дека пролетта пристигнала.
Даниел ги прашал гостите дали сакаат чај.

**Размислете за слични реченици со директен говор.**
Примери може да изгледа вака:
Ања рече: „Читав интересна книга".
Библиотекарот праша: „Дали ја прочитавте книгата што ја зедовте пред една недела?" Дима извика: „Никогаш не сум прочитал поинтересна приказна во мојот живот!"

**Како и секогаш, директен говор започнува со наводници.**
Примери што можат да се дадат во овој случај:
„Ајде да купиме букет цвеќиња", предложи Лена.
„Баба многу ја сака оваа услуга", рече Роман.
Ако зборуваме за постапката за изградба на реченица со директен говор, тогаш тоа не е важно, бидејќи зборовите на авторот можат да бидат по директен говор или да застанат пред неа.
Еве еден пример:
„Можете ли да ми кажете каде е аптеката?" праша странецот.
Јас одговорив: „Поминете еден блок и ќе има аптека".
„Ви благодарам многу!" – ми се заблагодари на странецот.
Гледаме дека во првата реченица зборовите на авторот се по директен говор, но во втората реченица пред директен говор.

Вежби

- Составете реченици во кои зборовите на авторот ќе се појават на крајот на реченицата.
- Најдете кратка приказна во која директниот говор и зборовите на авторот се на почетокот на реченицата и на крајот.

Кога пишувате реченица со директен говор, треба да се запомни дека директен говор секогаш се пишува во наводници, а првиот збор на директен говор мора да се капитализира.
Исто така, треба да се запомни дека на крајот на директен говор, пред зборовите на авторот, во зависност од реченицата, мора да ставите запирка, извичник или прашалник: **„П" – а. „П?" – а. „П!" – а**.

Домашна работа

1. Користејќи ги горенаведените дијаграми (примери), изнесете ги вашите предлози заедно со предлозите од вашиот наставник и запишете ги на таблата.
2. Изберете реченици со директен говор од познати бајки и народни приказни и направете дијаграми на овие реченици („П“ – а. „П?“ – а. „П!“ – а).
3. Кои интерпункциски знаци има во овие реченици? Обидете се да објасните зошто овие реченици се користат во реченицата.
4. Прочитајте ги речениците внимателно и трансформирајте ги за да бидат искажани со индиректен говор.

**Рефлексија**

5. Што правевме денес?
6. Како се чувствувате? Заедно со своето другарче направете цвет од чувста со помош на стикери.
7. Што научивме?
8. Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? Наброј три примери.

## ПОДРАЧЈЕ ЛИТЕРАТУРА

**Наставна единица: Поетска слика и рима во песна**

**Цели:**

-да анализира песна преку поетски слики;

-да препознава и разликува рими.

**Резултати од учењето:**
-препознава поетска слика
-коментира рими и твори рими по аналогија од примерите во песната.

**Воведен дел:**

Активност: Наставникот дава задача учениците да замислат што се случува во месецот април и да го опишат со три зборови, а кои ќе се поврзани со она што го гледаме во месецот април во природата, она што го слушаме и она што го мирисаме.

**Главен дел од часот**

**Активност - изразно читање на песната**

**Април**

Април во бел цут спие,

распослан на првата височина

детското оро во својата длабочина,

тајна на прва љубов крие.

Миле на Маре ѝ подари цвеќе

набрано кришум во школски двор.

од збунетост не кажа ни збор,

а колку е, колку е среќен!

Маре во лице доби руменило,

немаше потреба од друг одговор.

Таков молчалив разговор

ништо не би го заменило.

Маре го држи цвеќето в рака,

Убавината на април од него се точи,

Милевото око од Љубов се дрочи.

Љубов е кога некој кришум се сака.

Април во бел цут спие,

распослан на првата височина.

Детското око во својата длабочина

тајна на прва љубов крие.

**Методи Манев**

**Дискусија**

- Што мислиш зошто оваа песна се вика *Април*?
- Кому му се посветени стиховите?
- Избери по еден збор кој ти се допаѓа најмногу во секоја строфа, објасни зошто ти се допадна тој збор?
- Поетските слики се целини во поетска творба. Дали има овде повеќе поетски слики? Наброј ги и објасни ги. Која ти остава особен впечаток?
- Римите се често присутни во поезијата, особено во поезијата за деца, има ли во оваа песна рими? Наброј ги.

Што мислиш каква би била песната доколку нема рима?

Активност: Вежби за рима

Учениците ја читаат песната самостојно и ги препознаваат и обележуваат римите.

**Цвеќенце драго**

Цвеќенце – насмевко лична

сплети ми лулка од сонце,

јас ќе ти подарам, драго

песна од сребрено ѕвонче.

Ако ме послушаш, мило,
јас ќе те мијам со роса
и како украс од злато
сам ќе те закитам в коса.

Цвеќенце, цвеќенце драго
сплети ми лулка да спијам,
нежност од твојата чашка
и на сон сакам да пијам!

**Стојан Тарапуза**

**Завршен дел од часот:**

Учениците играат игра во парови, едниот кажува збор, а другиот од парот кажува збор кој се римува. Потоа се менуваат. Римите ги запишуват и се споделуваат во одделението.

Рефлексија:

- Како се чувствувавме на часот, дали ни беше интересно тоа што го читавме?
- Што научивме?
- Дали знаеме да го примениме она што го читавме и разговаравме? Каде можеме да го примениме?

**Наставна единица: Вежби - анализа на лирска песна со откривање на поетска слика и рима**

**Цели:** да знае да определи поетска слика и рима во лирска песна

**Резултати од учењето:**

-определува поетски слики и рими во лирска песна

**Воведен дел:**

Наставникот користејќи ја техниката Минута работа бара од учениците индивидуално, за време од една - две минути, да се сетат и да си запишат што знаат за реката Вардар. Запишаното го споделуваат во одделението.

**Главен дел**

Наставникот ги поделува учениците во групи и им дава задачи кои ги завршуваат по дадениот редослед :

- да ги најдат сите именки и сите придавки во песната;

- да ги издвојат необичните украси (придавки )во песната;
- да ја одредат песната: лирска или епска и да го образложат својот одговор зошто мислат така;
- да ги определат поестските слики водејќи се од целините на изразените мисли и чувства;
- да ги пронајдат римите и да ги запишат;
- да ги напишат стиховите кои најмногу им се допаднале;
- презентирање на сработеното од групата.

**Сончевина**

Колку бисери низ Вардар се ронат,

белини чисти ко детски солзи,

со иљада лета,

со векови ѕвонат.

На мајчин јазик,

македонски, горски,

колку приказни ти, Вардару, носиш.

Низ твоите води, води, вечерници лирски,

игриви песни,

до Егеј ги водиш.

Во нежни струни

шарланински свирки

послани песни славеи ги леат.

Афион, памук, цвеќиња в бои,

јагнињa, божур,

сончевина белее.

Колку си лична,

татковино моја!

Колку бисери низ Вардар се ронат!

Белини чисти ко детски солзи,

со илјада лета,

со векови ѕвонат,

на мајчин јазик

македонски, горски.

**Волче Наумчески**

**Завршна активност** (учениците одговараат на неколку прашања)

- Сакам и разбирам поезија затоа што...
- Не разбирам поезија затоа што...
- Сакам песни во кои...
- Повеќе би читал песни во кои...

**Наставна единица: Повторување за елементите на лирската песна преку анализа на песни**

**Цели:**

-самостојно да анализира лирска песна пронаоѓајќи го мотивот, поетската слика и римите.

**Резултати од учењето:**

-анализира и толкува елементи на лирска песна.

**Воведен дел**

Учениците прво самостојно ја читаат песната, а потоа неколкумина гласно изразно ја читаат.

На лист ги илустрираат своите првични впечатоци од доживувањето на песната, можат да користат придавки за да ја опишат, можат и да илустрираат со цртеж.

**Главен дел**

**Порака од јужниот ветер**

Пред да пристигне пролетта,

Јужниот ветер телеграма прати.

Во горaта мала,

Преку телефонската централа

Ја прими – телеграфист.

Бидејќи не знаеше латиница,

Мораше да ја прочита петнаесет пати...

За неколу дена, ќе настане смена,

Студената зима, реума има...

Јужниот ветер,

Командант на воздушната авијација,

Составена од пилоти смели,

Славеи и штркови во гората ќе слетаат

И ќе ја донесат пролетта.

За таа цел како прво;

Со зелено знаме да се закити секое дрво.

Да се објави по сите списанија и весници,

Прогласени се за херои птиците преселници.

Бидејќи доаѓаат од африканскиот сончев блесок,

Птиците стари и млади

Полни се со прашина и песок...

Затоа веднаш да се стопли секоја када,

За да бидат птиците чисти и бели

И весели...

Ненад Џамбазов

**Дискусија**

Каква е оваа литературна творба според формата во која е напишана?

Кој е основниот елемент на песната?

А што е поголемо од стихот?

Според тоа што е стих и што е песна можеме да кажеме дека оваа песна има колку строфии колку стиха?

За кого се пее во оваа песна?

Зошто песната носи наслов јужен ветар?

На што те потсетува насловот јужен ветер?

Каде пристигнува пролетта? Кој ја добива веста?

Што се очекува да се случи по провејувањето на јужниот ветер?

Дали има опис на природата во оваа песна? Ако мислиш дека да, посочи ги стиховите.

Во кои стихови песната има необични описи за птиците, животните? Посочи ги тие зборови и описи?

Пронајди ги сите рими во песната и спореди ги. Какви значења имаат?

Песната е посветена на природата, дали со тоа оваа песна е лирска?

Дали би можел/а да направиш поделба на поетски слики? Како ги делиш песните за да добиеш поетските слики?

Опиши една која ти е омилена.

Дали ти се допадна песната? Можеш ли да кажеш една причина зошто ти се допадна?

Како ти би ја завршил/а песната.

**Завршен дел од часот**

Наставникот бара од учениците да ги прочитаат оние стихови кои им оставиле впечаток и да објаснат зошто.

**Наставна единица: Творење песни**

**Цели:**

-да се поттикне на творење користејќи ги знаењата поврзани со поезијата, лирските песни и римата.

**Резултати од учењето**

-смислено твори по модел и пример на прочитани лирски песни.

**Воведен дел:**

Наставникот одбира три поими кои ќе бидат почеток и мотивација за творење на песни: пролет, детство, природа. Со помош на техниката мисловни мапи ги разгрануваат трите поими за да добијат зборови кои се блиски по смисла, значење и звучење со што ќе добијат идеја да смислат стихови со рима.

**Главен дел**

Учениците во овој дел од часот ги користат мисловните мапи направени на почетокот и ги употребуваат во творењето (доколку наставникот смета дека творењето ќе биде поуспешно при меѓусебно помагање, тогаш може да организира и работа во пар)

**Завршен дел од часот**

Презентација на напишаното. Наставникот дава позитивна повратна информација со која ќе поттикне понатамошно творење кај учениците.

ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

**Известување**

Во програмата по Македонски јазик во програмското подрачје Изразување и творење покрај усното и писмено преаскажување, раскажување и опишување, учениците учат и како да известуваат. Тоа значи дека покрај прераскажување на текстови со уметничка и научно популарна содржина, прераскажување на настан слушнат од друго лице, раскажување за настан и сопстено доживување, опишување на предмет, лик или слика, тие треба усно и писмено да известуваат за настан кој ќе се реализира и за настан кој веќе е реализиран настан. Станува збор за составување на текст во кој треба да се почитуваат стандардите и правилата за усно и писмено изразување. При составување на едно известување треба да се внимава на:

- употреба на стандардниот македонски јазик;
- Употреба на службената комуникација (обраќането да е со Вие а не Ти) и
- содржината - да биде јасна и детално точна (со едно читање да се разбаре за што станува збор).

1.1. Известувањето може да се однесува за реализација на одреден настан и да биде во форма на соопштување.

Тогаш наставникот треба да му укаже на ученикот дека со овој вид на известување тој се обраќа до поширок круг на луѓе/читатели кои треба да бидат известени за некој настан или нешто друго што ќе се случува во блиска иднина.

Овој вид на известување треба да содржи информации кои всушност се одговори на прашањата: кој? што? кога? каде? зошто?. Ова известување треба да биде концизно и јасно без непотребни информации и формулации. Пример: Соопштение за родителска средба

Почитувани родители,

Ве известуваме дека родителската средба за учениците од V одделение ќе се одржи на 16. 04. 2021 година (петок) со почеток во 17:00 часот, во една од просториите на училишната зграда.

Дневен ред на средбата

1. Известување на родителите за ученичкото досие и можност за увид во истото;
2. Известување на родителите за Еко проектот, собирна акција на стара хартија, пластични шишиња, нивно рециклирање и учество во уредување на училиштето.
3. Разно.

Со почит,

Одделенски наставник: ....................

1.2. Известување може да се состави и по реализација на одреден настан.

Имено ученикот заедно со своите родители или соученици посетил некој настан и потоа усно или писмено известува за него.

Во рамките на тоа наставникот може да организира посета на изложба, театарска или балетска претстава, излет или екскурзија и да ги подготви учениците за внимателно набљудување на секој од овие настани, за да можат учениците врз основа на тоа да подготви известување. Секако дека и ова известување се однесува на широк круг на читатели. Во него треба да се наведат точни информации за настанот со краток опис за тоа како тој се одвивал. Оттаму при подготовка на известување за настан кој треба да се случи како и при подготовка на известување по реализација на некој настан, ученикот треба да се

раководи според насоките за употреба на стандардниот македонски јазик, давајќи јасна и точна информација за тоа како се одвивал настанот, односно да даде одговор за тоа: кој?-(учесници на настанот) што? (содржина на настанот) кога?(време кога се одвивал настанот) каде? (место каде се одвивал настанот) и како? (впечатоци на ученикот за настанот).

Пример на известување по реализација на настан ( родителска средба)

Училиштето „......................“ ги интензивира напорите за вклучување на родителите во активностите и работата на училиштето, преку зголемување на информираноста за новините во работењето. За таа цел на 16.  04. 2021 година (петок) со почеток во 17:00 часот, беше реализирана родителската средба со родителите на учениците од V одделение. Средбата се одвиваше во просториите на училишната библиотека (читална) и на неа учество задоа родителите на  22 ученика. На средбата родителите беа запознати со постигнатиот успех на учениците и со активностите кои училиштето ги организира и можностите за вклучување на родителите во рамки на Еко проекотот. Родителите позитивно реагираа и даваа свои предлози за успешно спроведување на собирна акција на стара хартија, пластични шишиња, нивно рециклирање а дел од нив доброволно се пријавија за учество во уредување на училиштето. Средбата заврши со договор за времето на реализација на следната родителска средба (втората половина на мај).

Одделенски раководител ..........................

**Наставна единица:** Известување за настан

**Цели:**

- да составува известување за одреден настан;
- да го почитува редоследот на известувањето (до кого е наменето, зошто, точно време и место на настанот)

**Резултати од учењето:**

- составува известување за одреден настан.

**Вовед/Воведни активности:**

Наставникот на учениците им задава „предизвик“ задача. Тој од нив бара да ги извадат работните материјали потребни за моделирање во глина на низок релјеф со втиснување, гребење и длабање. Учениците се изненадени бидејќи претходно не се известени за тоа. Тие го немаат набавано и донесено потребниот материјал за работа. На тој начин учениците откриваат колку се важни известувањата. Наставникот им соопштува на учениците дека овој час ќе го посветат на составување и пишување известувања.

**Главен дел**

Наставникот истакнува едно известување.

Почитувани,
Училишниот педагог ќе организира едукативна работилница на тема: Како да ја надминеме стресната ситуација предизвикана од пандемијата.

Со почит,

Управата на училиштето.

По две недели од објавата, немало заинтересирани родители да се јават во училиштето. Зошто?

Учениците читаат и разговараат во врска со прашањето. Тие со помош на наставникот откриваат што треба да содржи едно известување за да биде разбрано. Тоа треба да содржи информации кои всушност се одговори на прашањата: кој? што? кога? каде? зошто?.

Следи работа во групи.

Секоја од групите добива задача да состави и напише известување во кое треба да внимава на правилното користење на стандардниот македонски јазик, правописните правила во комуникацијата и одговор на прашањата кој? што? кога? каде? зошто?

I група –известување за спортски настан

II група –известување за културен настан (приредба, театарска претстава и сл.)

III група –известување за екскурзија/излет

IV група –известување за  посета на стопански и нестопански дејности (ПТТ, општина, фарма и сл.) со запазување на протокол за движење при посетата.

**Завршен дел/завршни активности**

Секоја од групите избира презентер. Тој треба пред своите соученици да го прочита известувањето кое го подготвила неговата група и при тоа да образложи како се одвивала работата во групата, кој какви предлози давал, како во рамки на групата размислувале, работеле, се договарале, соработувале и сл.

За домашна работа

Да пронајдат и прочитаат известувања преку интернет или во дневниот печат и да ги споредат со известувањата кои тие ги составуваат.

**Наставна единица:** Вежби за пишување известување за одржани настани (изработка на книга на паралелката)

**Цели:**

- да известува за настани и доживувања од екскурзии, посета на институции, производни организации и др;
- да известува со почитување на редоследот по кој се одвивале на настаните.

**Резултати**:

- составува и презентира известување.

**Вовед/Воведни активности:**

На самиот почеток учениците се потсетуваат за тоа што го знаат во врска со известувањето. Какви известувања прочитале, пишувале и сл.

Преку „Бура на идеи" тие набројуваат на кои се настани тие учествувале или се случиле изминатиот период ( 8 Март -Меѓународен ден на жената, 21 Март- Ден на екологијата, 22 Март -Ден на планетата Земја, 1 Април -Денот на шегата, 7 Април-Светски ден на здравјето, 8 Април- Ден на Ромите, низа родендени, посети на кулурни збиднувања, театарски претстави и сл. )

**Главен дел**

Наставникот објаснува дека известувањето претставува кратка и точна информација за некој настан. Во училиштето тоа може да биде посета на музеј, изложба, театарска претстава, живинарска фарма, излет, екскурзија и сл.

Известувањето се дава откако ќе заврши настанот и треба да ги опфати само основните информации во врска со него. Се наведува точен датум, време и место на настанот, учесници, краток опис и време на завршување на настанот. Известувањето може да се објави преку писмо, интернет, детски или дневен печат.

Следи работа во групи. На учениците им се кажува дек во оваа активност ќе бидат во улога на новинари кои ќе известуваат за настани кои изминатиот период се случиле во и надвор од училиштето. Нивна задача ќе биде да подготват известување врз основа на информации кои ги имаат за настани кои изминатиот период се случиле .

Учениците се делат во групи. Секоја група добива насоки за работа и задача за кој настан ќе известува.

I група –известување за Денот на екологијата

II група –известување за Денот на шегата

III група –известување за Светскиот ден на здравјето

IV група –известување за Светскиот ден на Ромите и ...

Изборот на задача за известување зависи од настаните кои се одвивале и одбележувале изминатиот период во училиштето а на кои учениците имале можност да учествуваат или да ги проследат. Во тој случај може бројот на групите може да се менува и во рамки на тоа да се известува за изведена работилница, акција, посета на спортски натпревар, изложба, театарска престава и сл.

На учениците им се дава инструкција внимателно да ги прочитаат насоките за работа, кој треба да се базираат на следните податоци:

- Каде и кога се одржува настанот,
- Кој учествува во него,
- Која е причината за настанот,
- Како се одвивал и
- Како завршува.

**Завршен дел/завршни активности**

Секоја од групите го приложува својот извештај од кој се составува книга со извештаи на паралелката за настани кои се случиле изминатиот период.

Активност за евалуација/рефлексија

1. Колку ви беше лесна, односно тешка задачата на која работевте?

2. Што ви беше најтешко при пишување на известувањето?
3. Како соработувавте во групите?
4. Каква беше вашата улога како новинар, на што најмногу внимававте?
5. Што ново научивте?

За домашна работа

Обидете се да ги известите вашите родители, брат, сестра, дедо, баба, другари и ... за тоа што денес го работевте. Известувајте ги точно, кратко и навремено со одговор на следните пршања: кој? што?кога? каде? како?

ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ МЕДИУМСКА КУЛТУРА

Филмот и тетарската претстава, поимите: настан, лик, декор сценографија, костимографија, илустрација кои се дел од програмското подрчје Медиумска култура не служат само да се запознаат учениците со драмско-сценскиот израз и да се развие талентотот за драма кај учениците, туку да се развиваат говорни и други вештини на изразување, комуникациски вештини, имагинација, креативност, откривање и развивање склоности и способности за формирање на ставови, стекнување и развивање на социјална свест и нејзините компоненти: (само) критика, одговорност, толеранција, разбирање на меѓучовечките односи и стекнување безбедност и самодоверба. Со еден збор целта на овие програмски содржини е образование за живот, односно да го подготви ученикот за средба со реалноста.

Основата на драмата како уметност е драматичен израз заснован на драмското искуство на светот. Додека во драмата драмското искуство на светот се трансформира во уметност, во драмското образование (или детска драма или креативна драма, како што се уште се нарекува ова образование), тоа се трансформира во организирана игра.

Целта на образовниот процес во училиштата е интелектуален, естетски, емоционален, духовен, морален и социјален развој на личноста на ученикот.

**Драмска претстава**

Драмската игра, дава можност за слободно изразување и ослободување на креативниот потенцијал на ученикот. Во атмосфера на релаксација обезбедена од организирана игра, можно е да се ослободи спонтаност која ќе му овозможи на ученикот на најприфатлив начин да усвои нови знаења, бидејќи она што се учи во играта е полесно и подолго се памети и отвора простор за креативност кај ученикот.

Во драмските игри, играчите се внесуваат во одредени ситуации, карактери, појави, нешта преку зборови, движења, движења и звуци, со што се постигнуваат не само едукативни задачи, туку и функционални задачи.

*Основни правила на работа и улогата на водачот*

За да биде ефективна драмската изведба, потребно е учениците да се ослободат од страв од грешка, да се убедат дека секој има право да погреши, бидејќи грешката е начин на учење. Исто така е важно да се сфати дека секој во играта е еднаков и подеднакво важен и дека ниту една ситуација без никој од нив не би била иста, дека секоја индивидуа ја прави единствена и уникатна. Штом учениците ги прифатат овие две едноставни правила, тие исто така ќе прифатат дека во драмските претстави нема „Јас нема", „Не знам" и „Не можам" дури и ако некоја задача им изгледа тешка.
Пред да започнете со работа, потребно е јасно да се кажат правилата на играта и нејзината цел, нејаснотиите мора да се разјаснат за да не се прекинува играта. Сите овие правила важат и за водачот. Ако играчите почувствуваат дека лидерот си дава улога на судија или привилегирана личност, ако почувствува непријатност, страв, срам или двоумење од лидерот, тие нема да можат да се ослободат за вистинско учество. Лидерот може да учествува во играта како играч или како неутрален набудувач, што значи дека во никој случај не смее непотребно да ја прекинува играта и да ги предупредува играчите за грешки, да коментира или да објасни што е направено, одиграно.
Секако, играта е проследена со анализа на сработеното, но и тогаш, водачот не смее да заземе сезнајна позиција, туку треба да ја препушти анализата на групата, учествувајќи само онолку колку што е потребно, за дискусијата да не се одвива во погрешна насока. Ако, сепак, тој дејствува како научен авторитет, мора да внимава да не ја наруши довербата создадена меѓу него и учениците. Треба да се користат грешки што се забележани за да се потенцира што е, а не што не е добро одиграно.
Ако играчите, вклучувајќи го и водачот, не ги прифаќаат овие правила, суштината на играта ќе биде поништена, а потоа, се разбира и нејзините резултати.

*Неколку препреки, предизвик за надминување*

Еден од навидум нерешливите проблеми поврзани со драмската игра во наставата е недостаток на време за нејзино изведување. Причина за тоа честопати се преобенмите програми непропорционални со бројот на достапни часови. Овој проблем престанува да биде проблем ако прифатиме дека драмската игра претставува само еден од методите. Таа не е цел сама по себе и во концептот во кој не е содржина на делото, туку метод, ние ќе ја збогатиме наставата со неа и ќе ја направиме подинамична, разновидна и интересна. Не треба да се плашиме да „изгубиме" еден час или дел од еден час во играта, бидејќи нема да ги изоставиме едукативните задачи, а ќе можеме поинтензивно да се справиме со реализација на функционални и едукативни задачи. Покрај тоа, јасно е какви резултати можат да се постигнат во многу мотивирана група како што е редовната група во која играта е метод на работа.

Друга работа што ги плаши наставниците кои сè уште немале можност да се обидат да користат драмската игра е „веселата толпа" што владее во играта. Вистина е дека во некои игри е потребно да се биде физички активен, да се стане, да се наруши „распоредот за

седење“, да се работи во групи додека се зборува и се движи, но дури и во таква очигледна недисциплина има правила и внатрешен поредок што играчите ги почитуваат доколку им се верува. Наставникот не мора да биде „управник“, „полицаец“. Улогата на чувар на редот и почитување на правилата на играта ја преземаат учениците - оние кои се грижат за учење играјќи, а тоа се претежно сите. Поединци кои првично се обидуваат да ги прекршат договорените непишани правила се социјализирани од групата. Почесто, притисокот на групата не е неопходен затоа што децата се тие што не можат да се афирмираат во некои класични форми на работа, во драмски игри се добива можност подеднакво да учествуваат во работата и нивното однесување, ако не и поинаку, станува прифатливо.

**Наставна единица: Организирање и изведување игра во парови**
**Цели:**

- да развива вештини говорно изразување;
- да развива способност за внимателно слушање, помнење, мислење;
- да развива самодовреба, толеранција, почит кон себе и другите.

Резултати:

- слуша со внимание, раскажува со емоции и гестикулации користејќи соодветни фрази.

**Воведен дел**

Наставникот најавува игра чиј наслов се состои од првите две букви на нашата азбука „А и Б" Играта се состои од два лика, лик А и лик Б и се игра во парови. Учениците бираат партнери со кои ќе играат.

Пред да започне играта, наставникот дава целосни и јасни упатства за потоа да не го прекинува текот на играта кога таа ќе започне. Тој прво ги замолува секој од паровите да се согласи кој ќе биде личност А, а кој личност Б. Кога ќе се склучи договорот, наставникот продолжува со упатствата. Лицето А ќе му каже на лицето Б еден настан/случка од неговиот живот. Лицето Б ќе слуша внимателно и потоа ќе ја повтори истата приказна што е можно поверно во прво лице, обидувајќи се да ги репродуцира не само зборовите, туку и начинот на изразување, чувствата, гестовите и изразите на лицето на неговиот соиграч. Ако некој не се сеќава на сите детали од приказната, подобро е да се импровизира отколку да се побара помош од лицето А бидејќи прашањето за заборавени детали би ја нарушило веродостојноста на исказот.

После тоа, лицето А станува лице Б и обратно, односно задачите се заменуваат.

**Главен дел**

Може да се развијат и реализираат повеќе варијанти на оваа игра. Наставникот ги запознава учениците со новите барања со кои играчот Б треба да ја збогати приказната со замислени детали, да измисли поинаква завршница на настанот/случката. При тоа тој треба да користи што повеќе епитети, споредби, хипербола..., да вклучи што повеќе компаративи и суперлативи на придавки во приказната, да ја прераскаже приказната во некое друго време итн.

Откако паровите ја одигруваат играта според новите барања следи нивно групирање, односно два пара се спојуваат и формираат група од четири ученика. Во следната фаза на работа, секој играч ја раскажува туѓата приказна на трето лице во групата или доколку постои интерес и време се јавува доброволец кој пред целото одделение ќе ја пренесе случката но како да му се

случила нему, внесувајќи свои изрази, чувства, гестови на лицето. На тој начин ученикот создава нов лик .

Настапувањето пред поголема група за некои ученици не е лесна задача, но откако веќе им ја раскажале приказната на две лица, тие ќе можат задачата да ја извршат и пред целото одделение.

Оваа игра ја стимулира слободата на говорот, го збогатува вокабуларот, ги совладува можностите на јазикот, вежба јасност, прецизност и логика на говорот, стекнува чувство на контрола, но и слободна употреба на јазикот и комбинација на јазични единици. Покрај тоа, се практикуваат внимание, концентрација, меморија, способност за слушање, перцепција, имагинација и искуство, учениците имаат можност да го збогатат својот емотивен свет, да развијат чувствителност за туѓите прикази, толеранција, критичко размислување, да ги идентификуваат искуствата и да го практикуваат однесувањето.

За да се создаде позитивна работна атмосфера и услови за градење самодоверба кај учениците, потребно е работата во парови да се одвива истовремено при што сите парови дејствуваат самостојно, без надзор и неопходност за настап пред поголем број луѓе. При примената на овој начин на работа, наставникот нема потреба да се плаши од недисциплина или губење на контрола, бидејќи учениците не ја злоупотребуваат својата слобода, напротив, ценета ќе биде и почитувана довербата што наставникот им ја дава. Честа појава е оние ученици кои инаку се пасивни или недисциплинирани во фронталната работа, да учествуваат во работата во парови многу активно затоа што имаат можност да се изразат или затоа што ги привлекува активноста од партнерот.

**Завршен дел/завршни активности**

Наставникот поведува разговор со учениците во врска со играта.

Што најмногу им се допаднало и зошто?

Што не им се допаднало и зошто?

Како се чувствувале во улогата на личност А а како во улога на личност Б?

Која улога повеќе им се допаднала и зошто?

**Наставна единица: Организирање и изведување драмска игра**

**Цели:**

- да го воочува редоследот на настаните во драмска игра;
- да развива говорни и други вештини на изразување согласно ликовите од драмската игра;
- да развива самодовреба, толеранција, почит кон себе и другите.

**Резултати:**

- воочува редослед на настани во драмска игра и користи говорни и други вештини на изразување согласно ликовите од претставата.

**Воведен дел**

На самиот почеток наставникот прикажува видео запис на кој учениците имаат можност да видат дел од тетарска претстава.

https://www.youtube.com/watch?v=yIV2iopGUQk&t=753s – Алиса во земјата на чудата, според романот на Луис Керол, Театар за деца и младинци, Скопје.

https://www.youtube.com/watch?v=NvS29PhcDaE – Пинокио, според текст на Карло Клоди, Театар Куманово

https://www.youtube.com/watch?v=ek0REDGgBCk - Мачорот во чизми, бајка – театар „Војдан Чернодрински", Прилеп

https://www.puppet.com.mk/pretstavi/machorot-vo-chizmi дел од репертоарот на Театар за деца и младинци, Скопје

Потоа поведува разговор со учениците за театарот, театарската претстава, ликови во претставата, костими, сцена, сценографија и за делото врз чија основа се изведува драмата/претставата.

На кој начин едно прозно дело се прилагодува во драмски текст?

За да може едно прозно дело да биде прикажано како драма, односно претстава тоа треба да се прилагоди на тој начин што од ликовите се создаваат улоги и еден кој ќе биде наратор, односно раскажувач на настанот.

**Главен дел**

Наставникот ги дели учениците во групи и ја објаснува задачата.

Тој истакнува дека голем број текстови во учебниците по македонски јазик и детските списанија нудат можност за прилагодување и адаптирање во драмски текстови.

Секоја група ќе добие прозен текст, (расказ, приказна, басна) кој внимателно треба да го прочита, да открие каде се случува на настанот, да ги открие зборовите на писателот, зборовите на ликовите и да ги прилагоди за читање по улоги.

Учениците во рамки на групата се договараат за поделба на улогите. Тие се согласуваат за тоа кој од нив ќе биде во улога на наратор, односно раскажувач кој ќе ги води низ дејството на настанот, а кој во улога на ликовите чии зборови ќе треба изразно да ги прочита, со почитување на интерпункциските знаци, со јасна интонација, дикција и менување на гласот во зависност од улогата. Учениците вежбаат и ја организираат нивната изведба, која треба да се одигра пред целото одделение.

Додека една група се преставува и ја изведува драмската играта, другите ученици следат.

**Завршен дел**

Со помош на техниката „Бинго" учениците со свои зборови искажуваат и споделуваат сознанија и впечатоци од активностите на час.

Секој ученик добива ливче со табела од 4, 6, 9 или 12 полиња:

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | | |

Во првото поле тој запишува збор со кој искажува што му оставило најголем впечаток од работата на тој час. Потоа разговара со учениците во групата/одделението (во зависност од бројот на полиња, со толку ученици стапува во контакт). Ги замолува во останатите полиња и тие да напишат збор но тој да биде различен, да не се повторува со останатите.  Кога ученикот ќе ги комплетира сите полиња крева рака и извикува БИНГО! Следи презентација и се читаат зборовите од Бингото.

Домашна работа

По сопствен избор, учениците треба да напишат краток драмски текст инспириран од некоја случка во училницата/училиштето во кој сами ќе ги осмислат ликовите, местото и настанот.

**Стратегии за оценување кои може да ги користите во секојдневната настава**

Оценувањето на постигањата на учениците е процес кој секојдневно се применува во наставата. Тој треба да се заснова на критериуми и стандарди за оценување и примена на соодветни стратегии кои ќе им бидат јасни на учениците. Но, истовремено може да се примени и оценување од страна на учениците на наставата, односно начинот на кој предава

наставникот за да тој знае колку она што го предава и начинот на кој тоа го предава им е јасен на учениците. Подолу во текстот се дадени стратегии за оценување, но и совети околу планирањето и дизајнирањето на наставниот процес. Стратегиите за оценување на постигањата на учениците и начинот на предавање на наставниците се функционални и применливи во секојдневниот наставен процес.

**Поставување прашања од отворен тип**

Избегнувајте да поставувате прашања на кои ќе добиете одговор „да“ или „не“. Поставувајте отворени прашања на кои ќе добиете поопширни одговори со што ќе имате увид колку учениците го разбрале и совладале наставниот материјал кој сте им го предавале.

**Практична примена на стекнатото знаење**

По реализацијата на наставната содржина, последните 5 минути побарајте од учениците да запишат, а потоа и да ви прочитаат како и каде може да го употребат стекнатото знаење или вештина од часот во реални, односно практични услови.

**Сумирање на предаденото од страна на учениците**

Пред да заврши часот побарајте од учениците да направат едно резиме од она што го научиле. Формата на излагање може да биде писмена или усна.

**Организирајте квиз**

Преку оваа стратегија ќе внесете проверка на знаењата кај учениците преку еден забавен начин, каде истовремено ќе го поттикнете натпреварувачкиот дух помеѓу учениците.

**Невербална комуникација со помош на рацете**

Со помош на рацете учениците за да не го прекинуваат предавањето на наставникот може да му сигнализираат колку им е јасно она што тој ним им го предава. На пример, доколку ученикот покаже еден прст, на наставникот му сигнализира дека она што тој го предава воопшто не му е јасно, а доколку ги покаже сите пет прсти тоа би значело дека сè што предава наставникот на ученикот му е потполно јасно. Оваа е добра стратегија и без да се нарушува предавањето наставникот да има едена сумарна повратна информација колку учениците го разбираат она што тој го предава и начинот на кој тоа го предава.

**Одговор преку четири агли**

Преку оваа стратегија наставникот на забавен начин може да го дознае мислењето, односно одреден став на учениците во однос на поставено прашање, а потоа да се отвори дебата каде учениците ќе дебатираат зошто така одговориле. Оваа стратегија функционира на тој начин што наставникот поставува прашање, а учениците избираат еден од 4 агли во училницата и застануваат во тој агол. Едниот агол се однесува на одговрот „целосно се согласувам“, вториот агол се однесува на одговорот „делумно се согласувам“, третиот агол се однесува на одговорот „малку се согласувам“ и четвртиот агол се однесува на одговорот „воопшто не се согласувам“.

**Одговарање во пар**

Оваа стратегија функционира на тој начин што откако наставникот ќе го постави прашањето, првично ученикот заедно со својот соученик од клупа меѓусебно одговараат и се договараат, а потоа одговорот го изнесуваат јавно пред целата паралелка.

**Концепт на читање**

Додека ученикот го чита текстот наставникот ја следи и бележи флуентноста, дикцијата, изговорот на согласките и самогласките, а потоа му дава повратна информација.

**Необични одговори**

Наставникот поставува необично прашање за да добие несекојдневен одговор од страна на учениците. Учениците за да размислат и одговорат на ова прашање имаат само една минута. На овој начин се поттикнува брзото размислување кај учениците, а се очекуваат и несекојдневни креативни одговори.

**Суштинско прашање**

Наставникот поставува едно суштинско прашање или кажува одредено прашање во кое е содржана одредена тема. Целта е да се иницираат дополнителни прашање и одговори преку низа или последователност. На ваков начин наставникот проверува, а истовремено и ги подучува учениците да формулираат прашања кои поттикнуваат дискусија и поттикнуваат ново разбирање на поимот или темата која е предмет на дискусија.

**Стратегија 3-2-1**

Пред завршување на часот учениците одговараат на три прашања 3) Што научиле од лекцијата? 2) Што дополнително сакаат да знаат во врска со лекцијата? 1) Што претходно знаеле во однос на лекцијата? На ваков начин учениците активно размислуваат во однос на материјалот кој го содржи наставната содржина.

**Кратка проверка**

Учениците кратко пишуваат сумарно за она што било предавано на часот. Целта на наставникот е да провери колку од она што било предавано на часот запомниле учениците.

**Нерелевантни информации**

На учениците изнесете им факти кои не се релевантни и не се точни. Целта е да проверите дали учениците размислуваат логично и правилно. И дали знаат да ги разграничат точните од неточните одговори.

**Дијагностичко оценување**

Пред да се реализира нова наставна тема, наставникот треба да провери со какви предзнаења располагаат учениците во однос на таа тема за да знае како да ја планира наставата во однос на наставните содржини кои се составен дел од темата.

**Зошто – Затоа што**
Наставникот при испрашувањето на учениците како клучни ги користи зборовите „Зошто“ и „Затоа што“. Прашањата кои ги поставува наставникот започнуваат со „Зошто“, а одговорите кои ги даваат учениците започнуваат со „Затоа што“.

**Неколкукратна проверка на лекцијата која ја реализирате**
Додека предавате нова лекција во три наврати накратко прекинете го предавањето и при секое прекинување поставете прашања во однос на она што дотогаш сте предавале.

**Блумова таксономија**
Прашањата и очекуваните одговори тежински креирајте ги според Блумовата таксономија.

**Ученик проверува ученик**
Дајте им можност на учениците меѓусебно да поставуваат прашања. На ваков начин вие добивате сознанија колку го научиле и разбираат наставниот материјал не само оние кои одговараат туку и оние кои ги поставуваат прашањата.

**Наставни единици за ТЕМА 7**

| | |
|---|---|
| **Подрачје Јазик** | |
| Вежби од програмското подрачје Јазик | 2 часа |
| Вежби за индиректен говор | 2 часа |
| **Подрачје Литература** | |
| Самостојно читање со разбирање текстови од македонската и светската литература:<br>• „Себичниот џин“ од Оскар Вајлд<br>• Песни од македонската поезија за деца:<br>-„Разбудување“ од Бистрица Миркуловска<br>-„Другарство“ од Славка Арсова<br>• „ Годишниот умор и тетовираните риби“ –хумористичен расказ од Ванчо Полазаревски | 10 часа |
| **Изразување и творење** | |

| | |
|---|---|
| Самостојно прераскажување текст со уметничка содржина | 1 |
| Самостојно прераскажување текст со научно - популарна содржина | 1 |
| Продолжување на текст со поинаков крај и анализа на писмената вежба | 2 |

**Наставна единица: Повторување на наставни содржини од програмското подрачје азик**

Цел/и:

Ученикот:

- да го знаат наставниот материјал од програмското подрачје јазик;
- да ги применуваат јазичните правила во писмената и усната комуникација.

Очекувани резултати од учењето:

Ученикот:

- го знае наставниот материјал од програмското подрачје јазик предвиден во наставната програма за петто одделение;
- комуницира писмено и усно придржувајќи се до јазичните норми и правила.

Наставниот материјал од програмското подрачје „јазик“ изучен во петто одделение по македонски јазик може да се утврди преку задачи кои ќе им бидат поставени на учениците, конкретно десет на број. Согласно бројноста и барањата содржани во задачите, истите треба да се реализираат на два наставни часа.

1. Учениците се поделени во парови. Едниот од нив кажува 2 збора, а другиот гласовите од кои е составен зборот ги запишува на соодветно место во Т табела со звучни и безвучни согласки. Потоа ги заменуваат улогите.

| звучни согласки | безвучни согласки |
|---|---|
| | |

2. Препиши го извадокот : „Мостови“ од Глигор Поповски и именките во него претвори ги во форми со кои ќе биде искажана милост кон предметите, суштествата или појавите што се именувани со нив.

„Низ долината тече река. Малку понатаму, на издигнатите падинки стојат две куќи. Нивните прозорци свртени се како очи едни кон други. На прозорците стојат две деца. Летно време реката се претвора во поток. Децата газат со босите нозе низ топлата вода.“

3. Именките од следните реченици претвори ги во форми со кои ќе биде искажано нешто големо или грдо.
    - На планината гореше оган.
    - Одеше по улицата и се сопна на камен.
    - Низ оџакот на куќата излегуваше чад.
    - Со секирата го пресече дрвото.
    - Скокна од креветот, ја стави капата и излезе низ вратата.

4. Прочитај го внимателно текстот. Во него се направени грешки при употребата на голема буква. Препиши го текстот во тетратката и исправи ги грешките.

„Јован попоски живее во охрид. Кога времето е убаво често шета по брегот на охридското езеро или на самоиловата тврдина. за летниот распуст кај него доаѓа неговиот братучед марко, кој живее во србија. Заедно ќе го прослават и празникот илинден. тогаш во охрид доаѓаат многу туристи, бугари, срби, германци,холанѓани и други. За нова година јован ќе оди во посета на марко.“

5. Пред секоја именка додај ја соодветната показна заменка:
    - ----------- девојче што седи на клупата е мојата другарка.
    - Брат ми го купи -------- велосипед.
    - ---------- зима ќе одам во Маврово.
    - -------- човек многу сака да чита книги.
    - -------- патики се многу убави.
    - Многу ги сакам -------- колачиња.

6. Глаголите: **плете**, **лета** и **оди** менувај ги по лице и број во минато, сегашно и идно време, а потоа со секој од нив формирај по една реченица.

7. Во следните прости реченици подвлечи ги неопходните членови на реченицата што го појаснуваат прирокот.

- Штркот слета на оџакот од нашата куќа.
- Ветерот силно вее.
- Жолтите лисја се одронуваат од дрвјата.
- Густа магла падна во полето.
- Малото девојче се мие на чешмата во дворот.

8. Играј со своето другарче и учи! Едниот ученик кажува проста реченица, а другиот истата ја претвора во сложена реченица.Потоа заменете ги улогите.
Пример: Ана собира цвеќиња во дворот.- проста реченица
Ана собира цвеќиња во дворот, а нејзиниот брат вози велосипед и весело пее. – сложена реченица
а) --------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------
б) --------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------
в) -------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------
г) -------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------

9. Образувај 5 реченици во кои ќе употребиш з**бирни именки**.

10.
а) Дадените реченици напишани во директен говор преобрази ги во индиректен.

-Дедо ми ми рече: „Подај ми ја кошницата со јаболка!“
------------------------------------------------------------------------
-Сашо рече: „Не можам да дојдам на твојот роденден“.
-----------------------------------------------------------------------
-Јасна ме праша: „Можел ли да помогнеш со домачната по математика?“
-------------------------------------------------------------------------

б) Дадените реченици во индиректен говор преобрази ги во директен.

-Судијата му рекол на селанецот дека тоа не е неговото магаре.

-----------------------------------------------------------------------------------

-Гоце праша кога ќе одиме во зоолошка градина.

----------------------------------------------------------------------------------

-Баба ми рече да внимавам и да не ги газам цвеќињата.

-----------------------------------------------------------------------

**Наставни единици:**

4. Вежби за индиректен говор (2 часа)

**Цели:**

• да прераскажува со помош на индиректен говор.

**Резултати од учењето:**

- разликува и идентификува искази со директен говор;
- прераскажува со помош на индиректен говор;
- правилно ги користи интерпункциските знаци за бележење на директниот говор.

**Критериуми за успех:**

- учество на ученикот во активностите;
- селектира познати и непознати зборови во текст;
- прашува за текстот и одговара на поставени прашања за содржината текстот;
- ја коментира и ја прераскажува содржината на текстот;
- има креативен пристап во давање сопствени примери.

**Предлог – активности за воведниот дел**

- Вежби за трансформација на индиректниот во директен говор и обратно.
- Примери со вежби:

Следнава реченица е во индиректен говор. Преобрази ја во директен говор напиши ја на празната линија. Внимавај на интерпункциските знаци.

Соседот ми рече да го поздравам татко ми.

.................................................................................................................

Еден ученик кажува еден исказ во директна форма, друг ученик бележи што говори првиот; вториот ученик го прераскажува исказот на првиот ученик со употреба на индиректен говор.

Другите ученици ја одредуваат формата на говорење откако ќе ги слушнат и двајцата ученици.

**Главен дел**

ИНАЕТЧИЈА

**Сцена:** Две деца стојат пред отворен прозорец

**Првото дете:** Погледни расцутела праската во дворот!
**Второ дете**: *(погледнува)*: Шипинки расцутела.
**Првото дете:** Ама зарем не гледаш дека е расцутена?!
**Второ дете**: Не само што не е расцутена, туку не е ни праска!
**Првото дете:** Што е?!
**Второто дете**: Орев! Не орев, туку – даб!
**Првото дете:** Даб си ти, да извиниш! Отвори ги убаво очите, погледни.
**Второто дете:** Ама што зборуваш?! Човекот не гледа со очите, туку ...
**Првото дете:** *(го прекинува):* Туку?!
**Второто дете:** Туку со ушите.
**Првото дете:** Добро, добро, знам – ти си најголемиот инаетчија на светот.
**Второто дете:** Јас ианетчија? Ама ајде, те молам ....
**Првото дете:** Отвори го прозорецот да влезе мирисот на цутот од праската.
**Второто дете:** За кој прозорец зборуваш?
**Првото дете:** За тој пред тебе.
**Второто дете:** Ова не е прозорец, туку – врата.
**Првото дете:** Оф, леле, мајко! Ќе спобудалам со овој инаетчија.
**Второто дете:** Не сум јас никаков инаетчија!
**Првото дете:** Точно, не си никаков, туку – секаков инаетчија!
**Второто дете:** Јас инаетчија?! Ама, ајде што зборуваш?!
**Првото дете:** Поголем инаетчија од тебе нема на целава планета!
**Второто дете:** На која планета?
**Првото дете:** Па на Земјата.
**Второто дете:** Земјата не е планета, туку сателит на Месечината.
**Првото дете:** Ете, знам јас, инаетчија си од глава до петици.

**Второто дете:**Не измислувај те молам.
**Првото дете:** Јас мислам дека ....
**Второто дете:** (*го прекинува):* Не, ти не мислиш дека ....
**Првото дете:** Остави ме да се доискажам. Јас мислам дека и кога би ти рекол два и два се четири, не би се согласил.
**Второто дете:** Како можам да се согласам со тебе, кога сум сигурен дека два и и два се пет?!
**Првото дете:** Е, навистина си генијален,  мозок си, нема што!
**Второто дете:** Точно, така е. Гледаш, кога си во право, и да сакам не можам да се инаетам!
**Првото дете:** (*ги крева рацете):* Така е, се предава. Ајде пријатно.
**Второто дете:** Пријатно се вели кога влегуваш дома, а не ....
**Првото дете:** А како се вели кога излегуваш?!
**Второто дете:** Добар ден.
**Првото дете:** *(се фаќа за глава и бега).*

**Софе Штерјовски**

**Размислете!**

- Разгледајте и прочитајте го со разбирање текстот погоре.
- Каде ја забележувате дијалошката форма?
- Кои се учесниците во овој дијалог? Ако дијалошката форма е очигледна – постојат специјални ознаки кои го означуваат исказот на ликот, тогаш да го откриеме раскажаниот настан.
- Што прават ликовите од текстот „Инаетчија“?
- За што разговараат? Во каква врска е насловот на едночинката со самиот текст?

Прераскажете го текстот, трансформирајќи го директниот говор во индиректен.

**Завршен дел**

**Учениците работат во парови и поатапуаат според барањата на наставното ливче.**

- Напишете кус дијалог во кој ќе покажете некој свој судир со некој од роднините или од другарите!

Учениците ги презентираат изработките ставајќи го акцентот на употребата на интерпункциските знаци за бележење на директниот говор.

## МАДАМ МЕСЕЧИНА

од Долорес Атанасова – Лори

Еве вака, како вечерва со полна месечина, Исидора и Андреј лежеа на големата трамбулина во дворот на баба им и дедо им. Исидора беше големата сестра, Андреј беше малиот брат, и двајцата живееја во војна и мир. Деновите ги поминуваа во бркање и бегање еден од друг. Навечер потпишуваа примирје оти двајцата се плашеа да спијат сами; ѕидовите се полнеа со сенки од  дрвјата на ветрот и изгледаа како чудовишта што доаѓаа да живеат во нивната соба. Но, да се вратиме на ноќта како оваа, со полна месечина; Исидора и Андреј лежеа на големата трамбулина во дворот на баба им и дедо им и гледаа во небото полно ѕвезди што трепкаа и тивко се движеа по ноќното небо. Исидора ја забележа сивата светлина на месечината како се појавува од зад планината. Го потчукна Андреј по рамото:

– Види ја, види ја месечинана! Уау! Колкава е!

Андреј, кој не престануваше да се мрда те лево те десно, не ѝ обрна внимание.

Исидора, на која ѝ се лошеше од брановидното движење на трамбулината од мрдањето на Андреј, подвикна:

– Престани да преташ, ко црви да имаш...

Андреј се смири и се загледа во месечината, која со својата полна големина се тркалаше по грбот од планината. Исидора и Андреј можеа да се заколнат дека се слушаше како планината крцка под тежината на месечината.

А месечината, месечината отмено и елегантно отскокна од грбот на планината и се нурна во небото полно ѕвезди. Нејзиното мазно лице и сива светлина ја засенуваа убавината на другите небесни тела.

Исидора и Андреј, обземени од убавината на Мадам Месечина, не ни забележаа како едно мало, растегнато, црно облаче ѝ се доближува на Мадам Месечина и застанува точно пред неа. Мадам Месечина изгледаше како да ѝ пораснале мустаќи.

Исидора и Андреј можеа да се заколнат дека ги слушаат ѕвездите како се кикотат.

Извор: https://cudnasuma.com/2020/12/06/madam-mesecina/

**Задачи за анализа на текстот**

1. Кои чувства кај тебе ги разбуди содржината на овој текст?
2. Определи ги темата и главниот настан!
3. Што набљудувале Исидора и Андреј додека лежеле на трамбулината?
4. Зошто навечер Исидора и Андреј не се расправеле меѓу себе?
5. Кој прв ја забележал формата на месечината?
6. Како изгледала месечината таа вечер? Обиди се со свои зборови да ја опишеш!
7. Зошто Мадам Месечина изгледала како да има мустаќи?
8. Продолжи го раскажувањето на писателката.

**Јазично катче за ни биде сè појасно**

- Прочитајте го текстот уште еднаш и дискутирајте за употребата на цртата (тирето).

## ЧЕКОРИ ЗА ТЕМАТСКО БИНГО

Бинго е игра во која учениците ги слушаат зборовите и ги обележуваат на табелата. Победник е ученикот што ќе направи линија (хоризонтална, вертикална или дијагонална) на таблата. Бингото го потпомага развојот на вокабуларот.

**Чекори:**

1. Подготовка: напишете 20 збора од вокабуларот во приказната „Мадам Месечина“ и ставете ги зборовите во една капа.

2. Напишете ги зборовите на хартија или на табла.

3. На таблата нацртајте табела со 16 полиња. Кажете им на учесницсте да нацртаат иста таква табела на лист хартија!

4. Кажете им на учесниците да одберат 16 зборови од табелата и да напишат по еден збор во секое поле во нивната бинго табела! Секое поле треба да има по еден збор и затоа табелата на секој од нив ќе треба да изгледа различно .

5. Дајте му на секој учесник мали ливчиња хартија или капачиња од шише!

6. Кажете им на учесницте дека целта на играта е да покријат линија на табелата (хоризонтална, вертикална или дијагонална).

7. Посегнете во капата извлечете збор и прочитајте им го на учесниците!

8. Кажете им на учесниците дека ако го имаат зборот во нивната табела, треба да го покријат со ливче хартија!

9. Продолжете да ги извлекувате азборовите од капата и да им ги читате наглас!

10. Кога ученикот ќе добие полна линија, треба да викне „бинго"!

Откако еден ученик ќе викне „бинго", проверете ги зборовите со учесницте!

**Рефлексија**

9. Што правевме денес?
10. Како се чувствувате?  Заедно со своето другарче направете цвет од чувста со помош на стикери.
11. Што научивме?
12. Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? Наброј три примери.

## Подрачје ЛИТЕРАТУРА

**Наставна единица:** Читање со разбирање „Себичниот џин“ од Оскар Вајлд

Цели: да определи ликови и описи во текст читајќи го со разбирање.

**Резултати од учењето:**

-определува лик и негови карактеристики преку цитат;

-определува описи и настани во текст.

Воведен дел:

Преку техниката минута работа учениците ги запишуваат првите неколку асоцијации за фантастични приказни, какви ликови имаат и какви настани се случуваат.

Главен дел од часот:

Текстот предлагаме да се работи според техниката –табела за предвидување, подолу објаснување за нејзиниот тек.

ТЕХНИКА: ТАБЕЛА ЗА ПРЕДВИДУВАЊЕ

- Учениците приказната ќе ја читаат во парови до одредени точки. Се подготвува табела за предвидување.
- Кога ќе го прочитаат првиот дел треба во рок од една минута да предвидат што ќе се случи понатаму и своите предвидувања ги запишуваат под деловите ШТО МИСЛИШ ДЕКА НАВИСТИНА ЌЕ СЕ СЛУЧИ? и КАКВИ ДОКАЗИ ИМАТЕ ЗА ОВА?
- Потоа продолжуваат со читање на вториот дел од приказната и го опишуваат новото предвидување во соодветниот простор во ДЕЛ 2. Истото го прават и со последниот дел од приказната.

ШТО МИСЛИТЕ ДЕКА НАВИСТИНА ЌЕ СЕ СЛУЧИ?
КАКВИ ДОКАЗИ ИМАТЕ ЗА ОВА ШТО НАВИСТИНА СЕ СЛУЧИ?

- На крајот треба да го споредат своето последно предвидување со она што навистина се случило во приказната и во предвидениот простор во табелата да напишат што навистина се случило.

**Себичниот џин**

Секое попладне, враќајќи се од училиште, децата одеа да си играа во градината на џинот. Тоа беше огромна прекрасна градина со мека, зелена трева. Овде-онде низ тревата цутеа убави цвеќиња како ѕвездички и во неа имаше и дванаесет праски, кои напролет ги красеа нежни розови и бисерни цветчиња, а наесен раѓаа богати плодови. Птиците скокаа по дрвјата и толку умилно пееја што децата ја прекинуваа играта за да ги слупнат нивните песни.

-Ох, ама сме среќни овде!-зборуваа тие меѓу себе.

Еден ден дојде џинот. Дотогаш беше на гости кај својот пријател џинот од Корнвол кај кого седеше 7 години.Кога минаа седумте години, тој го беше кажал сето она што имаше да го каже зашто беше ограничен, па реши да се врати во својот замок. Кога стигна тој ги виде децта како си играат во градината. Што правите овде?-викна тој со груб глас, од што децата се разбегаа. – Мојава градина е само моја. – рече џинот  - секој мора да го знае тоа, а јас нема да дозволам никој друг да игра во неа освен мене.

Тој крена висок зид и стави табла со ваков натпис:

ПРЕСТАПНИЦИТЕ ЌЕ БИДАТ КАЗНЕТИ

Тоа беше еден многу себичен џин. Кутрите деќиња немаа каде да си играат. Се обидоа да си играат на патот, но тој беше полн со прав и камења, а децата тоа не го сакаа. П часовникот се вртkaa околу високиот ѕид и зборуваа за чудеснта градина меѓу ѕидиштата. –Колку бевме среќни таму – си велеа.

Тогаш дојде пролетта и насекаде имаше цвеќиња и птички. Само во градината на себичниот џин се уште владееше зимата. Птиците не сакаа да пеат во неа, зашто таму немаше деца, а дрвјата заборавија да процутат. Еднаш еден убав цвет ја крена главата низ тревата, но штом ја здогледа таблата, толку му падна жал за децата, што ја нурна главата в земја и продолжи да спие. Само снегот и мразот беа задоволни.

-Пролетта за заборави оваа градина – викаа тие –овде можеме да живееме цела година.

Снегот ја покри тревата со својата голема бела наметка, а мразот ги обвитка дрвјата во сребро. Тогаш тие го викнаа северко да им прави друштво и тој дојде. Тој беше завиткан во крзно, по цел ден беснееше низ градината и ги уриваше оџаците.

-Местенцево е одлично, - рече тој – мораме да го викнеме на гости и градот.

Така стигна и градот. Тој секој ден по три часа тропашапо покривот на замокот се додека не ги испокрши речиси сите ќерамиди, а потоа вртеше околу градината колку што можеше побрзо. Беше облечен во сива облека и здивот му беше како мраз.

-Не ми е јасно зошто олку доцни пролетта – рече себичниот џин. Седеше крај прозорецот и ја гледаше својата студена бела градина.  – Белки ќе се смени времево.

Но, не дојдоа ни пролетта, ни летото. Есента на сите градини им подари златни плодови, само на градината на џинот не ѝ даде ништо.

-Толку е себичен! – рече таа.

Така, во градината постојано владееше зима, а северко, градот и снегот, играа оро меѓу дрвјата.

Еден ден, џинот разбуден лежеше в кревет кога слушна прекрасна музика. Таа толку убаво му годеше на душата што ппомисли дека сигурно свират кралските музичари. Всушност, тоа беше едно трнарче, што пееше под неговиот прозорец, но бидејќи тој долго не беше чул птичја песна во својта градина, му се пристори дека тоа е најубавата музика на светот.

Тогаш градот престана да му тропа над глава, северско го прекина своето врескање и низ отворениот прозорец до него дојде чудесна  миризба.

-Веројатно, конечно стигна пролетта – рече џинот, скокна од креветот и погледна надвор.

Што здогледа?

Тој виде величествена глетка. Низ еден мал отвор на ѕидотдецата се пикнале во градината и седеа на гранките од дрвјата.На секое дрво можеше да види по некое детенце. Од радостпоради тоа што се вратија децата дрвјата беа облекле цветно руво и нежно мавтаа со рацете над детските глави. Наоколу летаа птички и радосно црцореа а цвеќињата ѕиркаа низ зелената трева и се смееја. Глетката беше прекрасна, само уште во еден агол владееше зимата. Тоа беше најоддалечениот агол на градинатаи таму стоеше едно мало дете. Тоа беше толку малечко што не може да ги дофати гранките на дрвјата и одеше наоколу жално плачејќи. Кутрото дрво, целото беше покриено со мраз и снег, а северко околу него беснееше и завиваше.

-Качи се горе, детенце – му рече дрвото и ги спушти своите гранки колку што можеше подолу. Но детето беше премногу малечко.

Кога џинот говиде ова, срцето му смекна.

-Колку бев себичен!- рече тој – Сега ми е јасно зошто пролетта не сакал да дојде ваму. Ќе го качам кутрото детенце на врвот на дрвото, ќе го урнам ѕидоти мојава градина засекогаш ќе стане игралиште за децата.

Навистина му беше жал поради таквата постапка.

Тогаш, тој слезе по скалите и тивко ја отвори вратата, па влезе во градината. Но, штом го здогледаа децата, од страв се разбегаа и во градината повторно завладеа зима. Само малечкото дете не избега, зашто очите му беа полни со солзи и не забележа дека џинот доаѓа. Тогаш џинот му се прикраде одзади, нежно го крена и го качи на дрвото. Дрвото веднаш процуте, птиците дојдоа и запеаја на него, а детенцето го гушна џинот и го бакна.

Кога видоа децата дека џинот веќе не е лош, дотрчаа назад,а о нив дојде пролетта.

-Ова сега е ваша градина, дечиња! – рече џинот и го урна ѕидот. Кога напладне одеше народот на пазар, го забележа џинот како си игра со децата во најубавата градина што ја виделе дотогаш. Децата си играа цел ден, а вечерта му пријдоа на џинот за да се поздрават.

-Каде е вашето мало другарче?-праша џинот –Она што го качив на дрвото?-Џинот него најмногу го засака зашто го бакна.

-Не знаеме ! – одговорија децата. –Си замина.

-Речете му да не се плаши и утре повторно да дојде, - рече џинот.

Но, децата рекоа дека не знаат каде живее и дека никогаш порано не го виделе.

Џинот се натажи.

Секое попладне, по часоците, децата доаѓаа и си играа со џинот. Но, никој никогаш не го виде детето кое џинот го сакаша. Џинот беше многу љубезен со децата, но сепак копнееше по својот прв пријател и често зборуваше за него.

-Толку би сакал да го видам, -имаше обичај да каже.

Минуваа години, а џинот остаре и многу заслабна. Веќе не можеше да си игра, па седеше на еден голем стол, ги гледаше децата како си играат и и се восхитуваше на својата градина.

-Имам многу убави цвеќиња –велеше тој, -но децата се моето најубаво цвеќе.

Едно зимско утро, додека се облекуваше, тој погледна низ прозорецот. Веќе не ја мразеше зиматазашто знаеше дека пролетта само спие и дека цвеќињата почиваат .

Одеднашги протри очите и целиот вчудовиден гледаш и гледаше. Глетката беше навистина чудесна.

Во најоддалечниот агол на градината, дрвото беше целото покриено со нежен бел цут. Гранките му беа златни, на нив висеа сребрени овошки, а под дрвото стоеше детето кое тој го

засака многу одамна. Џинот истрча по скалите во градината, сиот радосен. Поита преку тревникот и му пријде на детето.

-Кој си ти? – праша џинот и од страшна возбуда падна на коленици пред детето.

Детето му се насмевна и му рече:

-Еднаш веќе ми дозволи да си играм во твојава градина.

Попладнето, кога дотрчаа децата, го најдоа џинот како лежи мртов под дрвото покриено со бел цут.

**Оскар Вајлд**

Дискусија

Каков е овој текст? (помош: во кои текстови има џинови?)

Каков е џинот во овој текст? Можеш ли да го опишеш?

Според кои описи или настани кои ги согледа го опишуваш така џинот?
Што поседувал џинот, а другите во неговата околина го немале?
Како е опишана градината?
Што прават децата во градината?
Кој и што сменува? Дали било тоа фер? Објасни го својот одговор?
Како е опишана околината во која живее џинот во средината на текстот? Пронајди ги цитатите кои ќе го докажат тоа?
Зошто е околината таква? Кој е виновен за тоа? Зошто?
Што значат студот и топлината во овој текст?
Како е казнет џинот за својата себичност?
Кои особини ги имаат децата, а кои особини ги ма малечкото дете? Споредете ги.
Најмалото дете не се изплашило од џинот. Можеш ли да најдеш причини за тоа во текстот?
Која е темата на овој текст? Која пак е пораката за тебе од овој текст?

Направи стрип со неколку од тебе избрани и за тебе важни моменти, од текстот „Себичниот џин“.

**Наставна единица:** Песни од македонската поезија за деца:

-„Разбудување“ од Бистрица Миркуловска

-„Другарство“ од Славка Арсова

**Цели:** Анализира песна и одредува поетски слики, рима и идеја.

**Резултати од учењето:**

-самостојно чита, анализира и интерпретира песна;

-одредува поетска слика и запишува идеја од песна.

Вовед:

Учениците одговараат на прашањата подолу и си ги разменуваат во пар за да ги прочитаат: Што сонуваш ти? Кој е твојот најубав сон?

А кој сон го сонуваш на јаве? Колку е тој остварлив?

Главен дел:

**Разбудување**

Утро е. Сонцето прснало зраци,

а Марко спие со насмевка лека:

-Можеби сонува весели игри,

шарена топка, ливада мека;

или на коњ белогрив јава,

можеби собира капини зрели,

или од штици куќарка прави.

Кон бескраен простор в тишина чудна

ко космонаут, можеби, лета,

или со знаме радосно в рака.

на јуриш води јуначка чета.

можеби фатил зајаче сиво,

или се капе во бистра река...

Утро е ... Мајка му тивко го буди:

-Станувај, Марко, школо те чека!

Бистрица Миркуловска

Што му претходи на разбудувањето?

Како се вика детето во оваа песна?

Што прави Марко?

Што вели поетесата, како што можеби се сонува Марко себеси?

Одреди ги римите во оваа песна? Запиши ги во парови и направи свои примери.

**Анализа на песната „Другарство“**

**Вовед**

**Техника – изложба.** Учениците замислуваат идеално пријателство, за истото смислуваат две – три реченици и ги запишуваат на мали стикерчиња кои ги ставаат на ѕидовите (или споделуваат во четот на часот). Откако ќе ја изложат својата мисла во врска со тоа **ја читаат песната.**

**Другарство**

Што е тоа другарство,

дали некој од вас знае,

се купува ли со пари,

со услов ли се зема,

или има средина

кајшто него воопшто го нема?

Ако некој мисли така

секако се лаже

другарството предмет не е,

ниту само збор,

туку тоа нешто повеќе е,

тука лежи мојот одговор.

За вистинска дружба треба

да си хуман, толерантен

и искрен до крај,

другарството тоа бара

и тоа е, добро дете,

одговорот – знај.

Славка Арсова

**Главна активност:** Учениците се поделени во 3 групи. Секоја група ја чита песната, но се задржува само на една строфа, ја запишува содржинската анализа на строфата во една реченица и дискутира дали строфата е една поестска слика. За 6-7 минути учениците споделуваат, секоја група одделно се презентира. Од изнесеното се прави план, а потоа и порака.

**Завршна активност:**

Учениците се враќаат на пораките од почетокот на часот и дискутираат за можно дополнување во согласност со она што го прочитаа и понесоа како порака од песната „Другарство“.

Текстови за вежбање

## САПУНОТ И РАЦЕТЕ

Сапунот им здодевал на рацете:

-Нечистотници! Јас ви велам, јас ве чистам, јас ве перам!

-Срам да ви е! Вие што не можете без мене.

А кога еднаш тој паднал од чешмата во калта, долу, рацете го кренале и го измиле, зашто сиот бил извалкан.

**Александар Кујунџиски**

## СИ БИЛ ...

Си бил еден некултурен Јас Да Кажам.

Постојано им упаѓал во раскажувањето на другите. Никако да престане да се јавува неповикан.

А еден ден го замолчале два кренати прста.

**Александар Кујунџиски**

## КРАЈОТ НА КАВГАТА

Пролетните цвеќиња, кукурекот и качунката, се скарале околу тоа кое од нив попрво да расцвета.

- Јас морам да бидам прв! – рекол кукурекот, позеленувајќи од бес.
- Е, не ти, туку јас! – рекла качунката, жолтеејќи од лутина.

И додека кукурекот и качунката се карале, карале, кокичето веќе го раширило своето расцветано бело фустанче.

Сите му се радувале и му се восхитувале!

**Александар Кујунџиски**

Вежби – еден текст – повеќе задачи.

1. Во текстот „Крајот на кавгата" има повеќе именки, пронајди ги и одреди го нивниот род и број. Секоја од именките определи ја каква е во својот вид (општа или сопствена).
2. Подвлечи ги глаголите и посочи во кое време се случува дејството кое го изразуваат.
3. Напиши по две придавки кои го опишуваат кукурекот и качунката.
4. Напиши дали го оправдуваш однесувањето на кукурекот и качунката. Што мислиш ти за кавгите? Дали се тие добри? Образложи го својот одговор.
5. Прераскажи го текстот употребувајќи индиректен говор.

**Наставна единица:** Интерпретација на текстот „ Годишниот умор и тетовираните риби“ – хумористичен расказ од Ванчо Полазаревски

**Цели:** да знае да чита и интерпретира расказ.

**Резултати од учење:**

-**самостојно чита и анализира текст;**

-**дискутира за симболичните и преносните значења во текстот.**

Вовед:

Преку насочувачки прашања наставникот потсетува кои текстови/песни ги читале во текот на оваа учебна година, а имале предзнак хумористични.

Наставникот потоа прави кратка дискусија во однос на насловот на текстот кој ќе го интерпретираат.

Главен дел:

Текстот го читаат самостојно и користат техника Дневник со двоен запис.

Запишуваат цитат и коментар за цитатот.

(Наставникот посочува да се обрне внимание на оние делови од текстот кои се нереалистични, да се објасни зошто се нереалистични, дали се фантстични или хумористични.

На вториот час кој ќе биде посветен на овој текст, наставникот ги поделува учениците во групи така што едните читаат *преземајќи улога на возрасни читатели*, а другите на читатели деца-врсници со ликот раскажувач. При читањето учениците имаат за цел да го покажат својот став кон одморот и патувањето во согласност со улогата која ја добиле. Часот се завршува со отворена дискусија на прашањето: Колку треба да трае еден годишен одмор?

ГОДИШНИОТ УМОР И ТЕТОВИРАНИТЕ РИБИ

Си беше чудниот чичко наречен Годишен Умор. Него можеа да го забележат само сиромашните луѓе кои немаа многу пари а многу сакаа да летуваат крај мориња и езера. Богатите и не знаеја дека такво суштество постои. Кон крајот на август и почетокот на септември чичкото Годишен Умор по цели денови се влечкаше по улиците на големите градови. Неговото лице целото беше претворено во болен грч, беше тоа некоја тотална измореност, старечка гајлелисаност...и сите оние некогаш фини црти на лицето сега беа само

една хаотична иступканост небаре само добро пеглање може да му ја поврати свежината на изразот.

Можеби затоа луѓето веднаш штом ќе го здогледаа, и без да сакаат, се прашуваа:

-Уф, а каков беше мојот годишен одмор?! Се изморив или се одморив?! И со тоа прашање луѓето се чудеа со години и години (и, којзнае дали некогаш ќе го најдат вистинскиот одговор).

За среќа светот има и деца. Атие немаат проблеми со такви чуденки. Децата толку го сакаат годишниот одмор што би дале и пет години за еден годишен одмор.

А ова што сега ќе го прочитате е дел од белешките за летувањето на еден четвртоодделенец.

*И јас бев на годишен умор. Да, да –умор. Така барем велат моите родители. Чудни некои луѓе. Таа уживанција од овде до Франција, ја нарекуваат умор. Јас сум луд по одморот. А и тој по мене. Имам само една мала забелешка за годишниот одмор. Колку да не речете дека се ми е погодено, дека имам идеална живеачка. Мала забелешка, речиси дребулија. Зошто годишниот одмор да се користи само еднаш годишно? Според мене и неколку непознати научници пожелно е тоа да е прави барем четирипати годишно. Колку едното годишно доба, летото, да не им се перчина есента, зимата и пролетта. Ете само тоа.*

Знаете што најмногу ми се допаѓа кај годишниот одмор? Тоа што  кога ќе се распостеле пред тебе со сите оние месеци, денови и недели, ти се чини дека си застанал пред една бесконечност од виножита, неразделни книги, кошаркарски средби огнометни тркалишта ... една супер уживанција.

Затоа кога јас одам на летување сакам да сум како Гуливер. Да, оној вистинскиот Гуливер на Џонатан Свифт. Сакам да доживеам необични нешта. Не само да и рипам на водата како рипнат, па да им влеувам на брановите шлаканици како влешнат, а рибите да ги вадам од паметкога ќе нуркам во оваа своја ужас фаца како рибнат.

Тоа е затоа што сакам да имам што да им кажам на своите другари кога ќе се вратам од одмор. Нели само еднаш се оди на годишен одмор. Само еднаш кога имаш дванаесет години.

И така, ви велам јас, ова лето беше најубавото лето во мојот живот.

Бев на море. Како се вика морето? Не знам. Кога раскажував што сѐ ми случило на неговите плажи, тие што ме слушаа сето време повторуваа:

-Ајде море!

*Значи ќе да го има тоа чудно име: Ајде море. Не сум баш сигурен, а ма ете ќе гонаречам така – Ајде море.*

Рибите во тоа море се малку многу фантастични. Оние пољубопитните пливаат на местакаде што можат да бидат уловени од некој рибар. Затоа тие со себе си носат масло за пржење. Ете, по цена на сопствениот живот, и тие сакаат да одат на годишен одмор, да видаткако е на суво кај луѓето. Па дури и да ѕирнат во нивните кујни и тави за пржење. Храбри некои риби.

Меѓу другите суштества во тоа море има и тетовирани риби.Тие се модерни рипки. НЕкои од нив си имаат истетовирано по телото и цели реченици. На пример овие:

**-Јас ни случајно не сум за јадење!**

**-Уловете некоја друга, јас имам големо и сиромашно семејство!**

**-Зеленчукот и овошјето се поарни за здравјето од рибите! Жими ми мајка!**

И други.

Во водите на Ајде Море има и училишта за риби. Ви нив малите рипки учат како да станат големи риби, затоа што судбината на малите риби во сите морињa е иста. Редовно да бидат храна за големите риби.

Затоа еден ден во тоа море сите риби ќе бидат големи. И ќе престанат да се јадат меѓусебе. Но што ли ќе јадат тогаш? Конзерви со риби, сардини?! Па и нив ќе мора некој да ги улови. Не знам што ќе јадат. Ова е сериозен проблем и затоа ветувам дека ќе ги истражам докрај сите морињa на светот. Затоа ги молам надлеќните да ми овозможат секој мој годишен одмор да трае една година.

Благодарам.

**Ванчо Полазаревски**



**Изразување и творење**

## ПРЕРАСКАЖУВАЊЕТО И РАСКАЖУВАЊЕТО КАКО ФОРМИ НА УСНО ИЗРАЗУВАЊЕ[3]

### 1. Прераскажување

Прераскажувањето претставува репродукција на литературно уметнички текст, филм, тетарска претстава, дијафилм, телевизиска емисија и сл., или повторување на фабулата што сме ја прочитале или слушнале. Прераскажувањето е еден од најпопуларните облици на усно изразување во одделенската настава.

Секое прераскажување има цел и програмско насочување.
Уметничкиот прозен текст или епска песна се прераскажуваат по извршената анализа кога се создадени услови за нивно посистематско, посигурно и поквалитетно изложување на содржината.

Лирската песна никогаш не се прераскажува. Првенствено таа се доживува, а потоа и анализира.

Во одделенска настава учениците најмногу сакаат да прераскажуваат текстови кои се блиски до нивните доживувања, кои немаат многу непознати зборови, кои се јасни и оптимални по својата должина. Потешко ги прераскажуваат текстовите со дијалози и описи.

Уште во I одделение на основното училиште неопходно е учениците да ги воведуваме во вештината на прераскажување која упатува на следново:

– ученикот не треба да биде со мислите пред говорот;

–– потребно е правилно да го насочиме ученикот како да ги селектира фактите т.е. да го диференцира главното од споредното и што е најважно, изложувањето на фактите да се одвива по одреден редослед;

–– да се развие способност за адекватно и квалитетно изразување;

–– при прераскажувањето да не се прескокнува, туку да се прераскажува по ред, дел по дел, хронолошки;

---

[3] ВОСПИТАНИЕ бр.12 / 2012/2013, УДК 373.3.091.33-028.16, Стручен труд, асис. м-р Ирена Китанова Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Факултет за образовни науки

–– во текот на прераскажувањето ученикот може нешто и да менува, да додава со што постапно се преоѓа на таканареченото творечко прераскажување. Притоа за секое прераскажување (усно или писмено) мора да се почитува колективен/заеднички или индивидуален план, кој однапред е изработен.

Во наставната практика се применуваат следниве форми на прераскажување:

**Буквално прераскажување**

Овој вид прераскажување нема творечки карактер. Настаните, случките се изложуваат механички и онака како што се подредени во текстот. За ова прераскажување најсоодветни се кратките текстови и тие повеќе се корисни како вежби за меморирање и култивирање на говорот.

**Слободно прераскажување**

Со ова прераскажување ученикот внесува промени во изворниот текст. Во текот на прераскажувањето ученикот внесува сопствена логика, го менува дејството, деталите, ситуациите и постапките на ликовите. На тој начин доаѓа до промена на формата, а помалку или повеќе содржината останува иста.

**Прераскажување со проширување на текстот**

При ова прераскажување учениците имаат слобода да го прошируваат текстот со додавање нови епизоди, ликови и подробности. Тука нивната творечка фантазија доаѓа до потполн израз, при што фабулата на текстот/приказната може да се измени до тој степен што понекогаш таа го губи своето првично и автентично значење.

**Опширно прераскажување**

Опширно прераскажување е кога ученикот изложува сè, и битно и небитно, кога ги реди случките и деталите опширно. Тоа ученикот го чини врз основа на доброто паметење без да вложи особен творечки напор.

**Скратено прераскажување**

Ова прераскажување е мошне сложено и тешко, бидејќи бара скратување на содржината на текстот. За да се успее во тоа потребно е најпрво текстот добро да се анализира и проучи, а потоа да се пристапи кон издвојување на суштинските елементи од содржината. Добро е ова

прераскажување да се работи по план кој може да нè насочи на она што е главно или суштинско.

**Прераскажување со одговор на прашања**

Според редоследот на случките, наставникот ги формулира прашањата и преку нив се развива и следи фабулата на текстот. Прашањата може да се напишат на таблата и според нив учениците прераскажуваат. Обично овој вид на прераскажување се применува за учениците од I одделение. Со текот на времето во II, III и IV одделение учениците се ослободуваат од прашањата и пристапуваат кон самостојно прераскажување.

**Информативно прераскажување**

Ова прераскажување има за цел да го извести/информира слушателот или читателот за битните елементи на некоја содржина. Информацијата се однесува за некој филм, прочитана книга, театарска претстава, натпревари др. Ова прераскажување е кратко, јасно, објективно, сликовито и убедливо со што ученикот се мотивира за одредена активност.

**Прераскажување по аналогија**

Откако ќе го прочита текстот (приказна, расказ) по пат на аналогија, фантазија и асоцијација ученикот може да формира друг текст сличен на изворниот. Важно е првичниот текст ученикот да го комбинира со вистински и измислени доживувања и притоа да се сочува матрицата на неговата изворност. Овој вид на прераскажување е прилично тежок, бидејќи од ученикот бара поголема зрелост и творечка способност.

**Прераскажување со промена на граматичкото лице**

Ова прераскажување е творечко. При промената на граматичкото лице пр.: трето лице во прво лице прераскажувањето станува поживо и понепосредно.

**Прераскажување со промена на местото**

Во текот на прераскажувањето на текстот ученикот го менува местото на ликот/јунакот или раскажувачот. На пример, ако јунакот е негативен, во текот на прераскажувањето ученикот ја менува неговата етичка позиција со корекција и дополнување на некои негови постапки во одредени ситуации. Но претходно овој вид на прераскажување бара солидна анализа на текстот.

### Прераскажување со промена на крајот од содржината

При промената на крајот од содржината на одреден текст важно е основата на текстот да не изгуби во смисла и квалитет. Крајот задолжително треба да одговара на природата на изворниот текст. Ова прераскажување е творечко и од ученикот бара фантазија и максимална мисловна ангажираност.

### Прераскажување на содржината во целост

Во текот на ова прераскажување ученикот треба да внимава да не се наруши основната логичка и структурална вредност на текстот.

### Прераскажување на содржината по делови

Се прераскажуваат пошироки тематски целини, епизоди и делови по избор на ученикот или по избор на наставникот. За прераскажување се избираат најинтересни и највозбудливи делови со своевидно емотивно и етичко значење.

### Флексибилно прераскажување

Под флексибилно прераскажување подразбираме честа промена на темпото, интонацијата и способноста на нараторот од содржината да го избере она што е најсилно и највозбудливо за да може што поимпресивно и поубедливо да делува на слушателот/читателот. Одделни возбудливи епизоди од текстот ученикот треба да ги прераскажува поопширно и посилно, а помалку возбудливите ги прераскажува едноставно и природно.

## 2. Раскажување и видови раскажување

Раскажувањето претставува репродукција на содржината на некое доживување, случка или нешто измислено. Без оглед дали е вистинско или измислено раскажувањето е творечка форма на усно изразување.

Во текот на раскажувањето до полн израз доаѓа субјективниот поглед на ученикот. Инаку, поттик за раскажување секогаш е некое доживување, случка, некој предмет, слика, појава или она што е околу нас и во нас – во светот на детската фантазија. Обично прво се раскажува доживувањето, а потоа и случката. Раскажувањето треба да биде целосно, да има почеток, средина и крај. Како и прераскажувањето и раскажувањето може да биде усно или писмено, без план и со колективен/заеднички и индивидуален план. Во текот на раскажувањето во фантазијата на ученикот се создаваат содржината, композицијата, ликовите и ситуациите.

Личните доживувања,
случки и ставови ученикот ги изложува слободно, емоционално и сликовито. Раскажувањето бара самостојност, креативност и фантазија

**Видови раскажувања**

**Раскажување на доживување и случки**

Личното доживување и случка се омилена и интересна тема за раскажување на учениците. Во I одделение тие раскажуваат спонтано, неорганизирано, но со време се воспоставува соодветен ред. Затоа со учениците треба да се работи стрпливо и да им се даде доволно време со помош на фантазијата да оживеат некое доживување или случка.

Доживувањата можат да бидат заеднички (излети, патувања, училишни свечености и др.) и индивидуални. Раскажувањето не смее да личи на известување, ниту да биде гола и сувопарна репродукција на фактите. Основната цел при изложувањето на случките и настаните е ученикот да применува раскажување со интересни слики, со богата говорна и јазична култура.

**Раскажување со фантазија**

Ова раскажување силно влијае за развивање на детската фантазија. Обично темите се земаат од обичниот живот кои се помеѓу реалноста и фантазијата. Бидејќи спаѓа во повисоките форми на раскажување учениците ги воведуваме постапно и систематски.

**Раскажување под влијание на уметнички текст**

Прочитана сказна или научно-фантастичен расказ можат да бидат силен поттик за раскажување. Поетските и фантастични текстови нудат можност за разновидни форми на раскажување. Притоа, поттик за раскажување може да биде: поетска слика, стих, поетска мисла, постапки на ликовите, необична ситуација и др.

**Хумористичко раскажување**

Хуморот, смеата, шегата и ведрината се особено важни за учениците во одделенската настава. Една од приоритетните задачи на наставниците е постапно да ги оспособуваат учениците при читањето на уметнички текст да го откриваат смешното и да умеат да го репродуцираат на вистински начин.

**Раскажување по низа од слики**

Низата или серија од слики/цртежи треба да прикажува целосен настан со сите елементи на расказ/приказна. Основно барање е сликите да имаат солидна естетска вредност. При раскажувањето наставникот ги

открива сликите постапно, една по една или ги изложува сите одеднаш и ја раскажува приказната/расказот. Праксата покажува дека првиот начин повеќе ги мотивира учениците и побудува поголема љубопитност.

**Раскажувањето по низа од слики може да се одвива по овој редослед:**

–– мотивација;

–– најавување на наставната содржина;

–– разговор за содржината на сликите/цртежите;

–– составување на заеднички план;

–– насочување на учениците на задачите за пишување (содржината, редоследот на случките/настаните, уредност, стилот на изразување и сл.);

–– самостојно раскажување на учениците;

–– читање, коментирање на ученичките работи.

**Раскажување според слика со целосен настан**

Првото и основно барање за овој вид раскажување е да се избере добра уметничка слика, фотографија или изработен цртеж од наставникот. Сликата треба да содржи доволно елементи за приказна со одредена содржина и динамика. Обично сликата треба да претставува репродукција на настан од детскиот живот. Ова раскажување кореспондира со опишувањето. Но проблемот е во тоа што за да се разбере содржината на сликата неопходно е да поставуваме прашања со кои ќе се динамизираат и оживеат статичките мотиви.

Наставникот го подготвува/смислува почетокот на приказната кој треба да биде интересен и инспиративен за учениците. Учениците ја продолжуваат приказната и целосно ја осмислуваат според својата творечка фантазија. На крајот од часот се итаат/коментираат работите и критички се коментираат и проценуваат.

### Раскажување со дијалог

Во текот на раскажувањето нараторот ги поставува ликовите во ситуација на дијалог. Оваа форма на раскажување е мошне сложена и се применува постапно.

### Раскажување со музика

Добро е раскажувањето почесто да биде придружено со музика, зашто таа е еден вид подвижник на фантазијата, создава расположба и ја поттикнува имагинацијата кај учениците. Во наставната пракса се слуша музика по избор на учениците или по избор на наставникот. Раскажувањето може да се одвива паралелно со музичкиот запис или по неговото слушање, сè додека учениците не се оспособат за тој вид раскажување.

### Раскажување по скратена фабула

На учениците им се нуди скратена фабула врз основа на која тие развиваат целосна приказна со сите детали, ситуации, ликови. Едноставно, на тој начин учениците ја прошируваат приказната.

### Раскажување по наслов/слободно раскажување

Со формулираниот наслов наставникот ја одредува темата и им допушта на учениците да раскажуваат слободно и самостојно. Овде учениците имаат можност сами да ги сочинуваат и креираат елементите на формата и содржината и, на тој начин, творечки да раскажуваат.

**Една од главните задачи на наставата по Македонски јазик, е оспособување на учениците за независно читање, доживување и разбирање, за разноврсно толкување и оценување на литературни и уметнички дела од различни жанрови.**

**За да се изврши задачата за запознавање, читање и толкување на уметнички, научно-популарни и информативни текстови и да се пристапи кон критичко оценување на прочитаниот текст, треба да се тргне од нивните жанровски особености.**

Во наставната програма за петто одделение од основното деветгодишно образование се предвидува обработка на текстови со уметничка и научно-популарна содржина. На ниво на интерпретација на текст, во програмата се предвидува усвојување на воспитно-образовни вредности кои ги има еден научно-популарен текст. Најнапред да спомнеме нешто за научните, наспроти научно-популарните текстови. Научните текстови се насочени кон презентирање на научни факти, популарна наука и популаризирање на науката, личности и

дела на научници. Научниот дискурс е фокусиран на јасност и точност на презентацијата и е лишен од субјективна емоционалност. Основните стилски карактеристики во научните текстови се сведени на точна и јасна презентација на материјата. Се забележува отсуство на емотивна презентација и фокус на логиката и рационалноста. Додека пак за разлика од нив во научно-популарните текстови наместо механичко пренесување на фактите, преовладува дискурс што е поразбирлив за читателот или слушателот. Научно-популарниот текст се карактеризира со емоционалност, инсистирајќи на емоционалната страна на презентацијата. Наместо научна сувост во експозицијата, авторот на научно- популарниот текст посегнува по метафора, метонимија и други изразни средства, широко присутни во уметничките дела.

Наставната интерпретација на одредени видови научни текстови и научно-популарни текстови произлегува од анализата на нивните вербални, синтаксички и семантички аспекти. Започнува од методичката обработка на јазичните елементи кои се дел од нивниот состав. Учениците се оспособуваат да ги воочат непознатите и помалку познатите зборови во текстот и да го прашаат наставникот за нивно објаснување како би го разбрале што подобро значењето на текстот. Водени со прашањата на наставникот, учениците се оспособуваат ја откријат тематско-идејната основа на текстот (за што се говори во текстот) зависно од индивидуалните способности. Во текот на обработката на научно-популарните текстови учениците стекнуваат први литерарно-естетски искуства и формираат свои ставови за содржината што ја читаат или ја слушаат.

При оспособувавањето на учениците да ги разбираат литературните текстови со уметничка содржина, научно-популарните, информативни текстови од списанијата за деца, енциклопедиите и слично, важно е да се настојува учениците да се оспособуваат за самостојно одредување на структурата на содржината (планот на текстот), главните и споредните ликови, нивните карактеристики и описите; исто така да ги воочат настаните, просторните и временските односи и битните поединости во описите на суштествата и природата.

Текстовите се користат за усовршување на читањето, пишувањето и воведувањето на учениците во основните поими на книжевноста, во рамки на тоа учениците се поттикнуваат на усно и писмено прераскажување на обработените текстови.

Преку прераскажувањето, учениците со свои зборови, верно ја прераскажуваат содржината на текстот кој го слушале или прочитале. Успехот на раскажувањето зависи од изборот на текстот, како и од подготвувањето на учениците за оваа активност. Може да се прераскажуваат голем број на литературни и научно-популарни текстови но во раскажувањето не треба да се избираат премногу кратки, ниту премногу долги текстови. Ако се премногу кратки, учениците ќе ги научат напамет и скоро буквално ќе ги прераскажат. Ако се премногу долги, учениците ќе се изгубат за време на прераскажувањето ќе ја изгубат логичката нишка и смисла на формално-јазичната страна. Затоа погодни се оние текстови кои се одликуваат со конкретна и

интересна содржина, кои имаат јасна структура, напишана на разбирлив јазик и едноставни реченици.

За прераскажувањето да не се сведе на обична репродукција учениците треба добро да се подготват. Неподготвени за прераскажување, учениците обично опширно го цитираат почетокот на текстот и верен на оригиналот, и сѐ што следи е лошо и површно. Ова се случува кога, поради лошата подготовка, учениците не ја разбираат содржината на текстот што го прераскажуваат (или некои делови од него), или немале доволно време да ги запомнат најважните податоци и да ја воочат композицијата на текстот па им недостасуваат зборови, мисли и реченици.

Со читање на голем број на литературни и научно-популарни, информативни и друг вид на текстови учениците се здобуваат со многу знаења. Во наставата по други предмети и во животот воопшто, во училиште и во секојдневниот живот, учениците честопати се во ситуација да прераскажуваат текстови, кои ги прочитале или преслушале. Способноста да ги прераскажуваат туѓите текстови претставува важен фактор во развојот на комуникацијата и разбирањето меѓу луѓето. Затоа низ содржините на програмата се сугерира систематско и постапно оспособување на учениците за прераскажување на текстови кои имаат уметничка и научно-популарна содржина.

При организирање на прераскажување на научно-популарен текст, наставникот мора да знае дека возрасните имаат различна стратегија за земање податоци отколку што имаат децата. Возрасните ги прифаќаат текстови во целина, т.е. глобално (од средината на концептната мапа, кон нејзините рабови). Меѓутоа учениците тоа го прават тоа парцијално, тие повеќе ги гледаат деловите (од работ на концептната мапа кон нејзиниот центар). Пофункционална е целовитата стратегија на прифаќање на текстот.

Затоа со цел да ги насочи учениците да ги забележат клучните поими откако ќе го прочитаат текстот, наставникот ќе праша: За што станува збор во првиот дел?, а потоа следното: Што вели авторот за тоа? На овој начин, наставникот му помага на ученикот да развие способност за функционално прифаќање текстот, на тој начин ги охрабрува учениците да ги преземат следните чекори:

1. Читање на целиот текст и откако ќе го прочитаат разговор за темата на текстот: За што станува збор во текстот, за што се зборува?

2. Читање на деловите и одговарање на прашањата: За што/кого се однесува овој дел?

3. Внесување на податоци во т.н. појмовна, идејна или мисловна мапа и

4. Прераскажување на слушнатото или прочитаното со помош на мисловна/појмовна мапа.

**Предлози за работа**

Читање и анализа на научно-популарен текст за природен феномен

Цели:

- да се запознаат со основните карактеристики на научно-популарни текстови,
- да ја развиваат вештината за читање на не-уметнички текст,
- да умеат да прибираат информации од даден текст (тема, поими, важни податоци)

Активности на учениците:

- дискутираат за Сончевиот систем врз основа на сликата,



- наведуваат што знаат за Сонцето и што би сакале да знаат (Табела З/ С/ Н),

| Знам | Сакам да знам | Научив |
|---|---|---|
| | | |

Следат насоки за работа:

- прочитајте го текстот тивко, обрнувајќи внимание на новите податоци и непознатите зборови,

- поделете го текстот на помали целини,

- дискутирајте за секоја целина на текстот,

- одговараат на прашања во врска со текстот,

- внесете во табелата З/ С/ Н кои нови податоци ги дознавте за Сонцето.

Сончев систем

До пред неколку години бевме убедени дека нашиот Сончев систем има 9 планети и тоа: Меркур, Венера, Земја, Марс, Јупитер, Сатурн, *Уран, Нептун и Плутон. При тоа, Меркур е најблиската планета до Сонцето (оддалечена околу 60 милиони км), а Плутон се сметаше за најдалечна планета (оддалечена од 5-6 милијарди км). Меѓутоа, во 2005 година астрономите открија нова „10-та“ планета слична, дури и* поголема од Плутон, нарекувајќи ја Ерис. Само 2 месеци подоцна се откри уште една мала „планета“ која го доби името Макемаке. Овие две „нови планети“ се далеку зад орбитата на Нептун, заради што беа наречени транснептунски објекти. Наеднаш се постави прашањето дали тие навистина треба да припаѓаат во групата планети или не. Затоа на конференцијата на Меѓународната астрономска унија во 2006 година, за прв пат беше поставена дефиниција за тоа што претставува планета. Според оваа дефиниција, ниту новооткриените планетоидни објекти, ниту Плутон не ги исполнуваат критериумите за планети и се ставени во посебна група на џуџести планети или протопланети.

Според тоа, нашиот Сончев систем **има 8 планети**. Од нив, Меркур, Венера, Земја и Марс се сметаат за внатрешни или таканаречени планети од земјин тип, додека Јупитер, Сатурн, Уран и Нептун се наречени надворешни планети или планети од јупитеров тип, познати и како џиновски планети. Помеѓу двата типа планети се наоѓа астероидниот појас, со неколку милиони помали и поголеми астероиди.
Во групата пак на џуџести планети или протопланети за сега се 5 објекти:

- Церес
- Плутон
- Макемаке
- Хаумеа
- Ерис

Покрај наведените џуџести планети, уште два кандидати го „чекаат“ тој статус: Седна и Квfaоар.

**Седна** е откриена во 2003 година и се уште малку се знае за неа. Има пречник од околу 1000 км и е на огромно растојание од Сонцето. Се смета за најдалечен, а можеби и најстуден планетоиден објект во нашиот Сончев систем, воопшто до сега виден со телескоп.
**Кваоар** е откриен на 4 јуни 2002 година и претставува претежно карпест објект со голема густина и многу ниска температура (сличен на сателитите на Нептун).

Иако во последно време вниманието е насочено кон планетите во другите ѕвездени системи, астрономите очекуваат и во длабочините на нашиот Сончев систем да откријат објекти кои би имале карактеристики на џуџести планети, па можеби дури и некој изненадувачки интересен објект. Инаку, со денешната вселенска технологија, па и онаа која ќе биде на располагање во

блиската иднина, мисија или лет до било која транснептунска планета би траел со десетици години. Тоа и не е толку лошо со оглед што до најблиските планети на соседните ѕвездени системи, би биле потребни стотици илјади години.

**Прашања:**

Од колку планети се состои нашиот Сончев систем?

Која планета е најоддалечена од Сонцето?

Која планета е најблиска до Сонцето?

Кои планети се наречени надворешни планети, познати и како џиновски планети?

Наброј ги џуџестите планети?

**Наставна единица:** Прераскажување на научно-популарен текст

Цели:

- да прераскажуваат со целосни, јасни и логично поврзани реченици,
- да се придржуваат до содржинската структура на научно-популарниот текст,

Резултати:

- прераскажуваат со целосни, јасни и логично поврзани реченици,
- се придржуваат до содржинската структура на научно-популарниот текст,

**Вовед**

Во воведниот дел на часот со помош на техниката „Триаголници“ наставникот ги потсетува учениците за текстот кој претходно го обработувале.

Учениците одговараат на 4 прашања (4 триаголници) во врска со текстот.

1. Што дозна на почетокот од текстот?
2. Што откри во текот на читањето?

3. Кои прашања си ги поставуваше додека читаше?
4. Што претпоставуваш дека ќе се случи во блиска иднина?

**Главен дел**

Одговорите на прашањата од техниката „Триаголници“ ќе им послужат на учениците како план по кој писмено ќе го прераскажуваат научно-популарниот текст.

**Завршен дел**

Откако писмено ќе го прераскажат текстот, учениците го читаат пред своите другарчиња и наставничката/наставникот.

За домашна работа

Да пронајдат и прочитаат (списанија енциклопедии, интернет страни и ...) нови податоци за за сонцето и сончевиот систем. Новите сознанија да ги споредат со оние кои веќе ги знаат.

**Наставна единица:** Раскажување по даден почеток

Цели:

- да раскажува по даден почеток;
- да осмисли главен и завршен дел на расказ по даден почеток;
- да раскажува според редоследот на настаните.

Резултати:

- раскажува по даден почеток со композициски точна структура.

**Предлози за работа**

***Предлог бр 1***

**Вовед:**

На самиот почеток со помош на техниката грозд учениците наведуваат се што го знаат во врска со поимот вселена и преку асоцијација го развиваат понатаму: планети, космонаути и ...

**Главен дел**

Наставникот/чката им објаснува на учениците дека ќе добијат можност да раскажат текст во врска со вселената во кој тие ќе бидат во улога на писатели и ќе го креираат главниот и

завршен дел. Наставникот/чката ќе им го прочита воведниот дел од текстот а тие продолжуваат понатака.

<u>Мите во вселената</u>

Една приквечерина, изморен од целодневното играње со другарчињата, Мите седна да разгледува една книга од сестра му Ана. Книгата беше полна со сликички на кои имаше прикажано планети, летала, космонаути.

Пред да го продолжат раскажувањето наставникот/чката им укажува на учениците сами да ја одредат содржината. Таа може да биде авантуристичка, хумористична, со додавање на нови ликови и дејства. При тоа да внимаваат да не го менуваат глаголското време, да се изразуваат со целосни и јасни реченици, да внимаваат на правописните правила и сл.

**Завршен дел**

Учениците работат во тандеми. Секој ученик добива задача да го прочита пред другарчето главниот дел од расказот а тој да препостави каков крај ќе има разказот. Потоа претпоставката се потврдува или отфрла со понатамошно читање.

***Предлог бр 2***

**Вовед:**

На почетокот со помош на играта „Асоцијации" учениците се воведуваат во темата. Таа се состои од три колони со по три поими чие откривање води до конечното решение.

Колона 1 се состои од: слушалка, разговор, мобилен = телефон

Колона 2 се состои од: кутија, лозинка, интернет = компјутер } КОМУНИКАЦИЈА

Колона 3 се состои од: писмо, пакет, пратка = пошта

**Главен дел**

Наставникот/чката им кажува на учениците внимателно да слушаат додека тој/таа чита.

<u>Телефон</u>

Кај Јожек дојде Јовица. Се заиграа, но јовица одненадеж го забелеѓа телефонот во собата.

- Блазе си ти Јожек, имаш телефон!

Апаратот црн како ласнат чевел, се наоѓа на масата од татко му и молчи.

- Тоа не е ништо, вели Јожек. – Телефон како телефон. Цигули-мигули! Кажи ми - да ти кажам.
- А знаеш ли да телефонираш? – се интересираше Јовица
- Их, ништо полесно! Вртиш бројки! Некој ќе се јави, а ти нешто ќе му кажеш.

Јовица разбираше, но не сосема.

- А што кажуваш на пример?
- Било што – вели Јожек. – На пример, можеш да се шегуваш!

Тоа беше чудно и примамливо. Јовица восхитено гледаше како Јожек приоѓа кон црниот апарат, ја крева слушалката и почнува да го врти бројчаникот.

*Данко Облак*

Што забележувате? ... Ваша задача е да размислите со кого бил воден разговорот и како тој треба да продолжи.

Потоа учениците размислуваат како да го продолжат расказот. Тоа може да е разговор со другар, сосед, тренер, родител и сл.

**Завршен дел**

Учениците ги читаат своите состави. Доколку дозволува времето може и да драматизираат.

**Наставна единица:** Писмено прераскажување на обработен текст со менување на крајот на текстот

Цели:

- да прераскажува со запазување на редоследот на настаните;
- да прераскажува содржина од обработен текст со менување на крајот на текстот;
- да ја користи фантазијата каде крајот треба да одговара на природата на изворниот текст;

Резултати:

- прераскажува со запазување на редоследот на настаните;
- прераскажува содржина од обработен текст со менување на крајот на текстот;
- ја користи фантазијата, креира крај кој одговара на природата на изворниот текст.

**Вовед:**

На самиот почеток учениците се потсетуваат за тоа што го знаат во врска со расаказ кој го работеле на еден од претходните часови. Тоа може да е басна, приказна, драмски текст или расказ кој им оставил најголем впечаток.

**Главен дел:**

Откако ќе направат избор, односно ќе определат кој текст ќе пререаскажуваат, учениците се потсетуваат на пораката од текстот, главните ликови и настани. Тоа ќе им биде основа за успешно да го прераскажат текстот со задача да направат пресврт и да го изменат крајот.

**Завршен дел:**

Учениците ги читаат своите состави пред останатите во одделението.

**Предлог текстови**

Девојчето со кибритчиња

Таа година зимата беше многу остра. Во текот на последната ноќ од старата година провејуваше снег. Иако беше мошне студено и темно, едно кутро девојче сè уште талкаше по улиците. Беше боса и без капче на главата. Кога излезе од дома беше обуена во папучите на мајка си, кои беа преголеми за неа, па ги изгуби претрчувајќи ја улицата помеѓу две кочии. Едната папуча ја изгуби, а другата ја однесе едно момче, кое од папучата направи лулка за својата кукла.

Иако беше босо, девојчето продолжи да чекори по снегот. Нозете и беа помодрени од студ. Во раката стискаше кибритчиња, а кибритчиња имаше и во искинатото фустанче. Цел божји ден никој не купи ниту едно кибритче, ниту пак некој и даде пари. Гладно и премрзнато, девојчето продолжи да оди.

Снегулките паѓаа по нејзината долга руса коса, која во убави локни се спушташе по нејзиниот врат. Таа немаше време да размислува за убавината, ниту за студеното време, зашто прозорците беа осветлени, а мирисот на печена мисирка се ширеше во воздухот. Новогодишна ноќ беше во полн ек и на девојчето само тоа му беше на ум.

Седна и се стутка во еден агол, но залудно. Не можеше да си ги стопли ножињата. Дома не смееше да си оди. Сè уште немаше продадено ниту едно кибритче, а во џебот немаше ни скршена пара. Нејзиниот татко ќе ја натепаше поради тоа, но и дома беше студено исто како надвор. Девојчето живееше во таванска соба, па и покрај тоа што најголемите дупки на покривот беа затнати со слама и со крпи, ветрот и понатаму фучеше и се провираше низ дупките, исто како да се на отворено.

Прстињата и беа вкочанети од студ. Можеби ќе може малку да ги стопли кога само би смеела да запали едно кибритче. Извади едно и го кресна од ѕидот. Ох, колку топол и сјаен бил пламенот! На девојчето му се пристори дека седи покрај голема железна печка во која огнот

весело поигрува. Девојчето ги испружи и ножињата за да ги стопли и нив, но огнот изгасна. Печката исчезна, а измрзнатото девојче седеше само покрај студениот ѕид.

Запали уште едно кибритче. Сега и се стори како да седи под прекрасна божиќна елка, поголема и пораскошно накитена од сите што скришум ги имаше видено низ подотворените врати на богатите трговски куќи. Илјадници свеќи светеа од гранките, а малите шарени фигурки, кои порано ги гледаше во излозите, ја гледаа од елката. Девојчето ги испружи рацете кон нив, но кибритчето изгасна. Свеќите на елките и понатаму гореа, се посјајно, исто како ѕвездите на небото. Потоа една ѕвезда почна да паѓа оставајќи зад себе огнена трага.

– Некој умира – рече девојчето. Нејзината покојна баба, единствениот човек на светот што беше добар со неа, еднаш и кажа дека кога паѓа ѕвезда, некоја душа заминува при Бога. Девојчето запали уште едно кибритче. Во пламенот јасно го виде лицето на нејзината стара баба, секогаш нежна и мила.

– Бабичке! – извика девојчето. – Земи ме со тебе! Знам дека ќе ме оставиш кога ќе догори кибритчето. Ќе исчезнеш како и онаа железна печка, вкусната печена мисирка и преубавата божиќна елка!

За да го задржи лицето на баба си пред себе, девојчето побрза да ги запали преостанатите кибритчиња. Кибритчињата гореа како сјајно сонце. Нејзината баба никогаш порано не била толку убава и толку висока. Го зеде девојчето во прегратка и заедно летнаа, восхитени и среќни, високо, се повисоко, далеку од студенилото, гладот и стравот, право кон Бога. Девојчето го пронајдоа рано наутро, стуткано покрај ѕидот, со зарумени обравчиња и со насмевка на лицето. Умре од студ последната ноќ од старата година. Новогодишното сонце го озари малечкото тело на девојчето, кое седеше со догорените кибритчиња.

– Сакала да се стопли – зборуваа луѓето, но никој не знаеше какви убави нешта виде девојчето, ниту во каква радост таа и нејзината баба ја дочекаа Новата година.

*Ханс Кристијан Андересен (Данска)*

Кифа Кејзана

Мајка ми се одмараше по ручекот, сестрите се играа некаде на улицата, а јас морав да останам дома и да го приготвам вечерниот чај.

Налеав вода во чајникот и штотуку се упатив кон кујната, кога ми се причини како да просени нешто низ нашата куќа. И навистина: на терастата стоеше момче сето во партали. Го повикав:

- Еј, ти, што работиш тука? Ајде покажи се да видам кој си?

Тоа ме погледна со уплав и помислив да не сум рекла нешто невкусно, затоа побрзав:

- Како се викаш?
- Кифа ... Кифа Кејзана! – одговори, а јас се сетив на чајникот што го држев во рацете и побрзав во кујната.
- Еј, Кифа Кејзана, сакаш ли да дојдеш да ми помогнеш да го ставам на оган? – го повикав.
- Каде живееш, во која куќа Кифа Кејзана?
- Немам куќа! – ми одговори со сосем тивок глас.
- А кеде живеат татко ти и мајка ти?
- Немам ниту татко, ниту мајка. Тие ...- гласот му замре.

Водата во чајникот зовре.

- Причекај малку, Кејзана, одам да ставам чај во чајникот.

Забележав како жедно гледа во чајникот и му реков дека ќе го повикам на чај штом ќе биде готов. Сонцето веќе се спушташе кон запад и јас помислив дека е попријатно чајот да го пиеме во дворот. Донесов рогозина, ја распослав под дрвото и кога сè беше подготвено, тргнав да ја повикам мајка ми.

- Можеби ќе биде подобро да не доаѓам таму? – ми рече срамежливо кога се вратив.
- А зошто? – го прашав и погледнав таму каде што гледаше тој, кон далечниот агол од нашата куќа од каде што се појавија моите три сестри. – Не обрнувај внимание, тоа се моите сестрички.

Тој се доближи и седна на пет чекори подалеку од нас. Сите се свтеа кон него и јас побрзав да им објаснам дека тоа е Кифа Кејзана и дека нема родители.

- А од која шоља ќе пие?- шепна Нора.
- Од шољата на Џулиета!- одговори Мери гледајќи го во парталите. Џулиета беше нашата мачка.
- Нора, појди да донесеш една шоља за гостинов!- рече мајка ми.
- Да, шоља за гостинот! – се придружив и јас.

Во тој миг се појави мојот помал брат Емануел на кого веќе бевме заборавиле.

- Каков парталко ми седнал тука? Чисти се оттука, додека не сум те треснал со камен по главата! – му рече тој.

Сите намутени погледнавме, но пред да успееме било што да изговориме, Кифа Кејзана скокна на нозе и побегна во грмушките што растеа околу нашата куќа, веднаш зад кујната. Моите малечки сестри се стрчаа по него и го викаа да се врати и да си го испие чајот.

- Кифа ... Кифа... Кифааа... – долго се растегнуваше гласот низ банановата шума над пустите полјанки и падини.
  Никогаш повеќе не го видовме Кифа Кејзана.

*Виолета Коканда*

**Анализа на писмени вежби**

**Вовед**

Секоја писмена вежба треба темелно да се разгледа и да се коригира. Редовното и совесно разгледување, корекција и вреднување на писмените состави на учениците има голема воспитна и образовна вредност. Учениците ќе работат многу понапорно кога знаат дека нивната работа ќе биде прегледана и оценувана. Секоја писмена вежба и секоја исправка ја охрабрува и развива писменоста на учениците и нивната култура на изразување.

1. Поправка на писмените вежби

Во писмените вежби/состави се сумираат сите области од култура на говорот и писменоста:

• јазична;

• стилска;

• совладување на правописот и

• композиција на составот.

Писмените состави го покажуваат и талентот на учениците, бидејќи секој писмен состав е негова лична креација.

Ги разликуваме следните видови писмени состави: **раскажување** ( за учество или сведоштво, поттикнато од слика, со даден почеток, поттикнато од книга, филм и сл.); **прераскажување** (верно, концизно, проширено, репродуктивно, креативно, со промена на гледиштето); **опишување** (со директно набудување, со чувство, со помош на имагинација, репродуктивно, продуктивно, динамично, статичко); **известување** (писмо, запис, потсетник, вест, напис, извештај, репортажа, барања, поплаки); **дискусија** (докажување и оспорување на тезата, критика, морална, естетска проценка).

Писмените состави треба да се корегираат веднаш по пишувањето. На почетокот, учениците се најмногу заинтересирани за резултатите од нивната работа, нивните впечатоци сеуште се свежи, тие се мотивирани да дискутираат повеќе за тоа, се сеќаваат на своите мисли и реченици што добро ги напишале. Нивната активност сеуште се чувствува при доживување на

темата и целиот креативен чин, тие уште се во атмосферата на претходната вежба и треба да се искористи овој ентузијазам. При поправка и оценување на писмените состави на учениците треба да се обезбеди континуитет во секое поглавје од пишувањето. Тоа е потребно поради тоа што дава можност за споредување на составот, неговите вредности, да се забележат разлики и сличности, пренасочувања, заеднички и индивидуални грешки итн.

## 1. Создавање објективни критериуми за оценување на писмените состави на учениците во наставата по мајчин јазик

Постојат неколку критериуми за вреднување на работата на учениците при пишување на писмените вежби. Според едни треба да се утврдат елементите на писмениот состав и да се одреди бројот на поени за секоја од нив. (Марко Стевановиќ, 1982). Подоцна тие се претвораат во оценки, како што следува во примерот:

1. Содржина 1-20 поени

2. Граматика и правопис 1-15 поени

3. Форма: јазик, стил и композиција 1-10 поени

4. Надворешен изглед на писмениот состав 1-5 поени

Во примерот земени се предвид сите важни елементи со соодветен број поени. Овие компоненти ги обезбедуваат сите аспекти на пишаниот состав во одредена пропорција. Максимум 50 поени за сите компоненти се доволно големи за да ги покријат сите добри и лоши страни на еден состав. Сите компоненти мора да се земат предвид при проценка на составот. Врз основа на овој модел, оценувачите се во позиција објективно да го оценуваат секој напишан состав. На овој начин, субјективноста се елиминира и критериумот за оценување на пишаните состави со различен квалитет се стандардизира. Откако ќе се утврдат бодовите за сите елементи за секој состав, се преминува кон претворање на бодовите во оценки, имајќи предвид дека ја користиме само нумеричката скала од 1-5.

Марко Стевановиќ експериментално ја утврдил веродостојноста на презентираниот модел, така што тој може успешно да се примени во училишната пракса.

Методичарот пак С. Бурт ги зема предвид следниве елементи за проценка на пишаниот состав:

- јазични аспекти на композицијата (ракопис, правопис, интерпункција, граматика, синтакса),

- литературни аспекти (композиција, точност и специфичност на информациите, вокабулар и реторички средства) и

- логички аспекти (општа организација на идеи, единство на сложеност, поврзаност и следење на реченици и пасуси и интелектуална структура на есејот како целина).

Понатаму Магдалена Јовановиќ (Јовановиќ, 1959), консултирајќи се со американската методолошка литература го наведува следниот модел: избор на содржина, организација на идеи, разработка, реторички ефекти, реторичко единство и поврзаност на речениците, записи во стилот, употреба на зборови.

Советскиот методолог С. А. Смиров, ги зема предвид следниве елементи при анализата на писмениот состав:

Содржина на составот:

1) согласност со темата,

2) фактичко објаснување,

3) ширина на опфатениот проблем.

Композиција:

1) колку надворешната форма одговара на дадената тема,

2) сразмерна застапеност на одделните делови и

3) заокружување.

Општ карактер и писмениот состав:

1) постапност во излагањето,

2) усогласување на стилот со содржината,

3) правилна конструкција на речениците,

4) исправност на цитатите ,

5) богатство на речениците,

6) правилен правопис,

7) отсуство на интерпункциски грешки,

8) убав редослед на композицијата.

Миројуб Вучковиќ ги предлага следниве елементи за оценување на напишана задача (Вучковиќ, 1993):

1) содржина (обработка на тема).

2) стил (состав - структура на изразување, целини, избор и распоред на материјалот, однос на воведниот и главниот дел; начин на изразување, битно - небитно, развој на мислата, богатство на изразувањето, допадливост, пренесено значење, убавина на изразот, јасност).

3) јазик (граматика и правопис).

4) естетски изглед (уредност и ракопис).

За да формираме проценка, мора да ги разгледаме сите четири елементи. Препораката е содржината (обработка на темата) да претставува една половина од вредноста на напишаниот состав.

## 2. Проблеми со оценување на писмените задачи

Во нашата пракса, многу често постои субјективно оценување, проценка на напишаните состави, што има голем број слабости. Особено е присутен таканаречениот ало-ефект, т.е. влијанието на претходните перцепции и проценки за ученикот. Тековниот систем за оценување има голем број слабости. Се базира исклучиво на нумеричка скала од пет оценки, што не е доволно. Доколку системот на оценки не направи разлика помеѓу испитаниците со доволна и неопходна прецизност, тоа го доведува во прашање мерењето, а со тоа и резултатот добиен со мерење (Мурадбеговиќ, 1960).

Необјективноста и нереалноста при оценувањето е една од најсериозните слабости на сегашниот начин на оценување. Ова се должи на недостаток на објективна мерка на стандарди, модели. Постојат повеќе методи за проценка на писмените состави, како што се: методот на општ впечаток, аналитичкиот метод, методот заснован на впечаток на неколкумина, методот заснован на проценка на целта на задачите (Јовановиќ, 1959).

**Методот на општ впечаток** - оценување е даден врз основа на субјективното мислење на наставникот за вредноста на секој поединечен состав. Наставникот започнува од сопствените критериуми, за тоа што е важно за соодветниот состав.

**Метод заснован на впечаток на неколку** - една напишана задача ја оценуваат неколку испитувачи. Овој начин на проценка може да се практикува ако не постојано, но повремено. На овој начин, критериумите за оценување се стандардизираат кај наставниците.

**Методот базиран на проценка на целта на задачите** - започнува од степенот до кој ученикот успеал да го даде вистинскиот одговор на конкретно прашање што требало да се реши во писмена форма.

**Аналитички метод** - започнува од фактот дека во составот на една оценка влегуваат неколку елементи. Овој метод е најприфатлив. Постојат неколку автори кои го развиле овој метод.

## 3. Анализа на писмени задачи на македонски јазик во е-училница

Употребата на е-училница за анализа на грешки во писмените состави е конструктивен начин секој ученик да се вклучи во проценката на квалитетот на неговата работа со индивидуализиран пристап. Можностите се големи, тие треба да се користат, како и мотивацијата на учениците да учат со употреба на современа електронска технологија

Анализата на писмените состави по македонски јазик може да се изврши со употреба на е-Класа и користење на програмата Mythware. Препратете ги до учениците (користејќи ја опцијата за споделување документи) фотографии од напишани задачи со најчести грешки (стилски, граматички-правопис). Дискутирајте заедно за грешките, можните точни корекции.

Се препорачува секоја грешка во составот на ученикот да се коригира, без оглед на видот. Сепак, на оценката нема да влијаат оние грешки што се поврзани со наставниот материјал што ученикот сеуште не го научил. За секое одделение се пишува кратко објаснување. Ученикот треба да биде крајно дисциплиниран при корекција на неговиот состав. Наставникот е должен да ја разгледа корекцијата на ученикот. Затоа, ученикот ќе и пристапи на оваа работа поодговорно. Во процесот на корекција наставникот ќе примени одредени (корективни) знаци за грешки во сите оние случаи за кои знае дека учениците ќе можат сами или со негова помош да го дадат вистинскиот одговор. Сепак, наставникот понекогаш може да стави соодветен знак, но истовремено правилно да го напише дадениот текст, односно збор или група зборови.

| Видови грешки | | | |
|---|---|---|---|
| Јазични грешки | | Правилно | Неправилно |
| Правописни грешки | Употреба на голема буква | | |
| | Интерпункција | | |
| | Други правопсини правила | | |
| Граматички грешки | Фонетика | | |
| | Морфологија | | |
| | Синтакса | | |
| | Лексика | | |
| Композициски | | | |

**Предлог план за час**

**Наставна единица:** Анализа на писмена вежба „Себичниот Џин“

Цели:

- да ги воочат своите постигнувања во однос на напишаниот текст, земајќи ги предвид композицијатаи стилскиот израз;
- да ги воочат постигнувања во однос на изразот кој е граматички точен;
- да ги препознаат и корегираат направените грешки во писмената вежба.

Резултати:

- ги воочува своите постигнувања во однос на сите аспекти на напишан текст-композиција, стил и јазик.

**Вовед:**

На самиот почеток наставникот/чката им дава повратна информација на учениците врз основа на неговите сознанија и водени забелешки од проверката на писмените работи на целото одделение. Тој/таа ги запознава учениците со критериумите за успех и дава осврт на добрите и лоши страни во пишувањето со предлози за нивно надминување. Потоа им ги дава писмените работи на учениците со пишана повратна информација за секој ученик одделно.

**Главен дел:**

Учениците ги анализираат писмените вежби и добиените повратните информации од наставникот за тоа како треба и што не треба да биде напишано во писмената вежба.

Потоа во рамки на групите учениците со помош на техниката „Вртелешка" ќе ги воочуваат и поправаат правописните грешки.

**Завршен дел:**

По еден ученик од секоја група ја чита својата писмена работа. Додека ученикот чита, останатите ученици внимаваат и ги запишуваат воочените забелешки во своите тетратки.